Во акта - Арх. знак:
Рок на чување: год.
_____201____ год. Потпис,
Скопје _____

Бр. 02-1011/14
30.9.2021 година
Скопје

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Универзитетскиот сенат на 13. седница одржана на 30.9.2021 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
потврдување на избор во звањето редовен професор

Член 1

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на **д-р Дивна Пенчиќ,** вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Архитектонски факултет во Скопје, во наставно-научните области:

- *урбано и просторно планирање и проектирање (20114),*
- *урбанистички нормативи (20115) и*
- *друго (20118).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

Претседател

Проф. д-р Анета Баракоска

ДН:

- Архитектонски факултет- Скопје
- проф. д-р Дивна Пенчиќ

Генерален секретар: м-р Марија Маневска

Изработил: м-р Елизабета Додевска

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

Примено:	12.10.2021		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
08	127/14		

ЗАМЕНА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
08 Бр.6/154 од 8.7. 2021 год.

Врз основа на член 110 и член 173 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), член 41 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр.411/2018) и член 62 точка 8 од Статутот на Архитектонскиот факултет – Скопје, Наставно - научниот совет на Факултетот на 71. седница одржана на 8.7.2021 година донесе

О Д Л У К А
за избор во наставно-научно звање редовен професор

1. Д-р Дивна Пенчиќ, вонреден професор на Архитектонскиот факултет- Скопје, се избира во звањето редовен професор за група предмети во наставно-научните области: Урбано и просторно планирање и проектирање-20114, Урбанистички нормативи-20115 и Друго- 20118, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

2. Одлуката, со пропратната документација, да се достави до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за потврдување на изборот во предложеното звање.

О б р а з л о ж е н и е

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научните области: Урбано и просторно планирање и проектирање-20114, Урбанистички нормативи-20115 и Друго- 20118, објавен во дневните весници„ Нова Македонија " и „Коха" на 5.5.2021 година, се пријави д-р Дивна Пенчиќ, вонреден професор на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет - Скопје.

Со одлука на Наставно- научниот совет, бр.08-6/104 од 14.5.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Мирослав Грчев, проф. д-р Јасмина Сиљаноска и проф. д-р Влатко Коробар, која во предвидениот рок изготви реферат за пријавениот кандидат. Рефератот е објавен во Универзитетскиот билтен број 1240 на 15.6.2021 година.

Согласно Извештајот (Рефератот) и Предлогот на Рецензентската комисија, Наставно-научниот совет, на 71. седеница одржана на 8.7.2021 година, донесе одлука како во диспозитивот.

Д е к а н

Проф. д-р Огнен Марина

Доставено до:
-Архивата
-Универзитет „Св Кирил и Методиј"во Скопје
-Именуваниот наставник
-Човечки ресурси

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје * Република Северна Македонија * АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1240

Скопје, 15 јуни 2021 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Техничко уредување:
Зоран Кордоски

Бр. _____
5.8.2013
Скопје

Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘’’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

УКИМ - Ректорат

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1240 ОД 15.6.2021 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научните области: урбано и просторно планирање и проектирање–20114, урбанистички нормативи–20115 и друго-20118, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ**).....8-23

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на пораките пренесени преку социјалните мрежи врз намерите за онлајн купување** од **м-р Фани Матеска Перовска**, пријавена на Економскиот факултет- Скопје.....24-31
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александра Симоновиќ Мицева, Александра Јаќимоска, Билјана Боцеска, Климент Мишевски**).....32
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Радица Вељанова**).....33

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) математика на Машинскиот факултет – Скопје (**ас. д-р Томи Димовски**).....34-45
2. Реферат за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 21420 механика на флуидите и струјнотехнички системи на Машинскиот факултет – Скопје (**м-р Марија Лазаревиќ**).....46-50
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Лидија Столеска**).....51
4. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Симона Домазетовска**).....52

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област трансфузиологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**н. сор. д-р Емилија Велкова**).....53-95
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хигиена и здравствена екологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**н. сор. д-р Мирјана Димовска**).....96-111
3. Реферат за избор на едно лице во научно звање по предметите од научните области интерна медицина и нефрологија на Медицинскиот факултет – Скопје (**насл. доц. д-р Звездана Петронијевиќ, насл. доц. д-р Владимир Пушевски**).....112-147
4. Реферат за избор на асистенти по предметот **Интерна медицина** на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Зоран Јаневски, д-р Живко Петровски, д-р Марио Јованоски, ас. докторанд д-р Александра Стевчевска, ас. докторанд д-р Афродита Берат Хусеини, ас. докторанд д-р Марија Попова-Лабачевска, ас. докторанд Никола Ѓорѓиевски, ас. докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, ас. докторанд д-р Анче Волкановска, д-р Вангел Нечевски, д-р Игор Здравковски, д-р Александар Отљански, д-р Ана Челикиќ, ас. докторанд д-р Марија Здравеска, д-р Тара Ристевска, д-р Енес Шеху, д-р Лидија Ветеровска Миљковиќ, ас. докторанд д-р Арзана Хасани Јусуфи, д-р Џем Адем, д-р Божидар Кочоски, ас. докторанд д-р Филип Гучев, ас. докторанд д-р Ирена Гиговска Димова, д-р Енес Јашари**).....148-231

5. Рецензија на ракописот **Практикум по медицинска психологија и социологија** од авторите **проф. д-р Димитар Боневски, н. сор. д-р Андромахи Наумовска, проф. д-р Марија Ралева**.....232-234
6. Рецензија на ракописот **Основи на нуклеарната медицина – учебник за студенти по општа медицина** од група автори.....235-239

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (**д-р Ненад Гавриловиќ**).....240-253
2. Рецензија на ракописот **Меѓународно приватно право** од авторите **проф. д-р Тони Дескоски, проф. д-р Вангел Доковски**.....254-258
3. Рецензија на ракописот **Уставно процесно право** од авторите **проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Денис Прешова, д-р Дејан Савески**).....259-265
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александра Максимовиќ, Никола Димитров, Бојан Спировски, Кристијан Зумровски, Христијан Зафировски, Јасмина Карталова Баснаркова, Милена Милкова, Жарко Тодоров, Симона Ангеловска, Никола Атанасовски**).....266-267
5. Повлекување на рецензијата на ракописот **Уставно процесно право**, објавена во Билтен бр. 1238 од 15.5.2021 година на страница 395.....268
6. **Исправка** на техничка грешка во Прегледот на одобрени теми за изработка на магистерски трудови, објавен во Билтенот бр. 1219 од 15.7.2020 година, на страници 127 и 128.....269

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Етнографски извори за Македонија. Том 2, Кн. 1 и 2. Етнолошки атлас на СФР Југославија. Етнолошки атлас на СР Македонија. Прашање бр. 125 – прво стрижење** од **Љупчо С. Ристески**, **приредувач**.....270-275
2. Рецензија на ракописот **Култури и политики на сеќавање: југоисточноевропски и балкански перспективи“**) од уредниците: **Наум Трајановки, Петар Тодоров, Билјана Волческа, Љупчо Ристески**.....276-280
3. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Катерина Стојанова**).....281

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на ракописот **Орална биохемија и физиологија** од авторите **проф. д-р Ќиро Ивановски, проф. д-р Снежана Пешевска, проф. д-р Катарина Дирјанска, проф. д-р Стевица Ристоска**.....282-290
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Клинички и параклинички наоди кај пациенти со тотални протези** од **м-р Арлинда Тмава Драгуша,** пријавена на Стоматолошкиот факултет - Скопје 291-294

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Стојан Стојчевски**).....295

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Реферат за избор на три наставници во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): видови инструменти (пијано) (60910) на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**доц. м-р Марија Вршкова-Зафировска, доц. м-р Сара Пројковска-Николовска и доц. д-р Елена Атанасовска-Ивановска**).....296-320

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): педагогија (50500), методика (50504), друго (50525) методологија, научно поле – образование, друго (51307) статистика, научно поле – образование на Филозофскиот факултет – Скопје (**вонр. проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска**).....321-364
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Сандра Лазеска, Весна Пановска, Аделина Митева, Ивица Кузмановски**).....365

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Реферат за избор на еден наставник во звањето редовен професор во наставно-научните области: (64001) албанологија (**Историја на албанскиот јазик**), (64009) фонетика, (64014) фонологија (**Правопис и правоговор на албанскиот јазик**) и (64027) дијалектологија (**Дијалектологија на албанскиот јазик**) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Ајтен Ќамили**).....366-381
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (64000) македонистика, (64010) општа лингвистика, (64018) граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) лексикологија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Бобан Карапејовски**).....382-400
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (64000) македонистика, (64010) општа лингвистика, (64018) граматика, семантика, семиотика, синтакса и (64019) лексикологија на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Бојан Петревски**).....401-413
4. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на Хенрик Ибзен врз Никола Вапцаров: драматуршки корелации и компаративни перспективи** од **м-р Софија Тренчовска**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје.....414-419
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Интермедијалните верификации на романите *Црвениот коњ* од Ташко Георгиевски и *Нежниот варвар* од Бохумил Храбал** од **м-р Горан Тренчовски**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ - Скопје.....420-427

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Елена Горановска**).....428

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) овоштарство на Земјоделскиот институт – Скопје (**проф. д-р Виктор Ѓамовски**).....429-438
2. Реферат за избор на виш научен соработник во научно звање во научната област плодност на земјиштето и фертилизација на Земјоделскиот институт - Скопје (**д-р Христина Попоска**).....439-452

ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**Кефајет Едип**).....453

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Ангела Спиркоска, Кристина Пешевска, Настасија Штерјова**).....454

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Меѓународни воени фактори и Армија на Република Македонија/Армија на Република Северна Македонија (историска генеза 1992-2020 година)**” од **м-р Павле Арсоски,** пријавена на ЈНУ Институт за национална историја - Скопје.....455-459

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: УРБАНО И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ И ПРОЕКТИРАЊЕ-20114, УРБАНИСТИЧКИ НОРМАТИВИ-20115 И ДРУГО-20118, НА ИНСТИТУТОТ ЗА УРБАНИЗАМ ПРИ АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 5.5.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научните области: урбано и просторно планирање и проектирање-20114, урбанистички нормативи-20115 и друго-20118, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 6/104, донесена на 14.5.2021, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Мирослав Грчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет, д-р Јасмина Сиљаноска, редовен професор на Архитектонскиот факултет и д-р Влатко П. Коробар, редовен професор на Архитектонскиот факултет во пензија.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за група предмети од наставно-научните области: урбано и просторно планирање и проектирање-20114, урбанистички нормативи-20115 и друго-20118, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката вонр. проф. д-р Дивна Пенчиќ е родена на 22.9.1967 година, во Скопје. Средно образование завршила во ГДУЦ „Здравко Цветковски“, насока: архитектура, во Скопје. Со високо образование се стекнала на Архитектонскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 2.2.1994 година, со просечен успех 8,89.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, српскиот и хрватскиот јазик, а ги познава и германскиот, турскиот и бугарскиот јазик.

Во учебната 1995 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје. Студиите ги завршила во 2001 година, со просечен успех 9,88. На 15.6.2005 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Урбаната форма според критериумите и параметрите на одржлив развој со оцена на можностите за одржлив развој на Скопје”, под менторство на проф. д-р Мирослав Грчев.

Докторска дисертација пријавила на 3.9.2008 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје. Дисертацијата на тема: „Влијанието на урбанистичките планови врз дисконтинуираната просторна транзиција на градот Скопје во дваесеттиот век”, изработена под менторство на проф. д-р Мирослав Грчев, ја одбранила на 21.9.2011 година. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на технички науки.

На 27.10.2016 година е избрана во звањето вонреден професор по група предмети од областа на урбанизмот.

Во моментов е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1031 од 30.9.2016.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата (Билтен бр. 1021 од 15.12.2011 година и Билтен бр. 1031 од 30.9.2016 година), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Архитектонски факултет - Скопје, кандидатката д-р Дивна Пенчиќ изведува настава и вежби на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус на студиската програма по архитектура на група предмети од наставно-научната областа на урбанизмот (Урбанистчко обликување 1; Урбанистичко обликување 2; Одржлив урбан развој) и соработува на предмети од областа на архитектонското проектирање (Архитектонско студио 1 и 2). Во рамки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, таа изведува и настава од областа на урбанизмот од групата изборни предмети (предмет: Одржлив урбан развој), како и на предмети од истата област на втор циклус на студиската програма од менаџмент со недвижности при Градежниот факултет (предмет: Правни и технички аспекти на просторното планирање и заштитата на животната средина). Од учебната 2016/2017 година, изведува настава од областа на урбанизмот и на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Пејзажно дизајнирање (предмет: Основи на урбанизам).

Кандидатката, во периодот 2017 – 2021 година, учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 85 магистерски трудови на Архитектонскиот факултет и 2 магистерски труда на Градежниот факултет, Менаџмент со недвижности.

Кандидатката учествувала и во организирање и реализирање на повеќе работилници, како значајни дополнителни образовни активности на Архитектонскиот факултет, со домашни, но и меѓународни учесници и ментори, што е од особено значење за репутацијата на Факултетот, па и широко за целокупната стручна јавност.

Детално овие активности се наведени во Анексот 2, составен дел на овој Извештај.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Дивна Пенчиќ има објавено вкупно 6 научни трудови од областа на урбанизмот и сродните области, од кои 4 труда во зборници од научни собири со меѓународен уредувачки одбор и 2 труда во меѓународни научни списанија::

- **Pencic, D**. and Trpkovska, A. (2017) Influence of Parks and Urban Forest on the Prices of Residential Real Estate in Skopje. SJCE-International Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 6, Issue 1, December 2017 ISSN 1857-839X, pp. 119-126. http://gf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2016/11/SJCE-Volume-6-Issue-2.pdf
- Penchikj, D. and Hadzi Pecova, s. (2018) Challenges ofSskopje Green City – Establishing Green Corridors upon the Rivers Lepenec and Serava. Šumarski pregled / Forest Review 2018, vol 49, no.2: 38-47. : ISSN 1857-9507. http://www.sf.ukim.mk/izdavacka_dejnost/sum_pregled/49/2/2.pdf

и 4 труда во зборници од научни собири:

- **Penchikj, D.,** Siljanoska, J., and Jovanovska, D. (2017) *Continuous Performative Landscape for Resilient City of Skopje*. International Scientific Academic Conference Places and Technologies, ISBN 978-9958-691-56-0, Sarajevo, 2017, pp. 359-368 https://core.ac.uk/download/pdf/322599944.pdf
- **Penchikj, D.,** Siljanoska, J., and Jovanovska, D. (2020) Skopje Public Space Evaluated: Analysis and Typologies. International Scientific Academic Conference Places and Technologies, ISBN 978-86-7924-240-2., Belgrade, 2020, pp. 131-138. https://www.placesandtechnologies.eu/wp-content/uploads/2020/12/PT2020_Proceedings.pdf
- Mano Velevska, M., Velevski, S. and **Penchikj, D.** (2020) Learning through Collaborations in Architectural Education Pedagogical and Methodological Aspects in Design Studio Course. STRAND Conference, ISBN 978-86-89111-23-1, Belgrade, 2020, pp. https://raf.arh.bg.ac.rs/bitstream/handle/123456789/1165/OA2020_proceedings_split.pdf?sequence=1&isAllowed=y
- **Penčić, D**. and Lazarevski, S. (2021) The issue of urban public space in age of “investor urbanism”. 8th International Conference: Contemporary Achievements in Civil

Engineering 2021, ISBN: 978-86-80297-86-6, pp. 525-534. http://www.gf.uns.ac.rs/~zbornik/index.php?lang=LAT&zbornik_id=53&menu=5

Кандидатката има објавено и трудови во научно-стручни и стручно-популарни списанија:

- **Пенчиќ, Дивна.** (2018) *Предизвиците на урбанистичкото планирање: Македонија ќе ги постигнува глобалните одржливи цели до 2030 година*. ПРЕСИНГ, ГОД. VIII / БР. 40 / 9. 2018 Списание на комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Скопје, ISSN 1857-7 44X, стр. 24-30. https://komoraoai.mk/images/komora/presing/Presing_40_web.pdf
- **Пенчиќ, Дивна.** (2018) *Мораториум како инструмент за контрола на изградбата*. ПОРТА 3 - Списание за градежништво, архитектура, екологија, , год. XII, бр. 273, 2018, Биропрес, Скопје. стр. 18-22. https://issuu.com/porta3/docs/273_layout_1-web

Д-р Дивна Пенчиќ учествувала на меѓународни и национални научни конференции со 4 реферати и усна презентација:

- Belceva Andreevska, J. and **Pencic, D.** (2018) Monitoring results of municipal sustainable urban development based on globally recognized indicators (Case study Centar Municipality Skopje). International Scientific Conference GREDIT2018 – Green Development, Green Infrastructure, Green Technology. Skopje, 22nd March – 25th of March 2018. https://benainfo.net/gredit/2018/doc/Book_of_Abstracts-GREDIT2018.compressed.pdf
- **Пенчиќ, Д.** и Лазаревски, С. (2018) Предизвиците на урбанистичкото планирање во справувањето со загадувањата во урбаните средини. Конференција *Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата*?, МАКЕДОНСКА академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за животна средина и материјали, Скопје, 1 – 2 ноември 2018. http://manu.edu.mk/%d0%bf%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%83%d1%87%d0%bd%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%84%d0%b5%d1%80%d0%b5%d0%bd%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%82%d0%b5%d0%bc%d0%b0/
- **Пенчиќ, Д.** Белчева Андреевска, Ј., Дамјановска, Т. И Ангелова, И. (2018) Од визии и стратегии за одржлив развој до здрави и погодни за живеење градови. Конференција *Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата*?, МАКЕДОНСКА академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за животна средина и материјали, Скопје 1 – 2 ноември 2018. http://manu.edu.mk/%d0%bf%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%83%d1%87%d0%bd%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%84%d0%b5%d1%80%d0%b5%d0%bd%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%82%d0%b5%d0%bc%d0%b0/

Кандидатката била ментор на 36 магистерски трудови, на тема „Креирање одржлив град“ на Архитектонскиот факултет и 2 магистерски труда на Градежниот факултет, Менаџмент со недвижности.

Детално овие активности се наведени во Анексот 2, составен дел на овој Извештај.

<u>Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес</u>

Д-р Дивна Пенчиќ активно е вклучена во стручно-апликативната работа и учествувала како експерт од областа на урбанистичкото планирање и одржлив развој, меѓу кои се:

- „Студија за воспоставување на зелени коридор, по течението на река Серава, од изворот до вливот во река Вардар, и по течението на река Лепенец, од клучката кај село Орман до вливот во река Вардар", подготвена од ДЕКОНС-ЕМА, Скопје, подржана од Секторот за заштита на животната средина на Град Скопје, како експерт за урбанистичко планирање (2017);
- Application for Competing for the European Green Capital Award 2021 – City of Skopje”, by City of Skopje Local Government, DEKONS-EMA. As expert on urban planning (2018);

- Application for Competing for the European Green Capital Award 2023 – City of Skopje”, by City of Skopje Local Government, DEKONS-EMA. As expert on urban planning (2020);
- Valorisation Study Shar Mountain – the FYR of Macedonia, Socio-Economic study“, Funded by GEF and implemented by UN Environment, a project “Achieving Biodiversity Conservation through Creation and Effective Management of Protected Areas and Mainstreaming Biodiversity into Land Use Planning” (2019);
- “Socio-Economics of The Extended Drin River Basin”, GEF Project “Enabling Transboundary Cooperation and Integrated Water Resources Management in the Extended Drin River Basin”, PointPro Consulting, Skopje. As expert on urban planning (2017);
- "SEEDLING - Introduction of UN Sustainable Development Goals in Education in the Countries of Southeast Europe", Regional Environmental Center (REC) - Office in Macedonia. As national expert (SDG 11). (2017)
- "Aligning National Strategies with the Sustainable Development Goals" in cooperation with the Cabinet of the Deputy Prime Minister for Economic Affairs of the Republic of Macedonia and the Office of the UN Resident Coordinator (UNRC Office) in Macedonia, (SDG 11). As expert on urban planning (2016-2017).

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии:

- член на Комисија за самоевалуација на Архитектонскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 6/293, од 5.10.2017)
- член на Комисија за урбанизам на Општина Центар, за периодот 2017 – 2019 (Решение бр. 09-5071/1 од 5.12.2017);
- член на Комисија за урбанизам на Општина Центар, за 2020 (Решение бр. 09-229/1 од 13.1.2020).

Детално овие активности се наведени во Анексот 2, составен дел на овој Извештај.

<u>Оценка од самоевалуација</u>

Кандидатката д-р Дивна Пенќиќ, за одржаната настава во периодот од 2017 од 2021 година, доби позитивна оценка (просечна оцена 9) од анонимно спроведената анкета на студентите на Архитектонскиот факултет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Дивна Пенчиќ.

Рецензентската комисија високо ги цени особените резултати во наставно-образовното делување на д-р Дивна Пенчиќ, во кои кандидатката успеа да одржи високо ниво на посветеност и ангажираност во едуцирањето на студентите по архитектура, со што на процесот на предавањето на знаењата му ги додаде образовно-воспитните и хуманистичките вредности неопходни за формирање на зрели и одговорни партиципиенти во планирањето и градењето на општеството.

Комисијата, исто така, високо го оценува холистичкиот пристап на кандидатката во комбинирањето на нејзините наставно-научни, научноистражувачки и стручно-апликативни дејности со општествено ангажираните активности, во коишто инклузивноста и партиципативноста што опфати голем круг на научно-стручни соработници, студенти, алумни и партиципиенти од сродни стручни профили ја обезбеди примерната видливост на нејзиниот ангажман и придонесе за зголемувањето на репутацијата на Архитектонскиот факултет и архитектонско-урбанистичката струка во стручната и поширокатa јавност, со што нејзиниот вкупен професионален опус може да се вреднува со одличност.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Дивна Пенчиќ ги поседува вистинските научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор за група предмети од наставно-научните области: урбано и просторно планирање и проектирање-20114, урбанистички нормативи-20115 и друго-20118, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и особено задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Дивна Пенчиќ да биде избрана во звањето редовен професор за група предмети од наставно-научните области: урбано и просторно планирање и проектирање-20114, урбанистички нормативи-20115 и друго-20118, на Институтот за урбанизам при Архитектонскиот факултет во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Мирослав Грчев, претседател, с.р.
Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р.
Проф. д-р Влатко П. Коробар, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Дивна Душан Пенчиќ**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Архитектонски факултет**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: Урбано и просторно планирање и проектирање-20114, Урбанистички нормативи-20115 и Друго -20118

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,89 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,88 Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: Урбано и просторно планирање и проектирање-20114, Урбанистички нормативи-20115 и Друго -20118, поле: Архитектура, урбанизам и планирање, подрачје: Техничко-технолошки нуки.	ДА
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на електронската база на списанија:_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: SJCE-International Scientific Journal of Civil Engineering 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): _19: Македонија (7), Велика Британија (1), Турција (1), Србија(1), Австрија(1), Словенија (3), Холандија (1), Хрватска (2), Франција (1), Црна Гора (1). 3. Наслов на трудот: Influence of Parks and Urban Forest on the Prices of Residential Real Estate in Skopje 4. Година на објава: 2017 1. Назив на научното списание: . Шумарски преглед / Forest Review 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 16: Р. С. Македонија (6), Србија (2), Бугарија (2), Хрватска (1), Црна Гора (1), Словенија (1), Романија (1), БИХ (1) и Швајцарија (1) 3. Наслов на трудот: Influence of Parks and Urban Forest on the Prices of Residential Real Estate in Skopje 4. Година на објава: 2018	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Назив на научното списание: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Наслов на трудот: _____ 4. Година на објава: _____	/
3.4	Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1. Наслов на книгата: _____ 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_____ 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: _____	/
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Book of Conference Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: International Scientific Academic Conference Places and Technologies 3. Имиња на земјите: Србија, Грција, Холандија, Австрија, Словенија, Босна и Херцеговина, Велика Британија, Хрватска, Полска, Италија, Чешка, Литванија 4. Наслов на трудот: Continuous Performative Landscape for Resilient City of Skopje	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	5. Година на објава: 2017 1. Назив на зборникот: Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: International Scientific Academic Conference Places and Technologies 3. Имиња на земјите: Србија, Босна и Херцеговина, Унгарија, Хрватска, Португалија, Хонг Конг, Австрија, Норвешка, Грција, Холандија, Италија, Албанија, Швајцарија, Црна Гора, Белгија, Литванија, Словенија, Турција 4. Наслов на трудот: Skopje Public Space Evaluated: Analysis and Typologies 5. Година на објава: 2020 1. Назив на зборникот: Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: STRAND Conference 3. Имиња на земјите: Србија, Велика Британија, САД, Шпанија, Холандија, Грција, Турција, Белгија 4. Наслов на трудот: Learning through Collaborations in Architectural Education Pedagogical and Methodological Aspects in Design Studio Course 5. Година на објава: 2020 1. Назив на зборникот: Conference Proceedings 2. Назив на меѓународниот собир: 8th International Conference: Contemporary Achievements in Civil Engineering 2021 3. Имиња на земјите: Србија, Хрватска, Црна Гора, Унгарија, Малта, Словачка, Македонија, САД, Германија, Романија, Холандија, Финска, Словенија 4. Наслов на трудот: The issue of urban public space in age of “investor urbanism” 5. Година на објава: 2021	
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: _____ 2. Година на објава: _____ 3. Издавач, место на издавање и година: _____	/
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: _____ 2. Место и година на објава: _____	/
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 30.9.2016, бр. 1031	ДА

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

***** На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Дивна Душан Пенчиќ**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Архитектонски факултет**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: урбано и просторно планирање и проектирање-20114, урбанистички нормативи-20115 и друго -20118

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Одржување настава	
	Урбанистичко обликување 2 (2+2), 9. сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021; 2 часа x 15 недели x 0,05 = 1,5; 1,5 x 5 год. =	7,5
	Одржлив урбан развој (1+0), 10. сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021; 1 час x 15 недели x 0,05 = 0,75; 0,75 x 5 год. = 3,75	3,75
	Одржлив урбан развој (1+0), 8. сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021; 1 час x 15 недели x 0,05 = 0,75; 0,75 x 5 год. = 3,75	3,75
	Одржлив урбан развој (1+0), 4. сем. 2019/2020 и 2020/2021; 1 час x 15 недели x 0,04 = 0,6; 0,6 x 2 год. = 1,2	1,2
	Листа на УКИМ (на Градежен ф., УКИМ): Одржлив урбан развој (2+0), 2 сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2; 1,2 x 3 год. = 3,6	3,6
	На Шумарски ф., УКИМ: Основи на урбанизам (2+2), 4. сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020, 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2; 1,2 x 5 год. = 4,8	6,0
	На Шумарски ф., УКИМ: Основи на урбанизам (2+2), 3. сем. 2019/2020, 2020/2021 2 часа x 15 недели x 0,04 = 1,2; 1,2 x 2 год. = 2,4	2,4
	Настава во школи и работилници	
	Архитектонска работилница „Кратово-пристапно за сите“, 20 – 24 септ. 2019, во Кратово, раководител (заедно со вонр. проф. д-р Б, Каранаков)	1,5
	Одржување на вежби	
	Урбанистичко обликување 1 (2+2), 7. и 8. сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021 (предметен наставник: проф. д-р. М. Грчев); 2 часа x 15 недели x 0,03 x 3 групи = 2,7 x 2 сем. = 5,4; 5,4 x 5 год. = 27	27
	Урбанистичко обликување 2 (2+2), 9. сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021; 2 часа x 15 недели x 0,03 x 3 групи = 2,7; 2,7 x 5 год. = 13,5	13,5
	Архитектонско студио 1 (0+6), 1. сем. 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021; 6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7; 2,7 x 3 год. = 8,1	8,1
	Архитектонско студио 2 (0+6), 2. сем. 2018/2019, 2019/2020 и 2020/2021;	8,1

	6 часа x 15 недели x 0,03 = 2,7; 2,7 x 3 год. = 8,1	
	На Шумарски ф., УКИМ: Основи на урбанизам (2+2), 4. сем. 2016/2017, 2017/2018, 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021 2 часа x 15 недели x 0,03 = 0,9; 0,9 x 5 год. = 4,5	4,5
	На Шумарски ф., УКИМ: Основи на урбанизам (2+2), 3. сем. 2019/2020, 2020/2021 2 часа x 15 недели x 0,03 = 0,9; 0,9 x 2 год. = 1,8	1,8
	Консултации со студенти	
	УО2 - 5 сем. x 100 студ. x 0,002 = 1 УО1 - 10 сем. x 100 студ. x 0,002 = 2 АС 1 - 3 сем. x 20 студ. x 0,002 = 0,12 АС 2 - 3 сем. x 20 студ. x 0,002 = 0,12 ШФ: ОУ – 7 сем. x 15 студ. x 0,002 = 0,21 ГФ: ОУР - 3 сем. x 50 студ. x 0,002 = 0,3	3,75
	Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд (0,3 поени)	
	Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на Архитектонски факултет, на 85 маг.x 0,3 = 25,5	25,5
	Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на Градежен факултет, Менаџмент со недвижности, на 2 маг. x 0,3 = 0,6	0,6
	Интерна скрипта од предавања (4 поена)	
	Интерна скрипта од предавања од предметот Урбанистичко обликување 1 (предметен наставник: проф. д-р М. Грчев), подготвувач-соработник	4
	Пакет материјали за одреден предмет (1 поен)	
	Пакет материјали од предметот УО2	1
	Пакет материјали од предметот УО1	1
	Пакет материјали од предметот ОУР	1
	Вкупно	**129,55**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Ментор на магистерски труд (2 поена)	
	Ментор на магистерски трудови на Архитектонски факултет, на 36 маг, x 2 = 72	72
	Ментор на магистерски трудови на Градежен факултет, Менаџмент со недвижности, на 2 маг, x 2 = 4	4
	Учесник во меѓународен научен проект (5 поена)	
	Skopje Public Space Profile, Public Spaces in-depth analyses, Enhanced Right to City for All, UN Habitat, co Siljanoska, J., Korobar, V.P., Penchikj, D., Marina, O., Babunski. K., Janev, G (2017-2018)	5
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (5 поена) (2 автора 90%, 3 автора 80%, 4 и повеќе 60%)	
	Pencic, D. and Trpkovska, A. (2017) Influence of Parks and Urban Forest on the Prices of Residential Real Estate in Skopje. SJCE-International	4,5

	Scientific Journal of Civil Engineering, Volume 6, Issue 1, December 2017 ISSN 1857-839X, pp. 119-126. http://gf.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2016/11/SJCE-Volume-6-Issue-2.pdf	
	PENCHIKJ, D. AND HADZI PECOVA, S. (2018) CHALLENGES OF SKOPJE GREEN CITY – ESTABLISHING GREEN CORRIDORS UPON THE RIVERS LEPENEC AND SERAVA. ŠUMARSKI PREGLED / FOREST REVIEW 2018, VOL 49, NO.2: 38-47. : ISSN 1857-9507 HTTP://WWW.SF.UKIM.MK/IZDAVACKA_DEJNOST/SUM_PREGLED/49/2/2.PDF	4,5
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5 поена) (2 автори 90%, 3 автори 80%, 4 и повеќе 60%)	
	Penchikj, D., Siljanoska, J., and Jovanovska, D. (2017) *Continuous Performative Landscape for Resilient City of Skopje*. International Scientific Academic Conference Places and Technologies, ISBN 978-9958-691-56-0, Sarajevo, 2017, pp. 359-368 https://core.ac.uk/download/pdf/322599944.pdf	4
	Penchikj, D., Siljanoska, J., and Jovanovska, D. (2020) Skopje Public Space Evaluated: Analysis and Typologies. International Scientific Academic Conference Places and Technologies, ISBN 978-86-7924-240-2., Belgrade, 2020, pp. 131-138 https://www.placesandtechnologies.eu/wp-content/uploads/2020/12/PT2020_Proceedings.pdf	4
	Mano Velevska, M., Velevski, S. and **Penchikj, D.** (2020) Learning through Collaborations in Architectural Education Pedagogical and Methodological Aspects in Design Studio Course. STRAND Conference, ISBN 978-86-89111-23-1, Belgrade, 2020, pp. https://raf.arh.bg.ac.rs/bitstream/handle/123456789/1165/OA2020_proceedings_split.pdf?sequence=1&isAllowed=y	4
	Penčić, D. and Lazarevski, S. (2021) The issue of urban public space in age of “investor urbanism”. 8th International Conference: Contemporary Achievements in Civil Engineering 2021, ISBN: 978-86-80297-86-6, pp. 525-534 http://www.gf.uns.ac.rs/~zbornik/index.php?lang=LAT&zbornik_id=53&menu=5	4,5
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (3 поена) (2 автори 90%, 3 автори 80%, 4 и повеќе 60%)	
	Пенчиќ, Дивна. (2018) *Предизвиците на урбанистичкото планирање: Македонија ќе ги постигнува глобалните одржливи цели до 2030 година*. ПРЕСИНГ, ГОД. VIII / БР. 40 / 9. 2018 Списание на комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, Скопје, ISSN 1857-7 44X, стр. 24-30. https://komoraoai.mk/images/komora/presing/Presing_40_web.pdf	3
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно популарно списание (2 поена) (2 автори 90%, 3 автори 80%, 4 и повеќе 60%)	
	Пенчиќ, Дивна. (2018) *Мораториум како инструмент за контрола на изградбата*. ПОРТА 3 - Списание за градежништво, архитектура, екологија, , год. XII, бр. 273, 2018, Биропрес, Скопје. стр. 18-22 https://issuu.com/porta3/docs/273_layout_1-web	2

	Учество на научен/стручен собир со реферат – усна презентација (1 поен)	
	Belceva Andreevska, J. and **Pencic, D.** (2018) Monitoring results of municipal sustainable urban development based on globally recognized indicators (Case study Centar Municipality Skopje). International Scientific Conference GREDT2018 – Green Development, Green Infrastructure, Green Technology. Skopje, 22nd March – 25th of March 2018. http://www.benainfo.net/gredit/2018/doc/GREDIT2018_PROGRAM.pdf	1
	Пенчиќ, Д. и Лазаревски, С. (2018) Предизвиците на урбанистичкото планирање во справувањето со загадувањата во урбаните средини. Конференција *„Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата?“*, МАКЕДОНСКА академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за животна средина и материјали, Скопје 1-2 ноември, 2018.	1
	Пенчиќ, Д. Белчева Андреевска, J., Дамјановска, Т. И Ангелова, И. (2018) Од визии и стратегии за одржлив развој до здрави и погодни за живеење градови. Конференција *„Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата?“*, МАКЕДОНСКА академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за животна средина и материјали, Скопје 1-2 ноември, 2018.	1
	Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓун. 1/нацио. 0,5 поени)	
	Belceva Andreevska, J. and **Pencic, D.** (2018) Monitoring results of municipal sustainable urban development based on globally recognized indicators (Case study Centar Municipality Skopje). International Scientific Conference GREDT2018 – Green Development, Green Infrastructure, Green Technology, Book of Abstracts, ISBN 978-608-4624-27-1, pp. 105 https://benainfo.net/gredit/2018/doc/Book_of_Abstracts-GREDIT2018.compressed.pdf	1
	Пенчиќ, Д. и Лазаревски, С. (2018) Предизвиците на урбанистичкото планирање во справувањето со загадувањата во урбаните средини. Конференција *„Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата?“*, МАКЕДОНСКА академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за животна средина и материјали, Скопје (2018), Книга на апстракти ISBN 978-608-203-240-5, стр. 87 http://manu.edu.mk/%d0%bf%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%83%d1%87%d0%bd%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%84%d0%b5%d1%80%d0%b5%d0%bd%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%82%d0%b5%d0%bc%d0%b0/	0,5
	Пенчиќ, Д. Белчева Андреевска, J., Дамјановска, Т. И Ангелова, И. (2018) Од визии и стратегии за одржлив развој до здрави и погодни за живеење градови. Конференција *„Загадувањето на градовите во Република Македонија: кои се решенијата?“*, МАКЕДОНСКА академија на науките и уметностите, Истражувачки центар за животна средина и материјали, Скопје (2018), Книга на апстракти ISBN 978-608-203-240-5, стр. 101 http://manu.edu.mk/%d0%bf%d0%be%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b0-%d0%b7%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%83%d1%87%d0%bd%d0%b0-%d0%ba%d0%be%d0%bd%d1%84%d0%b5%d1%80%d0%b5%d0%bd%d1	0,5

	%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%82%d0%b5%d0%bc%d0%b0/	
	Вкупно	**116,5**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Вкупно	

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија (1 поен)	
	„Студија за воспоставување на зелени коридор, по течението на река Серава, од изворот до вливот во река Вардар, и по течението на река Лепенец, од клучката кај село Орман до вливот во река Вардар", припремена од ДЕКОНС-ЕМА, Скопје, подржаа од Секторот за заштита на животната средина на Град Скопје, како експерт за урбанистичко планирање (2017) https://skopje.gov.mk/media/1316/studija-za-vospostavuvanje-na-zeleni-koridori.pdf	1
	Application for Competing for the European Green Capital Award 2021 – City of Skopje”, by City of Skopje Local Government, DEKONS-EMA. As expert on urban planning. (2018) https://ec.europa.eu/environment/europeangreencapital/egca-2021-and-egla-2020-applicants-revealed/	1
	Application for Competing for the European Green Capital Award 2023 – City of Skopje”, by City of Skopje Local Government, DEKONS-EMA. As expert on urban planning**.** (2020) https://ec.europa.eu/environment/news/new-batch-european-cities-embark-path-sustainability-2021-02-18_en	1
	Valorization Study Shar Mountain – the FYR of Macedonia, Socio-Economic study“, Funded by GEF and implemented by UN Environment, a project “Achieving Biodiversity Conservation through Creation and Effective Management of Protected Areas and Mainstreaming Biodiversity into Land Use Planning”, (2019)	1
	“Socio-Economics of The Extended Drin River Basin”, GEF Project “Enabling Transboundary Cooperation and Integrated Water Resources Management in the Extended Drin River Basin”, PointPro Consulting, Skopje. As expert on urban planning. (2017)	1
	"SEEDLING - Introduction of UN Sustainable Development Goals in Education in the Countries of Southeast Europe", Regional Environmental Center (REC) - Office in Macedonia. As national expert (SDG 11). (2017)	1
	"Aligning National Strategies with the Sustainable Development Goals" in cooperation with the Cabinet of the Deputy Prime Minister	1

	for Economic Affairs of the Republic of Macedonia and the Office of the UN Resident Coordinator (UNRC Office) in Macedonia, (SDG 11). As expert on urban planning. (2016-2017).	
	Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (0,5 поени)	
	Изложба: ВИЗИИ/СТРАТЕГИИ/ПРОЕКТИ за просторен развој на Градот Куманово, проекти од студентите на Архитектонскиот факултет, УКИМ, работени на предметот Урбанистичко обликување 2, 9. сем. 2016/2017. Организирана од АФ-УКИМ и Општина Куманово, Општинска зграда Куманово, февруари 2017	0,5
	Изложба: ВИЗИИ/СТРАТЕГИИ/ПРОЕКТИ за просторен развој на Градот Кавадарци, проекти од студентите на Архитектонскиот факултет, УКИМ, работени на предметот Урбанистичко обликување 2, 9. сем. 2017/2018. Организирана од АФ-УКИМ и Општина Кавадарци, Општинска зграда Кавадарци, февруари 2018	0,5
	Изложба: ВИЗИИ/СТРАТЕГИИ/ПРОЕКТИ за просторен развој на Градот Кочани, проекти од студентите на Архитектонскиот факултет, УКИМ, работени на предметот Урбанистичко обликување 2, 9. сем. 2018/2019. Организирана од АФ-УКИМ и Општина Кочани, Дом на културата „Бели мугри“ Кочани, февруари 2019	0,5
	Изложба: ВИЗИИ/СТРАТЕГИИ/ПРОЕКТИ за просторен развој на Градот Кратово, проекти од студентите на Архитектонскиот факултет, УКИМ, работени на предметот Урбанистичко обликување 2, 9 сем. 2019/2020. Организирана од АФ-УКИМ и Општина Кратово, СОУ „Митко Пенцуклиски“, февруари 2020	0,5
	Изложба: ВИЗИИ/СТРАТЕГИИ/ПРОЕКТИ за просторен развој на Градот Скопје, проекти од студентите на Архитектонскиот факултет, УКИМ, работени на предметот Урбанистичко обликување 2, 9. сем. 2020/2021. Организирана од АФ-УКИМ и Град Скопје, Скопје Урбан Лаб, Стара чаршија Скопје, март 2020	0,5
	Изложба: „Кратово-пристапно за сите“, Проекти од студентите на Архитектонскиот факултет, УКИМ, од работилницата „Кратово-пристапно за сите“, организирана од Општина Кратово, во рамки на манифестацијата „Деновите на архитектура“, Домот на културата „Лазар Софијанов“, Кратово, 24 септ. 2019 (заедно со вонр. проф. д-р Б, Каранаков)	0,5
Дејности од поширок интерес		
	Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание (0,5 поени)	
	Член на уредувачкиот одбор на ПРЕСИНГ, Списание на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на република Македонија (од 2018)	0,5
	Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир (1 поен)	
	3rd International Conference on Urban Planning ICUP2020, Serbia, Nis, 13 November 2020. As member of International Scientific Committee. (Certificate)	1
	International Scientific Conference GREDIT2018 – Green Development, Green Infrastructure, Green Technology. Skopje,	1

	22nd March – 25th of March 2018. As member of International Scientific Board.	
	Член на факултетска комисија (0,5 поени)	
	Член на Комисија за самоевалуација на Архитектонскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Одлука бр. 6/293, од 5.10.2017)	0,5
	Учество во комисии и тела на државни и други органи (1 поен)	
	Член на Комисија за урбанизам на Општина Центар, Скопје, 2017 – 2019 (Решение бр. 09-5071/1 од 5.12.2017);	1
	Члена на Комисија за урбанизам на Општина Центар, за 2020 (Решение бр. 09-229/1 од 13.1.2020)	1
	Вкупно	**15**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	129,55
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	116,5
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	15
Вкупно	**263,05**

Членови на Комисијата

Проф. д-р Мирослав Грчев, претседател, с.р.
Проф. д-р Јасмина Сиљаноска, член, с.р.
Проф. д-р Влатко П. Коробар, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ПОРАКИТЕ ПРЕНЕСЕНИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА ОНЛАЈН КУПУВАЊЕ “ ОД М-Р ФАНИ МАТЕСКА ПЕРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.5.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Фани Матеска Перовска со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ПОРАКИТЕ ПРЕНЕСЕНИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА ОНЛАЈН КУПУВАЊЕ, во состав: проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска (претседател), проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска (член), проф. д-р Сашо Јосимовски (ментор), проф. д-р Зоран Јаневски (член) и проф. д-р Пеце Митревски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Фани Матеска Перовска, со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ПОРАКИТЕ ПРЕНЕСЕНИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА ОН-ЛАЈН КУПУВАЊЕ, содржи 229 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 350 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународни списанија и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, краток опис на содржината и истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатката укажува на важноста на анализата на влијанието на пораките кои се пренесуваат преку социјалните мрежи или алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците врз намерите за онлајн купување. Во поглед на актуелноста на оваа проблематика, кандидатката покажува дека трудовите кои се објавени на светско ниво говорат за обемни истражувања, масовен тренд и интерес за начинот на кој eWOM, односно електронската уста на уста комуникација, која во оваа докторска дисертација е обработена во форма на онлајн пораки кои се пренесуваат на Интернет, влијае врз намерите за онлајн купување. Станува збор за проблематика која е многу актуелна во ова време на пандемија со КОВИД-19, кога продажбата е речиси целосно префрлена на Интернет, поточно на социјалните мрежи и на веб-страниците на онлајн продавниците. Многу истражувања, публикации и трудови го истражуваат влијанието на детерминантите на пораките врз намерите за онлајн купување на светско ниво. Овој концепт е особено интересен за анализа за докторски труд, бидејќи на ниво на Република Северна Македонија не се сретнуваат истражувања во областа на eWOM, што остава простор за придонес на оваа докторска дисертација.

Првата глава од докторската дисертација е насловена како: „Развој и еволуција од уста на уста комуникација во онлајн порака“. Во неа се дефинирани и анализирани: WOM, односно уста на уста комуникацијата и eWOM, односно електронската уста на уста комуникација, а потоа е објаснета трансформацијата на WOM во eWOM. Понатаму, оваа глава дава детален преглед на идните трендови и предизвици на eWOM како вирална и референтна маркетинг-алатка за социјализација и електронска размена на пораки.

Втората глава насловена како „Социјални мрежи и веб-страници на онлајн продавници како посредници за пренесување на пораките” ги дефинира и ги анализира видовите социјални мрежи со нивните карактеристики, предности и недостатоци кои ги имаат, со посебен осврт на социјалната мрежа Фејсбук и нејзините алатки за комуникација како што се: фејсбук-страниците и фејсбук-месинџерот, како посредници за пренесување на онлајн пораките. Понатаму, оваа глава се фокусира на анализа на алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците, односно на прегледите и коментарите за производите кои се оставаат на

Интернет, како и прозорците за комуникација, исто така како посредници за пренесување на онлајн пораките. На крај, детално е објаснет начинот на пренесување на пораките преку алатките за електронска комуникација до потенцијалните онлајн купувачи.

Третата глава насловена како „Создавање намери за онлајн купување на социјалните мрежи и веб-страниците на онлајн продавниците” ги анализира и ги дефинира намерите за онлајн купување како очекувано однесување на онлајн купувачите во поглед на идната одлука за купување и очекуваниот исход од однесувањето. Потоа, се дефинираат факторите кои влијаат врз намерите за онлајн купување. Исто така, кандидатката ги анализира учесниците и модераторите во процесот на влијание на пораките врз намерите за онлајн купување, нивните карактеристики и прави споредба помеѓу начинот на влијание на пораките, со осврт на можностите и недостатоците кои ги нуди социјалната мрежа Фејсбук како посредник за пренесување на информациите од една страна и алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците од друга страна. На крајот, кандидатката дава детален осврт на аспектите на позитивното наспроти негативното влијание на пораките врз намерите за онлајн купување.

Четвртата глава насловена како „Теоретски модели за дефинирање на влијанието на пораките врз намерите за онлајн купување” ги анализира веќе постојните модели за дефинирање на детерминантите на пораките кои влијаат врз намерите за онлајн купување како што се: Модел за прифаќање на технологијата (TAM) со двете негови дополнителни варијации: Модел за прифаќање на технологијата 2 (TAM 2) и Модел за прифаќање на технологијата 3 (TAM 3), Модел за присвојување на информацијата (IAM), кој е надополнет со неколку компоненти од Теоријата на аргументирано дејствување (TRA). Понатаму, дефинирани и анализирани се шесте детерминанти кои произлегуваат од овие модели, и тоа: квалитет на пораките, кредибилитет на пораките, потреби за пораки, ставови кон пораки, корисност од пораките и присвојување, односно прифаќање на пораките. Потоа, кандидатката прави компаративна анализа на моделите за на крај да го создаде и да го дефинира истражувачкиот модел на овој докторски труд насловен како: „Модел на присвојување на пораките според потребите и ставовите на купувачите“ (IACM), со кој се истражува и се мери влијанието на детерминантите на пораките врз намерите за онлајн купување.

Петтата глава насловена како „Компаративна анализа на влијанието на детерминантите на пораките преку социјалната мрежа Фејсбук и на алатките за комуникација на онлајн продавниците во Република Северна Македонија и дефинирање на хипотезите” го обработува истражувачкиот процес на трудот. Кандидатката, со примена на соодветна методологија и анализа, ги споредува интензитетот на влијание на детерминантите на пораките врз намерите за онлајн купување кога тие се пренесуваат преку социјалната мрежа Фејсбук, со интензитетот на влијание на детерминантите на пораките врз намерите за онлајн купување кога тие се пренесуваат преку веб-страниците на онлајн продавниците во Република Северна Македонија со што се добиваат вредни заклучни согледувања кои се основа за идните истражувања во оваа област.

Во заклучните согледувања, кандидатката се навраќа на заклучоците добиени од целокупното истражување на оваа докторска дисертација со посебен фокус на заклучоците добиени од самото истражување, кои се анализирани и презентирани во последната, петта глава. Кандидатката доаѓа до заклучок дека сите детерминанти на пораките влијаат врз намерите за онлајн купување заемно, односно тие не можат да се анализираат една без друга. Кога онлајн пораките кои се разменуваат на Интернет во форма на eWOM-комуникација помеѓу продавачите и купувачите се квалитетни, точни и веродостојни, корисни и прифатени од страна на купувачите, тогаш може да се каже дека eWOM-комуникацјата е позитивна и дека таа влијае врз намерите за онлајн купување во форма на донесување на конечни одлуки за купување. Понатаму, детерминантите на пораките пренесени преку алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците имаат поголемо влијание врз намерите за онлајн купување отколку детерминантите на пораките пренесени преку фејсбук-страниците на онлајн продавниците.

Заклучните согледувања ветуваат зголемен интерес за проблематиката на eWOM-комуникацијата и нејзината примена од страна на онлајн продавниците во Република Северна Македонија. Без разлика на дел од сегментите во трудот каде што примената на eWOM-комуникацијата преку социјалните мрежи во Република Северна Македонија покажува дека доцни зад светските норми во областа на примената на социјалните мрежи и веб-страниците на

онлајн продавниците како посредници за спроведување на eWOM-комуникација помеѓу нејзините учесници, на севкупно генерално ниво, истражувањето покажува особен интерес и за купувачите и за продавачите на производи на Интернет во Северна Македонија за оваа проблематика, доближувајќи ги уште повеќе онлајн продавниците во Република Северна Македонија поблиску до светките трендови и концепти за онлајн продажби.

Предмет на истражување

Како предмет на истражување во докторската дисертација е анализирано влијанието на детерминантите на пораките врз намерите за онлајн купување. Со други зборови, влијанието на позитивните и негативните прегледи и коментари за производите на веб-страниците на онлајн продавниците, како и позитивните или негативните коментари за производите кои постојано се објавуваат на фејсбук-страниците на онлајн продавниците, е предмет на истражување во докторската дисертација.

Целта на истражување во докторската дисертација е тесно поврзана со предметот на истражување. Имено, целта се однесува на можноста да се докаже дека детерминантите на онлајн пораките навистина влијаат врз намерите за онлајн купување. Потоа, како додатна цел на истражувањето беше можноста да се анализира и да се утврди дали влијанието врз намерите за онлајн купување на детерминантите на пораките кои се пренесуваат преку фејсбук-страниците на онлајн продавниците е поголемо од влијанието на детерминантите на пораките врз намерите за онлајн купување кои се пренесуваат преку алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците или обратно.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Оваа докторска дисертација се фокусира на eWOM-комуникацијата и нејзиното влијание врз намерите за онлајн купување. Онлајн продавниците во Северна Македонија постојано ги нудат и ги продаваат своите производи на Интернет. Пандемијата со КОВИД-19 вирусот уште повеќе ја актуализираше онлајн продажбата на светско ниво, но и во нашата држава, Република Северна Македонија. Според податоците на НБРСМ, во текот на првите девет месеци од 2020 година, Македонците се стекнале се поголема доверба кон е-трговијата и онлајн нарачките, што може да се заклучи и од растот на бројот и вредноста на онлајн трансакциите со домашни картички, особено кон домашни онлајн продавници. Имено, преку е-трговија, односно онлајн плаќање во првите девет месеци од 2020 година се реализирале вкупно 10 милијарди денари, што го надминува износот реализиран во текот на цела 2019 година. Согласно со податоците од НБРСМ за бројот на виртуелни продажни места, заклучно со 30.9.2020 година, во Република Северна Македонија биле регистрирани 1.342 продажни места, односно за период од девет месеци во текот на 2020 година, бројот на онлајн продавници се зголемил за 322 новоотворени. Доколку се земе предвид бројката на нови онлајн продавници за истиот период во текот на 2019 година, може да се заклучи дека растот изнесува 212,6%. Во една ваква состојба на зголемени онлајн продажби, примената на eWOM-комуникацијата во форма на прегледи и коментари кои можат да бидат оставени од купувачите, но и од продавачите на Интернет, потоа прозорците за комуникација, фејсбук-страниците и фејсбук-месинџерот, е повеќе од очигледна.

Но, и покрај широката распространетост на концептот на eWOM-комуникацијата и анализата на нејзиното влијание врз намерите за онлајн купување и информациите достапни за овој концепт на светско ниво, податоци за анализа и примена на eWOM, како комуникациска алатка која влијае врз намерите за онлајн купување, а со тоа и на обемот на онлајн продажбите, на ниво на Република Северна Македонија се оскудни. Во таа насока, придонесот на оваа докторска дисертација е особено значаен, бидејќи тој дава значајни податоци за состојбата на влијанието на eWOM на Интернет врз намерите за онлајн купување, а со тоа и на онлајн продажбуте на територија на нашата држава, Република Северна Македонија.

Краток опис на применетите методи

Со цел изнаоѓање одговори и соодветна успешна обработка на предметот на истражување на оваа докторска дисертација и зададените цели, во овој научен труд се применуваат следниве научноистражувачки методи: анализа-синтеза, дедуктивен метод, статистички метод, историски метод, компаративен метод, дескриптивен метод, метод на класификација, емпириски методи, како и методот на онлајн анкетно истражување кое опфаќа 350 Интернет-корисници кои веќе имале искуство со онлајн купување во Република Северна Македонија.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Анализата на кандидатката м-р Фани Матеска Перовска покажува дека за првпат во Република Северна Македонија се истражува област која се занимава со еден вид на комуникација (eWOM комуникација), која секојдневно се одвива на социјалните мрежи и на веб-страниците на онлајн продавниците, а за која малку се знае дека може да има клучна улога во остварувањето на голем број онлајн продажби и значајни профити за компаниите од една страна, како и да влијае врз намерите за онлајн купување во насока на донесување на конечни одлуки за купување на производите кои се продаваат на Интернет. Во тој контекст, за првпат се објаснуваат неколку аспекти поврзани со влијанието на eWOM врз намерите за онлајн купување.

Најнапред, се дефинирани формите на eWOM-комуникацијата преку кои се испитува влијанието на детерминантите на пораките врз намерите за онлајн купување. Социјалните мрежи се водечките онлајн платформи за пренесување на eWOM-комуникацијата меѓу учесниците. Во докторската дисертација е анализирана социјалната мрежа Фејсбук, односно нејзините форми на eWOM-комуникација, фејсбук-страниците на онлајн продавниците и фејсбук-месинџерот. Потоа се дефинирани прозорците за комуникација и Интернет-прегледите (reviews) како алатки за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците. Тие претставуваат уште една форма на eWOM-комуникација која се одвива помеѓу учесниците на Интернет. Понатаму, се дефинирани и анализирани шестте детерминанти на онлајн пораките кои директно влијаат врз намерите за онлајн купување, а тие се: квалитет на пораките, кредибилитет на пораките, потреби од пораки, ставови кон пораките, корисност од пораките и присвојување или прифаќање на пораките. Сите детерминанти имаат специфично влијание врз намерите за онлајн купување, кое во истражувањето на докторската дисертација се докажа дека е позитивно и ги насочува купувачите кон навремено донесување на одлуки за онлајн купување. Со овој заклучок е потврдена примената на истражувачкиот модел (IACM) кој ги опфаќа сите детерминанти кои се предмет на истражување на докторската дисертација.

Истражувачкиот модел IACM укажува на фактот дека процесот на прифаќање на онлајн пораките е предводник на намерите за онлајн купување, што е од големо значење за веќе постојната литература, а идните истражувачи можат да создаваат нови модели преку детално анализирање на врската помеѓу процесот на прифаќање на пораките и намерите за купување.

Со цел да се анализираат резултатите од истражувањето во докторската дисертација е направена демографска анализа на испитаниците, дескрипитивна анализа, Кромбахт алфа тест за проценка на постојаноста на варијаблите во група и регресиона анализа за тестирање на хипотезите. Резултатите покажаа дека квалитетот, кредибилитетот, потребите, ставовите, корисноста и присвојувањето на пораките навистина влијаат врз намерите за онлајн купување. Овие резултати се основа за понатамошните предвидувања на истражувањето, но се и основа за идните истражувачи кои во иднина ќе ја истражуваат оваа проблематика.

Ставовите на испитаниците кон постојаноста во читањето на прегледите и коментарите на фејсбук-страниците и на веб-страниците на онлајн продавниците имаат најголемо влијание врз намерите за онлајн купување. Потоа, вредноста на Кромбахт алфа тестот за постојаноста и конзистентноста на сите детерминанти на пораките кои се пренесуваат преку фејсбук-страниците на онлајн продавниците, како и вредноста на Кромбахт алфа тестот за постојаноста и конзистентноста на сите детерминанти на пораките кои се пренесуваат преку веб-страниците на онлајн продавниците е изедначена и изнесува 0,90 и е над идеалната вредност на тестот, која изнесува 0,70, што укажува на фактот дека детерминантите на пораките како група и во двата случаја се постојани и веродостојни една на друга, а со тоа и нивното влијание врз намерите за онлајн купување е веродостојно за истражување.

Врз основа на спроведената дескриптивна анализа за влијанието на детерминантите на пораките, пренесени преку фејсбук-страниците на онлајн продавниците, врз намерите за онлајн купување, резултатите покажаа дека

испитаниците ги читаат коментарите оставени на Фејсбук, но при донесувањето на нивните одлуки за онлајн купување не ја земаат предвид веродостојноста на овие коментари. Понатаму, врз основа на спроведената дескриптивна анализа за влијанието на детерминантите на пораките, пренесени преку веб-страниците на онлајн продавниците, врз намерите за онлајн купување, резултатите покажаа дека испитаниците постојано ги читаат прегледите и коментарите за производите на веб-страниците, но нивниот опис нема негативно влијание врз нивните одлуки за купување. Понатаму, со регресионата анализа се докажа дека детерминантите на пораките пренесени преку алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците имаат поголемо влијание врз намерите за онлајн купување, отколку детерминантите на пораките пренесени преку фејсбук-страниците на онлајн продавниците. Овие резултати произлегуваат од одговорите на испитаниците во поглед на детерминантите, односно тие се изјасниле дека прегледите и коментарите кои ги читаат на веб-страниците, како и преку прозорците за електронска комуникација, ги перципираат како поквалитетни од коментарите за производите кои ги читаат на Фејсбук.

Дополнително, анализите во истражувањето покажуваат дека целта на докторската дисертација е остварена со реализирање на неколку значајни чекори во целата нејзина изработка, и тоа: направен е детален преглед на литературата која ги анализира карактеристикитие на eWOM и нејзиното влијание врз намерите за онлајн купување. Потоа е развиен истражувачки модел составен од детерминантите на онлајн пораките, врз основа на кој потоа се спроведува истражувањето со кое се анализира нивното влијание врз намерите за онлајн купување. На овој начин, маркетинг-менаџерите можат да го дефинираат сетот на детерминанти кој со своите специфични карактеристики директно влијае врз секојдневното онлајн купување од каде што тие ќе можат да заклучат кои производи треба да ги рекламираат секојдневно на нивните веб-страници или на нивните фејсбук-страници со цел на соодветен начин да комуницираат со своите лојални и потенцијални купувачи.

Резултатите од истражувањето создаваат значајни менаџерски импликации, бидејќи се анализира влијанието на детерминантите на онлајн пораките на Фејсбук и на веб-страниците на онлајн продавниците. Ова е од особено значење за онлајн продавниците кои ги рекламираат производите на Фејсбук. Колку повеќе следачи имаат фејсбук-страниците на онлајн продавниците, толку повеќе луѓе ќе ги видат објавите за производите, и толку е поголема веројатноста дека продажбите на онлајн продавниците ќе расте. Исто така, речиси секоја онлајн продавница си има своја фејсбук-страница на која постојано ги рекламира своите производи. Во тој контекст, маркетинг-менаџерите треба да ги приспособат нивните онлајн маркетинг-стратегии за успешна промоција и продажба на производите на Фејсбук и на веб-страниците на онлајн продавниците.

Веб-страниците на онлајн продавниците треба постојано да се ажурираат со нови податоци за производите кои ги нудат, бидејќи резултатите од истражувањето во докторската дисертација покажаа дека детерминантите на пораките пренесени преку алатките за комуникација на онлајн продавниците имаат директно поголемо влијание врз намерите за онлајн купување, отколку нивното влијание кога тие се пренесуваат преку Фејсбук. Исто така, прегледите и коментарите кои се оставаат за производите треба постојано да се проверуваат и ажурираат, бидејќи неретко се случува некои од нив да се недолично или погрешно напишани од страна на рецензентите. Потоа, дизајнот на веб-страниците, алатките за брзо и лесно пребарување на податоци за производите, алатките за лесно и брзо онлајн плаќање, гаранциите за производите, навремената достава и политиката на враќање и замена на производите доколку тие се оштетени, погрешно испратени производи и слично, имаат големо влијание врз намерите за онлајн купување.

Веб-страниците на онлајн продавниците нема да имаат успешна продажба и нема да бидат актуелни помеѓу онлајн купувачите доколку нивните производи постојано не се рекламираат на нивните фејсбук-страници. Фејсбук-страниците на онлајн продавниците и веб-страниците на онлајн продавниците постојано се надополнуваат и се зависни една од друга, односно една онлајн продавница нема да има

успешна онлајн продажба доколку нејзините производи не се рекламираат постојано на Фејсбук и обратно, фејсбук-страниците на онлајн продавниците нема да имаат многу следачи ако производите кои се рекламираат на нив не се актуелни, квалитетни и привлечни за купувачите.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Фани Матеска Перовска со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ПОРАКИТЕ ПРЕНЕСЕНИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА ОНЛАЈН КУПУВАЊЕ, претставува истражување во полето на е-трговијата. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е со основна цел да се докаже влијанието на eWOM-комуникацијата врз намерите за онлајн купување и да се спореди нејзиното влијание врз намерите кога таа се пренесува преку фејсбук-страниците на онлајн продавниците и преку алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците. Докторската дисертација претставува особен научен придонес иако информациите за оваа проблематика на нашата територија се оскудни.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Фани Матеска Перовска со наслов: ВЛИЈАНИЕТО НА ПОРАКИТЕ ПРЕНЕСЕНИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА ОНЛАЈН КУПУВАЊЕ, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

При проверката во системот за плагијаризам, докторската дисертација на м-р Фани Матеска Перовска покажува низок процент на совпаѓање на зборови со други документи од 5,79%, што укажува на коректно исполнување на критериумот за оригиналност на трудот.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Author: F.Mateska:” Phases in the decision making process of buying cosmetics products – A case study for Macedonian cosmetic brand Becutan and German cosmetic brand Nivea”, First InTraders International Conference on International Trade, Sakarya University, Kaynarca School of Applied Sciences, Sakarya, Turkey, 11-13 May, 2018, pp. 364-379, ISBN: 978-605-281-145-0.

[2]. Author: F. Mateska, ,, Global logistics and international channel development “, (JPMNT) Journal of Process Management- New Technologies, International, Vol. 3, No.1, 2015, pp. 92-100.

[3]. Author: F. Mateska, Qualitative methods for testing and measuring consumer`s attitudes when purchasing the product”, International Journal Scientific and applicative papers V-1&2, 2014, Institute of knowledge management, Skopje Macedonia, pp. 262- 266.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Иницијалниот придонес кој оваа докторска дисертација го овозможува е синтетизирана анализа на концептот на eWOM во еден труд, каде што се отвораат, се анализираат и се разоткриваат најзначајните и бројните прашања и дилеми околу влијанието на eWOM, која се јавува во различни форми и алатки за комуникација, врз намерите за онлајн купување. Овој труд одговара на прашања од типот на: Што е WOM, а што е eWOM? Која е разликата помеѓу овие две комуникациски алатки? Како WOM се трансформира во eWOM? Кои се идните трендови и предизвици на eWOM? Какви видови на социјални мрежи постојат и кои се нивните карактеристики? Што е Фејсбук и зошто како социјална мрежа е избрана за потребите на докторската дисертација? Каква е улогата на фејсбук-страниците и фејсбук-месинџерот како алатки за комуникација на Интернет со онлајн купувачите? Какви видови на алатки на веб-страниците на онлајн продавниците за електронска комуникација со онлајн купувачите постојат? Што се OCRs и која е нивната улога во процесот на електронска комуникација помеѓу продавачите и купувачите на Интернет? Какви видови на OCRs постојат и од што зависи нивното влијание врз намерите за онлајн купување? На кој начин се пренесуваат онлајн пораките преку социјалната мрежа Фејсбук до потенцијалните онлајн купувачи? На кој начин се пренесуваат онлајн пораките преку алатките за комуникација на веб-страниците на онлајн продавниците до потенцијалните онлајн купувачи? Како се дефинираат намерите за онлајн купување? Какви видови на намери за онлајн купување постојат? Како се создаваат намерите за онлајн купување? Кои фактори влијаат врз намерите за онлајн купување? Која е врската помеѓу потребите и намерите за купување? Кои се главните учесници и модератори во процесот на влијание на пораките врз намерите за онлајн купување? Како е дефинирано и која е разликата на позитивното наспроти негативното влијание на пораките врз намерите за онлајн купување? Какви модели и теории постојат во литературата кои ја обработуваат проблематиката на влијанието на eWOM врз намерите за онлајн купување? Што се детерминанти на онлајн пораките и како се дефинираат? Кои се детерминанти на онлајн пораките кои произлегуваат од теоретските модели за влијанието на eWOM врз намерите за онлајн купување? Кои се главните карактеристики, предности и слабости на теоретските модели? Како е развиен истражувачкиот модел на докторската дисертација и како се дефинира? Кои се очекуваните резултати од примената на истражувачкиот модел?

Подлабокиот придонес кој оваа докторска дисертација го овозможува е анализата на влијанието на пораките, како една од многуте форми на eWOM, пренесени преку социјалните мрежи и веб-страниците на онлајн продавниците врз намерите за онлајн купување на ниво на Република Северна Македонија. И покрај бројните податоци и информации кои ги добиваме на оваа тема на светско ниво, на ниво на нашата држава, Република Северна Македонија, достапноста за вакви информации и анализи е оскудна. Дополнителниот придонес кој ова истражување и докторска дисертација го обезбедува во оваа насока е анализата на спецификите за оваа област во е-трговијата и онлајн продажбите, потоа примената на социјалната мрежа Фејсбук не само како платформа за социјализација, туку како платформа која овозможува спроведување на онлајн трансакции, како и примената на онлајн продавниците за пребарување на прегледи и коментари за производите и планирање на целосниот процес на донесување на одлуки за купување од страна на онлајн купувачите преку прозорците за комуникација. Дополнително, ова истражување ќе даде придонес за онлајн продавниците во поглед на можноста за компарација на нивото и достигнувањата на тема eWOM-комуникација и нејзина примена за онлајн продажби и онлајн купувања, помеѓу самите нив, сигнализирајќи им до кој степен тие ги применуваат социјалните мрежи и веб-страниците на онлајн продавниците за оваа намена со цел да увидат дали спаѓаат во групата на продавници кои ја применуваат социјалната мрежа Фејсбук и алатките за комуникација на понапредно ниво, а кои од нив назадуваат.

Примената на резултатите од истражувањето се пресликани во препораки кои се присутни низ целата докторска дисертација, а особено се издвоени во последната глава од докторската дисертација каде фокусот е на заклучоците и препораките. Препораките се базирани на резултатите добиени од истражувањето и анализите и нудат широк спектар на можности и перспективи. Онлајн продавниците може да изберат дел од препораките, дел да изостават, а дел да ги остават за понатамошна анализи и одлуки согласно со нивните преференции. Докторската дисертација нуди знаење, одговори, анализа и синтеза, искуство и препораки за успешно имплементирање на eWOM-комуникацијата како основна онлајн комуникациска алатка за

комуникација и социјализација помеѓу онлајн продавниците и онлајн купувачите од една страна, и како успешна промотивна алатка на онлајн продавниците за промовирање и продажба на производите на Интернет.

Можните понатамошни истражувања се: повторување на истото истражување по неколку години, со цел да се направи споредба и анализа на прогресот на примената на социјалните мрежи и веб-страниците на онлајн продавниците во Република Северна Македонија како онлајн платформи за електронска уста на уста комуникација помеѓу нејзините учесници во насока на мерење на влијанието на eWOM врз намерите за онлајн купување и до која мера тие би се доближиле или не до светските трендови и предизвици.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Фани Матеска Перовска** со наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ПОРАКИТЕ ПРЕНЕСЕНИ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВРЗ НАМЕРИТЕ ЗА ОНЛАЈН КУПУВАЊЕ.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Лидија Пулевска Ивановска, претседател, с.р.
Проф. д-р Снежана Ристевска Јовановска, член, с.р.
Проф. д-р Сашо Јосимовски, ментор, с.р.
Проф. д-р Зоран Јаневски, член, с.р.
Проф. д-р Пеце Митревски, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Александра Симоновиќ Мицева**	**„Системи за управување со перформанси на вработени во фармацевтска индустрија во Република Северна Македонија“**	**„Employee performance management systems in the pharmaceutical industry in the Republic of North Macedonia“**	**проф. д-р Љупчо Ефтимов**	02-961/2 02.06.2021
2.	**Александра Јаќимоска**	**„Импулсивно купување на производи за нега на лице: Анализа на влијанието на одделни фактори“**	**„Impulse buying of facial skin care products: Analysis of the factors that affect impulse buying“**	**проф. д-р Снежана Ристевска-Јовановска**	02-915/2 02.06.2021
3.	**Билјана Боцеска**	**„Платежна инфраструктура и степен на дигитализација на пазарот – случајот во Република Северна Македонија“**	**„Payment infrastructure and market digitalization level – the case in the Republic of North Macedonia“**	**проф. д-р Кирил Јовановски**	02-894/2 02.06.2021
4.	**Климент Мишевски**	**„Странски директни инвестиции и нивното влијание врз економскиот развој“**	**„Foreign direct investments and their impact on economic development“**	**проф. д-р Кирил Јовановски**	02-981/2 02.06.2021

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**М-р Радица Вељанова**	„Персоналните карактеристики и намерите за купување преку мобилен телефон: анализа преку примена на теоријата на планираното однесување **“**	„ Personal characteristics and mobile shopping intention: analysis throught theory of planned behaviour“,	проф. д-р Анита Циунова Шулеска	31.05.2021 година Бр. 02-760/3

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) МАТЕМАТИКА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, Оддел за математика и информатика, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 23.IV 2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) 90100 - математика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-612/3, донесена на 27.V 2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: акад. Дончо Димовски, Македонска академија на науките и уметностите, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Алекса Малчески, редовен професор на Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Никола Тунески, редовен професор на Машинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) 90100 - математика, во предвидениот рок се пријави само еден кандидат, д-р Томи Димовски, вработен како асистент на Машинскиот факултет при УКИМ во Скопје.

3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Томи Димовски е роден на 21.IV 1982 година, во Битола. Средно образование завршил во Гимназијата „Јосип Броз Тито” во Битола на 10.VI 2000 година. На студиите по математика на Природно-математичкиот факултет, насока: теориска математика, се запишал во учебната 2000/2001 година. Дипломирал на 11.VII 2005 година, со просечен успех 8,94.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2006/2007 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје, Институт за математика, насока: теориска математика. Студиите ги завршил на 30.VI 2010 година, со просечен успех 10. На 30.VI 2010 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Обопштени метрики*.

Докторска дисертација пријавил на 20.XII 2011 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: *Пристапи за индуцирање на топологии од 3-метрики*, ја одбранил на 4.VII 2016 година, пред Комисија во состав: академик Дончо Димовски, Македонска академија на науките и уметностите, ред. проф., Природно-математички факултет – Скопје, д-р Љубиша Кочинац, проф. емер.; ПМФ, Ниш, д-р Костадин Тренчевски, ред. проф.; Природно-математички факултет, УКИМ, Скопје, д-р Билјана Крстеска, ред. проф.; Природно математички факултет, УКИМ, Скопје, д-р Ѓорги Марковски, вонр. проф.; Природно математички факултет, УКИМ, Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на математички науки.

На 30.VIII 2018 година е избран во звањето асистент на Машинскиот факултет во Скопје, во областа математика.

Во моментот има звање асистент на Машинскиот факултет во Скопје во областа математика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1176 од 14.IX 2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот на УКИМ бр. 1176, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

4. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Машински факултет, кандидатот д-р Томи Димовски изведува вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Машинскиот факултет во Скопје. Секогаш активно ги извршува јавните и работни обврски кои ќе му бидат доделени. На секој наставен час му дава посебен акцент во склопот на целиот материјал кој треба да се изведе во дадени временски рамки. Поседува истенчен осет со кој пристигнува успешно и ефикасно до саканата цел во наставата. Посветено ги извршува сите задачи кои ќе му се постават, детално, прецизно и педантно.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов: *Збирка решени задачи од математика 1* за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Научноистражувачка дејност

Д-р Томи Димовски има објавено вкупно 7 научни трудови од областа математика, од кои 1 научен труд во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание) и 6 труда во меѓународни научни списанија.

Д-р Томи Димовски учествувал како член во 4 научни проекти. Учествувал на националниот научен проект „Тополошко-геометриски и алгебарско комбинаторни проблеми”, 2013-2015; 2016-2018, организиран од Македонската академија на науките и уметностите и на билатералниот научен проект помеѓу Македонската и Бугарската академија на науките и уметностите: „Анализа – геометрија - топологија”, 2014-2016; 2017-2019.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Томи Димовски активно бил вклучен во стручно-применувачката дејност на Сојузот на математичари на Македонија, MASSEE(Mathematical assotiation for Sout-eastern Europe), Армаганка. Вршел стручна работа во Сојузот на математичари на Македонија и „Армаганка“.

Кандидатот д-р Томи Димовски остварил експертски активности во DAAD-проектот Applications of Calculus of Variations and Optimal Control. The Smooth and Nonsmooth Cases, DAAD INTENSIVE COURSES, Struga, Macedonia July 2011.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно бил вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Сојузот на математичари на Македонија и „Армаганка“:

- Комисија за натпревари по математика за основно образование;
- Комисија за натпревари по математика за средно образование;
- Работна група за студиски програми за основно и средно образование;
- Координатор на меѓународни натпревари (Sout-eastern European Mayhematical Olympiad for University Students (SEEMOUS), Balkan Mathematical Olympiad (BMO), (European Mathematical Cup(EMC), Junior Balkan Mathamtical Olympiad (JBMO), Asian-Pacifik Mathematical Olympiad (APMO), Eurpean Girl Mathematical Olympiad(EGMO), Iranian Mathematical Olympiad(IGO), MMO, Olimpijada po Finasiska matematika I aktuarstvo (ОФМА), Турнир на градови, Mediterranean Mathematical Olympiad (MeMO), Kangaroo sans frontieres);
- Заменик-водач на македонскиот тим на Junior Balkan Mathematical Olympiad(JBMO), Rhodes, 2018;
- Научна комисија при Сојузот на математичари на Македонија;
- Научна комисија при „Армаганка“.

Се јавува како коавтор на повеќе книги од стручна област. Бил член на уредувачкиот одбор за издавање на популарното математичко списание за учениците од основното образование „Нумерус“ и математичкото списание за учениците од средно образование „Сигма“.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Томи Димовски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува целокупната наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Томи Димовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес и вкупно во неговата кариера, Комисијата заклучи дека д-р Томи Димовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област математика.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Томи Димовски да биде избран во звањето доцент во научната област математика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Акад. Дончо Димовски, МАНУ, редовен професор во пензија на Природно-математичкиот факултет во Скопје, претседател, с.р.
Д-р Алекса Малчески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, член, с.р.
Д-р Никола Тунески, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Томи Ѓорги Димовски**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**
Машински факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **МАТЕМАТИКА**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ /НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,94 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 Просечниот успех изнесува 9,47 за интегрираните студии.	ДА
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научно подрачје: природно-**математички науки**; поле: **математика**; област: **топологија**.	ДА
3	Објавени најмалку четири рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование **1.** T. Dimovski, D. Dimovski, *Classes of (3,j)-metrizable topological spaces, j∈{1,2},* Comptes rendus de l'Académie bulgare des Sciences, 70(1) (2017), 5-12. (Impact Factor 0,343) 1. Назив на научното списание: Comptes rendus de l'Académie bulgare des Sciences 2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science 3. Назив на трудот: *Classes of (3,j)-metrizable topological spaces, j∈{1,2}* 4. Датум на објава: 2017	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови **2.** T. Dimovski, D. Dimovski, *Convergence of sequences in (3,j,ρ)-N-Metrizable spaces, j ∈{1,2}*, Bulletin Mathématique, 1 (2018), 21-27 1.Назив на научното списание: Bulletin Mathématique 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупно 17 члена; Србија (1), САД (2), Австрија (1), Канада (1), Франција (1), Белгија (1), Бугарија (2), Турција (1), Северна Македонија (1), Романија (1), Молдавија (1), Грција (1), Словенија (1), Црна Гора (1), Хрватска (1) 3.Назив на трудот: *Convergence of sequences in (3, j, ρ)-N-Metrizable spaces, j ∈{1, 2}* 4. Датум на објава: 2018 **3.** T. Dimovski, D. Dimovski, *Selection principles in (3, 1, ρ)-D-metrizable spaces and (3, 2, ρ)-D-metrizable spaces*, Serdica Mathematical Journal, 44 (2018), 81–92. 1.Назив на научното списание: Serdica Mathematical Journal 2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): Вкупно 26 члена; САД (3), Канада (1), Кина (1), Романија (1), Унгарија (1), Италија (1), Велика Британија (1), Франција (2), Грција (1), Бугарија (8), Русија (1), Германија (2), Израел (1), Полска (1), Белгија (1). 3.Назив на трудот: *Selection principles in (3,1,ρ)-D-metrizable spaces and (3,2,ρ)-D-metrizable spaces* 4. Датум на објава: 2018	
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји **4.** T. Dimovski, P. Dimovski, *Some fixed point theorems in S-complete spaces*, Proceedings of the First Congress of Differential Equation, Mathematical Analysis and Applications CODEMA 2020. 1.Назив на зборникот: Proceedings of the First Congress of Differential Equation, Mathematical Analysis and Applications CODEMA 2020 2.Назив на меѓународниот собир: First Congress of Differential Equation, Mathematical Analysis and Applications CODEMA 2020	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	3.Имиња на земјите: Северна Македонија, Србија, Бугарија, Кипар, Романиа, Турција, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска. 4.Назив на трудот: *Some fixed point theorems in S-complete spaces* 5.Датум на објава: 2020	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје 4. Датум на издавање на документот: 20.IV 2021	ДА
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Томи Ѓорги Димовски
(име, татково име и презиме)
Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Машински факултет – Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: математика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Одржување на вежби на прв циклус**	**20,7**
1.1	Математика 1 (две групи по 2 часа), зимски 2020/2021	1,8
1.2	Математика 1 (три групи по 2 часа), зимски 2019/2020	2,7
1.3	Математика 2 (една група, 2 часа), летен 2020/2021	0,9
1.4	Математика во 3Д (една група, 2 часа, летен 2020/2021	0,9
1.5	Математика 2 (две групи, 2 часа), летен 2018/2019	1,8
1.6	Основи на програмирање (две групи, 2 часа), летен 2020/2021	1,8
1.7	Основи на програмирање (четири групи, 2 часа), летен 2019/2020	3,6
1.8	Основи на програмирање (три групи, 2 часа), летен 2018/2019	2,7
1.9	Инженерско програмирање (една група, 2 часа), зимски 2020/2021	0,9
1.10	Инженерско програмирање (една група, 2 часа), зимски 2019/2020	0,9
1.11	Структурно програмирање (една група, 2 часа), летен 2019/2020	0,9
1.12	Веројатност и статистика (една група, 2 часа), зимски 2020/2021	0,9
1.13	Веројатност и статистика (една група, 2 часа), зимски 2019/2020	0,9
2	**Подготовка на вежби на нов предмет**	**3,5**
2.1	Математика 1 на Машински факултет, прв пат во 2019/2020	0,5
2.2	Математика 2 на Машински факултет, прв пат во 2018/2019	0,5
2.3	Математика во 3Д на Машински факултет, прв пат во 2020/2021	0,5
2.4	Основи на програмирање на Машински факултет, прв пат во 2018/2019	0,5
2.5	Структурно програмирање на Машински факултет, прв пат во 2019/2020	0,5
2.6	Инженерско програмирање на Машински факултет, прв пат во 2019/2020	0,5
2.7	Веројатност и статистика на Машински факултет, прв пат 2019/2020	0,5
3	**Рецензирана збирка задачи**	**3**
3.1	Коавтор на „Збирка решени задачи од математика 1 за студентите од Технолошко-металуршкиот факултет”, автори: Бети Андоновиќ, Зоран Мисајлески и Томи Димовски	3

	Вкупно	**27,2**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научни списанија со импакт-фактор индексирани во базата Web of Science**	**7,5**
1.1	T. Dimovski, D. Dimovski, *Classes of (3,j)-metrizable topological spaces, j∈{1,2},* Comptes rendus de l'Académie bulgare des Sciences, 70(1) (2017), 5-12 (Impact Factor 0,343)	7,5
2	**Трудови со оргинални научни резултати, објавени во научни списанија кои имаат меѓународен уредувачки одбор**	**9**
2.1	T. Dimovski, D. Dimovski, *Convergence of sequences in (3,j,ρ)-N-Metrizable spaces, j ∈{1,2}*, Bulletin Mathématique, 1 (2018), 21-27	4,5
2.2	T. Dimovski, D. Dimovski, *Selection principles in (3,1,ρ)-D-metrizable spaces and (3,2,ρ)-D-metrizable spaces*, Serdica Mathematical Journal, 44 (2018), 81–92	4,5
3	**Трудови објавени во зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	**17,5**
3.1	T. Dimovski, P. Dimovski, *Some fixed point theorems in S-complete spaces*, Proceedings of the First Congress of Differential Equation, Mathematical Analysis and Applications CODEMA 2020	4,5
3.2	T. Dimovski, D. Dimovski, *On (3,2,ρ)-K-metrizable spaces,* Proceedings of the Fifth International Scientific Conference – FMNS2013	4,5
3.3	T. Dimovski, D. Dimovski, *Some Properties Concerning (3,2,ρ)-K-metrizable spaces,* Proceedings of the Sixth International Scientific Conference – FMNS2015	4,5
3.4	S. Chalamani, T. Dimovski, D. Dimovski, Separation *Properties for Some Topologies Induced by (3,j,ρ)-metrics, j∈ {1,2},* Proceedings of the Sixth International Scientific Conference – FMNS2015	4
4	**Учество во научни проекти**	**16**
4.1	Учесник во националниот научен проект „Тополошко-геоеметриски и алгебарско комбинаторни проблеми”, 2013-2015; организиран од МАНУ	3
4.2	Учесник во националниот научен проект „Тополошко-геоеметриски и алгебарско комбинаторни проблеми”, 2016-2018; организиран од МАНУ	3
4.3	Учесник на билатералниот научен проект помеѓу Македонската и Бугарската академија на науките и уметностите: „Анализа – геометрија - топологија”, 2014-2016	5
4.4	Учесник на билатералниот научен проект помеѓу Македонската и Бугарската академија на науките и уметностите: „Анализа - геометрија - топологија”, 2017-2019	5
5	**Учество на научни собири**	**3**

5.1	Усна презентација на: VI Congress of Mathematicians of Macedonia, Ohrid, Macedonia, 2016 наслов на предавањето: *Convergence of sequences in (3,j,ρ)-N-Metrizable spaces, j ∈{1,2}*	1
5.2	Усна презентација на: Mini-Conference Topology and its Applications, Sofia, Bulgaria, 2016 наслов на предавањето: *Selection principles in (3,1,ρ)-D-metrizable spaces and (3,2,ρ)-D-metrizable spaces*	1
5.3	Усна презентација на: CODEMA 2020 наслов на предавањето: *Some fixed point theorems in S-complete spaces*	1
6	**Рецензија на научен/стручен труд**	**1,4**
6.1	1 научен труд во списанието Mat. Bilten (индексирано во: Mathematical Reviews, Zentralblatt für Mathematik, Реферативный журнал “Математика” и EBSCO)	0,2
6.2	6 научни труда во Proceedings of CODEMA 2020	1,2
	Вкупно	**54,4**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Учество во промотивни активности на факултетот**	**0,5**
1.1	Во 2020 година	0,5
2	**Учество во работа на комисии за регионални натпревари, државни натпревари и домашни олимпијади**	**16**
2.1	Учесник во комисии за државни натпревари по математика за средно образование од 2012 до 2019 година	8
2.2	Учесник во комисии за државни натпревари по математика за основно образование од 2012 до 2019 година	8
3	**Коавтор на книги од стручна област**	**231**
3.1	Р. Малчески, А. Малчески, С. Брсаковска, З. Мисајлевски, Т. Димовски. *Математички талент С6 (збирка задачи за III година),* „Армаганка“, 2019	7
3.2	Р. Малчески, А. Малчески, С. Брсаковска, З. Мисајлевски, Т. Димовски. *Математички талент С8 (збирка задачи за IV година),* „Армаганка“, 2019	7
3.3	Р. Малчески, А. Малчески, С. Брсаковска, З. Мисајлевски, Т. Димовски. *Математички талент С2 (збирка задачи за I година, втор дел),* „Армаганка“, 2019	7
3.4	Р. Малчески, А. Малчески, С. Костадинова, З. Мисајлевски, Т. Димовски. *Математички талент 23 (Збирка задачи за учениците од VI и VII одделение),* „Армаганка“, 2019	7
3.5	D. Velinov, S. Atanasova, S. Brsakoska, S. Malcheski, R. Malcheski, P. Dimovski, T. Dimovski, V. Andova, D. Treneski, P. Filiposki, A. Malcheski. *Macedonian mathematical Olympiads 2019*	7
3.6	A. Malcheski, D. Velinov, R. Malcheski, P. Dimovski, T. Dimovski, V. Andova, S. Brsakoska, D. Treneski, *Mathematical Olympiads 2018,* Сојуз на математичари на Македонија Скопје, 2018	7
3.7	A. Malcheski, D. Velinov, R. Malcheski, P. Dimovski, T. Dimovski, V. Andova, S. Brsakoska, D. Treneski, *Mathematical Olympiads 2017,* Сојуз на математичари на Македонија Скопје, 2017	7

3.8	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика за учениците од средното образование 2016 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.9	Т. Димовски и други автори, *Предлог задачи за ЈММО 2016,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.10	Т. Димовски и други автори, *Предлог задачи за ММО 2016,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.11	Т. Димовски и други автори*, Натпревари по математика за учениците од основното образование 2016 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.12	Т. Димовски и други автори, *Математички олимпијади 2016*, Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.13	Т. Димовски и други автори, *Предлог задачи за ЈММО 2015,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2015	7
3.14	Т. Димовски и други автори, *Предлог задачи за ММО 2015,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.15	Т. Димовски и други автори*, Натпревари по математика за учениците од основното образование 2015 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.16	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика за учениците од средното образование 2015 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.17	Т. Димовски и други автори, *Математички олимпијади 2015*, Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2015	7
3.18	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика во средно образование 2014 година***,** Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2014	7
3.19	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика за учениците од основното образование 2014 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2016	7
3.20	Т. Димовски и други автори, *Македонски математички олимпијади 2014 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2014	7
3.21	Т. Димовски и други автори, Предлог задачи за XIX јуниорска македонска математичка олимпијада 2014(шорт листа), Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2014	7
3.22	Т. Димовски и други автори, *Предлог задачи за XX Македонска математичка олимпијада 2014*(шортлиста)*,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2014	7
3.23	*Натпревари по МАТЕМАТИКА 2006-2013 година - основно образование,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2014	7
3.24	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика во средно образование 2013 година***,** Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2013	7
3.25	Т. Димовски и други автори, *Македонски математички олимпијади 2013 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2013	7
3.26	Т. Димовски и други автори, Предлог задачи за XVIII јуниорска македонска математичка олимпијада 2013(шорт листа), Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2013	7
3.27	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика во осноно образование 2013 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2013	7

3.28	Т. Димовски и други автори, *Предлог задачи за XX Македонска математичка олимпијада 2013*(шортлиста), Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2013	7
3.29	Т. Димовски и други автори, *Предлог задачи за Македонска математичка олимпијада*(шортлиста) *2012,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2012	7
3.30	Т. Димовски и други автори, *XVI-та Јуниорска македонска математичка олимпијада 2012*, Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2012	7
3.31	Т. Димовски и други автори, *Македонски Математички олимпијади 2012 година,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2012	7
3.32	Т. Димовски и други автори, *Натпревари по математика во средно образование,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2012	7
3.33	Т. Димовски и други автори*, Натпревари по математика во основно образование 2012,* Сојуз на математичари на Македонија, Скопје, 2012	7
4.	**Учество во работата на комисии за државни натпревари**	**143**
4.1	Член на Комисијата за избор на задачи за регионален натпревар по математика за основно, 2012-2019	8
4.2	Член на Комисијата за спроведување на регионален натпревар по математика за основно, 2012-2019	8
4.3	Член на Комисијата за избор на задачи за државен натпревар по математика за основно, 2012-2019	8
4.4	Член на Комисијата за спроведување на државен натпревар по математика за основно, 2012-2019	8
4.5	Член на Комисијата за избор на задачи за регионален натпревар по математика за средно, 2012-2019	8
4.6	Член на Комисијата за спроведување на регионален натпревар по математика за средно, 2012-2019	8
4.7	Член на Комисијата за избор на задачи за државен натпревар по математика за средно, 2012-2019	8
4.8	Член на Комисијата за спроведување на државен натпревар по математика за средно, 2012-2019	8
4.9	Член на Комисијата за избор на задачи за Јуниорска македонска математичка олимпијада, 2012-2019	8
4.10	Член на Комисијата за избор на задачи за Македонска математичка олимпијада, 2012-2019	8
4.11	Член на Комисијата за спроведување на Јуниорска македонска математичка олимпијада, 2012-2019	8
4.12	Член на комисијата за спроведување на Македонска математичка олимпијада, 2012-2019	8
4.13	Член на Државна комисија за реализација на Iranian Geometry Olympiad, IGO 2015-2020	6
4.14	Член на Државна комисија за реализација на European Mathematical Cup, EMC, 2014-2020	7
4.15	Член на Државна комисија за реализација на Asian Pacific Mathematical Olympiad, APMO, 2016-2021	6
4.16	Член на Државна комисија за реализација на Mediterranean Mathematical Olympiad, MeMO, 2017-2020	4
4.17	Член на Државна комисија за реализација на	10

	Меѓународниот математички натпревар Kangourou sans frontières, 2012-2021	
4.18	Член на Државна комисија за реализација на Меѓународниот математички натпревар Kangourou sans frontières - финален круг, 2017-2021	5
4.19	Член на Државна комисија за реализација на International Mathematical Tournament of Towns 2020, Autmn and Spring (A and O level) Tour	4
4.20	Член на Државна комисија за реализација на Olympiad of Financial Mathematics and Actuarity, OFMA 2017-2021	5
5.	**Член на меѓународна жири-комисија**	**62**
5.1	Iranian Geometry Olympiad, IGO 2015-2020	12
5.2	European Mathematical Cup, EMC 2014-2020	12
5.3	Asian Pacific Mathematical Olympiad, APMO 2016-2021	10
5.4	Mediterranean Mathematical Olympiad, MeMO 2016-2020	8
5.5	Olympiad of Financial Mathematics and Actuarity, OFMA 2017-2021	10
5.6	Coordinator in the JBMO 2014, Ohrid, R. Macedonia	2
5.7	Coordinator in the 11th South Eastern European Mathematical Olympiad for University Students, SEEMOUS 2015,2017, Ohrid, R.Macedonia	4
5.8	Coordinator in the BMO 2017, Ohrid, R.Macedonia	2
5.9	Deputy leader of the Macedonian team in the 22nd Junior Balkan Mathematical Olympiad, Rhodes, Hellas, June 19-24, 2018	2
Дејности од поширок интерес		
1	**Уредник на стручно списание**	**24**
1.1	Уредник на списанието НУМЕРУС, од 2014 до 2019	12
1.2	Уредник на списанието СИГМА, од 2014 до 2019	12
2.	**Член на организационен или програмски научен/ стручен собир**	**1**
2.1	Organizing Committee of the IX Seminar Of Differential Equations And 1st Congress Of Differential Equations, Mathematical Analysis And Applications, Skopje, R.N.Macedonia, October 30 - November 01, 2020	1
	Вкупно	477,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	27,2
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	54,4
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	477,5
Вкупно	**559,1**

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Акад. Дончо Димовски, претседател, с.р.
Д-р Алекса Малчески, член, с.р.
Д-р Никола Тунески, член, с.р.

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ –АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ 21420 МЕХАНИКА НА ФЛУИДИТЕ И СТРУЈНОТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, објавен во весниците ,,Вечер” и ,,Коха” од 23.4.2021 година, за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 21420 механика на флуидите и струјнотехнички системи, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-626/3, донесена на 27.5.2021, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Звонимир Костиќ, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје, д-р Валентино Стојковски, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје и д-р Зоран Марков, редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област 21420 механика на флуидите и струјнотехнички системи, во предвидениот рок се пријави м-р Марија Лазаревиќ, дипл. маш. инж.

5. Биографски податоци и образование

Кандидатката м-р Марија Лазаревиќ, дипл. маш. инж., е родена на 16.11.1993 година во Скопје. Средно образование завршила во СУГС „Никола Карев“ во 2012 г. со континуирано одличен успех. На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје, на насоката термичко инженерство, се запишала во учебната 2012/2013 година. Додипломските студии (240 ЕКТС) ги завршила во август 2016 г., со просечен успех 9,52, за што ѝ е доделена пофалница од Машинскиот факултет како признание за постигнатиот успех.

Во учебната 2016/2017 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет – Скопје. Вториот циклус студии (60 ЕКТС) ги завршила во март 2018 година, со просек 10,00, со магистерски труд на тема: „Анализа на преносот на топлина и струјните процеси во плочест топлиноизменувач со нанофлуиди со примена на CFD-технологија”, со што се стекнала со званието магистер на технички науки по машинство. За време на своите студии, кандидатката била демонстратор на предмети што ги покрива Институтот за термичко инженерство и Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

Во текот на постдипломските студии, кандидатката има реализирано два студиски престоја во времетраење од по три месеци во рамките на програмата CEEPUS, мрежа Building knowledge and experience exchange in CFD, и тоа во летниот семестар 2017 г. на Факултетот за технички науки во Нови Сад, Србија и во зимскиот семестар 2017 г. на Машинскиот факултет во Марибор, Словенија.

Кандидатката активно го користи и го владее англискиот јазик, за што како доказ доставува меѓународен сертификат за познавање на англиски јазик, FCE (Council of Europe, ниво B2), издаден во 2010 година.

Во 2018 година се запишала на докторски студии на Школата за докторски студии при УКИМ. Испитите по предметите на студиската програма Машинство, потпрограма: Хидраулично инженерство и автоматика, на третиот циклус студии, ги положила со просечна оценка 10,00. Кандидатката Лазаревиќ има пријавена тема за изработка на докторската дисертација со наслов „Модел за определување на влијанието на променливиот број на вртежи на Францис-турбина врз конструктивните и јакосните параметри на спроводниот апарат”, која е од областа на механиката на флуидите и хидроенергетиката и е прифатена од Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје (Одлука бр. 02-115/4 од 25.3.2021 г.).

Од мај 2018 г. учествува како истражувач докторанд во проектот “Increasing the value of hydropower through increased flexibility – HydroFlex”, под водство на Норвешкиот универзитет за наука и технологија во Трондхајм.

Во моментот е соработник асистент на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика при Машинскиот факултет во Скопје.

6. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1177 од 1.10.2018 година. Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатката м-р Марија Лазаревиќ изведува вежби на прв циклус студии на предмети кои ги покрива Институтот за хидраулично инженерство и автоматика при Машинскиот факултет во Скопје. Кандидатката е континуирано ангажирана како соработник-асистент по следниве предмети:

- Механика на флуиди,
- Динамика на флуиди и CFD,
- Струјнотехнички мерења,
- Основи на турбомашини,
- Гасификациски системи,
- Хидроцентрали,
- Хидраулични турбини.

Таа одлично ја владее наставната проблематика и при одржувањето на вежбите има способност своето знаење јасно да им го пренесе на студентите. Кандидатката има подготвено интерни скрипти за настава – вежби по предметите Механика на флуиди, Струјнотехнички мерења и Основи на турбомашини, во кои се содржани оригинални примери и кои се достапни на електронскиот систем по предметите.

Кандидатката учествувала како член во комисија за одбрана на 8 (осум) дипломски труда.

Научноистражувачка дејност

М-р Марија Лазаревиќ, во периодот од 2018 година, има објавено вкупно 15 (петнаесет) научни трудови од области механика на флуиди и струјнотехнички системи:

1. Lazarevikj M., Filkoski R. V., Markov Z., “CFD analysis of heat transfer and fluid flow in plate heat exchanger with nanofluid”, 3rd SEE SDEWES Conference 2018, Novi Sad, Conference Proceeding ISSN 1847-7178.
2. Markov Z., Stojkovski F., Lazarevikj M., Iliev I., “Investigation of the possibilities for development of a variable speed hydraulic turbine”, International Conference “Energetics 2018”, Conference Proceeding – Book 1, pp. 333-341.
3. V. Iliev, M. Lazarevikj, Z. Markov, “Analysis of the pressure distribution around NACA 0015 airfoil in open wind tunnel”, 14th International Conference on Accomplishments in Mechanical and Industrial Engineering DEMI 2019, Conference Proceedings ISBN 978-99938-39-85-9, pp.261-266.
4. M. Lazarevikj, F. Stojkovski, I. Iliev, Z. Markov, “Influence of the guide vanes design on stress parameters of Francis-99 turbine”, Journal of Physics: Conference Series, Volume 1296:012008, DOI 10.1088/1742-6596/1296/1/012008.
5. M. Lazarevikj, V. Stojkovski, A. Noshpal, “Numerical investigation of structural behavior of a symmetrical airfoil”, 19th International Conference of Thermal Science and Engineering of Serbia – SimTerm 2019, Conference Proceedings ISBN 978-6055-124-7, pp.634-644.
6. V. Iliev, M. Lazarevikj, V. Aleksoski, “Numerical and experimental investigation of airfoil performance in a wind tunnel”, American Journal of Engineering Research (AJER) 2020 Volume 9, Issue 4, e-ISSN 2320-0847, pp.119-124.
7. D. Babunski, M. Lazarevikj, E. Zaev, Z. Markov, “Direct tool for generation of the geometry of a Francis turbine guide vane system”, 9th Mediterranean Conference on Embedded Computing MECO 2020, DOI 10.1109/MECO49872.2020.9134214, pp.681-684.
8. M. Lazarevikj, F. Stojkovski, V. Stojkovski, Z. Markov, “Small scale variable speed Francis turbines: possibilities and challenges”, Energetika 2020, Conference Proceedings ISBN 978-86-86199-02-7, pp.312-317.

9. B. Janoski, V. Aleksoski, M. Lazarevikj, V. Iliev, “Experimental investigation of airfoil pressure coefficients in a wind tunnel”, Energetika 2020, Conference Proceedings ISBN 978-86-86199-02-7, pp.512-516.
10. M. Lazarevikj, Z. Markov, Z. Kostikj, Experimental test rig for blade passage shape influence on pressure distribution investigations, 5th International Scientific Conference COMETa 2020, Conference Proceedings ISBN 978-99976-719-8-1, pp.331-338.
11. V. Stojkovski, Z. Kostikj, V. Iliev, M. Lazarevikj, Comparison of measured and numerical results for unsteady fluid flow at water distribution system, 5th International Scientific Conference COMETa 2020, Conference Proceedings ISBN 978-99976-719-8-1, pp.372-382.
12. M. Lazarevikj, “An approach to determine the origin of forces acting on a blade in a cascade”, 5th International Conference “Mechanical Engineering in the 21st Century” – MASING 2020, Conference Proceedings ISBN 978-86-6055-139-1, pp.115-118.
13. F. Stojkovski, M. Lazarevikj, Z. Markov, Parametric design tool for development of a radial guide vane cascade for a variable speed Francis turbine, 30th IAHR Symposium on Hydraulic Machinery and Systems, Virtual conference 21-26.03.2021.
14. M. Lazarevikj, V. Stojkovski, V. Iliev, Determination of air flow rate in a rectangular closed conduit by principle of velocity-area method, accepted for the conference Energetika 2021, june 2021, Zlatibor.
15. M. Lazarevikj, V. Iliev, V. Stojkovski, Transient fluid flow in parallel pipeline designed of pipes with different materials, accepted for the conference Energetika 2021, june 2021, Zlatibor.

Трудот бр. 1 е производ од резултатите добиени во магистерската теза на кандидатката, а каде што со примена на нумеричко моделирање и симулации на струењето на нанофлуид во плочест топлиноизменувач се изнесува заклучок за подобрувањето на процесот на преносот на топлина со примена на нанофлуид како работен флуид, наместо вода.

Во трудовите бр. 2 и 8 се разработува проблематиката на истражување на влијанието на променливиот број на вртежи врз полезноста на турбината и истакнати се предностите и придобивките од примената на променливиот број на вртежи кај Францис-турбини.

Трудовите бр. 3, 6 и 9 се однесуваат на експериментални анализи на распределбата на притисок на осамен профил поставен во воздушен тунел, додека трудовите бр. 4, 5 и 12 ги проучуваат јакосните перформанси на профил-лопатка и на кружна решетка од лопатки со примена на нумеричко моделирање и симулирање.

Методологијата на пресметка и процедурата за генерирањето на геометријата на спроводен апарат кај Францис-турбина врз основа на параметризација се дадени во трудовите бр. 7 и 13.

Дизајнираниот експериментален систем за истражување на влијанието на обликот на лопатка врз распределбата на притисок, за потребите на истражувањето во докторската дисертација се прикажани во трудовите бр. 10 и 14.

Во трудовите бр. 11 и 15 се анализираат резултати од мерење и резултати од нумерички пресметки на нестационарно струење на вода во цевководни системи.

Најголем дел од публикуваните трудови се насочени кон истражувања од областа на механиката на флуиди со користење на нумерички и експериментални истражувања кои се дел од целите на докторската дисертација

Кандидатката има учествувано на повеќе обуки, летни школи и во континуитет учествува на меѓународни конференции каде што се презентирани резултати кои се предмет на докторската теза.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

М-р Марија Лазаревиќ е активно вклучена во стручно-апликативна работа, како учесник во изработка на проекти од областа на мерења и нумерички анализи кај хидротехнички системи. Учествувала во 13 апликативни проекти со членови на Институтот за хидраулично инженерство и автоматика.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој на Норвешкиот универзитет за наука и технологија во Трондхајм, во 2019 г., во времетраење од месец и половина.

Од 2019 г., кандидатката е секретар на списанието „Машинско инженерство –научно списание”, во организација на Машинскиот факултет во Скопје.

Од 2020 г., кандидатката е член на организациониот одбор на меѓународната конференција ЕНЕРГЕТИКА, во организација на Сојузот на енергетичари, Р Србија.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Марија Лазаревиќ, во јануари 2021 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената интерна анкета за самоевалуација од студентите на Машинскиот факултет во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање и соработка со кандидатката, каде што професионалниот однос и залагање кон наставата, кооперативноста за тимска работа и соработка во апликативните проекти, а уште повеќе во делот на научноистражувачката работа каде што самоиницијативно предизвикува услови на осознавање, се одлика на кандидатката, оттука, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката м-р Марија Лазаревиќ.

Покрај големиот ангажман во наставната и апликативната дејност, кандидатката во претходниот период учествува во научноистражувачката работа од каде има постигнато значајни резултати објавени во континуитет на меѓународни конференции, со што го потврдува истражувачкиот интерес и капацитет во областа за која се избира. Рецензентите со полно право очекуваат дека м-р Марија Лазаревиќ и понатаму ќе продолжи со проширување и продлабочување на своите знаења и нив ќе ги пременува во научноистражувачката и педагошката работа.

Рецензентската комисија констатира дека м-р Марија Лазаревиќ во целост ги исполнува условите наведени во конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Според гореизнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, м-р Марија Лазаревиќ да биде избрана во соработничко звање – асистент во научната област 21420 механика на флуидите и струјнотехнички системи.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Звонимир Костиќ
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Валентино Стојковски
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Зоран Марков
Машински факултет – Скопје, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Марија Ненад Лазаревиќ
Институција: Машински факултет – Скопје, Институт за Хидраулично инженерство и автоматика
Научна област: Механика на флуидите и струјнитехнички системи

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	ДА
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: Машинство.	ДА
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9.52 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10.00	ДА
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: Англиски јазик 2. Назив на документот: FCE (First Certificate in English) 3. Издавач на документот: University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: 09.08.2010	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Звонимир Костиќ
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Валентино Стојковски
Машински факултет – Скопје, с.р.

Проф. д-р Зоран Марков
Машински факултет – Скопје, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана преку видеоконференциска платформа на 27.05.2021 година

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Лидија Столеска	Реверзибилно инженерство применето при дигитализација и конзервација на уметнички дела изработени од дрво	Reverse Engineering Implemented in Digitization and Conservation of Wooden Carvings	Проф. д-р Атанас Кочов	02-695/2 27.05.2021 год.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатена тема за изработка на докторска дисертација од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје
на седницата одржана преку видеоконференциска платформа на 27.05.2021 година

1. Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Симона Домазето-вска	Примена на вештачка интелигенција за препознавање и класификација на звучни настани	Application of Artificial Intelligence for Acoustic Event Detection and Classification	Проф. д-р Виктор Гаврилоски	02-581/4 27.05.2021 год.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТРАНСФУЗИОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 8.3.2021 година, за избор на лица во сите наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1346/37, донесена на XXXIII седница одржана на 31.3.2021 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област трансфузиологија, во состав: проф. д-р Татјана Макаровска-Бојаџиева, проф. д-р Миленка Благоевска и проф. д-р Ката Мартинова.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област трансфузиологија, во предвидениот рок се пријави научен соработник д-р Емилија Велкова.

Биографски податоци за д-р Емилија Велкова

Емилија Велкова е родена на 9.11.1959 година во Скопје. Основно и средно образование завршила со одличен успех, во Скопје. Во 1978 година се запишала на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а го завршила во 1984 година со просек 9,25.
Во 1985 година се вработила на Институтот за трансфузиона медицина во Скопје, каде што завршила специјализација по трансфузиологија во 1990 година.

Наставно-образовна дејност

Научен соработник д-р Емилија Велкова во 2003 година е избрана за асистент на Катедрата за трансфузиологија на Медицинскиот факултет во Скопје, а во 2019 за научен соработник на истата катедра и таа функција ја врши и денес. Од самиот почеток е вклучена во изведувањето на практичната настава по предметите: Трансфузиологија, за студенти на додипломски студии по медицина и Дијагностички методи, за стручни студии за медицински сестри и техничари – редовни и вонредни. Ментор е и едукатор на специјализанти по трансфузиона медицина и специјализанти од други области на медицината.

Научноистражувачка и стручно-применувачка дејност

Научен соработник д-р Емилија Велкова од 2002 година е национален координатор за СПИ на СЗО (сексуално преносливи инфекции на Светската здравствена организација). Од 2004 е раководител на Одделот за пренатална дијагностика и имунохематолошки нарушувања. Од 2006 година е член на бордот на CTSG (Chlamydia Trachomatis Study Group). Од 2013 до 2017 година ја вршела должноста медицински директор на Институтот за трансфузиона медицина на РС Македонија. Од 2014 година е член на Европската комисија за компетентни авторитети во областа на трансфузионата медицина, во Брисел, Белгија.

Во 2010 година го одбранила магистерскиот труд: „Имунохематолошка дијагностика на еритроцитната алоимунизација во бременоста и пуерпериумот“ и се здобила со звањето магистер по трансфузиона медицина. Во 2015 година го одбранила докторскиот труд: „Имунохематолошка дијагностика и менаџмент на алосензибилизациите во тек на бременост кон антигените од Rh крвногрупниот систем“ и се здобила со звањето доктор на науки.

Во 2015 година се здобила со диплома: Директор за менаџирање со квалитет на крвни банки за Македонија, од Европскиот директоријат за менаџирање со квалитет.

Во 2015 година е номинирана за контакт-лице за соработка со Здравствена мрежа на Југоисточна Европа, во областа на безбедноста на крв и е назначена за експерт во Комитетот на експерти за трансфузија на крв на Советот на Европа/CD-P-TS.

Автор и коавтор е на повеќе од 200 научни трудови и автор е на книга со меѓународна рецензија „Прирачник за менаџмент на СПИ“ ISBN 978-9989-9686-7-9 (2007); коавтор е на книгата „Венска тромбологија” ISBN 978-608-247-677-3, COBISSMK ID 1019783498 (2016); автор е на „Практикум по трансфузиона медицина“ за студенти по медицина и коавтор на прирачник за ученици „Рамка за сеопфатно сексуално образование“.

Учество во проекти: Проект за подигнување на регионалната снабденост и сигурност на крв и крвни компоненти од 2005 година; „Поддршка на Национална стратегија за ХИВ/СИДА/СПИ преку унапредување на превенцијата и контрола на СПИ во РМ, имплементирано од СЗО, во 2006 година; „Проект за сексуално преносливи инфекции кај младите, во образование, СЗО во 2007 година; „Подигнување на регионалната самодоволност на сигурна крв и крвни компоненти “ИПА-проект „Strengthening of the Blood System“ во 2014 година; воведување на е-систем за крводарители, тестирање, преработка и издавање на крв и крвни компоненти во РСМ, e-Delfyn, 2014; ISO сертификација на Институтот за трансфузиона медицина на РСМ, 2015; Физибилити студија за фракционирање на плазма од доброволни дарители, 2015; започнување на Регистар на типизирани дарители на тромбоцити, 2016.

Посетувала едукции на повеќе од 50 стручни тренинзи во земјата и во странство, како и учествувала на меѓународни конференции од областа на трансфузионата медицина во Советот на Европа. Како позначајни може да се издвојат: 20162st European Training Course Quality management for Blood Establishments, EDQM, Skopje, Macedonia; 2016 година – Advancing Choice Masterclass II, Bucharest, Romania; 2016 година – Средба на Европската комисија за компетентни авторитети за трансфузија со крв и крвни компоненти, во Брисел, Белгија; 2015 година – 1st European Training Course Quality management for Blood Establishments, EDQM, Strasburg, France; 2015 година - Научен собир за тромботични и хеморагични нарушувања, Дубаи, Обединети Емирати; 2014 година, Менаџмент на промени, Универзитет Шефилд, Скопје, Македонија; 2014 година – 4. Симпозиум на глобална дијагностика во трансфузиологијата, Можности и предизвици во трансфузиолошкиот менаџмент, Висбаден, Германија; 2014 година – Курс за менџмент на квалитет во трансфузија на крв, Љубљана, Словенија; 2014 година - Состанок на компетентни органи на Европската комисија за трансфузија на крв, Брисел, Белгија; 2013 година - Организациско однесување, Универзитет Шефилд, Скопје, Македонија; 2013 година – Економија на здравствена заштита, Семинар за системи и политики, Универзитет Шефилд, Скопје, Македонија и многу други.

Член е на: Интернационално здружение на трансфузиолози (ISBT); Интернационално здружение за хемостаза и тромбоза (ISTH); Азиско здружение за трансфузиона медицина (AATM); Меѓународна асоцијација за хламидија трахоматис (CTSG); Здружение на трансфузиолози на РМ; Комисија за трансплатација на ткива и органи во Лекарската комора на РМ; Комисија за Национална стратегија за снабдување со сигурна крв при Министерството за здравство на Р Македонија, член на претседателство на Општинскиот одбор на Лекарската комора на Македонска; Комисија за вршење внатрешен надзор над стручната работа на ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на РМ во Регионален центар Битола со служби за ТМ во Прилеп, Охрид, Струга нефрологија, Св. Еразмо - Охрид, Велес, Кавадарци и Неготино; Комисија за евалуација на доставени понуди за проект: Зајакнување на системот за безбедност на крв, ИПА 2009; членство во извршно тело на меѓународна организација (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ, ИЕАЕ и сл.): Competent Authority on blood and blood components, EU Commission од 2013 годинадо денес, Комитет за експерти на РМ за трансфузиологија на Европскиот директоријат за квалитет на лекови, при Советот на Европа, 2016 година.

Поседува **признанија и благодарници** од МЛД и Лекарската комора на РМ за покажаната професионалност, стручност, пожртвуваност и максимална заложба во својата професија.

ОБРАЗЕЦ 1

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:Емилија Киро Велкова
Институција: Институт за трансфузиона медицина на Р Северна Македонија
Научна област*:* трансфузиологија

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,2 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,3	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Имунохематолошка дијагностика и менаџмент на алосензибилизациите во тек на бременост кон антигените од Rh крвногрупниот систем Назив на научната област: медицински науки; поле: трансфузиологија, подрачје: имунохематологија.	Да
3	Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор.	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: MANU, section on med science, ISSN 1857-9345, XL 2, 2-19 Назив на електронската база на списанија: Scopus, Pub Med, Наслов на трудот: Special Conditions in Venus Thromboembolism – Case Series Година на објава: 2019 2. Назив на научното списание: Journal of Advances in Medicine and Medical Research,27(10***): 1-10, 2018; Article no.JAMMR.43917*** ***ISSN: 2456-8899*** *(Past name: British Journal of Medicine and Medical Research, Past ISSN: 2231-0614, NLM ID: 101570965)* Назив на електронската база: PLUMX, Sciendomain, Kopernikus, Skopulos	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Наслов на трудот:Noninvasive Antenatal Diagnosis of Fetal RhD Status. Година на објава: 2018 3. Назив на научното списание: Vizione 28, Issn:1409-8962 (printed form), ISSN 1857-9221(electronic form Назив на електронската база на списанија:Ebsco Насловнатрудот: Quality of Healthcare Services and Accreditation of Blood Banks Година на објава: 2017 4. Називнанаучнотосписание:OA Maced J Med Sci electronic publication. Назив на електронската база на списанија: Scopus, PubMed Насловнатрудот: The Impackt of Extended Typing on Red Blood Cell Alloimmunization in Transfused Patients. Година на објава:April 08 2017	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Current Trends in Medicine and Medical Research Vol.4 Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): *Editor(s):* Dr. Chan-Min Liu, School of Life Science, Xuzhou Normal University, Xuzhou City, China. *Reviewers:* (1) Shigeki Matsubara, Jichi Medical University, Japan. (2)GangaramAkangire, University of Missouri, USA. (3)RavneetKaur, Government Medical College and Hospital, India. Complete Peer review History:http://www.sciencedomain.org/review-history/26846 Наслов на трудот: Noninvasive Antenatal Diagnosis of Fetal RhD Status година на објава:2018 2. Назив на научното списание: PhysioactaVol.11-No.2, 2017 Меѓународен уредувачки одбор(вкупен број членови, број и припадност по земји): Vesela Malevska Ivanovska, Skopje, Macedonia Liljana Bozinovska, Skopje, Macedonia Vaska Antevska, Skopje, Macedonia Slavco Mitev, Skopje, Macedonia Olivija Vaskova,Skopje, Macedonia Rozalinda Isjanovska,Skopje, Macedonia	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Marjan Rupnik, Maribor, Slovenija Vujodin Mijevic, Belgrad, Serbija Emin Ergen, Ankara, Turky Beti Dejanova, Skopje, Macedonia Suncica Petrovska,Skopje, Macedonia Lidija Todorovska, Skopje, Macedonia Jozeph Tecce, Boston, USA Vladimir Jakovlevic, Kraguevac, Serbija Horst Shmit, Ulm, Germany Veselin Jovanovic, Niksic, Monte Negro Milkica Nesic, Nis, Serbija Dusan Susnevic, Banja Luka, R Serbian I BIH Jasmina Hadzihalilovic, Tuzla, BIH Vidovi Stojko, Banja Luka, R Serbian I BIH Lidija Tegaco, Minsk, Belarusia Ilija Micarezi, Tirana, Albania Cristiana Glavce, Bucharest, Rumania Nikoleta Milici, Bucharest, Rumania Sofija Baltova, Plovdiv, Bugarija Насловнатрудот: Emotional Life in Adult People With Haemophilia Година на објава: 2017 3. Назив на научното списание: Medicus, ISSN 1409-6366 UDC 61, Vol-21(2) Меѓународен уредувачки одбор(вкупен број членови, број и припадност по земји): NobelLaureateFeridMurad, MD, PhD, Houston, USA RifatLatifi, MD, PhD, Arizona, USA AlexLeventa, MD, PhDJerusalem, Israel SedatUstundağ, Edirne, Turkiye AvdylKrasniqi, MD, PhD, Prishtina, Kosova KirkMilhoan, MD, PhD, Texas, USA MinirHasani, MD, PhD, Germany AlfredPriftanji, MD, PhD, Tirana, Albania NaserRamadani, MD, PhD, Prishtina, Kosova YovchoYovchev, MD, PhD, StaraZagora, Bulgaria KadriHaxhihamza, MD, PhD, Skopje, Macedonia ElenaKosevska, MD, PhD, Skopje, Macedonia GentianVyshka, MD, PhD, Tirana, Albania GaniKaramanaga, MD, Ulcinj, Montenegro SylejmanRexhepi, MD, PhD, Prishtina, Kosova ShenasiJusufi, MD, Coordinator, Macedonia Насловнатрудот: Self-Evaluation of Health among People with Hemophilia as Indicator for Quality Life Година на објава: 2016	
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски, ниво С1	Да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на документот: уверение 3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Филолошки факултет „Блаже Конески”, Скопје 4. Датум на издавање на документот: 9.3.2021	
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Вонр. проф. д-р Татијана Макаровска-Бојациева, претседател, с.р.
Проф. д-р Миленка Благоевска, член, с.р.
Проф. д-р Ката Мартинова, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Емилија Киро Велкова
Институција: Институт за трансфузиона медицина на Р Македонија
Научна област: трансфузиологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одржување на вежби (лабораториски и изработка на семинарски труд)	7.6
2.	Ментор на здравствена едукација	32.0
3.	Едукатор на здравствена едукација	100.8
4.	Консултации со студенти	3
5.	Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа	0.4
6.	Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа	0.1
	Вкупно	143.9

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	Раководител на национален научен проект: Strenening of the Blood Safety System, IPA	6
2	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование[9] 1. **E Velkova.** Noninvasive Antenatal Diagnosis of Fetal RhD Status. Journal of Advances in Medicine and Medical Research,27(10*): 1-10, 2018; Article no.JAMMR.43917* *ISSN: 2456-8899 (Past name: British Journal of Medicine and Medical Research, Past ISSN: 2231-0614, NLM ID: 101570965*	8
3	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот,во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur	4,5

3. Сертификат од European Accreditation Council for Continuing Medical Education on 15th BANTAO Congress ans ISN supported course with the topic : Possibility of diagnosis and treatment for the CKD progression and complication. 26/09/2019 to 29/09/2019 Skopje N.Macedonia
4. Сертификат за учество на in 36 th Annual Metting of the Inetrnational Society of Blood Purification and ERA-EDTA & ISN CME course 2018, Skopje, Macedonia

5. Сертификат за учество на Академија „Нефрологија“, од 17 до 20 мај 2018 година во Пловидив, Бугарија.

6. Сертификат за учество на 53 rd Generaly assembly of (International Federation of Medical Students’ Associations) IFSMA, 3-9 August(2004)Ohrid, R. Macedonia.

7. Сертификат за едномесечен трениг курс во рамките на меѓународна размена на студенти (Pofessional exchange of the International Federation of Medical Students’ Associations) при Интерно одделение – Кардиологија на Универзитетската болница во Оломуц, Република Чешка (август 2007).

8. Стручна едномесечна медицинска едукација во Универзитетски клинички центар – Љубљана, Р Словенија, на Интерно одделение – Нефрологија (2015).
9. Стручен едномесечен курс за медицинско усовршување „Доплер ултразвучна дијагностика на болести на крвните садови“ при Медицинскиот факултет на Универзитетот во Загреб, Р Хрватска (2017)
10. Серификат за успешно изведена обука: КОНЦЕПТ НА СОВРЕМЕНА НАСТАВА, изведена од Педагошкиот факултет во Скопје од програмата „Денови за промоција на наставата“ (25.10. 2016)

11. Серификат за успешно изведена обука: ФОРМИ И МЕТОДИ НА АКТИВНА НАСТАВА, изведена од Педагошкиот факултет во Скопје од програмата „Денови за промоција на наставата“ (15.11. 2016)

12. Серификат за успешно изведена обука: ТЕХНИКИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА, изведена од Педагошкиот факултет во Скопје од програмата „Денови за промоција на наставата“ (6.12. 2016)

13. Серификат за успешно изведена обука: НАЧИН НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ, изведена од Педагошкиот факултет во Скопје од програмата „Денови за промоција на наставата“ (27.12. 2016)

14. Учество во: „Упатство за практикување на медицина заоснована на докази при ренална надоместувачка терапија со дијализа“ бр. 07- 6462/1 (2017) Превод на препораките под наслов “Improving Global Outcomes (KDIGO) CKD–MBD Work Group. KDIGO clinical practice guideline for the diagnosis, evaluation, prevention, and treatment of chronic kidney disease–mineral and bone disorder (CKD–MBD)”. *Kidney International* 2009; 76 (Suppl 113): S1–S130. http://www.nature.com/ki

15. Сертификат за учество како предавач на стручен состанок на тема „Модалитети на бубрежна заместителна терапија – перитонелана дијализа, 11.12.2020.

Потврди (14) за воведување на нови методи и решенија за член во Комисија за унапредување на здравствената заштита кај пациентите:

1. Воведување на Метод на ЈЗУ УК за нефрологија, Скопје, Р Македонија “Употреба на Vessels Loops наместо метални клеми (Buldogs) при креирање на артериовенска фистула за ХД“

2. Воведување на Метод на ЈЗУ УК за нефрологија, Скопје, Р Македонија “Употреба на доплер Ултразвук при канулирање на Артериовенски фистули за ХД во потешко достапни предели на раката“

3. Воведување на Метод на ЈЗУ УК за нефрологија, Скопје, Р Македонија “Употреба Доплер ултразвук при следење на процесот на матурација на артериовенската фистула за хемодијализа“

4. Комисија за остварување на правото за БПО (биолошко потпомогнато оплодување - In vitro) во Фондот за здравствено осигурување на Македонија (2011). Проф. д-р Славејко Сапунов, претседател, д-р Снежана Панговска, надворешен член, д-р Жаклина Крстевска, внатрешен член, д-р Наташа Велкова, внатрешен член, д-р Мендух Јегени, заменик-претседател, д-р Жаклина Чочоровска, надворешен член, д-р Никола Ѓорѓиевски, заменик-член, д-р Весна Бришковска, заменик-член.

5. Комисија за остварување на правото за БПО (биолошко потпомогнато оплодувањ -In vitro) во Фондот за здравствено осигурување на Македонија (2012). Проф. д-р Славејко Сапунов, претседател, д-р Снежана Панговска, надворешен член, д-р Никола Ѓорѓиевски, внатрешен член, д-р Наташа Панчева Крамановска, внатрешен член.
6. Член во учество во: „Изработка на обрасции за пред дијализни болни“ издадени од страна на ФЗОМ со поддршка на ЈЗУ УК за нефрологија и Нефрон (2014), д-р Павлинка Папчева, д-р Никола Ѓорѓиевски.
7. Член во учество во: „Изработка на обрасци за превенција и рано откривање на нефролошки болни“, издадени од страна на ФЗОМ (2014), д-р Павлинка Папчева, д-р Никола Ѓорѓиевски.

8. **Член на комсија за управување со ризици при Универзитетска клиника за нефрологија**

9. Member of Organisational committee (Nikola Gjogjievski) in 36 th Annual Metting of the Inetrnational Society of Blood Purification and ERA-EDTA & ISN CME course 2018, Skopje, Macedonia
10. Member of Organisational Committee (Nikola Gjorgjievski) in 15th BANTAO Congress of Balkan Association of Nephrology, Dialysis and Artificial Organs and ERA-EDTA & ISN course, 26-29 September, Skopje, N. Macedonia
11. Memebr of Organisational Committee (Nikola Gjorgjievski) in 6th CONGRESS OF THE MACEDONIAN SOCIETY OF NEPHROLOGY, DIALYSIS, TRANSPLANTATION AND ARTIFICIAL ORGANS (MSNDTAO), 26-29 September, Skopje N. Macedonia.

12. Др Никола Ѓорѓиевски национален кординатор од Македонија при европскиот регистар на болните со бубрежна заместителна терапија на ERA-EDTA (European Renal Association-European Dialysis and Transplantation Association).
13. Др Никола Ѓорѓиевски национален кординатор од Македонија за COVID-19 позитивни пациенти со бубрежна заместителна терапија на ERA-EDTA (European Renal Association-European Dialysis and Transplantation Association)
14. Потврда на ас. д-р Никола Ѓорѓиевски за активно работење во ефективно и навремено дијагностицирање, третман, лекување, нега и рехабилитација на лица заболени од заразната болест коронавирус COVID-19, во ЈЗУ Институт за белодробни заболување кај децата Козле.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Никола Ѓорѓиевски
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,21 Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 10	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик, ниво B2 (CEFR) 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” 4. Датум на издавање на документот: 23.2.2021	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Ас. д-р Марија Попова-Лабачевска

Биографски податоци
Кандидатката д-р Марија Попова-Лабачевска е родена во Скопје, на 7.10.1985 година. Основно образование завршила во основното училиште „Гоце Делчев” во Скопје со одличен успех, а средно образование завршила во гимназијата ДСУ „Јосип Броз Тито” во Скопје, исто така со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 2004 година, а дипломирала 2010 година со просечна оценка 9,53.
На ЈЗУУ Клиника за хематологија се вработила во 2011 година, а специјализацијата по хематологија ја започнала во 2013 година.
Во 2016 година се запишала на трет циклус – докторски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, со истражување насочено кон BCR-ABL негативни миелопролиферативни неоплазми, кое сè уште е во тек.
Специјализацијата по хематологија ја завршува и станува специјалист по хематологија во 2020 година.
Кандидатката активно го владее англискиот јазик, што го потврдува со соодветен сертификат за положен испит (Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL-Preliminary English Test, Level B2), а исто така и францускиот јазик (дипломи за завршено основно образование во периодот од 1992 до 1994 година во Париз, Р Франција).

Кандидатката д-р Марија Попова-Лабачевска е активно вклучена во редовните работни активности на ЈЗУУ Клиника за хематологија, активно е вклучена во работата на Лабораторијата за имунофенотипизација и во Лабораторијата за молекуларна биологија на Клиниката за хематологија.
Поседува сертификат за учество на: The 5th Training school for congenital erythrocytosis and diagnostic tools in classical myeloproliferative neoplasms’во Барселона, Шпанија каде присуствувала со добиена меѓународна стипендија. Кандидатката има предавано на поголем број стручни состаноци од областа на хематологијата меѓу кои вебинар во организација на Hoffmann La Roche на темаCD20+ малигнитети, Работилница на тема „Навремена дијагностика на лимфаденопатија” во организација на Hoffmann La Roche итн.
Кандидатката е член е на: Здружение за хематологија на Македонија, Македонско лекарско друштво, Европско здружение за хематологија (European Hematology Association) и Европско здружение за трансплантација на коскена срцевина (European Society for Blood and Marrow Transplantation).
Научно-образовна дејност
Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет – Скопје, Катедра за интерна медицина, кандидатката д-р Марија Попова-Лабачевска е избрана за асистент докторанд по интерна медицина во 2016 година, Рецензија во Билтен бр. 1136, и изведува практична настава (вежби) за студентите по медицина, стоматологија, и Високата школа за средномедицински кадар по предметите: Интерна медицина и Клиничко испитување.

Научноистражувачка дејност
Кандидатката е автор и коавтор на голем број научни трудови од областа на хематологијата, објавени и презентирани на повеќе меѓународни странски и домашни конгреси и публикувани во научни списанија. Кандидатката има учествувано во преведувањето на неколку книги од областа на медицината (Oxford Handbook of Clinical Hematology, Wintrobe’s Clinical Haematology).
Кандидатката е вклучена во меѓународен проект: A phase 3 randomized controlled open label study of velcade (bortezomib) melphalan prednisone (VMP) compared to daratumomab in combination with VMP (DVMP) in subjects with previously untreated multiple myeloma who are ineligible for high-dose chemotherapy започнат во 2015 година и истиот е во тек како и во меѓународниот проект:Survivorship Project to understand and to impRove long-

term outcomes for Acute myeloid leukemia patients – SPARTA во 2020 година и истиот е вотек.
Рецензирани трудови во Билтен бр. 1136 (15.12.2016):
1.Rituximab maintenance therapy in diffuse large B cell Lymhpoma-single center experience; Marija Popova-Simjanovska, Sanja Trajkova, Dushko Dukovski, Irina Panovska-Stavridis, Lidija Cevreska. 640 Haematologica, 2013, 98 (s).
2.Hydroxycarbamide as a risk factor for transformation to acute myeloid leukemia in essential thrombocythemia-long-term follow up study.Marija Popova-Simjanovska, Lidija Cevreska, Sanja Trajkova, Martin Ivanovski, Dushko Dukovski, Aleksandar Stojanovic, Gazmend Amzai, Liljana HadjiPecova, Irina Panovska-Stavridis. Haematologica, European Hematology Association EHA19,June 2014.
3. Interpheron in the management of Essential Thrombocythemia-Single Centre Experience. Popova Simjanovska.M, Trajkova.S, Panovska-Stavridis.I, Stojanovic.A, Dukovski.D, Ivanovski.M, Cevreska.L4-th International Congress of Lymphoma-Myeloma-Leukemia May,2013 Istanbul, Turkey. Abstract Book, poster No.106
4.MINIMAL SCREENING ANALYSIS BASED ALGORITHM FOR DIAGNOSIS AND CLINICAL STRATIFICATION OF PATIENTS WITH ACUTE MYELOID LEUKEMIA (AML): SINGLE CENTER EXPERIENCE. Irina Panovska-Stavridis, Sanja Trajkova, Martin Ivanovski, Liljana Hadji-Pecova, Dushko Dukkovski, Marija Popova-Simjanovska, Lidija Cevreska. Prilozi 2012
5.Multivariable model consisted of clinical and biological markers for time to first treatment in CLL patients: preliminary results from single centre experience. S.Trajkova, I Panovska-Stavridis, M Ivanovski, A Stojanovic, D Dukovski, S Stankovic, M Popova-Simjanovska, L Cadievski, A Eftimov, A Dimovski, L Cevreska.Haematologica, 2013 98 (s1) 545.
За овој конкурс, кандидатката ги пријави следниве трудови:
1.Popova-Labachevska M , Panovska-Stavridis I, Eftimov A , Kapedanovska Nestorovska A , Cevreska L , Ivanovski M, Ridova N , Trajkova S , Dimovski AJ EVALUATION OF THE JAK2V617F MUTATIONAL BURDEN IN PATIENTS WITH PHILADELPHIA CHROMOSOME NEGATIVE MYELOPROLIFERATIVE NEOPLASMS: A SINGLE-CENTER EXPERIENCE. Balkan Journal of Medical Genetics. 2019 22 (2) 31-36.
Беа испитувани 134 пациенти со различни типови на миелопролиферативни неоплазми/МПН (есенцијална тромбоцитоза, вистинска полицитемија и милеофиброза) кои беа позитивни за JAK2V617F мутацијата која е дел од дијагностичките критериуми според СЗО за поставување на дијагноза на оваа група болести. Пациентите беа дијагностицирани и третирани на ЈЗУУ Клиника за хематологија со просечен период на следење од 48 месеци. Кај пациентите беше спроведена квантификација на JAK2 мутација (JAK2 allele burden) со помош на fluorescent allele-specific polymerase chain reaction (PCR) техника, со цел евалуација дали тн. JAK2 allele burden има влијание врз манифестираниот МПН фенотип како и врз прогнозата на болеста. Заклучок на испитувањето беше дека квантификација на JAK2 мутација треба да се вклучи при дијагностичката обработка на МПН пациентите бидејќи би можела да помогне во изборот на најсоодветен индивидуализиран тераписки пристап.
2.Trajkova S, Cevreska L, Ivanovski M, Popova-Labachevska M, Pivkova-Veljanovska A, Panovska-Stavridis I. Chronic lymphocytic leukemia-International Prognostic Index for Macedonian patients with chronic lymphocytic leukemia. 2018 International Journal of current research and review. Vol 11. 2019:01-05
Во светот се користат повеќе прогностички фактори со цел предвидување на исходот кај пациенти со хронична лимфоцитна леукемија. Во ова испитување се користени поголем број параметри со цел предвидување на времето до почеток на терапија кај оваа група пациенти, и тоа: параметрите кои се составен дел од традиционалниот Rai стејџинг систем, цитогенетските аберации, и мутационен астатус на варијабилниот регион од имуноглобулинските тешки ланци (IGHV)-Chronic lymphocytic leukemia-International Prognostic Index-CLL-IPI. Основна цел беше да се валидизира прогностичката вредност на CLL-IPI кај македонските пациенти со хронична лимфоцитна леукемија и за таа цел

беа вклучени 75 пациенти третирани на ЈЗУУ Клиника за хематологија, со просечно следење од 36 месеци. Заклучок на ова испитување беше дека CLL-IPI индексот претставува моќна алатка за ризик стратификација на нашите пациенти и исто така обезбедува тераписки препораки во зависност од ризик подгрупата на пациентите.

3.Trajkova S., Cevreska L., Stojanovic A, Ivanovski M., Petreska-Dukovska V., Popova-Labachevska M.,Panovska-Stavridis I. Role of prognostic nomogram and survival index in prognosis and the outcome of patients with chronic lymphocytic leukemia – a single center experience. WJPMR, 2018,4(9), 80-87

Цел на ова испитување беше да се евалуира апликабилноста на прогностичкиот индекс и номограм во поглед на вкупно преживување и прогноза кај пациенти со хронична лимфоцитна леукемија, вклучени беа 300 пациенти дијагностицирани и третирани на ЈЗУУ Клиника за хематологија во период од 10 години. Пациентите беа стратифицирани во три прогностички ризик групи (низок, интермедиерен и висок ризик) и според прогностичкиот номограм беше проценето просечното преживување и веројатноста за пет/десетгодишно преживување. Евалуацијата на прогностичкиот индекс и номограм се покажа како репродуцибилна кај пациентите со хронична лимфоцитна леукемија во нашата земја.

4.Panovska-Stavridis I, Pivkova-Veljanovska A, Ridova N, Stojanovski Z, Cadievski L, Trajkova S, Popova-Labachevska M, Mateska-Geshkovska N, Cevreska L, Georgievski B, Dimovski A. Molecular monitoring in acute myeloid leukemia patients undergoing matched unrelated donor-hematopoietic stem cell transplantation: single center experience. ПРИЛОЗИ.Одд за мед.науки, XLI 3, 2020.

Цел на ова испитување беше проценка на минимална резидуална болест (minimal residual disease-MRD) кај 10 пациенти со акутна миелоидна леукемија кај кои беше спроведена алогена трансплантација на коскена срцевина од несроден донор на ЈЗУУ Клиника за хематологија. Молекуларните испитувања покажаа присуство на мутации кај 4 од пациентите. Во посттрансплантациониот период кај пациентите на секои три месеци во текот на две години посттрансплантација, со помош на RT-qPCR) или мултиплекс флуоресецентна PCR-техника се мониториираше молекуларниот статус. MRD-негативност беше постигната кај три пациенти кои пред трансплантацијата беа MRD-позитивни. Заклучок на ова испитување е дека кај пациенти со позитивен молекуларен статус и кај кои се спроведува трансплантација на коскена срцевина, регуларен MRD-мониторинг на молекуларно ниво, помага во предвидување на евентуален релапс на болеста и навремено започнување на терапија.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Марија Живко Попова-Лабачевска
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,51	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски јазик 2. Назив на документот:Cambridge English Level 1 Certificate in ESOL International, Council of Europe Level B2 3. Издавач на документот: British Council, Скопје, Северна Македонија 4. Датум на издавање на документот: 10.6.2016	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Ас. д-р Анче Волкановска Николовска

Биографски податоци и образование

Д-р Анче Томе Волкановска Николовска е родена на 17.9.1984 година во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје со одличен успех. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, во 2009 година, со просечен успех 9,82. По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положила државниот испит на 2.7.2010 година. Специјализацијата по интерна медицина ја започнува во март 2011 година. На Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија почнала да волонтира во мај 2013 година, а е вработена во декември 2014 година. Специјалистички испит по специјалноста интерна медицина положила во јуни 2015 година. Супспецијализација по гастроентерохепатологија започнала во март 2018 година, а супспецијалистичкиот испит го положила во април 2021 година. Кандидатката од септември 2015 година е запишана на трет циклус (докторски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје, а од јули 2016 година е асистент докторанд на Медицинскиот факултет по предметот Интерна медицина. Активно се служи со англискиот јазик, и има познавања од италијанскиот и германскиот јазик.

Научноистражувачка дејност

Д-р Анче Волкановска Николовска се јавува како автор и коавтор на повеќе научно-стручни трудови, објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и научни публикации, објавени во зборник на трудови на стручен собир со меѓународен уредувачки одбор. Во прилог ги доставува следниве трудови за рецензија, објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:

1. Nikolovska Trpchevska E, Popova Jovanovska R, Petrushevska G, Eftimov A, Nikolova D, Volkanovska Nikolovska A. KRAS mutations in pancreatic adenocarcinoma in correlation with clinical and pathological characteristics. Journal of Morphological Sciences, [S.l.], v. 3, n. 1, p. 55-64, july 2020
2. Nikolova D, Chalovska Ivanova V, Genadieva Ivanova M, Nikolovska E, Volkanovska A, Orovchanec N, Kostadinova Kunovska S, Petrushevska G, Janevska V. Immunohistochemical expression of epidermal growth factor receptor in hepatocellular carcinoma. Contributions. Sec. of Med. Sci., XXXIX 2–3, 2018.
3. Nikolovska E, Popova Jovanovska R, Karadzov Z, Caloska Ivanova V, Trajkovska M, Dzambaz D, Miloshevski M, Ognjenovic L, Deriban G, Genadieva Dimitrova M, Curakova E, Janevska D, Volkanovska A, Grivceva Stardelova K. Solid pseudopapillarytumor of pancreas with anomaly of hepatic portal vein in young female patient: case report. Mak Med Pregled 2018; 72(1): 39-42
4. Familiari P, Greco S, Volkanovska A, Gigante G, Cali A, Boškoski I, Costamagna G. Achalasia: current treatment options. Expert Rev Gastroenterol Hepatol. 2015;9(8):1101-14
5. Boškoski I, Volkanovska A, Tringali A, Bove V, Familiari P, Perri V, Costamagna G. Endoscopic resection for gastrointestinal neuroendocrine tumors. Expert Rev Gastroenterol Hepatol. 2013 Aug;7(6):559-69.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Анче Волкановска Николовска во текот на специјализацијата учествува на голем број симпозиуми, семинари, работилници и конгреси од областа на гастроентерохепатологијата. Во мај 2012 година, престојувала шест месеци во Универзитетската поликлиника „Agostino Gemelli“ во Рим, Италија, каде што спровела практична (hands-on) обука за дигестивна ендоскопија во Единицата за гастроинтестинална ендоскопија. Во текот на специјализацијата присуствувала на неколку работилници и школи од областа на гастроентерохепатологијата и научноистражувачка работа во гастроентерохепатологијата во Прага и во Виена. Активно учествува во меѓународниот проект: Клиничка потхранетост – ризик во лекувањето на пациентите при Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија

од 2018 година. Член е на: Македонското здружение за гастроентерохепатологија (MSG), ЛКМ, МЛД, European Society of Gastrointestinal Endoscopy (ESGE), European Associaton for the Study of the Liver (EASL) и United European Gastroenterology (UEG).
Публицирани трудови in extenso за рецензија:
1. Nikolovska Trpchevska E, Popova Jovanovska R, Petrushevska G, Eftimov A, Nikolova D, Volkanovska Nikolovska A. KRAS mutations in pancreatic adenocarcinoma in correlation with clinical and pathological characteristics. Journal of Morphological Sciences, [S.l.], v. 3, n. 1, p. 55-64, july 2020
Во оваа студија вклучени се 42 пациенти со хистопатолошки докажан аденокарцином на панкреас. Кај сите пациенти се истражуваше присуство на KRAS-мутација во корелација со големина на туморот, лимфна инвазија, степен на диференцијација и васкуларна инвазија. Резултатите покажаа дека кај поголемиот дел од пациентите има присутна мутација и таа корелира со поголем тумор, полоша диференцираност и лимфна и васкуларна инвазија. Исто така, се покажа дека оваа мутација влијае и на преживувањето на пациентите. Беше испитана и мутација на EGFR, но кај ниту еден пациент не се покажа нејзино присуство.
2. Nikolova D, Chalovska Ivanova V, Genadieva Ivanova M, Nikolovska E, Volkanovska A, Orovchanec N, Kostadinova Kunovska S, Petrushevska G, Janevska V. Immunohistochemical expression of epidermal growth factor receptor in hepatocellular carcinoma. Contributions. Sec. of Med. Sci., XXXIX 2–3, 2018.
Оваа студија е кохортна и опфаќа 60 пациенти. Целта е да се евалуира имунохистохемиска експресија на cd44 во туморското и околното нетуморско ткиво и да се направи корелација со бројни клиничко-патолошки карактеристики, со цел да се утврди нејзиното прогностичко значење.
3. Nikolovska E, Popova Jovanovska R, Karadzov Z, Caloska Ivanova V, Trajkovska M, Dzambaz D, Miloshevski M, Ognjenovic L, Deriban G, Genadieva Dimitrova M, Curakova E, Janevska D, Volkanovska A, Grivceva Stardelova K. Solid pseudopapillarytumor of pancreas with anomaly of hepatic portal vein in young female patient: case report. Mak Med Pregled 2018; 72(1): 39-42
Целта на овој труд е да прикаже исклучително редок тумор на панкреас кој се јавува кај млада женска популација со инциденца од 3 % од сите панкреатични неоплазми. Овој тип на тумор е скоро секогаш од бениген карактер и во многу ретки случаи може да метастазира по хируршка ресекција. Дополнително случајот беше уникатен поради случајниот наод на анатомска варијација на вена порте.
4. Familiari P, Greco S, Volkanovska A, Gigante G, Cali A, Boškoski I, Costamagna G. Achalasia: current treatment options. Expert Rev Gastroenterol Hepatol. 2015;9(8):1101-14
Овој труд претставува ревијален труд кој се однесува на третманот на ахалазија, ретко нарушување во мотилитетот на храноводот, кое го карактеризира нарушена релаксација на долниот езофагеален сфинктер како одговор на голтање и нарушена перисталтика на храноводот. Актуелно достапните третмани се насочени кон олеснување на симптомите преку намалување на притисокот во долниот езофагеален сфинктер. Тоа може да се постигне со лекови, инхибирање на холинергичната инервација (botulinum toxin), дистензија на мускулните влакна (ендоскопска дилатација) и хируршка интервенција на сфинктерот. Во изминатите години, други терапевтски опции стануваат достапни, како пер-оралната ендоскопска миотомија која добива се поголема улога во менаџментот на оваа состојба. Авторите на овој ревијален труд ги прикажуваат предностите и слабостите на актуелните третмани на различните терапии за ахалазија и дополнително прикажуваат ажуриран пристап во менаџментот на ахалазија.
5. Boškoski I, Volkanovska A, Tringali A, Bove V, Familiari P, Perri V, Costamagna G. Endoscopic resection for gastrointestinal neuroendocrine tumors. Expert Rev Gastroenterol Hepatol. 2013 Aug;7(6):559-69.
Гастроинтестиналните (ГИ) и неуроендокрини тумори (НЕТ) може да бидат третирани со инвазивна ендоскопска ресекција кога се локализирани во површинските слоеви на ѕидот на дигестивниот тракт и кога нивната големина е < 20 mm. Во овој ревијален труд

се прикажуваат ендоскопските моќности во третманот на овие лезии. Ендоскопската дијагноза на НЕТ е вообичаена инцидентна и се потврдува после клинички, лабораториски или радиолошки иследувања. Ендоскопската мукозна ресекција е најчесто употребуваната техника за отстранување на НЕТ, кај одредени случаи се користи ендоскопска субмукозна дисекција, додека папилектомија се применува кај ампуларни лезии. Хистпатолошката проценка на ресекционите маргини (циркумференцијални и длабоки) се важни за стејџинг на болеста. Инциденцата на компликации асоцирани со ендоскопскиот третман на НЕТ е слична со оние за други ГИ лезии. Ендоскопскиот мониторинг се базира на хистопатолошки карактеристики на ресецираните НЕТ-и и локализацијата. НЕТ со димензија > 20 mm, со пенетрација на мускулниот слој и/или серозата имаат висок ризик за метастази и кај овие лезии се советува хируршки третман.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Анче Томе Волкановска Николовска
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,82	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот:_First Certificate in English ниво Б2 3. Издавач на документот: University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: јуни 2000	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Енес Шеху

Биографски податоци

Кандидатот д-р Енес Шеху е роден во Скопје во 1980 година. Средно медицинско училиште завршил во Скопје на ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов” со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломирал во 2007 год. со среден просек 8,94 и се стекнал со титулата доктор по општа медицина. Во март 2013 положил специјалистички испит по специјалноста интерна медицина, а во мај 2018 положил супспецијалистички испит по кардиологија и се стекнал со титулата супспецијалист кардиолог. Во учебната 2018/2019 г. се запишал на трет циклус студии на Медицинскиот факултет во Скопје, Школа за докторски студии при УКИМ.

Стручна дејност и дејности од поширок интерес

Во тек на 2008/2009 волонтирал на Клиниката за кардиологија, а од 2009 е вработен на Клиниката за кардиологија. Активно е вклучен во клиничката практика во амбулантско и болничко водење на болни со кардиоваскуларни заболувања, како и во водењето на болни во единица за интензивна коронарна нега. Има посетувано и партиципирано со научни трудови како автор или коавтор на бројни работилници, симпозиуми, конгреси и семинари во државата и во странство. Член е на повеќе асоцијации и здруженија: Македонско кардиолошко здружение, Европско здружение по кардиологија, Европско здружение за срцева слабост, Европско здружение за атеросклероза и превенција, Европско здружение за акутна срцева нега и Лекарска комора на Македонија.

-Во 2018 год., член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје.

- Од 2019 год., член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија – Скопје.
- Од 2018 год., з.м.член во Етичка комисија на Здружение на кардиолози на РМ.
- Дел од тимот лекари за практична обука на немедицински лица како дел од Програмот за едукација за базична кардио-пулмонална ресусцитација (БКПР) и примена на надворешни автоматски дефибрилатори (НАД).
- Член на група за теоретска и практична едукација на матични лекари во Македонија, 2014-2016.
- 2019, член на Работна група за евалуација и анализа на интерни одделенија и интервентни одделенија во клинички центри за третман на срцев удар во Република Северна Македонија, формирана од Министерство за здравство.
- Во 2018 година, член на Комисија за проценка за туѓа нега.
- Претседател на Комисија за јавни набавки при ЈЗУ УК за кардиологија.
- Претседател на Дисциплинска комисија при ЈЗУ УК за кардиологија.
- Претседател е на Комисијата за трансфузија на крв и крвни продукти.

Награди и признанија:
Heart Failure 2012, 19-22 May 2012, Belgrade-Serbia (aworded poster for young investigator
Награда за најдобар научен труд од областа на медицината, објавен 2018 год., „ЕПСА УРУМОВА”.

Научно-образовна дејност

Од 2018 е едукатор на специјализантите од различни специјалности за турнусот по кардиологија.

Научноистражувачка дејност

Дел е од тимот истражувачи кои работат на проектот: Стратегија за идентификација на фамилијарна хиперхолестеролемија во коронарна единица и последователен каскаден скрининг и третман: СТРА-ФаХ МАНУ, Скопје. Раководител на проектот: академик Сашко Кедев.

Припаѓа на тимот лекари кои учествувале на проспективна, мултицентрична, неинтервенциска епидемиолошка студија КЕПСУ/СТЕП, и тековно активно партиципира во интернационалната епидемиолошката студија ДИСКОВЕРИ.

Трудови за рецензија IN EXTENSO :

1.Vavlukis M,Pocesta B,Taravari H,Shehu E,Kitanoski D,Bojovski I,Kotlar I,Kedev S. “Incidence of Major Gastrointestinal Bleeding in Patients with Acute Coronary Syndrome Treated with Dual Antiplatelet and Anticoagulant Therapy-Data from the Registry” EC Gastroenterology and Digestive System 2.4 (2017): 398-410

Цел на студијата: да се испитаат инциденцата, предикторите и прогнозата на гастроинтестинално крварење кај пациенти третирани за акутен коронарен синдром. Лонгитудинална, ретроспективна, опсервациска, моноцентрична студија. Организатор на студијата: Универзитетска клиника за кардиологија.

2.Vavlukis M, Zafirovska b, Antova E,Pocesta B,Shehu E, Taravari H,Kotlar I, Kitanovski D, Petkoska D,Vasilev I,Janusevski F,Bojovski I,Kedev S THE IMPACT OF GLYCO-METABOLIC STATUS IN PATIENTS TREATED FOR ACUTE CORONARY SYNDROME CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., XXXIX 1, 2018

Целта на авторите во овој труд е процена на преваленцата на новооткриен дијабетес кај пациенти со акутен коронарен синдром и процена на врската меѓу стрес-хипергликемија, гликорегулација и новодијагностициран дијабетес со хоспитален морбидитет и морталитет. Анализирани се 860 пациенти. Нотирана е висока преваленца на новооткриен дијабетес кај пациенти со акутен коронарен синдром. Стрес-хипергликемија и неможноста да се постигне гликорегулација се независни предиктори на хоспитален морбидитет и морталитет.

3.Vavlukis M, Janakievski V, Pocesta B, Chaparovska E, Shehu E, Taravari H, Ristevski D, Kedev S. Thoracic aortic disease - aortic dissection Experiences of the University Clinic for Cardiology. Scientific Cooperations, Medical Workshops, 21-22 July, 2015, Istanbul, Turkey. Proceedings booklet, 41-52, Scientific Cooperation Publications, ISBN: 978-605-86637-6-3

Целта на авторите е да се презентира искуството на тимот лекари – кардиолози од Единицата за интензивна нега при Клиниката за кардиологија во дијагностика и третман на дисекција на торакална аорта (1-годишно искуство).

4.Serafimov A.,Taravari H, Shehu E, Kitanoski D, Miftari V, Georgievska Ismail L, Kedev S, Vavlukis M. Added Value of Modified Acute ness Score in Prognostitication of Patients with Acute Myocardial Infarction. Open Access Macedonian Journal of Medical sciences .2020 Nov 10;8(B);1171-1179.

Целта на авторите во овој труд е да се докаже предиктивната улога на Anderson-Wilkins ЕКГ скорот за обемот на миокардна повреда, левокоморното ремоделирање и клинички исход кај пациенти со акутен миокарден инфаркт.

Трудови објавени во книга на апстракти од конгреси:

5.Shehu E, Vavlukis M, Janakievski V, Pocesta B, Taravari H, Petkovska Z, Kedev S. Predictors of clinical outcome and mortality in patients with cardio-renal syndrome. Heart Failure 2012, 19-22 May 2012, Belgrade-Serbia (aworded poster for young investigator) Heart failure supplement (abstract) P 845

6.Vavlukis M, Janakievski V, Caparovska E, pocesta B, Shehu E, Taravari H, Ristevski D, Petkovska Z, Kedev S. Influence of acute worsening of chronic heart failure to renal function-paradigm of cardio-renal interaction. Конгрес на нефролозите на Македонија, 10-13 мај 2012, Скопје (Зборник на апстракти и постер презентација)

7.M.Vavlukis, E. Caparovska, B Pocesta, E. Shehu, H. Taravari, I. Kotlar, D. Kitanovski, F. Janusevski, S. Kedev. Predictors of in-hopital mortality in patients with heart failure and testing of GWTG-HF risk scor in our own cohort of patients. European Congress of Heart Failure 2012. 17-20 May, 2014, Athens, Greece. European Journal of Heart Failure, Vol 16, Issue 2-May, 2014.

8.I. Kotlar, M Vavlukis, E Caparovska, B Pocesta, E Shehu, H Taravari, D Kitanovski, I Bojovski, F. Tanevski, S. Kedev. Predictors of early rehospitalization in patients with acute coronary syndrome. 3rd Annual Congress of The Acute Cardivascular Care Association, 18-

20th October 2014, Geneve, Switcerland. European Heart Journal Acute Cardiovascular Care Supplements, 2014.
9.I. Bojovski, M Vavlukis, E Caparovska, B Pocesta, E Shehu, H Taravari, D Kitanovski, I Kotlar, F. Tanevski, S. Kedev. Anemia, Renal impairment and in-hospital mortality, in acute worsening chronic heart failure patients.). 5th Macedonian congress of cardiology, june 4-7, 2014 Skopje, Macedonia. Abstract book
10.D.Kitanovski, M Vavlukis, E Caparovska, B Pocesta, E Shehu, H Taravari, I Bojovski, I Kotlar, I Jovanovska, S. Kedev. Glucoregulation in diabetic and non-diabetic patients and the impact on early clinical outcome in patients with acute coronary syndrome.). 5th Macedonian congress of cardiology, june 4-7, 2014 Skopje, Macedonia. Abstract book
11.Vavlukis M, Kamceva G, Kitanovski D, Kotlar I, Taneski F, Janusevski F, Bojovski I, Shehu E, Kedev S. Diabetes in acute coronary syndrome patients: do we see only the tip of the iceberg? Conference: 4thAcute Cardiovasculac Care 2015, Viena, Austria, Volume: European Heart Journal: Acute Cardiovascular Care (poster presentation)
12.M Vavlukis, E Caparovska, B Pocesta, I Kotlar, Kitanoski D, Shehu E, Taravari H, Bojovski I, Risteski D, Kedev S. Predictors of inhospital mortality in patients with acute or acute worsening chronic heart failure. European Heart Journal: Acute Cardiovascular Care, 2015, vol 4, 5-348
13.M Vavlukis, B Pocesta, H Taravari, E Shehu, I Kotlar, F Janusevski, F Taneski, S Kedev. Predictors of mid-term clinical outcome of patients treated for acute coronary syndrome. Conference: European congress of heart failure, Firenca, Italy, May 2016. EUROPEAN JOURNAL OF HEART FAILURE 18, 513-513.
14.Kotlar I, Vavlukis M, Pocesta B, Krstevski G, Taravari H, Shehu E, Kitanoski D, Bojovski I, Taneski F, Kedev S. Prognosticators of heart failure in patients after treatment because of acute coronary syndrome - 3rd World Congress on Acute Heart Failure (Florence, Italy)- 21-24 May, 2016. EUROPEAN JOURNAL OF HEART FAILURE Volume 18 (40-40),
15.Kotlar I, Vavlukis M, Pocesta B, Taravari H, Shehu E, Krstevski G, Kitanoski D, Taneski F, Bojovski I, Kedev S. Mid-term clinical outcome of patients treated for acute coronary syndrome-data from the registry- 5th Annual Congress of The Acute Cardiovascular Care Association, 15-17 October, 2016, Lisbon, Portugal. European Heart Journal. Acute Cardiovascular, Vol 5 (SI) 4-440
16.M Vavlukis, I Bojoski, F Taneski, S Paljoskovska, I Kotlar, H Taravari, E Shehu, D Kitanoski, S Kedev. Haemoglobin-a simple biochemical variable in prediction of in-hospital mortality in heart failure patients. 2016/5/1, EUROPEAN JOURNAL OF HEART FAILURE, Volume 18, Pages: 396-396. WILEY-BLACKWELL
17.Zimbakov Z, Kotevski V, Arnaudova F, Vavlukis M, Sehu E: Does the outcome differ: Rate control vs. rhythm control in persistent atrial fibrillation. Ivth Macedonian Congress in cardiology with international participation, june, 2010, Ohrid, Macedonia
18.Taravari H, Vavlukis M, Janakievski V, Caparovska E, pocesta B, Shehu E, Ristevski D, Petkovska Z, Kedev S. Diuretic therapy in patients with acute heart failure, in whom do we help, and in whom do we harm? Acute Cardiac Care 19-22 October 2012, Istanbul, Turkey. European Heart Journal: Acute Cardiovascular Care October 2012 1: 7-190,
19.Vavlukis M, Pocesta B, Spirovski I, Caparovska E, Shehu E, Taravari H, Kotlar I, Kitanovski D, Bojkovski I, Jovanovska I, Janusevski F, Kedev S. Acute heart failure in the context of acute coronarz szndrome (a case report). 5th Macedonian congress of cardiology, june 4-7, 2014 Skopje, Macedonia. Abstract book
20.Pocesta B, Kotlar I, Vavlukis M, Pejkov H, Bosev M, Caparovska E, Shehu E, Taravari H, Kitanovski D, Bojkovski I, Jovanovska I, Kedev S. Pulmonary thromboembolism followed by acute myocardial infarction in patient with systemic lupus eritematodus – Antiphospholipid syndrome yes or no! (a case report). 5th Macedonian congress of cardiology, june 4-7, 2014 Skopje, Macedonia. Abstract book
21.Chaparovska Velichkovska E, Vavlukis M, Pocesta B, Taravari H, Shehu E, Andova V, Kotlar I, Jovanovska I, Bojovski I, Kitanovski D, Janusevski F. Arterial Thrombosis of a Patient with Stomach Cancer. 5th Macedonian congress of cardiology, june 4-7, 2014 Skopje, Macedonia. Abstract book

22.Shehu E, Vavlukis M, Pocesta B, Caparovska E, Taravari H, Kitanovski D, Bojovski I, Kotlar I, Jovanovska I, Kedev S. Rhythm disturbances in patients treated in Cardiac Intensive Care Unit. 5th Macedonian congress of cardiology, june 4-7, 2014 Skopje, Macedonia. Abstract book
23.Vavlukis M , Kamceva G ,Kitanoski D ,Shehu E ,Taravari H ,Pocesta B ,Kedev S ,Georgievska
LJ.”Association of biomarkers of oxidative stress, stress glycaemia and glycated haemoglobin with coronary artery disease” . Acute Cardiovascular Care, 2019 2-4 March Malaga.Spain.
24. I Bojovski, M Vavlukis , M Misailovski , E Shehu , S Paljoskovska-Jordanova , M Boshev , S Kjaev[1] , M Jovanoski , I Kotlar , S Kedev , “Gender phenotype differences in patients with acute coronary syndrome” Acute Cardiovascular Care 2019 March 2-4,Malaga Spain.
25. I Bojovski ,M Vavlukis ,S Paljoskovska-Jordanova , M Misailovski, B Pocesta , E Shehu , I Kotlar , H Taravari , S Kedev.” Can we still identify new predictors of in-hospital mortality in patients treated for acute coronary syndrome?” Acute Cardiovascular Care 2018
26.I Bojovski, M Vavlukis, G Novotni, I Kotlar, M Boshev, S PaljoskovskaJordanova ,S Kjaeva , E Shehu , “Hypokalemia-induced malignant arrhythmia in patient mimicking Guillainbarre syndrome” Acute Cardiovascular Care 2019
27. I Kotlar , M Vavlukis , B Pocesta , H Taravari , I Bojovski , D Kitanoski , E Shehu “QT prolongation,QT dispersion and ventricular arrhythmias in patients with acute coronary syndrome treated with percutaneous coronary intervention” Acute Cardiovascular Care 2018
28.Vavlukis M,Pocesta B ,Shehu E ,H Taravari ,I Kotlar ,I Bojovski ,F Janusevski ,D Kitanoski,S
Kedev.“Prognostic implications of stress glycaemia, glycosylated hemoglobin and glycoregula tion in patients with acute coronary syndrome” Acute Cardiovascular Care 2018
29.M Vavlukis,B Pocesta,H Taravari ,E Shehu ,D Kitanoski ,I Bojovski,I Kotlar, S Kedev The role of sodium level and inhospital mortality in patients with acute, or acute worsening c hronic heart failure Heart Failure 2017
30. Kotlar I, Vavlukis M, Caparovska E, Pocesta B, Shehu E, Taravari H, Kitanoski D, Bojovski I, Taneski F, Janushevski F,Jovanovska I, Kedev S Early rehospitalizations in patients treated for acute coronary syndrome – can we identify predictors? 5th Macedonian congress of cardiology, june 4-7, 2014 Skopje, Macedonia.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Енес Масхар Шеху
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,94	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Сертификат за англиски јазик, ниво Ц1 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ 4. Датум на издавање на документот: 26.2.2021	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Ирена Гиговска Димова

Д-р Ирена Гиговска Димова е родена на 17.3.1982 год. во Скопје. Основно образование завршила во Скопје, 1996 год., со среден успех 5,00, а средното образование го продолжила во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов“, а го завршила во 2000 год. со среден успех 5,00 и се стекнала со звањето медицинска сестра. На Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” се запишал истата 2000 год., во државна квота, а дипломирал на 5.10.2006 год. со просечна оценка 9,79. По завршениот лекарски стаж, 2007 год., положил стручен државен испит и се стекнал со основна лиценца за работа, а истата 2007 год. започнал и специјалистички студии по интерна медицина. Во 2008 год. е избрана мегу десетте најдобри студенти рангирани по просек за годината на своето дипломирање. Во 2011 год. започнала да волонтира во ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје, и истата година се вработила на Одделението за ургентна медицина и интензивна нега со коронарна единица во таа установа. Во декември 2011 год. положила специјалистички испит и се стекнала со звањето специјалист по интерна медицина. Академската 2016/2017 год. се запишува на трет циклус докторски студии по клиничка медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Истата 2016 год., кандидатката е избрана за асистент докторанд на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, по предметот Интерна медицина Во март 2017 год. ги започнала супспецијалистичките студии по кардиологија на Универзитетската клиника за кардиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, а во февруари 2020 год. го положила супспецијалистичкиот испит и се стекнала со звањето супспецијалист кардиолог. Со почеток на КОВИД 19-пандемијата, активно и непрекинато работи во Ковид-центар, како во одделенскиот дел, така и во интензивната КОВИД-единица.

Од своето вработување е одделенски доктор на Одделението за ургентна медицина и коронарна единица, а во континуитет работи во кардиолошката специјалност со активно практицирање на базична, 2Д, колор и контрастна ехокардиографија, каротиден ултразвук, како и периферен артериски и венски васкуларен доплер.

Активно го владее англискиот јазик, а солидно се служи и со францускиот. Поседува напредно ИТ-познавање во областа на работа со Microsoft office пакет, како и користење на апликации за обработка на графики.

Научно-образовна дејност

Кандидатката изведува настава за студенти на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет во Скопје од 2016 година, кога е избрана за асистент докторанд.

Научноистражувачка дејност

Од областа на интерната медицина и кардиологијата, како автор и коавтор има објавено неколку трудови во стручни и научни списанија и апстракти на медицински конгреси и собири:

Рецензирани трудови:

1.Гиговска Ирена, Марина Нада, “Корелација на вредностите на DAS 28 скорот со вредностите на CRP кај болни со ревматоиден артритис на терапија со ДМАРДС (Disease modifying antirheumatic drugs)”, Универзитетска клника за ревматологија, Прв ревматолошки конгрес на Македонија со интернационално учество, Охрид, Македонија, август 2009 год. (Abstract book)

Се работи за студија која се работеше 3 години на Клиниката за ревматологија и имаше за цел истакнување на вредноста и валидноста на ДАС 28 скорот во мониторирањето на активноста на болеста кај пациенти со Ревматоиден артритис, преку вредностите и тесната корелација со ЦРП, како биолошки маркер за следење на активноста на болеста. Обработени беа вкупно 50 пациенти со РА на темелна терапија со ДМАРДС, 48 од женски пол, 2 од машки. Со студијата се увиде дека висока активност на болеста пресметана со ДАС 28 скорот во 71,1% корелираше и со високи вредности на ЦРП. Во однос на серпозитивноста, само кај РФ позитивните пациенти се најде јасна корелација мегу вредностите на ДАС 28 скорот и активноста на болеста, мониторирана преку

вредностите на ЦРП, дури кај 77,3%, а кај серонегативните пациенти не се доби конклузивен заклучок, поради мала група на испитаници, само половина од пациентите имаа висок ДАС 28 скор и висока ЦРП активност. Сите податоци беа конклузивни само кај женските испитаници, машката група беша мала кохорта. Целта на студијата беше да се истакне вредноста на ДАС 28 скорот како практична, лесна и сензитивна алатка во секојдневната клиничка пракса како дискриминатор во проценка на активноста на болеста, следење на прогресијата на истата, одлука за отпочнување или менување на базичната терапија, следење на ефектите од лекувањето со базичната терапија, како и неговата важност како силен прогностички фактор за физичкиот инвалидитет кај болните.

2.Гиговска Ирена, Bugra Zehra, Prof, „Македонските искуства за дијагностичката трансторакална и трансезофагелана ехокардиографија, артериски и венски васкуларен доплер”, усна презентација во склоп на стручен престој, објава во редовниот месечен журнал при Истанбулскиот медицински факултет, Istanbul Tip Fakultesi Dergisi, а во тек на двомесечен стручен едукативен престој при Клинички комплекс Чапа-Церапаша, Истанбул, август 2014 год.

Целта на излагањето беше презентација на македонските искуства во областа на 2Д-трансторакалната доплер и трансезофагеалната ехокардиографија, дијагностичката вредност на истите во секојдневната пракса, значењето на ехокардиографијата во следење на пациентите со кардиоваскуларни заболувања, вредноста на ехокардиографијата во акутната презентација на градната болка, како и, особено, улогата на ургентната ехокардиографија во третманот и навремената дијагноза кај пациентите хоспитализирани на одделение за интензивна нега и коронарна единица. Во излагањето беа опфатени и искуствата стекнати во тек на двомесечниот престој на Одделението за кардиологија при Комплексот универзитетски клиники Чапа-Церапаша во Истанбул, како и дијагностичката ехокардиографска лабораторија.

Трудови за рецензија IN EXTENSO

3.Буклиоска Илиевска Д, Минов Ј, Кочовска Камчевска Н, Гиговска И, Донева А, Балоски М, “Кардиоваскуларни коморбидитети кај пациенти со Хронична обструктивна белодробна болест (ХОББ) : каротидна артериска болест и периферна артериска болест на долните екстремитети”, ГОБ „8-ми Септември“ – Скопје, Четврти конгрес на пневмофтизиолози на Р Северна Македонија со интернационално учество, Струга, 12-17.09.2019 (Abstract book)

Целта на оваа студија е да се прикаже фреквенцата на кардиоваскуларните коморбидитети кај пациентите со хронична обструктивна белодробна болест ХОББ, компарација со контролната група, и поврзаност на истите со тежината на вентилаторните отстапувања и вредностите на Ц реактивниот протеин (ЦРП). Студијата покажала статистичка сигнификантна разлика во фреквенцата на појава на каротидната артериска болест и периферната артериска болест на долните екстремитети компарирано со контролната група како и статистичка сигнификантност во однос на истите со степенот на тежината на вентилаторна обструкција т.е. ФЕВ1, како и со вредностите на серумскиот ЦРП.

4.Буклиоска Илиевска Д, Минов Ј, Кочовска Камчевска Н, Гиговска И, Донева А, Балоски М, “Каротидна артериска болест и периферна артериска болест на долните екстремитети кај пациенти со хронична обструктивна белодробна болест”, ГОБ 8ми септември Скопје, Р. Северна Македонија, OAMJMS[Internet]. 2019Jul.18 [cited 2019Sep.22];7(13):2102-7.

Целта на оваа пресечна студија е да се прикаже фреквенцата на каротидната артериска болест и периферната болест на долните екстремитетеи кај пациентите со хронична обструктивна белодробна болест и нивната релација со тежината на вентилаторната обструкција и вредностите на среумскиот Ц-реактивен протеин (ЦРП). Студијата покажала статистичка сигнификантност како во инциденцата на присутнатата каротидна артериска болест, присуството на каротидни плаки, дебелина на ИМТ кај пациентите болни со ХОББ, така и нивната сигнификантна поврзаност со степенот на тежината на вентилаторна опструкција, т.е. ФЕВ1 и со вредностите на серумските вредности на ЦРП во однос на контролната група. Исто така е најдена и статистичка сигнификантност во инциденцата на појава на периферна артериска болест на долните екстремитети кај пациентитен со ХОББ, во однос на контролната, сигнификантност во однос на тежината на степенот на болеста класифицирана согласно со Фонтеновата класификација, како и сигнификантна асоцијација меѓу тежината на болеста и клиничките манифестации поради васкуларните промени и вредностите на серумското ЦРП. Заклучокот е дека пациентите со ХОББ имаат поголема преваленца и потежок степен на васкуларни промени, компарирано со контролната група, како и значајна асоцираност на васкуларните промени со тежината на вентилаторната обструкција т.е. ФЕВ1 и вредностите на серумското ЦРП.

Стручна дејност и дејност од поширок интерес

Др.Ирена Гиговска Димова активно е вклучена во стручно применувачката работа при интернистичката и кардиолошката дејност во ГОБ 8ми септември. Активно е вклучена во болничката и поликлиничката работа, особено во делот на imaging лабораторијата - базична, 2Д, колор и контрастна ехокардиографија, каротиден ултразвук, како и периферен артериски и венски васкуларен доплер. Акредитиран испитувач е и во комисиите за стручен испит на лекарите при ЛКМ.

Уште од време на своите специјализантски денови, Д-р Ирена Гиговска Димова, извршува повеќе стручни едукациски студии и престои. Во 2010 год. како специјализант по интерна медицина обавува едномесечен стручен престој на Одд. за ургентна медицина во Rigshospitalet, Копенхаген, Данска, во сопствена режија, а потоа во 2012 год. се здобива и со сертификат за завршен курс по напреднато срцево оживување (Advanced Life support) акредитирано од European resuscitation council, Скопје, Р Македонија. Стручна едукација и усовршување со студиски престој остварила во Универзитетската болница Чапа- Џерапаша, Клинички кампус во Истанбул, Турција, 2014 год., во времетраење од два месеца на Одделението за кардиологија, во областа на трансторакална и трансезофагелна ехокардиографија и периферен васкуларен артериски и венски доплер под организација на Министерство за здравство на Р Македонија во процес на континуирана медицинска едукација на лекари.

Исто така, се усовршувала и на низа национални и меѓународни курсеви и школи, меѓу кои и ехокардиографски курс при Универзитетската клиника за кардиологија, Universitatsklinikum AKH Wien, Виена, Австрија, 2012 год.; работилница за клиничка примена на 3Д-ехокардиографија во организација на Военомедицинска академија Белград, Р Србија 2016 год.; курс за напредната ехокардиографија во Скопје, РС Македонија, организиран од Македонско здружение за кардиологија, работна група за кардиоваскуларен имиџинг и Здружение за кардиоваскуларна хирургија на Р Македонија, 2017 год. и повеќе други курсеви и симпозиуми.

Д-р Ирена Гиговска Димова е член и на неколку домашни и странски еминентни здруженија, меѓу кои: Македонско здружение по кардиологија, European Society of Cardiology, European Association of Cardiovascular imaging, European association of heart failure итн.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ирена Гиговска-Димова
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,79	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: First Certificate of English C1 3. Издавач на документот: University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: 1999	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Зоран Јаневски

Биографски податоци и образование

Кандидатот е роден во 1988 година во Тетово. Завршил средно медицинскоу чилиште во Тетово со одличен успех (5,0). На Медицинскиот факултет во Скопје се запишал во 2006 година и дипломирал во 2012 година. Во 2013 година запишал специјализација на катедрата по интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје. Во март 2021 год. станува специјалист по Интерна медицина.
Запишан на докторски студии по Клиничка медицина – Нефрологија од 2020 година.
Во периодот од 2012 до 2018 година работел како лекар во општа амбуланта во Тетово. Од декември 2018 година е вработен на Клиниката за нефрологија во Скопје, на Одделот за хронична хемодијализа, работејќи и во Одделот за интензивна нега, ЕСП и интервентна нефрологија.
Активно ги владее англискиот, српскиот и македонскиот јазик. Приложен сертификат за познавање на англиски јазик, уверение издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ за Б2-степен на познавање на англискиот јазик.
Поседува сертификати и одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

Научноистражувачка дејност

Учествувал на бројни домашни и странски медицински симпозиуми и конгреси во склоп на областа интерна медицина.
Учесник е како подистражувач на национален научноистражувачки проект „Третман на Хиперфосфатемија со севеламер карбонат кај пациенти на хемодијализа: асоцираност на FGF 23 со кардиоваскуларен морбидитет и ефект на минерално коскена болест“, кој се изведува на ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија.

Стручна активност

Кандидатот активно е вклучен во работата на Клиниката за нефрологија на Одделот за интервентна нефрологија, хронична хемодијализа, а работи и во Одделот за интензивна нега и ЕСП.
Активно е вклучен во дијагностиката и третманот на болните во амбулантите при Клиниката за нефрологија.

Публицирани трудови in extenso за рецензија:

1. Zoran Janevski, VesnaRistovska, Irena RambabovaBusletic, Nikola Gjorgjievski, Igor Nikolov. MALE SYSTEMIC LUPUS ERYTHEMATOSUS, AND CHALLENGE IN MALE LUPUS NEPHRITIS TREATMENT. Medicus, ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol 25 (1)-2020.
Преставува студија на пациенти-мажи заболениод СЛЕ штопреставува голема реткост, начинот на нивниот третман, поради неговатаспецифичност, споредба со светските препораки за третман во однос на тоа дека сме во чекор со нив и успехот во него. Заклучокот беше дека СЛЕ е сèуште ретко заболување кај мажи, иако е вопораст, што може да се должи на сè поголемите иновативни методи во неговото докажување, како и сèуште е специфичен третманотна СЛЕ поради употребата намногу „силни“ лекови.
Impact of preoperative arterial and venous diameter on achievement of the adequate blood flow in arteriovenous fistula for hemodialysis. Therapeutic apheresis and dylisis. 21; (3): 259-371

2. VesnaRistovska, Svetlana Pavleska Kuzmanovska, Ana Stojanoska, Aleksandra CanevskaTanevska, Lada Trajcevska. Influence of Nephrolithiasis and Urinary Tract Infections on the Renal Functions in Autosomal Dominant Polycystic Kidney Disease. BANTAO Journal 2019; 17(2): 103-107.

Испитување кое покажува дека кај пациентите кои имаат нефролитијаза и автосомно-доминантно бубрежно заболување се изложени на создавање поголеми и повеќе на број бубрежни цисти. 24-часовното испитување на урината кај пациентите со нефролитијаза, покажа дека има помал волумен и пониски вредности за урична киселина. Споредувањето на две групи пациенти покажа дека влошувањето на бубрежното заболување напредува припојавата на уринарни инфекции кај овие пациенти.

3. Gjorgjievski N, Dzekova-Vidimliski P, Trajcheska L, Stojanoska A, Selim G, Rambabova-Bushljetik I, Nikolov I, Gjorgievska J, Janevski Z, Muharremi S, Dejanov P, Spasovski G, Sikole A, Ivanovski N. Impact of preoperative arterial and venous diameter on achievement of the adequate blood flow in arteriovenous fistula for hemodialysis.

Важноста на овој труд беше да се докаже ппврзаносттта меѓу зрелостта на фистулата и адекватниот проток низ неа. Беа бвклучени повеќе пациенти. Извршени мерења на крвните садови, со одредување на нивниот проток и големина пред и по креирањето на артериовенската фистула, за време пред и по нејзино созревање.

4. Shkelqim Muharremi[1]*, Aleksandar Poposki[1], Vangelka Kovaceska[1], Liljana Tozija[2], Gordana Petrusevska[3], Biljana Gerasimovska[2], Blerim Bexheti[2], Nikola Gjorgjievski[2], Zoran Janevski[2], Muhamed Saidi[2], Adrijana Spasovska[2],Bojana Poposka[2], Gjulsen Selim[2] A Case of Seronegative Pulmonary-renal Syndrome: Diagnostic and Therapeutic Challenge Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences. 2021 Jan 04; 9(C):25-30.

Се работи за комплексноста во етиологијата и третманот на пулмо-реналниот синдром. Тежината на болесста и поврзаноста со многу имунолошки карактеристики. Начинот на кој е афектиран бубрегот заедно со белите дробови во 1 комплексен наслов пулморенален синдром.

Првите 3 труда се рецензирани во Билтен бр. 1228 од 15 декември 2020 год.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:Зоран Јаневски
(име, татково име и презиме)
Институција *Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”*
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: *ИНТЕРНА МЕДИЦИНА*

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,24	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски – ниво Б2 2. Назив на документот: Сертификат по англиски јазик 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” 4. Датум на издавање на документот: 23.2.2021	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Енес Јашари

Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Енес Јашари е роден на 21.4.1991 година во Гостивар, РСМ. Средно образование завршил во СОУ „Гостивар” – Гостивар со одличен успех (5.00). Во 2010 година се запишал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, а дипломирал во 2016 година со просечна оценка 9,25. Во 2018 година запишал специјализација по кардиологија. Поминал 1 година како приватен специјализант при Клиниката за кардиологија во Скопје, по што се вработил на истата во септември 2019 година. Работи на единицата за интензивна и коронарна нега, како еден од лекарите вклучен во целокупната работна дејност на самата единица. Одлично го владее англискиот јазик и поседува сертификат на В2-ниво (издаден од страна на British council – Bulats).

Д-р Енес Јашари активно е вклучен во работата на ЈЗУ УК за кардиологија на единицата за интензивна и коронарна нега. Како специјализант поминува време на професионално усовршување веќе 4 години во дијагностичките лаборатории (ехокардиографска, доплер лабораторија, коронарен стрес тест), активно вклучен во дијагностиката и третманот на болните во амбулантите при Клиниката за кардиологија и редовно дежура на оваа клиника во кои дежурства е активно вклучен и во работата на другите оддели при ЈЗУ УК за кардиологија.
Како студент учествувал на многубројни студентски конгреси од локален како и интернационален карактер во склоп на IFMSA (интернационална федереација на асоцијации на студентни по медицина. Добил награда за најдобра усна презентација на 37-миот Меѓународен научен медицински конрес за студенти и млади лекари во Охрид.
Едномесечна пракса како студент реализирал во Палермо (Италија) во 2016 година во болницата ,,Arnas Civico” - Одделот за кардиологија.
Од 2017 до 2019 година (2 години) работел како доктор по општа медицина на ургентниот центар при ЈЗУ ОБ ,,Д-р Ферид Мурад“ – Гостивар. а е член и волонтер на Црвениот крст во периодот од 2015 до 2020 година. Од 2017 година е ангажиран како предавач на курсевите за прва помош на кандидати за возачи,лица повредени во собраќајна незгода и работни организаци и учества во реализација на општински и државни натпревари по прва помош, како судија. Во 2018 година бил лиценциран спортски доктор од страна на Фудбалската федерација на Република Северна Македноија.
Учествувал на неколкубројни домашни и странски медицински симпозиуми и конгреси во склоп на областа на кардиологија и интерна медицина. Во моментов е активен член на повеќе здруженија, меѓу кои и: Европското здружение по кардиологија, Македонското здружение по кардиологија.

Научно-образовна дејност

Вклучен е во едукативната работа со студенти на Клиниката на кардиологија.

Научноистражувачка дејност

Д-р Енес Јашари е автор и коавтор на неколку трудови и апстракти презентирани и објавени во домашни и странски списанија.

1. NGAL AND CYSTATİN C: TWO POSSİBLE EARLY MARKERS OF DİABETİC NEPHROPATHY İN PATİENTS WİTH TYPE 2 DİABETES MELLİTUS NGAL И CYSTATİNC ДВА МОЖНИ РАНИ МАРКЕРИ ЗА ДИЈАБЕТИЧНА НЕФРОПАТИЈА КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ДИЈАГНОСТИЦИРАН ДИЈАБЕТЕС МЕЛИТУС ТИП2 Argjent Muca, Gazmend Amzai, Tara Ristevska,Tatjana Milenkovik, Enes Jashari ,Lenche Kostadinova, Sefedin Biljali and Jasmina Mecheska Jovchevska Mac.Med.Review 2020; 74 (3): 186-194.

Целта на оваа студија беше да се истражува улогата на вредности на NGAL (во урина) и CysC (во серум), како дополнителни - суплементарни тестирања на постојните маркери (микроалбуминурија и креатинин) при демаскирање на рано структурно и функционално бубрежно оштетување кај асимптоматски, нормоалбуминурични пациенти со дијабетес мелитус тип 2 (ДМ тип2).

2.Учество во GHATI (Global Heart Attack Treatment Iniatiative) регистарот како евалуација на третманот за миокарден инфаркт. Игор Здравковски, Енес Јашари, Елма Кандиќ, Оливер Бушљетиќ. Конгрес на Македонското лекарско друштво во соработка со Медицинскиот факултет во Скопје. Зборник на апстракти. Усна презентација, стр. 7.

Водење на медицински регистри на глобално ниво помага во изготвување на нови медицински препораки, нивна евалуација и подобрување. Учеството во овој проект, обработката и споредување на податоците од поединечни тримесечија, очекуваме да помогне во подобрување во третманот на СТЕМИ и неговите компликации. Ова би било возможно само доколку постои соработка и добра лекарска комуникација меѓу градовите во нашата држава.

3. Третман на пациент со стеми со фибринолиза по примарна перкутана коронарна интервенција – приказ на случај. Енес Јашари, Филонид Алиу, Игор Здравковски, Елма Кандиќ, Жан Зимбаков. 20. Конгрес на Македонското лекарско друштво во соработка со Медицинскиот факултет во Скопје. Зборник на апстракти. Постер-презентација, стр. 13.

Клиничките студии покажаа дека при ист временски интервал до почеток на реперфузионен третман, ППКИ е супериорна во намалување на смртноста, реинфаркт или мозочен удар. Како ретка компликација по ППКИ е акутна тромбоза на стентот, која се манифесира со реинфаркт, а се третира со итна повторна ПКИ. Сепак, во некои околности, системската фибринолиза може да биде начин на третман на акутната стент-тромбоза.

4. “STEMI” Register. Елма Кандиќ, Оливер Бушлетиќ, Енес Јашари, Игор Здравковски.

Овие први 6 месеци од регистрацијата на СТЕМИ покажаа неколку проблеми со класификацијата на пациентите со СТЕМИ и потреба за попрецизирани, униформни критериуми за вклучување на регистарот. Нашиот регистар СТЕМИ ќе биде основа и водич за развој национален регистар СТЕМИ во Република Северна Македонија. 20. Конгрес на Македонското лекарско друштво во соработка со Медицинскиот факултет во Скопје. Зборник на апстракти. Постер-презентација, стр. 13

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Енес Аднан Јашари
(име, татково име и презиме)
Институција: Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ (назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 9,25	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: BULATS – ниво Б2 3. Издавач на документот: University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: 23.4.2016	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Вангел Нечевски

Биографски податоци и образование

Кандидатот д-р Вангел Нечевски е роден на 3.3.1986 година, во Битола. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз Тито” во Битола, во 2004 година. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје, во 2011 година. Специјализација по пулмологија и респираторна алергологија започнал во септември 2013 година, а специјалистички испит положил во јули 2020 година.
Во периодот од 2012 до 2013 година волонтирал како лекар во клиничката болница во Битола, на Одделот за интерна медицина. Од февруари 2020 година е вработен на Клиниката за пулмологија и алергологија во Скопје.
Активно учествувал во работата во привремените ковид-центри: Здравствен дом – Дебар, во период од 18.3.2020 до 6.4.2020 година, модуларната болница при Клиниката за инфективни болести во период од 11.10.2020 до 1.1.2021 година и ковид-центрите при интерните клиники.
Активно го владее англискиот јазик. Приложен сертификат за познавање на англиски јазик – уверение издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ за Б2-степен на познавање на англискиот јазик.

Наставно-образовна активност
Учествувал на бројни домашни и странски медицински симпозиуми и конгреси во склоп на областа интерна медицина. Учесник бил во организациониот тим на повеќе интернационални студентски конгреси.
Учествувал на повеќе размени и едукации од различни области на медицината, и тоа: Малага – Шпанија (Оддел за интерна медицина), Тунис – Тунисија (Оддел за општа хирургија), Анкара – Турција (Оддел за уво, нос и грло), Лисабон – Португалија (Оддел за имунологија), Ен Арбор – Мичиген, САД (Оддел за пулмологија и интензивна нега и Оддел за ревматологија), Еде – Холандија (Summer school of Internal Medicine)

Научноистражувачка дејност

Учесник како подистражувач во клиничко испитување:
1. ,,Споредби на iGlarLixi наспроти премикс инсулин кај пациенти со дијабетес тип 2”- ,,Global Premix (LPS15017) study”
2. Студија за ефикасноста на моноклоналната терапија против Sars Cov-2

„A Phase 2/3 Randomized Parallel group, Placebo – controlled, Double blind study to evaluate the efficacy and safety of CT-P59 in combination with standard of care in outpatients with Severe Acute Respiratory Syndrome Coronavirus (Sars Cov-2) infection“.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Вангел Нечевски
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,21	ДА
3	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик, ниво Б2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” 4. Датум на издавање на документот: 4.12.2020	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Игор Здравковски

Биографски податоци

Кандидатот д-р Игор Здравковски е роден 1990 година во Скопје. Основно образование завршил во Скопје, а дел во Ипсиланти, Мичиген, САД. Средно образование завршил во СУГС „Јосип Броз-Тито“, со одличен успех. Во 2009 година се запишал на општи медицински студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Дипломирал во 2015 година со просечен успех 8,84. Во февруари 2016 година го положил испитот од Лекарската комора и се стекнал со дозвола за работа како лекар. Во 2016 година е примен на програма за специјализација по кардиологија на Медицинскиот факултет во Скопје. До декември 2019 година, специјализацијата ја реализира како приватен специјализант со договор за дело склучен со ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија. Во јануари 2020 година, преминува во редовен работен однос со Клиниката. Во моментот ја завршува 5-тата година од специјализацијата.

Во тек на студиите, д-р Игор Здравковски редовно посетувал конгреси, семинари и медицински работилници. Во 2013 година, конкурирал и добил можност за едномесечна професионална размена во Оломоуц, Чешка Република. Бил на едукација на Медицинскиот факултет во Оломоуц, на Оддел за кардиологија, под надзор на д-р Властимил Доупал.

Веднаш по добивањето на лиценца за работа, склучил договор со Црвен крст на град Скопје, за работа во транзитен центар Табановце како општ лекар, каде што работел три месеци.

Во септември 2016 година ја започнал програмата за специјализација на кардиологија, со редовно посетување на надворешните клинички турнуси. Паралелно со специјализацијата, во септември 2017 година започнува со шест месечна работа во приватна болница „Жан Митрев“, каде што поминува внатреклиничка едукација во интензивна и полуинтензивна нега, потоа е прераспределен на работа на одделение. Во јануари 2020 година започнува редовен работен однос со ЈЗУ УК за кардиологија, каде што е вработен на Оддел за срцева слабост, хипертензија и превентивна кардиологија. Вклучен е во секојдневните работни активности на Клиниката, односно: лечење на хоспитализирани пациенти, амбулантски прегледи и дијагностички процедури. Во моментот ја завршува 5-тата година од специјализацијата.

Покрај професионалното усовршување, д-р Игор Здравковски има сертификат за познавање на англиски јазик, издаден од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ (ниво С1), како и сертификат за познавање на канцелариски компјутерски програми.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Игор Здравковски е автор и коавтор на повеќе трудови кои се објавени во домашни и странски списанија.

Рецензирани трудови IN EXTENSO:

1.Mitrev Z, Klincheva M, Anguseva T, Zdravkovski I, Rosalia RA. Cardiac Autotransplantation and ex vivo Surgical Repair of Giant Left Atrium: A Case Presentation. BMC Cardiovasc Disord. 2018 Dec 18;18(1):239. doi: 10.1186/s12872-018-0966-2.

Нерецензирани трудови:

1.Zdravkovski I, Dimitrovski M, Popevski D, Ugurov P, Stoickovski E, Mitrev Z, Rosalia RA. Risk Factors for Prolonged Hospitalisation after Surgical Treatment of Coronary Artery Disease: Severe Kindney Injury and Old Age. Oral presentation at: Highlight in Acute Coronary Syndrome Sypmosium, Skopje, 2019.

Идентификација на фактори кои влијаат врз квалитетот на лекување на пациентите со коронарна артериска болест (КАБ) може да помогне во подобрување на протоколот за третман. Целта на студијата беше да се одредат клинички фактори кои влијаат врз времето на хоспитализација кај пациенти со КАБ после аортокоронарен бајпас.

2.Здравковски И, Јашари Е, Кандиќ Е, Бушљетиќ О. Учество во GHATI (Global Heart Attack Treatment Initiative) регистарот како евалуација на третманот за миокарден

инфаркт. Усна презентација на 20. Конгрес на Македонското лекарско друштво, Скопје, 2020 год.
Универзитетската клиника за кардиологија во Скопје учествува во собирање на податоци за GHATI-регистарот. Овој регистар е создаден на почеток на 2019 година од страна на интернационални членови на American College of Cardiology (ACC), со цел да се нарави евалуација колку добро се имплементирани препораките за акутен миокарден инфаркт во земјите со низок и среден ред на приход.
3.Кандиќ Е, Бушљетиќ О, Јашари Е, Здравковски И. СТЕМИ-регистар. Презентирано на 20. Конгрес на Македонското лекарско друштво, Скопје, 2020 год.
Организирање на регистар за пациенти со акутен миокарден инфаркт со СТ-елевација е основа за евалуација на бројот на СТЕМИ-пациенти, стратегијата за третман и исход.
4.Бушљетиќ О., Здравковски И., Груева Е., Зимбаков Ж. Национална мрежа за третман на акутен срцев удар со СТ-елевација. Презентирано на 20. Конгрес на Македонското лекарско друштво, Скопје, 2020 год.
Раната коронарна артериска реперфузија е основа на третман на акутниот срцев удар со СТ-елевација. Предложени се мерки и алгоритам за насоки на движење на пациент со СТЕМИ, кои секоја болница мора да ги преземе за да не се надмине ова време. Анализите покажуваат дека кај голем дел од нашите пациенти со СТЕМИ, овие времиња се надминуваат.
5.Зимбаков Ж., Здравковски И., Кандиќ Е., Бушљетиќ О. Третман на акутен срцев удар со СТ-елевација – реалност. Презентирано на 20. Конгрес на Македонското лекарско друштво, Скопје, 2020 год.
Во третманот на акутен срцев удар со елевација на СТ-сегментот, реперфузиона терапија, пред сè коронарната ангиопластика со стентирање, значајно ја намалува смртноста и последиците од срцевиот удар како срцевата слабост. За ефектите на оваа терапија, значаен фактор е времето на поставување на дијагноза до почеток на третман. Затоа значајно е создавање на мрежа на институции за третман на СТЕМИ и низа мерки за скратување на времето на третман.
6.Јашари Е., Алиу Ф., Здравковски И., Кандиќ Е., Зимбаков Ж. Третман на пациент со СТЕМИ со фибринолиза по примарна перкутана коронарна интервенција – приказ на случај. Презентирано на 20. Конгрес на Македонското лекарско друштво, Скопје, 2020 год.
Акутниот миокарден инфаркт е една од најголемите причини за смрт во светот. Најважна цел е лекувањето и воспоставување на реперфузија, т.е. реканализација на коронарната артерија и одржување проток низ неа. До денес, третманот и менаџирањето на пациенти со АМИ останува голем предизвик меѓу клиничарите.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Игор Здравковски
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,84	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Сертификат за англиски јазик, ниво Ц1 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” 4. Датум на издавање на документот: 19.2.2021	

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Џем Адем

Биографски податоци и образование

Д-р Џем Адем е роден на 4.10.1986 година во Куманово, каде што ги завршил основното образование во ОУ „Бајрам Шабани” и средното образование во ДСУ Гимназија „Гоце Делчев” со континуиран одличен успех. На Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје се запишал во 2005 година и дипломирал во 2012 година со просечен успех 8,41 по ЕКТС (360 кредити). По завршувањето на студиите, го завршил задолжителниот лекарски стаж и го положил стручниот испит, со што се стекнал со лиценца за работа во декември 2012 година. Во март 2017 год., ја започнал специјализацијата по гастроентерохепатологија на Медицинскиот факултет во Скопје, која е во тек, актуелно е петта година на специјализација (IX семестар). Во 2013/2014 год., тој е дел од Проектот за хуманитарна и социјална помош за преживеани Роми - жртви на холокаустот, на работна позиција - доктор на медицина во делот од тимот на проектот, реализиран преку ИОМ и Сумнал-Скопје. Во периодот 2014 – 2016 год., работел во ПЗУ „Д-р Бедри” Куманово, на работното место доктор по општа медицина-матичен лекар. Во 2016 год., се вработува во Општа болница во Куманово, на работната позиција доктор по општа медицина на Инфективното одделение, каде што активно се вклучува во стручниот работен процес. Во 2019 година се трансферира на Универзитетската Клиника за Гастроентерохепатологија-Скопје на работна позиција доктор на специјализација, каде активно се вклучува во клиничката и истражувачката дејност. Во 2019/2020 год., учествувал во проектниот тим на работната позиција доктор на медицина, во проектот кој се спроведувал во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (RELOAD), кој бил финансиран од Европската Унија (EU), а ја спроведувал Програмата на развој на Обединетите нации (UNDP). Кандидатот активно го владее англискиот јазик, за што приложи уверение за познавање на англискиот јазик (бр. 03-510/2 од 12.03.2021 година), кое одговара на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Активно се служи и со француски, албански, турски, српски, хрватски и македонски јазик. Исто така, се служи со компјутерскиот програмски пакет Microsoft Office, како и со компјутерско пребарување во насока на научноистражувачка работа.

Научноистражувачка дејност

Д-р Џем Адем интерес за научна работа прејавува уште од студентските денови кога учествувал на неколку студентски конгреси. На Клиниката за гастроентерохепатологија, активно е вклучен во научноистражувачката работа, што резултира со два коавторски труда од областа на гастроентерологијата и хепатологијата, првиот објавен во релевантно домашно списание, вториот прифатен за публикација во странско списание и коавтор во два труда во форма на апстракти, исто така, објавени во домашно списание. Во мај 2017 година се здоби со сертификат за: “Course in Tobacco Treatment Training for Macedonian Health Providers”, од Henry Ford Global Health System , на Медицински факултет – Скопје.

Научноистражувачкиот проект под наслов „Клиничка потхранетост – ризик во лекување на пациентите”, под раководство на проф. д-р К. Г. Старделова, е одобрен од Етичката комисија на Медицинскиот факултет во Скопје. Проектот се одвива на Универзитетската клиника за гастронтенрохепатологија – Скопје, во времетраење од три години (2018-2021). Дел од тимот кој активно учествува во одвивање на проектот е и д-р Џем Адем, за што приложи потврда за учество во проектот, издадена од раководителот на проектот, проф. д-р К. Г. Старделова (10.3.2021). Поседува сертификат за учество во „Базичен курс за парентерална нутриција и ентерална нутриција”, издаден од Европското здружение за клиничка нутриција и метаболизам на 14. ACCN-курс за клиничка нутриција (5 - 7.4.2019) во соработка со Македонско здружение за парентерална и ентерална исхрана (MSPEN). Поседува сертификат за учество во: Spring

Training in Academic Research Skills, издаден од Blue Cell International (BCI)-Тетово (5 – 6.4.2014). Поседува сертификати за одржани обуки и совладани со успех вештини во Медицински симулациски центар – Скопје, по следниот редослед: Basic Life Support (14.5.2018), Advanced Life Support (9.10.2018), Advanced Trauma Life Support (15.1.2019), Pediatric Life Support (22.3.2019). Одржал две секциски предавања на стручен собир на матични лекари во Куманово преку ЗПЛРМ на теми: „Акутен панкреатит” и „Вилсонова болест” со Powerpoint-презентација.

Стручна дејност и дејности од поширок интерес

Во текот на работниот процес, д-р Џем Адем интензивно се посвети на совладување на потесните полиња и специфичните техники од областа на гастроентерохепатологијата, особено на абдоминалниот ултразвук, гастроинтестиналната ендоскопија и црнодробната биопсија. Учествувал на многу курсеви, работилници и семинари од областа на гастроентерохепатологијата, со што се стекнал со бројни сертификати за повеќе техники и вештини.

Член е на повеќе здруженија, како што се: Македонско лекарско друштво, Лекарска комора на Северна Македонија, Македонско здружение на гастроентерохепатолозите, Европско здружение за гастроинтестинална ендоскопија (ESGE), Европска асоцијација за болести на црн дроб (EASL), Македонско здружение за ентерална и парентерална исхрана (MSPEN), Европско здружение на гастроентеролози (UEG), Светска гастроентеролошка организација (WGO), Здружение на лекари Албанци на Македонија (SHMSHM).

Учество во проект

Научноистражувачкиот проект под наслов „Клиничка потхранетост – ризик во лекување на пациентите”, под раководство на проф. д-р К. Г. Старделова, е одобрен од Етичката комисија на Медицинскиот факултет во Скопје. Проектот се одвива на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија – Скопје, во времетраење од три години (2018-2021). Дел од тимот кој активно учествува во одвивање на проектот е и д-р Џем Адем, за што приложи потврда за учество во проектот, издадена од раководителот на проектот, проф. д-р К. Г. Старделова (10.3.2021).

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Џем Адем
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,41	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Сертификат за англиски јазик, ниво Б2 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ 4. Датум на издавање на документот: 12.3.2021	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова

Биографски податоци и образование

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова е родена на 15.8.1985 година во Скопје, Р Македонија. Основно образование, со одличен успех завршила во основното државно училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ во Скопје, Р Македонија (1992 – 2000 година), а средно образование завршила со одличен успех во државното средно училиште, гимназија „Никола Карев“ во Скопје, јуни 2004 година. Истата година, 2004, се запишала на Медицинскиот универзитет во Виена, Р Австрија, а подоцна, во 2007 година, ги продолжила студиите на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”. Во септември 2011 година ги завршила студиите на Медицинскиот факултет во Скопје со просечен успех 8,88 и се стекнала со стручен назив – доктор по медицина. По изведувањето на лекарскиот стаж, со успех го положила стручниот испит пред испитна комисија при Лекарската комора на Р Македонија и во ноември 2012 година се здобила со лиценца за работа како доктор на медицина.

Од декември 2011 до април 2014, кандидатката волонтирала на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија во Скопје, а од 14.4.2014 е вработена на неопределено работно време на ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија во Скопје. Во септември 2013 започнала со специјализација по пулмологија и респираторна алергологија, која успешно ја завршила во март 2020 година, при што се стекнува со називот специјалист по пулмологија и респираторна алергологија.

Во учебната 2018 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет, програма: Клиничка медицина, и е во подготовка на нејзината докторска дисертација. Кандидатката во 2016 година е избрана за асистент докторанд на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во областа интерна медицина.

Активно ги владее англискиот и германскиот јазик. Поседува меѓународно признати сертификати по англиски јазик (Cambridge Certificate of Preliminary English-PET), како и уверение од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за познавање на англискиот јазик, ниво Ц1 според CEFR. По германски јазик поседува сведителство од виенската интернационална Школа за универзитетски курсеви по германски јазик при Универзитетот Виена, напредно ниво 1-3. Исто така, располага со сертификати и одлични практични комјутерски познавања MS Office (Word,Excel, Power point, internet)

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова е активно вклучена во пошироката стручно-апликативна работа на Клиниката за пулмологија и алергологија во Скопје, преку стручни презентации, семинари и секојдневно учесто на главни визити.

Член е на: Лекарско друштво на Македонија, Македонско респираторно здружение, Здружение на пулмолози на РМ, Македонска лекарска комора, Македонско здружение за алергологија и клиничка имунологија, Европско респираторно здружение (ERS), Европска академија за алергологија и клиничка имунологија (EAACI).

Наставно-образовна дејност

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова е избрана за асистент докторанд на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во јуни 2016 година. Во рамките на наставно-образовната дејност, кандидатката активно изведува вежби и едукација на студентите по општа медицина, како и на студентите по стоматологија.

Научноистражувачка дејност

Д-р Владислава Ада Груева Каранфилова зема активно учество во голем број конгреси, семинари, како и различни работилници и вебинари од областа на пулмологијата, алегологијата и интерната медицина, од кои се издвојуваат следниве:

Во мај 2011 активно учествува на III интернационален медицински студентскоистражувачки конгрес, Истанбул, Турција. Во март 2012 учествувала на дводневен курс по напредна ехокардиографија организиран од Македонското здружение по кардиологија и Европската асоцијација по ехокардиографија “EAE Teaching course of Advanced Echocardiography, одржан во Скопје, Р Македонија. Во април 2013 учествувала во заедничкиот состанок на Македонското респираторно здружение и Турското академско респираторно здружение (The Many faces of COPD Symposium, Joint Meeting of Macedonian Respiratory Society and Turkish Academic Respiratory Society), од 20 до 23 април во Охрид. Во април 2014, учествувала на состанок за модерна антикоагулантна терапија во превенција на венски тромбоемболии, организиран од Македонското друштво на ортопеди и трауматолози (25.4.2014, Скопје). Во мај 2014 учествувала на стручен состанок на тема „Астма – нерешена енигма и во 21 век“, организиран од Македонското респираторно здружение, Скопје, 9.5.2014. Во јуни 2014 учествувала на стручен состанок на тема „Актуелности во третманот на долнореспираторните инфекции“, организиран од Македонското респираторно здружение, Дојран, 13.6.2014. Во мај 2015 учествувала на стручен состанок на тема: Синдром на препокривање на астма и ХОББ (Asthma and COPD Overlap Syndrome-ACOS), организиран од Македонското респираторно здружение, Скопје, 5.5.2015. Во септември 2017, во Скопје, учествувала на дводневниот Втор симпозиум на Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија на тема „Новини во алергологијата и имунологијата“, 2017. Во септември 2018 активно учествувала на Четвртиот конгрес на Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија, одржан во Охрид, Р Македонија. Во септември 2019 учествувала како предавач на Третиот симпозиум на Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија на тема „Новини во алергологијата и имунологијата“, 2019. Предавала на стручниот состанок на Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија на тема „Нови молекуларни методи во дијагностицирање на респираторни инфекции“, ноември 2019 година. Во јули 2020, учествувала на тродневниот курс по респираторна медицина за возрасни и деца, организиран од Европското респираторно здружение. Во октомври 2020, активно учевствувала на четвртиот симпозиум „Новини во алергологијата и клиничката имунологија“, 2020, организиран од МЗАКИ, во вид на вебинар.

Трудови за рецензија IN EXTENSO:

1.Grueva Karanfilova, V. A., & Grueva Nastevska, E. (2021). THERAPEUTIC DILEMMA IN A PATIENT WITH LONGSTANDING SEVERE ASTHMA AND HIGH LEVELS OF TOTAL IGE. *Knowledge International Journal*, *44*(2), 131 - 136.
Во овој труд е прикажан случај на 63 годишна пациентка, со долгогодишна тешка астма пратена со коморбидни болести хроничен алергиски риносинузитис и назални полипи. Пациентката над 15 години се лекува од астма, поставена на редовен третан според протоколите на GINA, чекор 4 и 5 (со дополнителна анти-алергиска терапија). Но и покрај терапијата симтомите кај пациентката се чести поради што истата мора да користи дополнителна терапија за олеснување на симтомите. Следејќи ги најновите препораки според глобалната иницијатива за астма (GINA 2020) се направи комплена реевалуација на дијагнозата на пациентката и се постави индикација за имунотерапија, но поради високо покаченото ниво на IgE истата не беше подобна да третман со анти-ИгЕ моноклонално антитело. Пациентката беше поставена повторно на соодветен третман според GINA 2020 чекор 5 и закажана реевалуација за 5 месеци. По 5 месеци се повтори испитување на нивото на IgE и беше започнат третман со анти-ИгЕ моноклонално антитело. Третманот на пациент со долгогодишна хронична нестабилна астма е тежок и исцпувачки, но следењето на протоколите заедно со индивидуалниот пристап кон пациентот, реевалуација на дијагнозата, симптомите се круцијални за успешен третман.

2.Grueva Nastevska, E., Kotlar, I., Chelikikj, A., Petrovski, Z., & Grueva Karanfilova, V. A. (2021). PAPILLARY MUSCLE RUPTURE AS A COMPLICATION OF ACUTE MYOCARDIAL INFARCTION. *Knowledge International Journal*, *44*(2), 117 - 121.
Се работи за приказ на случај на 65годишна пациентка, хоспитализирана поради акутен миокарден инфаркт, која по аплицирањето на антитромбоцитната и антикоагулантната терапија развила мелена. Истата по 2 дена била префрлена во терциерна установа за понатамошен третман, каде по супституцијата за анемичниот синдром и направената гастроскопија е направена коронарографија и поставена ендоваскуларна протеза на левата коронарна артерија и две ендоваскуларни протези на циркумфлексната артерија. Ехокардиографската процена следниот дена покажала сочувана систолна функција на левата комора, но присутна акутна изразена митрална регургитација и дисфункција на задниот митрален залисток како резултат на руптура на хорда или папиларен мускул. Пациентката била веднаш префрлена во кардиохируршка установа, каде што е направена замена на митралната валвула со механичка протеза, која во контролните ехокардиографски наоди била со уредна позиција и функција, по што пациентката во стабилна состојба е испишана на домашно лекување. Овој случај е интересен бидејќи руптурата на папиларен мускул е една од најретките компликации на акутниот миокарден инфаркт, која се јавува во 1-5% од случаите. Навремената дијагноза и кардиохируршкиот третман се единственото долгорочно решение.
Постерски презентации и апстракти:
1.I.Angelovska, D.Dokic, B.Kaeva, G.Breskovska, Z.Goseva, Z.Arsovski, S.Pejkovska, A.Debreslioska, S.Jovanoski, E.Janeva, I.Ismaili, M.Miletic, V.A.Grueva. Use of Multiplex Real Time Polymerase chain reaction method for detection of respiratory pathogens in patients with acute exacerbation of asthma. Makedonski medicinski pregled,” Fourth Congress of the Macedonian society of Allergy and Clinical Immunology”, Abstract book, Ohrid, 29-30 September, 2018.
Во овој труд се проценувала улогата на брзата multiplex PCR-метода за одредување на респираторни патогени, од спутум кај 44 пациенти со астма, на возраст од 20 до 70 години. Се докажало дека оваа метода е безбедна и овозможува прецизна детекција на патогените и избор на соодветна терапија.
2. А. Дебрешлиоска, М. Милетиќ Ѓореска, А. Груева, И. Ангеловска, С. Јованоски, С. Пејковска, С. Зејнел, Б. Ќаева, Д. Докиќ. Присуство на респираторни вируси кај стабилни пациенти со астма , нивна поврзаност со вкупниот ИГЕ и еозинофилите во серум“, Македонски медицински преглед, Четврти конгрес на Македонското здружение за алергологија и клиничка имунологија, Книга на апстракти, Охрид, 28 – 30 септември 2018.
Во оваа студија иследувани се 80 испитаници со астма и здрави индивидуи кај кои е направен multiplex PCR од брис од нос и грло, при што е добиена поголема превленца на хуман риновирус кај пациентите со астма кои имаат повисок вкупен ИгЕ и еознофили во серум, што укажува дека овој вирус би можел да ја поттикне хроничната инфламација на дишните патишта.
3. M.Miletic Gjoreska, V.A Grueva Karanfilova, I.Angelovska, I.Ismaili, A.Debreslioska, S.Jovanoski, E.Janeva, S.Zejnel, M.Tusevska, T.Neskovski, S.Pejkovska, D.Dokic, B.Kaeva. Detection of respiratory viruses in patients with asthma without symptoms of infection using multiplex real time polymerase chain reaction. Makedonski medicinski pregled, Fourth Congress of the Macedonian society of Allergy and Clinical Immunology, Abstract book, Ohrid, 29-30 September, 2018.
Со овој труд биле испитувани 30 пациенти со контролирана астма и без симптоми со употреба на using Multiplex Real time Polymerase chain reaction (PCR) со цел да се испитаат најчестите респираторни вируси, кај кои е докажано дека хуман респираторен вирус единствен вирус детектиран од горнореспираторен тракт кај пациенти со астма без симптоми на инфекција, наспроти останатите вируси.
4. S.Pejkovska, D.Dokic, G.Breskovska, B.Kaeva, Z.Goseva, I.Angelovska, A.Debreslioska, S.Jovanoski, I.Ismaili, S.Zeynel, M.Miletic, B.A.Груева, B.Poposka, M.Tusevska. Control of the symptoms of allergic rhinitis with loratadine depending on dosing regimen. Makedonski

medicinski pregled. Fourth Congress of the Macedonian society of Allergy and Clinical Immunology”, Abstract book, Ohrid, 29-30 September, 2018.
Во овој труд биле испитувани 39 пациенти со симптоми на сезонски алергиски ринит, при што се прикажало ефективно подобрување на симптомите со третман со лоратадин без разлика на режимот на дозирање.
5.И.Ангеловска, Д.Докиќ, Б.Ј.Ќаева, З.Арсовски, С.Пејковска, С.Арбутина, Д.Каркински, А. Дебрешлиоска, С.Јованоски, М.Милетиќ, И.Исмаили, В.А.Груева Каранфилова, О.Крстиќ Наковска, Б.Попоска. Асоцираност на време на појава на астма и клиничкиот исход кај пациенти со хроничен риносинузит.,Македонски медицински преглед , Трет симпозиум. Новини во алергологијата и имунологијата 2019, Книга на апстракти , Скопје , 20-22 Септември, 2019
Целта на овој труд била да се одреди времето на појава на астма и да се спореди клиничкиот исход кај 69 пациенти со хроничен риносинусизит. Се докажала изразаена поврзаност на хроничен риносинузит со доцно појавена астма и со астма воопшто, како и поголем БМИ, зголемена фреквенција на назални полипи и употреба на орални кортикостеродиди кај групата на доцно појавена астма во однос на групата на рано појавена астма.
6..Дебрешлиоска, Д. Докиќ, Б.Ј. Ќаева, И. Ангеловска, С. Пејковска, Б. Попоска, С. Арбутина, С. Јованоски, И. Исмаили, С. Зејнел, М. Милетиќ, А. Груева, О. Крстиќ Наковска, М. Маролов. Улогата на ИЛ-17 кај хроничните опструктивни белодробни заболувања. Македонски медицински преглед, Трет симпозиум „Новини во алергологијата и имунологијата“, 2019, Книга на апстракти, Скопје, 20 – 22 септември 2019
Во овој краток ревијален труд била прикажана и дискутирана улогата на ИЛ -17 кај хроничните опструктивни белодробни заболувања, каде што се истакнува различната функција на Th 17 и другите различни ИЛ 17+ клетки кои може да имаат и спротивставени улоги. Било заклучено дека постои мрежа на вкрстено регулирање помеѓу соодвтените поттипови на имуни клетки од страна на локалното милје и надворешните фактори.
7.Б.Попоска, Д.Докиќ, С.Пејковска, С.Арбутина, А.Дебрешлиоска, М.Милетиќ., Д.Каркински, И.Ангеловска, А.Груева, С.Јованоски, С.Зејнел, Б.Стошевски, Т.Нешковски, О.Крстиќ-Наковска. Тежина на депресија кај пациенти со ОСА. Македонски медицински преглед, Трет симпозиум „Новини во алергологијата и имунологијата“, 2019, Книга на апстракти, Скопје, 20 – 22 септември 2019
Целта на овој труд била да се одреди поврзаноста на тежината на депресија кај пациентите со ОСА кај 100 пациенти над 18-одишна возраст. Не била добиена корелација меѓу тежината на депресијата и тежината на ОСА, а потешки симптоми на депресија биле најдени кај пациенти со лесен степен на ОСА.
8. В.А.Груева, М.Тушевска, М.Милетиќ Ѓореска, И.Ангеловска, Д.Докиќ. Најчести инфективни причинители за егзацербација на пациенти со дијагноза на ХОББ/АСТМА хоспитално лекувани на клиника за пулмологија. Македонски медицински преглед , Трет симпозиум „Новини во алергологијата и имунологијата“, 2019, Книга на апстракти, Скопје, 20 – 22 септември, 2019.
Целта на оваа студија била да се идентификува најчестиот инфективен причинител за егзацербација на основното хронично респираторно заболување со брза мултиплекс PCR метода. Испитувани биле 70 примероци на брис од назофарингс и спутум и било потврдено дека инфективните причинители се едни од најчсетите причини за егзаецрбација на астма и ХОББ кои бараат хоспитално лекување

9. M.Miletic, V.A. Grueva, I.Angelovska, D.Dokic, B.J. Kaeva, G.Breskovska. Chronic Rhinosinusitis in patients with asthma and association between sinonasal and bronchial inflammation”, Third Symposium ”News in allergy and clinical immunology 2019”,Skopje, 20-22 September 2019.
Во овој труд биле испитувани 59 испитаници, со цел да се утврди поврзаноста помеѓу: синоназална инфламација, процената со КТ на ПНС, белодробна функција и спутум

еозинофилија кај пациенти со астма. Резултатите покажуваат поврзаност помеѓу синоназалната и бронхијалната инфламација кај пациенти со астма, особено кај пациенти со адултна болест. Дали риносинузитисот директно делува на степенот на бронхалната инфламација е сè уште нејасно.

10.O.Krstic Nakovska, D.Dokic, I.Angelovska, V.A.Grueva, A.Debreslioska, M.Miletic. Clinical evaluation and potential effect of biofire filmarray pneumonia panel plus on lower respiratory tract specimens. Third Symposium ” News in allergy and clinical immunology 2019”,Skopje, 20-22 September 2019.

Овој труд имал за цел да направи споредба на конвенционалното микробиолошко култивирање со молекуларната метода biofire filmarray pneumonia panel plus на примероци од долнореспираторни патишта кај 53 хоспитализирани пациенти. Добиените резултати покажале дека со молекулранта метода се идентифицирале поголем процент на бактериски причинители.

11. С. Пејковска, Д. Докиќ, Г. Брешковска, Б. Ќаева, З. Гошева, Б. Попоска, С. Арбутина, И. Ангеловска, А. Дебрешлиоска, С. Јовановски, И. Исмаили, С. Зејнел, М.Милетиќ, В. А. Груева, О. Крстиќ-Наковска, М. Тушевска Митковска. Неинвазивна вентилација кај акутен астматичен напад., Трет симпозиум „Новини во алергологијата и клиничката имунологија“, 2019, Скопје, 20 – 22 септември 2019.

Ова е ревијален труд во кој се анализирале студии кои го проценувале ефектот на НИВ кај тешки напади на астма отпорни на стандарден третман, при што се заклучило дека постојат мал број на студии кои се изведени на мал број пациенти и потребни се поголеми мултицентрични студии.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Владислава Ада Груева Каранфилова
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,8	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение за познавање англиски јазик, ниво Ц1 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” 4. Датум на издавање на документот: 14.7.2020	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Живко Петровски

Биографски податоци и образование

Д-р Живко Петровски е роден на 3.7.1980 година во Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје, во 2005 година, со висок успех и просек од 9,3, а веќе во 2006 ја започнал специјализацијата по интерна медицина, која успешно ја завршил во 2012 година. Во 2018 ја започнал супспецијализацијата по кардиологија, која, исто така, успешно ја завршил во 2020. Неговото обемно работно искуство започнува во 2007 година како специјализант по интерна медицина во Приштина во Специјализираната болница за кардиоваскуларни заболувања „Интермед“, а потоа во 2010 и во Скопје во Специјалистичката одинација по кардиологија ПЗУ Кардиологија Прима. Понатаму, во 2016 година започнал и со работа во Одделот за кардиологија на Клиничката болница „Аџибадем Систина“ во Скопје и од 2018 е вработен на неопределно време на Универзитетската клиника за кардиологија при Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје. Одлично го користи англискиот јазик, за што потврдува и сертификатот за положен Bulats испит во Британскиот совет во РС Македонија, но исто така има познавања и од германскиот јазик и албанскиот јазик. Поседува напредни компјутерски вештини и е целосно независен кога станува збор за доменот на информатиката. Зема учество на бројни конференции, семинари и курсеви во земјава и во странство, а во досегашата кариера има добиено и неколку сертификати. Меѓу другото, посетил обука во Deutche Herz Zentrum во Минхен за имплантирање на TAVI (англ. trans catheter aortic valve) - аортна валвула на транс катетер, перкутани коронарни интервенции на хронични тотални оклузии и имплантирање на каротидни стентирања со проксимална протекција. Во 2007 година добил стипендија за електрофизиологија и електростимулација на Институтот за кардиоваскуларни заболувања – Дедиње во Белград. Член е на Лекарската комора на Р Македонија и на Македонското здружение по кардиологија.

Научноистражувачка дејност

Трудови за рецензија IN EXTENSO:

1.E.Grueva Nastevska, O.Bushljetik, H.Pejkov, E.Lazarova, Z.Petrovski, I.Kotlar. Spontaneous coronary artery dissection. Македонски конгрес по кардиологија, 2019. Универзитетска клиника за кардиологија, Скопје, РС Македонија

Се работи за приказ на случај на пациентка на 38-годишна возраст без претходни кардиоваскуларни заболувања, 1 месец по породување со царски рез која поради градна болка се јавува на преглед на Клиниката за кардиологија во Скопје. По направената електрокардиографија и клиничка суспекција за акутен миокарден инфаркт, таа е хоспитализирана и во следните 2 часа е направена коронарографија со наод за спонтана коронарна дисекција на левата коронарна артерија и е препорачана кардиохируршка реваскуларизација. По направената ехокардиографија и наод за лесно редуцирана систолна функција на левата комора со присутна хипокинезија на врвот на срцето и апикален сегмент на меѓукоморната преграда, пациентката беше пренесена на Државната клиника за кардиохирургија за понатамошен третман. Беше направен оперативен зафат LIMA-LAD со уреден оперативен и постоперативен тек. Овој случај е интересен бидејќи спонтаната коронарна дисекција е една од најретките причини за акутен коронарен синдром. Типично се јавува кај млада женска популација постпартално или во склоп на заболувања на сврзното ткиво. Кај одреден број некомплицирани случаи, препорачан е медикаментозен третман, додека кај хемодинамски нестабилни пациенти и кај оние со инволвираност на главната коронарна артерија, неопходна е кардиохируршка интервенција.

2. E.Grueva Nastevska, I.Kotlar, Ana Chelikikj, Z.Petrovski, Vladislava Ada G.Karanfilova Papillary muscle rupture as a complication of acute myocardial infarction.

Се работи за приказ на случај на 65-годишна пациентка, хоспитализирана поради акутен миокарден инфаркт, која по аплицирањето на антитромбоцитната и антикоагулантната терапија развила мелена. Пациентката по 2 дена била префрлена во

терцијарна установа за понатамошен третман, каде што по супституцијата за анемичниот синдром и направената гастроскопија, направена е коронарографија и е поставена ендоваскуларна протеза на левата коронарна артерија и две ендоваскуларни протези на циркумфлексната артерија. Ехокардиографската процена следниот ден покажала сочувана систолна функција на левата комора, но присутна акутна изразена митрална регургитација и дисфункција на задниот митрален залисток како резултат на руптура на хорда или папиларен мускул. Пациентката била веднаш префрлена во кардиохируршка установа, каде што е направена замена на митралната валвула со механичка протеза, која во контролните ехокардиографски наоди била со уредна позиција и функција, по што пациентката во стабилна состојба е испишана на домашно лекување. Овој случај е интересен бидејќи руптурата на папиларен мускул е една од најретките компликации на акутниот миокарден инфаркт која се јавува во 1-5% од случаите. Навремената дијагноза и кардиохируршкиот третман се единственото долгорочно решение.

3.Ted Trajceski, Lulzim Brovina, Zivko Petrovski, Blerim Zuna, Borce Perovski. The Nine-Month Outcomes of a Polymer-Free Drug-Eluting Stent (YUKON) Compared with Different Polymer Based Drug-Eluting Stents in Real-World Coronary Artery Lesions. Spitali Zemres Intermed, Prishtina, Kosovo.

Во оваа студија се работи за тоа дека 9 месеци по перкутана коронарна интервенција (англ. PCI) на реални коронарни лезии, немало статистични значајни разлики во однос на големи несакани срцеви настани (англ. MACE) кај пациенти лекувани со YUKON-стентови без полимери и оние лекувани со стентови со полимери. Дефинитивна стент-тромбоза се јавувала почесто при употреба на стентови со полимери поради значајно полошите резултати во раниот период.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Живко Борче Петровски
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,37	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот БУЛАТС – ниво Б2 3. Издавач на документот: British Council 4. Датум на издавање на документот: 13.4.2018	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Тара Драган Ристевска

Биографски податоци и образование

Д-р Тара Ристевска е родена на 10.3.1991 г. во Битола. Основното и средното образование ги завршила во Битола, со просечен успех 5,00, како првенец на својата генерација. Паралелно со формалното образование, завршила и музичко училиште – отсек: пијано, и се здобила со државни и меѓународни награди и признанија. Образованието го продолжила на Медицинскиот факултет во Скопје, на отсекот општа медицина, каде што во 2016 г. дипломирала со просек 8,65 и се стекнала со лиценца од Лекарската комора на Македонија. Поради просекот од над 8,5 во текот на студиите; стипендист е на МОН.

Од септември 2017 г., волонтира на кардиохирургија и васкуларна хирургија при ЈЗУ УК Државна кардиохирургија - Скопје. Од мај 2018 г. е вработена на ЈЗУ УК за хематологија – Скопје. Од октомври 2018 г. е запишана на втор циклус студии по јавно здравство. Од март 2019 г. е на специјализација – хематологија.

Активно ги владее англискиот и шпанскиот јазик, а има основни познавања од францускиот јазик. Поседува сертификати и одлични практични познавања од областа на информатиката и компјутерските програми.

Научна и стручна активност

Во периодот од јануари до мај 2016 г. учествува како коистражувач во истражувачкиот проект: Lung Health Survey in Childhood, финансиран од еден од најдобрите 300 универзитети во светот, Универзитетот од Саскачуан – Саскатун (Канада). Истражувањето има меѓународен карактер, па освен Македонија и Канада, учествуваат и Полска, Украина, Белорусија и Грузија. Предмет на истражувањето е детското здравје, со акцент на респираторната патологија. Истражувањето се одвиваше под менторство на проф. д-р Емилија Влашки, од Клиниката за детски болести во Скопје. Стандардизирани прашалници (базирани на ISAAC-прашалникот и на American Thoracic Society Children's Respiratory Disease-прашалникот) беа дистрибуирани во текот на зимата 2015/2016 г. во случајно избрани основни училишта на територијата на град Скопје. По потпишувањето на информираната согласност од страна на родителите на вкупно 2310 деца од 5 до 15-годишна возраст, одговорија на 100 прашања и потпрашања во склоп на прашалникот.

Од истражувањето произлегоа повеќе трудови, авторски и коавторски, кои беа претставени во земјава и во странство. Авторското научно истражување: Density of truck traffic on residential streets and the impact on asthma and asthma-like symptoms in childhood, кое беше наградено со грант од страна на ERS (European Respiratory Society) го претстави пред светската научна фела, на конгресот во Лондон, во септември 2016 г., на дискусијата поврзана со детското здравје и астмата. Истражувањето беше објавено во European Respiratory Journal, списание рангирано на третото место според импакт-фактор во светот, од истата област.

Во јуни 2017 година, со своја презентација на научен труд: Hygiene hypothesis in childhood asthma, се претстави на конгресот на Европската академија за алергологија и клиничка имунологија во Хелсинки – EAACI (European Academy of Allergy and Clinical Immunology).

Кандидатката во моментов е активен член на повеќе здруженија: Европско здружение за алергологија и клиничка имунологија, Здружение за хематологија на Македонија, Европска хематолошка асоцијација; во моментов е составен дел од тимот за трансплантација на хематопоетски матични клетки при Универзитетската клиника за хематологија и, воедно, е член на Европската група за трансплантација на коскена срцевина (EBMT).

Во текот на студиите, а особено по дипломирањето, учесник е на многубројни: трибини, работилници, конференции, стручни состаноци и конгреси во земјава и во странство. За одбележување е едномесечниот престој (јули 2016 г.), на Одделот за торакална хирургија во болницата Germans Trias i Pujol во Барселона, каде што се

стекнува со нови вештини и ги проширува своите професионални хоризонти. Учесник е на International medical students scientific congress, во Охрид, Македонија, во 2015 г., како пасивен, а во 2016 г. како активен учесник на конгресот. Во текот на јули 2014 г. стекнува пракса на Институтот за клиничка фармакологија при Медицинскиот факултет во склоп на проектот: Usus magister est optimus. Во моментов, работи како млад истражувач на интернационална проспективна, мултицентрична студија за стапка на крварење и квалитет на живот кај пациентите со хемофилија А со и без инхибитори третирани со Emicizumab (RESHAPE study).

Се јавува како истражувач во 2 проекта, автор е на 2 труда, коавтор во 11 трудови, меѓу кои 2 се in extenso.

Апстракти за постерско и усни презентации како автор и коавтор презентирани на домашни и странски конгреси:

1.Ristevska T., Vlashki E., Kimovska-Hristova M., Cvejoska Cholakovska V., Micevska V., Sechkova L. - Hygiene hypothesis in childhood asthma

2.Kimovska-Hristova M., Vlashki E., Cvejoska-C. V., Micevska V., Ristevska T., Lawson J. - Prenatal and perinatal risk factors for childhood asthma and asthma-like symptoms

3.Vlashki E., Cvejoska -Colakovska V., Kimovska M., Ristevska T., Micevska V., Lawson J. - Body mass index and risk of asthma and asthma-like symptoms in childhood

4.Emilija Vlashki, Valentina Cvejoska Colakovska, Tara Ristevska, Mica Kimovska, Lidija Seckova, Vesna Micevska, Joshua Lawson - Temporal trends in asthma and asthma-like symptom prevalence in Skopje, The Republic of Macedonia

5.Tara Ristevska, Emilija Vlashki, Valentina Cvejoska Colakovska, Mica Kimovska, Vesna Micevska, Joshua Lawson - Density of truck traffic on residential streets and the impact on asthma and asthma-like symptoms in childhood

6.Micevska Vesna, Vlaski Emilija, Cvejoska-Colakovska Valentina, Seckova Lidija, Kimovska Mica, Ristevska Tara, Sazdovski Angelce - Dampness at home and asthma in schoolchildren

7.Vlashki Emilija, Cvejoska Cholakovska Valentina, Kimovska Mica, Seckova Lidija, Ristevska Tara, Lawson Joshua - The association of physical activity and sedentary lifestyle with asthma in childhood

8.Vlashki E, Cvejoska Cholakovska V, Kimovska M, Ristevska T, Seckova L, Lawson J - Temporal trends in hay fever and eczema prevalence in a developing country

9.Oliver Karanfilski, Gazmend Amzai, Slobodanka Trpkovska Terzieva, Marica Pavkovik, Tatjana Sotirova, Sonja Genadieva Stavrik, Zlate Stojanoski, Dijana Milovska, Tara Ristevska, Simona Stojanovska, Lazar Cadievski, Aleksandar Stojanovik - Salvage options for HD patients failing initial ABVD treatment

10.Irina Panovska-Stavridis, Dusko Dukovski, Sanja Trajkova, Tara Ristevska, Martin Ivanovski, Lazar Chadievski, Violeta Dejanova - Treatment of non-inhibitor patients with Hemophilia A with Emicizumab prophylaxis during the COVID-19 pandemic – macedonian clinical experience

11.Sanja Trajkova, Lidija Cevreska, Marija Popova Labacevska, Aleksandra Pivkova-Veljanovska, Martin Ivanovski, Svetlana Stankovik, Nevenka Ridova, Simona Stojanovska, Milco Cvetanovski, Tara Ristevska, Dushko Dukovski, Lazar Cadievski, Irina Panovska-Stavridis - Mutational Status of IGVH in Correlation with Genetic Abnormalities of Patients with Chronic Lymphocytic Leukemia in Macedonia - A SingleCentre Experience

Трудови за рецензија IN EXTENSO:

1.Irina Panovska-Stavridis, Nevenka Ridova, Tatjana Stojanoska, Ilir Demiri, Milena Stevanovikj, Simona Stojanovska, Tara Ristevska, Aleksandar Dimkovski, Venko Filipce, Aleksandar Dimovski, Aleksandra Grozdanova - Insight the current pitogress in the largest clinical trials for COVID-19 drug management (as of January 2021) CONTRIBUTIONS. Sec. of Med. Sci., (Прилози (XLII/l за 2021 г.);

~Пандемијата предизвикана од COVID-19 ја генерираше најголемата глобална здравствена криза на 21. век и доведе и до социоекономски потреси. Покрај брзото и обемно континуирано надополнување на научните сознанија за епидемиологијата,

дијагнозата, превенцијата и третманот на COVID-19, вирусот SARS-CoV-2 продолжува да се шири во недостиг на дефинитивни и специфични терапевтски агенси. Актуелните тераписки стратегии главно се насочени на вирусна инхибиција со антивирусни лекови и на потиснување на силно поттикнатиот имун одговор на домаќинот со имуномодулаторни лекови. Во овој преглед ги проучуваме податоците од најголемите планирани клинички студии за третманите на COVID-19 објавени во првата година од почетокот на пандемијата. Генерално, овие резултати се однесуваат најмногу на седум тераписки опции: ремдесивир, хлорокин/хидроксихлорокин, комбинацијата од лопинавир-ритонавир, кортикостероиди, тоцилизумаб и конвалесцентна плазма. Во согласност со објавените податоци до јануари 2021 г., најмногу докази ја поддржуваат примената на ремдесивир кај хоспитализирани пациенти со умерена или тешка форма на болеста и обезбедуваат веродостојни податоци за силниот позитивен ефект на кортикостероидите кај хоспитализирани пациенти што имаат потреба од кислородна поддршка. Дополнително, првичните резултати од студијата RECOVERY ја покажаа ефикасноста на тоцилизумаб во третманот на критично болните пациенти. Сè уште ги исчекуваме резултатите за другите имунобазирани тераписки модалитети во третманот на COVID-19.

2.Argjent Muca, Gazmend Amzai, Tara Ristevska, Tatjana Milenkovikj, Enes Jashari, Lenche Kostadinova, Sefedin Biljali, Jasmina Mecheska Jovchevska - NGAL and Cystatin C: two possible early markers od diabetic nephropathy in patients with type 2 Diabetes mellitus - (Македонски медицински преглед 2020; 74(3))

~Целта на оваа студија беше да се истражи улогата на вредности на NGAL (во урина) и CysC (во серум), како дополнителни тестирања на постојните маркери (микроалбуминурија и креатинин) при демаскирање на рано структурно и функционално бубрежно оштетување кај асимптоматски, нормоалбуминурични пациенти со ДМ тип2. Студијата е проспективна, опсервациска (6 месечно следење), во која беа вклучени 60 пациенти, на возраст од 35 до 70 години. Првите две групи беа пациенти со дијагностициран ДМ тип 2 во траење од минимум 5 години (15 пациенти со дијагностициран ДМ тип 2 со дијабетична нефропатија и 15 пациенти без дијабетична нефропатија). Третата група ја сочинуваа здрави испитаници (30). Освен стандардните биохемиски анализи, кај трите групи беа иследувани концентрации во телесните течности на NGAL (ARCHITECT Urine NGAL) и Cystatin C (нефелометрија), како и стандардните биомаркери за бубрежна нефропатија (серумски креатинин и микроалбуминурија). Испитаниците од трите анализирани групи не се разликуваа сигнификантно во однос на половата структура и возраста. Студијата покажа дека базичните вредности на креатинин, микроалбуминурија, NGAL и CystatinC во серум, беа повисоки кај пациентите со дијагностициран ДМ тип 2 и ДН, во споредба со тие со ДМ тип 2 и без ДН и здравите испитаници. После 6 месечно следење се докажа дека кај пациентите со дијагностициран ДМ тип2 и ДН сите четири параметри беа повисоки со потврдена сигнификантност за разлика од групата на пациенти со ДМ тип2 без ДН. Во групата со дијабетес и дијабетична нефропатија, при реевалуацијата по 6 месечно следење регистрирано е несигнификантно зголемување на биомаркерот NGAL, а сигнификантно зголемување на биомаркерот Cystatin C. Се покажа статистичка сигнификантна корелација на базичните вредности на креатинин со базичните и контролни вредности на Cystatin C и на вредностите на креатинин и NGAL по реевалуација на 6 месеци и сите овие корелации се позитивни. Корелацијата меѓу двата биомаркери NGAL и Cystatin C беше статистички несигнификантна на првото мерење, а сигнификантна и директна, односно позитивна при второто мерење, по 6 месеци. Двата маркери се менуваа правопропорционално во серумот. NGAL и Cystatin C како биомаркери на бубрежно оштетување, се во корелација со пад на бубрежната функција кај пациенти со ДМ тип2, што укажува на тоа дека тие може да се користат како дополнителни тестови на постојните (креатинин и микроалбуминурија) со цел да се демаскира раната бубрежна дисфункција.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Тара Драган Ристовска
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област:***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,65	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: BULATS – ниво Б2 3. Издавач на документот: British Counci 4. Датум на издавање на документот: 27.2.2017	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Марио Јованоски

Биографски податоци

Кандидатот д-р Марио Јованоски е роден на 7.5.1989 година во Скопје, РСМ. Средно образование завршил во СУГС „Никола Карев” – Скопје, со одличен успех. Дипломирал на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во 2014 година, со просечна оценка 9,13. Во 2015 година запишал специјализација по кардиологија. Поминал 4 години како приватен специјализант при Клиниката за кардиологија во Скопје, по што се вработил на истата клиника во декември 2019 година. Работи на Одделот за периферна и коронарна ангиографија, како еден од собните лекари вклучен во целокупната работна дејност на самиот оддел. Одлично го владее англискиот јазик и поседува сертификат на С1-ниво (издаден од страна на British council – Bulats). Има издадено и сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
Во 2020 година запишал докторски студии на Медицинскиот факултет при УКИМ, Скопје.

Д-р Марио Јованоски активно е вклучен во работата на ЈЗУ УК за кардиологија, на Одделот за периферни ангиографии и коронарографии. Како специјализант поминува време на професионално усовршување веќе 5 години во дијагностичките лаборатории (ехокардиографска, доплер лабораторија, коронарен стрес тест), активно вклучен во дијагностиката и третманот на болните во амбулантите при Клиниката за кардиологија и редовно дежура, во кои дежурства активно е вклучен и во работата на единиците за интензивна нега.
Како студент бил дел од Извршниот одбор во MMSA (Македонска асоцијација на студенти при медицина), вклучен во организација на многубројни студентски конгреси од локален како и од интернационален карактер во склоп на IFMSA (интернационална федерација на асоцијации на студенти по медицина), како и учесник на две генерални собранија во Вашингтон (2013) и Тунис (2014).
Во 2013 година е избран за потпретседател на Извршниот одбор на 36. Студентски конгрес во Охрид. Две години поминал како научен офицер за организирање на билатерални студенски размени во склоп на IFMSA.

11-тиот семестар од своите студии го поминал во стручно усовршување на Универзитетската клиника во Љубљана, Словенија. Едномесечни пракси како студент завршил во Реус (Каталонија), во 2013 година, како и во Санкт Петербург (Русија), во 2014 година.

5 месеци работел како доктор по општа медицина на Оддел за васкуларна хирургија во „Ацибадем Систина“ (2015 година), а 9 месеци и како лекар во ПЗУ Центар за внатрешни болести „Срце” (2016/2017).

Активно е вклучен во Извршниот одбор на Здружението на лекари специјализанти (ЗЛС), како и во Комисијата на лекари специјализанти при Лекарската комора. Учествувал на неколкубројни домашни и странски медицински симпозиуми и конгреси од областа на кардиологијата и интерната медицина, меѓу кои: Акутна кардиоваскуларна нега – Малага, 2019 година, Дијабетес и кардиоваскуларни компликации (Будимпешта, Унгарија – 2019; Лвив, Украина – 2019; Сараево, БиХ – 2018; Белград, Србија – 2018).

Во моментов е активен член на повеќе здруженија, и тоа: Европското здружение по кардиологија, Македонското здружение по кардиологија, Здружението на интернисти на Македонија, EASD (European Association for the Study of Diabetes).

Научноистражувачка дејност

Д-р Марио Јованоски е коавтор на неколку трудови и апстракти презентирани и објавени во домашни и странски списанија.

1. Gender phenotype differences in patients with acute coronary syndrome
I Bojovski (Skopje,MK), M Vavlukis (Skopje,MK), M Misailovski (Skopje,MK), E Shehu (Skopje,MK), S Paljoskovska-Jordanova (Skopje,MK), M Boshev (Skopje,MK), S Kjaeva (Skopje,MK), M Jovanoski (Skopje,MK), I Kotlar (Skopje,MK), S Kedev (Skopje,MK)

Целта на оваа студија е да се претстават фенотипските разлики кај пациенти со акутен коронарен синдром. За таа цел, земени се случајно избрани 603 пациенти со различен профил со ACSy како приемна дијагноза и компарирани се во однос на повеќе варијабли, вклучително полот, возраста, главните ризик-фактори за настанување на овој синдром, како и дијагностичките методи употребени за проценка на исходот. Студијата го потврдува зголемениот профил на ризик кај мажите, меѓутоа истовремено укажува дека интрахоспиталната смртност кај нив е намалена поради релативно побрзото време на третман со PCI.

Трудови за рецензија IN EXTENSO:

1. Special conditions in venous thromboembolism –case series
Marijan Bosevski , Irena Mitevska , Marica Pavkovic-, Milka Klincheva-, Emilija Trajkovska Lazarova-, Emilija Velkova-, Zlate Stojanoski-, Nela Kostova-, Savetka Paljoskovska Jordanova-, Danica Petkoska-, Mimi Mancheva , Aleksandra Gulevska-, Marjan Baloski-, Vasko Hadjiev , Gorjan Krstevski-, Viktorija Kralevska-, Ivica Bojovski , Mario Jovanovski-, Vesna Nedelkovska , Atanas Gjorgievski Prilozi. (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2019 Oct 1;40(2):103-111. doi: 10.2478/prilozi-2019-0021. PMID: 31605581.

Целта на серијата на прикази на случаи во областа на венскиот тромбемболизам е да се претстават главните ризик-фактори за настанување на венскиот тромбемболизам (длабоката венска тромбоза и белодробната емболија) во секојдневната клиничка пракса. Тие би биле еден вид на водич од клиничката пракса која помага во дијагностицирањето на овој битен ентитет. Дополнително презентирани се самите ризик-фактори, ризик- стратификаторите, како и исходот кај презентираните 18 случаи, проследени со терапевтскиот пристап и компликациите и бенефитите од него.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Марио Спасо Јованоски
Институција: ***Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”***
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 9,13	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: English 2. Назив на документот: BULATS C1 level 3. Издавач на документот: British council 4. Датум на издавање на документот: 23.8.2017	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Божидар Кочоски
Биографски податоци и образование

Д-р Божидар Зоран Кочоски е роден на 13.11.1985 година во Охрид. Основно образование завршил во Скопје, а природно-математичка гимназија завршил во Охрид. По средното образование се запишал на Медицинскиот факултет во Скопје, каде што и дипломирал во 2010 година со просечен успех 8,05. Лекарскиот стаж го поминал во неколку институции. Државниот испит го положил во 2011 година. Специјализацијата по хематологија ја завршил во јули 2020 година. Од октомври 2016 година е вработен на Универзитетската клиника за хематологија. Кандидатот од ноември 2018 год. е запишан на трет циклус (докторски) студии и на Executive MBA Healthcare на Sheffield University City college Thessaloniki како добитник на државната стипендија. Активно се служи со англискиот јазик.
Д-р Божидар З. Кочоски, во текот на специјализацијата, учествувал на голем број симпозиуми, семинари, работилници и конгреси од областа на хематологијата. Член е на македонските и европските професионални здруженија и организиции.
Научноистражувачка дејност
Д-р Божидар З. Кочоски се јавува како автор и коаватор на повеќе научно-стручни трудови, објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор и научни публикации објавени во зборник на трудови на стручен собир со меѓународен уредувачки одбор.
Во прилог ги доставува следниве трудови за рецензија IN EXTENSO, објавени во научно списание со меѓународен уредувачки одбор:
Gazmend Amzai, Oliver Karanfilski, Sonja Genadieva-Stavric, Tatjana Sotirova, Slobodanka Trpkovska Terzieva, Marica Pavkovic, Dijana Milovska, Argjent Muca, Bozidar Kocoski, Milce Cvetanoski and Aleksandar Stojanovic. CIRS-G score as a rapid way to determine the overall multimorbidity burden and to select optimal and individualized therapy in newly diagnosed eldery CLL patients. Mac.Med.Review 2020; 74(2): 94-98.
Се работи за анализа на коморбидитети кај пациенти со хронична лимфоцитна леукемија (CLL), со цел подобро разбирање на нивната дистрибуција кај пациентите на Универзитетската клиника за хематологија, како и подобра одлука за нивен понатамошен третман.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Божидар Зоран Кочовски
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) Просечниот успех изнесува: 8,05	ДА
2	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Bulats – ниво Б2. 3. Издавач на документот: British Council 4. Датум на издавање на документот: 2.9.2016	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р мед. сци. Лидија Ветеровска Миљковиќ

Биографски податоци
Лидија Ветеровска Миљковиќ е родена на 3.8.1965 год. во Скопје. Основно образование завршила во ОУ „Ј. Х. Песталоци“, а средно во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ со одличен успех (прогласена за првенец на генерацијата).
На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1985/1886 година. Дипломирала на 14.5.1991 год., со просек 8,89. Уште за време на студиите остварила два студиски престоја во Болницата за интерни болести во Картагена, Шпанија, во траење од еден месец, и во Болницата за кардиохирургија во Сремска Каменица, Србија, во траење од еден месец.
Специјализација по интерна медицина завршила во 2006 година. Вработена е во Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ – Скопје.
Во 2008 година остварила студиски престој во „St. Christophers Hospice“ во Лондон во траење од еден месец, а во 2010 година студиски престој во Hospice Casa Sperantei – Brasov, Романија – Training of trainers, како референтни центри за геријатриска и палијативна медицина. Учествувала на многубројни семинари, конференции и конгреси од областа на геријатриската и палијативна медицина со свои усни презентации и трудови, како што се: Европска конференција за палијатива за земји од Југоисточна Европа, Букурешт, 2011 (Enhancing Palliative Care Compliance to International Standards), Seminar in Palliative care in Geriatrics, Salzburg, Open medical Institute, Austria, 2006, Kardinal Konig Haus - Wien-Transnational Leadership Academy for Palliative care, Виена, во 2014, 2015 и 2019 година, Меѓународна конференција за палијатива во Охрид, 2005 (*Facing future challenges togedher*). Геронтолошки завод „13 Ноември“, Фондација „Сју Рајдер“ од Англија – учество како организатор и фасцилитатор на конференцијата: Палијативна медицина во болнички и домашни услови.
Едукација за ехокардиографија: Универзитетска клиника за кардиологија – Медицински факултет – Скопје (1.2.2008 – 31.10.2008).
Едукација за колор доплер на екстракранијални крвни садови - Клиника за неврологија – Клинички центар Србија (1 – 30.9.2013).

На Школата за докторски студии на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – отсек: клиничка медицина, се запишала во 2013 година, а докторирала на 10.10.2019 година, на тема „Системска инфламација предизвикана од коморбидитети и ехокардиографски утврдена дијастолна дисфункција кај стари лица со срцева слабост со сочувана ежекциона фракција“, под менторство на проф. д-р Вера Спироска.
Раководител е на одделот Sue Ryder, во рамките на Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ – Скопје од 2017 година.
Одлично ги владее германскиот, англискиот и српскиот јазик.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ
Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, д-р Лидија Ветеровска Миљковиќ одржува вежби (практична настава), на студиската програма Специјализација по семејна медицина за специјализанти.
Во 2010 година учествувала во експертска група од Министерството за здравство и Медицинскиот факултет во изработка на Национална стратегија за палијативна медицина на Р Македонија.
Изработила елаборат доставен до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, УКИМ – Скопје, за влез во наставна база на Специјализираната болница за геријатриска и палијативна медицина „13 Ноември“ – Скопје.

НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Трудови за рецензија IN EXTENSO:

Како автор и коавтор учествувала во изработка на повеќе научни и стручни трудови, а презентирани се следниве:

1. Veterovska Miljkovic L. Spiroska V. Heart failure with preserved ejection fraction-concept, pathophisiology, diagnosis and challenges for tratment. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences (OAMJMS),2015, 520(7557):119-20.

Се работи за ревијален труд во кој подетално се разработени повеќе аспекти од еден од видовите срцева слабост, кој е особено специфичен и чест кај постарата популација, а тоа е срцева слабост со сочувана ежекциона фракција. Користени се податоци со кои подетално се објаснува за патофизиологијата, дијагнозата и предизвиците за третман, кои сè уште не се целосно дефинирани во праксата кај постарата популација.

2. Veterovska Miljkovic L, Pavleska L, Petreska Zovic B. Inflammatory Mediators and Their Association with Diastolic Dysfunction and Heart Remodeling in the Elderly. Cardiologia Croatica 2018; Vol. 13 No. 7-8 https://doi.org/10.15836/ccar2018.223

Се работи за истражување кое е спроведено на вкупно 78 пациенти постари од 65 години, од кои 60 пациенти се со дијагностицирана срцева слабост со сочувана ежекциона фракција и присутни коморбидитети, а 18 пациенти се контролна група. Клинички и лабораториски иследувања, електрокардиографија, ехокардиографија и колор доплер на каротиди. Како инфламаторнни медијатори се користени hs-CRP IL-6. Пациентите со срцева слабост со сочувана ежекциона фракција и коморбидитети, имаат изразен степен на дијастолна дисфункција и срцево ремоделиење (поголема вредност за E/e', и пониска за e'). hs-CRP IL-6 се силно поврзани со параметрите на срцево ремоделирање.

3. Veterovska Milkovic L**.** Третман на болка во палијативна медицина. 17. Конгрес на лекарите на Р Македонија, 2007 год., со меѓународно учество – усна презентација.

Труд во кој се обработени проколите за третман на болка во палијативната медицина. При тоа се користени препораките од СЗО (step by step), дадено е објаснување за примена на најчестите скали во клиничката пракса, за да се одреди интензитетот на болката (нумеричка и локализациона), видовите на болка и кој тип реагира на кој вид неопијатен или опијатен аналгетик, комбинации, адјувантна терапија, морфиум и страв од негова примена, како и несакани ефекти.

4. Veterovska Miljkovic L. *Arteficial nutrition in patients with malignant disieses in terminal stage.* 8th Macedonian Congress of Gastroenterology with international participation, 2008, Ohrid, Macedonia

Во овој труд се обработени 48 пациенти, сите со напредната малигна болест, за палијативен третман, сместени во хосписот Sue Ryder во Скопје. Кај 36 пациенти во тек на престојот е спроведувана артефицијална нутрицija (назогастрична сонда, пег-сонда, интравенозна нутрицija со протеини и липиди), останатите пациенти одбиваат ваков начин на нутрицija. Разработени се критериуми, како зголемување и одржување на телесната маса, BMI, одржување на нивото на албумини во крвта, должина на живот и етичките дилеми околу квалитет на живот.

5. Veterovska Miljkovic L. *Use of opiod analgetics in palliatice care in Republic of Macedonia.*10th.Congress of the Europian Association of Palliative Care, 2009, Будимпешта, Унгарија

Во овој труд е направена анализа на достапните опијатни аналгетици во нашата држава до 2009 година, направена е споредба со други земји. Истакната е потребата за достапни силни опијатни аналгетици за перорална употреба, кои би можеле пациентите да ги употребуваат во домашни услови, без да мораат да примаат парентерален морфиум и потреба да бидат институционализирани, што ги одделува од семејствата, а истовремено финансиски го оптоварува здравствениот систем.

6. Veterovska Miljkovic L, Ivanovska M. *Symptom management of the end of life- challenges and difficulties in palliative care in the R.of Macedonia.*12th Congress of the European Association of Palliative care, Лисабон, Португалија, 2011.

Во овој труд е направена анализа на симптом-третманот и тешкотиите во овој третман, со кој се соочуваат терминално болните пациенти во нашата држава, со посебна анализа на хоспитално сместени пациенти во тригодишен период во одделот Sue Ryder во Скопје. Опфатени се прашања што се однесуваат на третман на терминална диспнеа, анорексија, малигна интестинална опструкција, лимфедеми, делириум, психолошка поддршка, културолошки согледувања, споредба со останати земји во склоп на Европската асоцијација за палијативна медицина.
7. Veterovska Miljkovic L, Ljatif Petrusoska S. *Bioethical aspects of palliative medicine*. Research Congress in palliative medicine, Берн, Швајцарија, 2018 год.
Во овој труд се опишани основните начела на биоетиката, кои уште од времето на Хипократ, своето место го наоѓаат најмногу во палијативната медицина. Прашања за продолжување на човечкиот живот, автономија и доверба на пациентот, какви се биоетичките дилеми кај нашите пациенти во однос на нашиот менталитет, односот лекар и терминално болен пациент.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Лидија Симеон Ветеровска Миљковиќ
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,89 Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 9,75	ДА
2.	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Б2-ниво според CEFR 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” 4. Датум на издавање на документот: 12.3.2021	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Д-р Александра Стевчевска

Биографски податоци

Д-р Александра Стевчевска е родена на 27.10.1980 година во Скопје. Основно образование и средно медицинско училиште завршила во Скопје, со континуиран одличен успех. Студиите по општа медицина, на Медицинскиот факултет во Скопје ги започнала во 2000 година, а дипломирала во 2008 година и се стекнала со звањето доктор на медицина. Истата година го положила и државниот испит и се стекнала со лиценца за работа. Од октомври 2008 до март 2011 година започнала со волонтерска редовна работа на ЈЗУ Клиника за токсикологија и ургентна интерна медицина, каде што активно учествува во работата на Клиниката.

Специјализација по интерна медицина запишала во 2009 година, а со звањето специјалист по интерна медицина се стекнала во мај 2013 година. Од април 2011 година започнува со редовен работен однос на ЈЗУ Клиника за токсикологија и ургентна интерна медицина. Во април 2018 година започнала со работа на Клиниката за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања во Скопје. Во септември 2019 година започнала со супспецијализација по ендокринологија. Како асистент по интерна медицина на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, ангажирана е од 2016 до 2021 год.. Докторските студии по клиничка медицина, кои се во тек, ги започнала во 2019 година.

Активно познавање на англиски јазик, ниво Б2.

Член е на:
- Научното здружение на ендокринолози и дијабетолози на Македонија
- ESE (European Society for Endocrinology)
- Македонското лекарско друштво (МЛД)
- Здружението на токсиколози на Македонија.

Стручно-научна дејност

Во текот на својата работа, кандидатката учествувала на повеќе работилници и конгреси.

- 1 месец обука за абдоминална ултрасонографија во болницата „Florence Nightingale“ во Истанбул, Турција, 2013 г.
- 1 месец обука за напреднат курс по ултрасонографија на абдомен и УГТ, основен курс по уз на тироидеа во болницата Agostino Gemmili во Рим, Италија, 2015 г.
- 2 месеца обука во Ургентниот центар при Eppendorf, Hamburg, во Германија, во делот на ургентна интерна медицина – 2016 г.
- На Клиниката за ендокринологија, во 2018 г., остварила и обука за ехо на тироидна жлезда.

А. Објавени трудови за рецензија IN EXTENSO:

1. Lidija Petkovska, Andon Chibichev,Aleksandra Stevchevska, Dushan Petkovski Multi-system complications after intravenous cocaine abuse. Open Access Maceodia Journal of Medical Sciences. 2017 Apr 15; 5(2): 231–235.

Приказ на редок случај на предозираност по интравенска апликација на кокаин, во обид за хомоцид. Пациентка се презентира со слика на повеќе системски компликации – хепатална лезија, енецефалопатија, акутна бубрежна слабост, покачени Д-димери, како резултат на секундарно активирана фибринолиза.

2. Andon Chibishev ,Velo Marskovski, Ivica Smokovski,Aleksandra Stevchevska, Emilija Shikole. Nutritional therapy in the treatment of acute corrosive intoxication in adults. Materia Socio Medica, The Academy of Medical Sciences of Bosnia and Herzegovina.

Целта на трудот е да се прикаже значењето на нутритивната поддршка кај пациентите со корозивни интоксикации, во смисла на побрзо опоравување, поретки компликации

од типот на фиброза или стенози на ГИТ, како и намалување на времетраењето на болничкиот третман и подобрување на метаболичките и имунолошките параметри.

3. Lidija Petkovska,Aleksandra Stevchevska, Zvezdana Petronijevic, Andon Chibishev, Dushan Petkovski. Minoxidil Overdose: A case report. Македонски медицински преглед. 2016; 70(2): 104-107. DOI: 10.1515/mmr-2016-0020.

Приказа на случај на интоксикација на 64-годишен пациент со ингестија на 2% топичен раствор на миноксидил. Пациентот се презентира со клиничка слика: тешка хипотензија, субендокардна лезија, тахикардија и градна болка, олигуричен. Покрај мерки на интензивна хидратација и допаминска поддршка, кај пациентот настапила акутна бубрежна слабост. По изведени две хемодијализи, кај пациентот настапило подобрување на параметрите и општата состојба.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Александра Бранимир Стевчевска
(име, татково име и презиме)
Институција: ***Медицински факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“***
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: ***ИНТЕРНА МЕДИЦИНА***

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ
за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
2	Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,1	ДА
3	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Cambridge English Certificate ESOL International (Preliminary) – ниво Б2 3. Издавач на документот: University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: март 2016	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на колегите: д-р Зоран Јаневски, д-р Живко Петровски, д-р Марио Јованоски, асистент докторанд д-р Александра Стевчевска, асистент докторанд д-р Афродита Берат Хусеини, асистент докторанд д-р Марија Попова-Лабачевска, асистент докторанд Никола Ѓорѓиевски, асистент докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, асистент докторанд д-р Анче Волкановска, д-р Вангел Нечевски, д-р Игор Здравковски, асистент докторанд д-р Марија Здравеска, д-р Тара Ристевска, д-р Енес Шеху, д-р Лидија Ветеровска Миљковиќ, д-р Џем Адем, д-р Божидар Кочоски, асистент докторанд д-р Филип Гучев, асистент докторанд д-р Ирена Гиговска Димова и д-р Енес Јашари, и затоа едногласно одлучи дека кандидатите ги исполнуваат општите услови (член 110, 173) според Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), како и посебните услови утврдени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори (Универзитетски гласник број 411/2018) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ги избере кандидатите: д-р Зоран Јаневски, д-р Живко Петровски, д-р Марио Јованоски, асистент докторанд д-р Александра Стевчевска, асистент докторанд д-р Афродита Берат Хусеини, асистент докторанд д-р Марија Попова-Лабачевска, асистент докторанд Никола Ѓорѓиевски, асистент докторанд д-р Владислава Ада Груева Каранфилова, асистент докторанд д-р Анче Волкановска, д-р Вангел Нечевски, д-р Игор Здравковски, асистент докторанд д-р Марија Здравеска, д-р Тара Ристевска, д-р Енес Шеху, д-р Лидија Ветеровска Миљковиќ, д-р Џем Адем, д-р Божидар Кочоски, асистент докторанд д-р Филип Гучев, асистент докторанд д-р Ирена Гиговска Димова и д-р Енес Јашари за асистенти по предметот Интерна медицина.

Им благодариме на кандидатите и на Катедрата за интерна медицина за заедничката работа за време на одвивањето на конкурсот. На избраните асистенти по интерна медицина им посакуваме успех во понатамошната работа и напредок во научноистражувачката и образовната дејност.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубинка Дамјановска Крстиќ, с.р.
Проф. д-р Лидија Петковска, с.р.
Доц. д-р Владимир Андреевски, с.р.

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА И СОЦИОЛОГИЈА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР БОНЕВСКИ, Н. СОР. Д-Р АНДРОМАХИ НАУМОВСКА И ПРОФ. Д-Р МАРИЈА РАЛЕВА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје од 18.5.2021 год., бр.02-2065/38, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на практикумот „Практикум по медицинска психологија и социологија“ од автортите: проф. д-р Димитар Боневски, н. сор. д-р Андромахи Наумовска и проф. д-р Марија Ралева, наменет за студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет, за предметот Медицинска психологија и социологија, избрани се проф. д-р Антони Новотни и проф. д-р Бранислав Стефановски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Практикум по медицинска психологија и социологија
Назив на предметната програма:	Медицинска психологија и социологија
Назив на студиската програма:	Интегрирани студии од прв и втор циклус за студенти по општа медицина
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	Медицинска психологија и социологија (75 часа, 5 кредити)
Предметот Медицинска психологија и социологија на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 75, број на ЕКТС-кредити 5 и се слуша во прв семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 130 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 23 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 36 слики и 3 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Антони Новотни, с.р.
Проф. д-р Бранислав Стефановски, с.р.

II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Антони Новотни

Краток опис на содржината:	рите, по воведното дефинирање на медицинската психологија и нејзиното значење во медицината, детално ги разработуваат сите психолошки процеси (сознајно-когнитивните, емоционалните, конативните, психичките особини, адаптацијата, фрустрацијата, психолошките конфликти и психолошките механизми на одбрана). Следат поглавја посветени на психолошките фактори во здравјето и болеста, психологијата на физичката болка, психолошкиот одговор на болеста, психологијата на болно дете и психологијата на хоспитализираните пациенти. Понатаму се разработени психолошкиот стрес и траума, реакцијата на тагување и психолошкото согорување. Во поглавјето за комуникација се дефинирани основите на комуникација и релевантните аспекти во комуникацијата во релацијата доктор – пациент, како и основите на психолошкото советување. Делот за медицинската социологија ги опфаќа темите за здравјето во социолошки контекст, социјалната биографија, социјалните норми, здравите животни стилови и самогрижата. Следува поглавје за психосоцијалниот стрес, семејното насилство и насилството во заедницата со нивните меѓуодноси и начинот на одржување. Практикумот за сите разработени теми има нагледни практични работилници за нивно совладување низ сознајно-искуствено конципирани вежби. конципиран, овој учебник ќе им биде од особена корист на студентите по општа медицина во изучување на предметот Медицинска психологија и социологија.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Текстот е усогласен со наставните програми.
Предлози за потребни корекции:	Не се потребни корекции.
Оцена на ракописот:	Приложениот ракопис за рецензија, со одлично конципиран пристап кон темите што ги обработува и со богата илустрација со слики, ќе им овозможи на студентите поедноставно стекнување на знаења од медицинската психологија и социологија.
Категоризација:	учебно помагало
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 130 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 23 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 36 слики и 3 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како Практикум по предметот Медицинска психологија и социологија, примарно наменет за студентите на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 25.5.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Антони Новотн, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БРАНИСЛАВ СТЕФАНОВСКИ

Краток опис на содржината:	рите низ поглавјата ги обработуваат сите релевенатни аспекти на медицинската психологија и медицинската социологија. Почнувајќи од опис на сите видови психолошки процеси, потоа психолошката адаптација, фрустрација, психолошките кофликти и механизми на одбрана. Во делот посветен на психологијата на болеста, разработени се психолошките фактори во здравјето и болеста, психологијата на физичката болка, психолошкиот одговор на болеста, психологијата на болно дете и психологијата на хоспитализираните пациенти. Следат поглавја за психолошкиот стрес и траума, реакцијата на тагување и психолошкото согорување. Поглавјето за комуникација ги дефинира основите на човековата комуникација во контекст на значењето на комуникацијата во релацијата доктор – пациент, како и основите на психолошкото советување. Делот за медицинската социологија ги разработува темите за здравјето во социолошки контекст, социјалната биографија, социјалните норми, здравите животни стилови и самогрижата. Поглавјето за психосоцијалниот стрес го разработува стресот како генерален феномен, како и во контекст на семејното насилство и насилството во заедницата. Практикумот за сите разработени теми има нагледни практични работилници за нивно совладување низ сознајно-искуствено конципирани вежби. конципиран, овој учебник ќе им биде од особена корист на студентите по општа медицина во изучување на предметот Медицинска психологија и социологија.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Текстот е усогласен со наставните програми.
Предлози за потребни корекции:	Не се потребни корекции.
Оцена на ракописот:	Приложениот ракопис за рецензија, со одлично конципиран пристап кон темите што ги обработува и со богата илустрација со слики, ќе им овозможи на студентите поедноставно стекнување на знаења од медицинската психологија и социологија.
Категоризација:	учебно помагало
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 130 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 23 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 36 слики и 3 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како Практикум по предметот Медицинска психологија и социологија, примарно наменет за студентите на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 25.5.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Бранислав Стефановски, с.р.

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА НУКЛЕАРНАТА МЕДИЦИНА – УЧЕБНИК ЗА СТУДЕНТИ ПО ОПШТА МЕДИЦИНА“ ОД ГРУПА АВТОРИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет од XXXIV седница одржана на 18.5.2021 година (бр. 02-2065/39), беше одредена Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Соња Топузовска и проф. д-р Марија Вавлукис, за пишување на рецензија за печатење на учебник за студенти по општа медицина под наслов: „Основи на нуклеарната медицина“ од авторите: Венјамин Мајсторов, Даниела Миладинова, Даниела Поп Ѓорчева, Ана Угринска, Синиша Стојаноски, Томислав Станковски, Соња Кузмановска, Тони Трипуноски, Тања Маказлиева и Невена Маневска, наменет за студентите на општа медицина, на интегрираните прв и втор циклус студии на Медицинскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за предметот Нуклеарна медицина.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

I. ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Основи на нуклеарната медицина – учебник за студенти по општа медицина
Назив на предметната програма:	Нуклеарна медицина
Назив на студиската програма:	Општа медицина (интегрирани прв и втор циклус студии)
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети):	30 часа / ЕКТС-кредити – 1,5
Предметот Нуклеарна медицина на Медицинскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 30, број на ЕКТС-кредити – 1,5 и се слуша во V семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 252 страници (формат Б5, напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 62 слики, 19 табели и 3 графици.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Проф. д-р Соња Топузовска, с.р.
Проф. д-р Марија Вавлукис, с.р.

II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Соња Топузовска

Краток опис на содржината:	Ракописот е ново издание на учебник и практикум наменето за изучување и совладување на теоретската и практичната настава по предметот Нуклеарна медицина за студентите по општа медицина. Учебникот е конципиран и логички поделен во две главни поглавја – општа и специјална нуклеарна медицина, а како посебен трет дел на ракописот е додаден практикум. На крајот е даден преглед на користената литература. Во учебникот, преку две поглавја, овозможено е студентот редоследно, систематизирано и едноставно да ја изучува наставната содржина по предметот Нуклеарна медицина. Покрај презентирањето на конвенционалните нуклеарномедицински иследувања, посебен акцент е ставен на примената на најсовремените дијагностички и тераписки модалитети во областа. На тој начин е овозможено стекнување на знаења кои се актуелни и кои се од големо значење за формирање на модерна дијагностичка мисла на лекарот по општа медицина со вклучување на примената на радиотрасерите, но, исто така, овозможуваат преглед на современите тераписки можности и трендови на лекување со радионуклиди, особено на малигните болести, како надополнување на стандардната терапија. Содржината на ракописот е дадена на почетокот и дава јасно обележување на поглавјата со наслови, а во склоп на секое поглавје се дадени поднасловите на содржината која се обработува, при што страните се точно обележени и соодветствуваат на страните на ракописот. Првото поглавје, „Општа нуклеарна медицина“, содржи три поднаслови во кои најнапред се опишани физичките основи на нуклеарната медицина кои се неопходно потребни за да може студентот да го разбере концептот на кој се базира нуклеарната медицина. Понатаму се претставени основните принципи на радиофармацијата преку начините на подготовката на радиофармацевтиците, контрола на нивниот квалитет, како и нивна безбедна примена. Во последниот поднаслов на ова поглавје, авторите го објаснуваат дејството и ефектите на јонизирачкото зрачење врз биолошката материја како основен предуслов за безбедна примена на нуклеарномедицинските испитувања. Второто поглавје, „Специјална нуклеарна медицина“, дава преглед на апликативните можности на нуклеарномедицинските иследувања во разни области на медицината. Се состои од единаесет поднаслови во кои се опфатени најважните дијагностички можности со примена на

	радиозитопите во кардиологијата, хематологијата, пулмологијата, нефроурологијата, гастроентеро-хепатологијата, ендокринологијата, скелетниот систем, кај инфекциите и инфламациите, неврологијата, онкологијата, а на крај, во последниот поднаслов, поместени се современите аспекти на терапијата со радионуклиди како област која бележи голема експанзија во нуклеарната медицина денес. Во третиот дел на ракописот, „Практикум“, содржани се осум поднаслови кои претставуваат добра основа за стекнување со знаења потребни за совладување на практичната настава од општата и од специјалната нуклеарна медицина. Покрај краток опис на вежбата и толкување на резултатите од применетото испитување, поместени се примери за клиничката примена на радиотрасерите и дадени се задачи кои студентот треба да ги изработи за успешно завршување на вежбата. Во делот „Литература“ содржани се референците кои се користени при подготвувањето на ракописот и кои му овозможуваат на студентот да ги прошири своите знаења.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма по предметот Нуклеарна медицина, кој е задолжителен предмет за студентите по општа медицина.
Предлози за потребни корекции:	Не се потребни корекции.
Оцена на ракописот:	Ракописот е добро структуриран, претставува осовременување на предметниот материјал и ќе му овозможи на студентот стекнување со потребните знаења од областа на нуклеарната медицина.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 252 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 65 слики, 19 табели и 3 графици. Предложениот ракопис ќе им овозможи на студентите полесно совладување на предметниот материјал.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Нуклеарна медицина, примарно наменет за студентите по општа медицина на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 9.6.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Соња Топузовска, с.р.

II. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ВАВЛУКИС

Краток опис на содржината:	За рецензија е доставен ракопис, кој по својата содржина и структурираност сосема ги исполнува критериумите за учебник по теоретска и практична настава по предметот Нуклеарна медицина. Даден е концизен преглед на примената на радиоизотопите во современата медицина, при што најпрво се презентирани базичните научни принципи и концепти на кои почива нуклеарната медицина, а потоа систематски се опишани клиничките апликации во разни области. Со тоа е овозможено студентот постепено да навлезе во материјата и да се стекне со неопходните знаења за оптимално користење на можностите кои ги дава оваа динамична област, за да потоа преку вежбите од практикумот да добие и практична надградба на теоретските познавања. Ракописот е организиран во четири поглавја, вклучувајќи ја и литературата, при што првите две поглавја претставуваат учебник, а третиот дел е практикум. Во првото поглавје претставени се постулатите на нуклеарната физика, инструментацијата и современите видови на хибридни гама-камери, потоа основите на радиофармацијата и радиобиологијата како важни предуслови за успешна примена на радиофармацевтиците во отсликување на разни аспекти на функционалните нарушувања во човековото тело. Како логичен продолжеток следува второто поглавје, каде што е опишана дијагностичката и тераписката примена во разни области на клиничката медицина, почнувајќи од добро етаблираните методи, па сè до оние најсовремените. Во секој поднаслов систематизирано и концизно е дадено објаснување на методата, потоа наведени се радиофармацевтиците кои се користат и механизмот на нивната акумулација, понатаму начинот на изведување и интерпретација на добиените резултати и на крај се дадени најважните индикации. Исто така, опишана е примената на новите позитронски радиофармацевтици и придонесот на хибридните системи, особено во кардиологијата и онкологијата. Во делот од ракописот означен како „Практикум“, поместени се практични вежби од општата и специјалната нуклеарна медицина кои се богато илустрирани со слики и даваат можност за интерактивност на студентот во текот на изведувањето на практичната настава.

Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Концептот и содржината на ракописот се целосно усогласени со наставната програма по предметот Нуклеарна медицина за студентите по општа медицина.
Предлози за потребни корекции:	Без корекции.
Оцена на ракописот:	Ракописот во целост ги задоволува критериумите за учебник по предметот Нуклеарна медицина.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 252 страници (формат Б5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 65 слики, 19 табели и 3 графици. Предложениот текст ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења од областа на нуклеарната медицина.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по практична настава по предметот Нуклеарна медицина, примарно наменет за студентите на Медицинскиот факултет.

Во Скопје, 9.6.2021 година

Рецензент
Проф. д-р Марија Вавлукис, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГРАЃАНСКО МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците *Вечер* и *Koha* од 4.5.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-650/3, донесена на 7.6.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Гале Галев, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (во пензија), д-р Родна Живковска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје и д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област граѓанско материјално право, во предвидениот рок се пријави д-р Ненад Гавриловиќ.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Ненад Гавриловиќ е роден на 28.7.1982 година во Алексинац, Република Србија. Од 1983 година живее во Скопје, каде што завршил основно образование. Средно образование завршил во ДСУ Гимназија „Јосип Броз-Тито“ во Скопје со одличен успех, на насоката општа гимназија. Во 2001 година се запишал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на правните студии. Дипломирал на истиот факултет на 1.3.2005 година, по три и полгодишно студирање, со просечен успех 9,74, како првенец на својата генерација. Во текот на студирањето двапати, како најдобар студент на соодветната академска година, бил на престој во Москва, Руска Федерација, како гостин на Правниот факултет при Државниот универзитет „Ломоносов“.

Во академската 2005/2006 година се запишал на постдипломските студии по граѓанско право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Испитите од постдипломските студии ги положил заклучно со 24.4.2007 година, со просечен успех 10,00. На 14.5.2008 година, успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Формата на договорите во домашното и компаративното договорно право“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнал со научниот степен магистер на науки од областа на граѓанското право. На 14.11.2011 година, успешно ја одбранил докторската дисертација со наслов „Споредбеноправни аспекти на договорот за франшиза“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со што се стекнал со научен степен – доктор на правни науки.

На 23.4.2008 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот е избран во звањето помлад асистент на областа граѓанско право – облигационо право и право на интелектуална сопственост (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 938 од 14.4.2008 година). На 4.6.2009 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот е избран во звањето асистент на научната област граѓанско материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 964 од 15.5.2009 година). На 27.4.2012 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот е избран во звањето доцент на научната област граѓанско материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1028 од 2.4.2012 година).

На 18.11.2016 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот е избран во звањето вонреден професор на научната област граѓанско материјално право (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1132 од 14.10.2016 година).

Кандидатот активно ги владее англискиот и српскиот јазик, има солидни познавања на италијанскиот и шпанскиот јазик, додека пасивно го владее германскиот јазик. Поседува компјутерски вештини и се служи со информатичката технологија.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 938 од 14.4.2008 година, Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 964 од 15.5.2009 година, Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1028 од 2.4.2012 година и Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1132 од 14.10.2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација што е од важност за изборот.

Наставно-образовна дејност

Кандидатот д-р Ненад Гавриловиќ е континуирано и активно вклучен во наставно-образовната дејност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, почнувајќи од академската 2004/2005 година, при што поминал низ сите соработнички звања како и наставно-научните звања доцент и вонреден професор. Така, во академската 2004/2005 година, кандидатот е за прв пат избран за демонстратор. Од првиот негов избор за демонстратор, па сè до неговиот избор во звањето помлад асистент, кандидатот бил демонстратор на наставните предмети облигационо право, авторско право, право на индустриска сопственост и граѓанско право – применета програма.

По изборот во звањето помлад асистент, на 23.4.2008 година, како и по изборот во звањето асистент, на 4.6.2009 година, кандидатот е активно вклучен во изведувањето на вежбите, но и на дел од наставата, на повеќе наставни предмети, како на првиот циклус студии, така и на вториот циклус студии. По неговиот избор во звањето доцент, на 27.4.2012 година, кандидатот ги предава наставните предмети: Облигационо право (прв циклус од правните студии); Право на интелектуална сопственост (втор циклус од правните студии на насоката за деловно право); Договорно право и граѓанско право - применета програма (втор циклус од правните студии на насоката за граѓанско материјално право и граѓанско процесно право); Introduction to Intellectual Property Law, Copyright and Related Rights, Patents и Competition & Antitrust (втор циклус од правните студии на насоката за право на интелектуална сопственост/двојна диплома со Универзитетот во Стразбур (Центар за меѓународни студии по право на интелектуална сопственост); како и изборните/опциони наставни предмети Конкурентско право, Право на осигурување и обезбедување трансакции, Отштетно право, Потрошувачко право, Договори на автономната трговска практика и Интернет-право. По неговиот избор во звањето вонреден професор, кандидатот ги предава наставните предмети: Облигационо право (прв циклус од правните студии); Договорно право и граѓанско право – применета програма (втор циклус од правните студии на насоката за граѓанско материјално право и граѓанско процесно право); Competition & Antitrust/конкурентско право (втор циклус од правните студии на насоката за право на интелектуална сопственост); како и изборните/опциони наставни предмети: Конкурентско право, Право на осигурување и обезбедување трансакции, Отштетно право, Право на интелектуална сопственост, Потрошувачко право, Договори на автономната трговска практика и Интернет-право.

Кандидатот бил ментор на поголем број магистерски трудови, со тоа што од последниот избор под негово менторство магистрирале 26 кандидати. Од последниот

избор учествувал како член во комисии за оцена и одбрана на 88 магистерски трудови и на 5 докторски дисертации.

Научноистражувачка дејност

Кандидатот д-р Ненад Гавриловиќ е автор или коавтор на бројни книги, научни и стручни трудови. Кандидатот е автор или коавтор на 84 научни и стручни трудови, објавени во земјата и во странство. Трудовите се од соодветната научна област, односно од областа на граѓанското право, облигационото право, потрошувачкото право, правото на интелектуална сопственост и конкурентското право. Од овие трудови, 13 се објавени по неговиот избор во звањето вонреден професор.

Понатаму, кандидатот е коавтор на бројни книги. Така, тој е коавтор на рецензираниот универзитетски практикум „Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум“, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2011 година). Коавтор е и на рецензираниот универзитетски учебник под наслов „Договори на автономната трговска практика“, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2012 година). Другите книги во коавторство на кандидатот се покриени со соодветните реферати за избор во претходни звања.

Кандидатот, по неговиот избор во звањето вонреден професор, учесник е на домашни и меѓународни научни проекти. Понатаму, кандидатот е активен учесник на советувања, конференции, обуки, работилници и научни и стручни собири, како во земјата така и во странство. На повеќето од нив, кандидатот се појавува не само како учесник, туку и како излагач, односно предавач. Мошне е забележливо учеството на кандидатот како предавач и обучувач на Академијата за судии и јавни обвинители. Неговото учество на научни проекти, особено меѓународни, е забележително и пред неговиот избор во звањето вонреден професор.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Што се однесува до стручно-апликативната дејност, кандидатот бил и континуирано останува вклучен во изработката на законски и подзаконски текстови, стратегии и стручни и експертски анализи. Кандидатот е активно вклучен во работата на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, каде што бил член на бројни факултетски комисии и тела. Кандидатот е член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија. Активно е вклучен во работата на Организацијата на потрошувачите на Македонија.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Ненад Гавриловиќ континуирано добива позитивни оценки од евалуацијата врз основа на анонимно спроведените анкети на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија со внимание ја разгледа пријавата на кандидатот д-р Ненад Гавриловиќ. По увидот во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на кандидатот, Рецензентската комисија наоѓа дека кандидатот д-р Ненад Гавриловиќ ги исполнува условите да биде избран во звањето редовен професор на научната област граѓанско материјално право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Ненад Гавриловиќ поседува научни и стручни квалитети во изведувањето на разни видови високообразовна дејност и според Законот за високото образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и општите акти на Универзитетот и на Факултетот, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област граѓанско материјално право.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, д-р Ненад Гавриловиќ да биде избран во звањето редовен професор во научната област граѓанско материјално право.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Гале Галев, с.р.
Проф. д-р Родна Живковска, с.р.
Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Ненад Миќа Гавриловиќ
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: граѓанско материјално право

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,74 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	ДА, иако нерелевантно за кандидатот согласно чл. 166 ст. 5 ЗВО
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: граѓанско материјално право; поле: правни науки; подрачје: општествени науки.	ДА
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	ДА
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	ДА (в. Образец 2)
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови	ДА (в. Образец 2)
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД	ДА (в. Образец 2)
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји	ДА (в. Образец 2)

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Договори на автономната трговска практика (коавтор) 2. Место и година на објава: Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2012 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Основи на правото на интелектуална сопственост: практикум (коавтор) 2. Место и година на објава: Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, 2011	ДА
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 18.11.2016 (Билтен бр. 1132 од 14.10.2016)	ДА
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	ДА

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Гале Галев, с.р.
Проф. д-р Родна Живковска, с.р.
Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Ненад Мика Гавриловиќ
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Научна област: граѓанско материјално право

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава**	
1.1.	**од прв циклус студии** **Облигационо право** учебна 2016/2017 2,66*15*0,04 = 1,6 учебна 2017/2018 2,66*15*0,04 = 1,6 учебна 2018/2019 2,66*15*0,04 = 1,6 учебна 2019/2020 2,66*15*0,04 = 1,6 учебна 2020/2021 2,66*15*0,04 = 1,6	8
1.2.	**од втор циклус студии** **мастер: Граѓанско материјално право и Граѓанско процесно право** **Договорно право** учебна 2016/2017 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2017/2018 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2018/2019 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2019/2020 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2020/2021 1,66*15*0,05 = 1,25 **Граѓанско право – применета програма** учебна 2016/2017 0,33*15*0,05 = 0,25 учебна 2017/2018 0,33*15*0,05 = 0,25 учебна 2018/2019 0,33*15*0,05 = 0,25 учебна 2019/2020 0,33*15*0,05 = 0,25 учебна 2020/2021 0,33*15*0,05 = 0,25 **Право на интелектуална сопственост (изборен од модул А – Граѓанско материјално право)** учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2018/2019 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17 **Отштетно право (изборен од модул А – Граѓанско материјално право)**	20,95

	учебна 2016/2017 1,16*15*0,05 = 0,87 учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2018/2019 1,16*15*0,05 = 0,87 учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17 **Право на интелектуална сопственост (опционен)** учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17 **Отштетно право (опционен)** учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17 **Потрошувачко право (опционен)** учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2018/2019 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17 **Интернет-право (опционен)** учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17 **Конкурентско право (опционен)** учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17 **Договори на автономната трговска практика (опционен)** учебна 2016/2017 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2017/2018 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2018/2019 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2019/2020 0,23*15*0,05 = 0,17 учебна 2020/2021 0,23*15*0,05 = 0,17 **Право на осигурување и обезбедување трансакции (опционен)** учебна 2020/2021 0,06*15*0,05 = 0,05 **мастер: Деловно право** **Право на интелектуална сопственост** учебна 2016/2017 1,66*15*0,05 = 1,25	

	мастери: Деловно право и Финансии и финансово право **Право на осигурување и обезбедување трансакции (изборен од модул А и изборен од модул Б)** учебна 2016/2017 0,06*15*0,05 = 0,05 учебна 2017/2018 0,06*15*0,05 = 0,05 учебна 2018/2019 0,06*15*0,05 = 0,05 учебна 2019/2020 0,06*15*0,05 = 0,05 учебна 2020/2021 0,06*15*0,05 = 0,05 **мастер: Право на интелектуална сопственост** **Introduction to Intellectual Property Law** учебна 2016/2017 0,73*15*0,05 = 0,55 **Copyright and Related Rights** учебна 2016/2017 1,46*15*0,05 = 1,1 **Patents** учебна 2016/2017 1,46*15*0,05 = 1,1 **Competition & Antitrust/Конкурентско право** учебна 2016/2017 1,33*15*0,05 = 1 учебна 2017/2018 1,66*15*0,05 = 1,25 учебна 2019/2020 0,5*15*0,05 = 0,37 учебна 2020/2021 0,5*15*0,05 = 0,37	
2.	**Настава во школи и работилници**	
2.1.	**Учесник** Есен 2019: излагање на работилница „Европско потрошувачко право“, со теми: „Потрошувачко право на ЕУ: вовед и основи“ и „ Споредба помеѓу Директивата за правата на потрошувачите (Директива 2011/83/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот) и Законот за заштита на потрошувачите на Северна Македонија“, Скопје, Република Северна Македонија	1
3.	**Консултации со студенти** учебна 2016/2017 200*0,002 = 0,4 учебна 2017/2018 200*0,002 = 0,4 учебна 2018/2019 200*0,002 = 0,4 учебна 2019/2020 200*0,002 = 0,4 учебна 2020/2021 200*0,002 = 0,4	2

4.	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд** 5*0,7	3,5
5.	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** 88*0,3	26,4
6.	**Интерна скрипта од предавања**	
6.1.	Competition & Antitrust (Конкурентско право), 2018	4
7.	**Рецензент на универзитетски учебник**	
7.1.	Учебник „Европско семејно право“ од авторите проф. д-р Дејан Мицковиќ и проф. д-р Ангел Ристов (Билтен на УКИМ бр. 1223 од 1.10.2020 година)	1
	Вкупно	**66,85**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Ментор на магистерски труд** 26*2	52
2.	**Учесник во национален научен проект**	
2.1.	Евроинтеграција на општествениот, правниот и политичкиот систем на Република Македонија, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2016-2021	3
3.	**Учесник во меѓународен научен проект**	
3.1.	„Јакнење на капацитетите и механизмите за поддршка на реформскиот процес на Поглавје 20 (ЈЕСНетворк+)”, ЕУ/ИПА, 2018	5
4.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	
4.1.	European contract law and the problem of modified acceptance: is there room for a unified approach? (автор), Iustinianus Primus Law Review, vol. 11, issue 1, Скопје, 2020	5
5.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не**	

	може да надминува две третини од вкупниот број на членови	
5.1.	Одговорност за штета предизвикана од животни: секторски режим за јавните патишта (автор), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ по повод 40 години од основањето на студиите по новинарство, том 57, Скопје, 2018	5
5.2.	Авторскоправна заштита на филмските дела: со посебен осврт на договорот за филмско дело (коавтор), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на Марјан Марјановски, том 56, Скопје, 2017	4,5
5.3.	Понуда за закључење уговора у пројекту грађанске кодификације Републике Македоније, (коавтор), Право и привреда, vol. 55, бр. 7-9, Београд, 2017	4,5
5.4.	Одговорност за штета предизвикана од животни: општ режим (автор), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на Јане Миљовски, том 54, Скопје, 2016	5
5.5.	Модалитети на правната заштита на потрошувачите од нечесните договорни клаузули во европското право и правните системи на земјите на регионот: состојби и перспективи (коавтор), Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на Петар Манговски, том 55, Скопје, 2016	4,5
6.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД**	
6.1.	Някои паралели между правата на интелектуална собственост в римското и в съвременното право, и по-специално относно авторското право и правото на търговска марка (коавтор), Ius Romanum No. 2, София, 2016	3
7.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	
7.1.	Одржувањето на јавните патишта и штетите предизвикани од животни: критика на секторските правила (автор), 3. Меѓународна научна конференција Охридска школа на правото 2017 – Ефективната заштита на човековите права и слободи: реалност или идеал, Скопје, 2017	5
7,2.	Neke dileme oko reformisanja posebnih oblika ugovora o prodaji u radnoj verziji Građanskog zakonika Republike Makedonije (коавтор), Aktualnosti građanskog i trgovačkog zakonodavstva i pravne prakse: zbornik radova, XV, Pravni fakultet Sveučilišta u Mostaru, Mostar, 2017	4,5
7.3.	Одговорност даваоца услуга у европском уговорном праву и у правним системима земаља региона: општи	4,5

	режим (коавтор), Услуге и одговорност: Зборник реферата са Међународног научног скупа одржаног 19. маја 2017. године, Правни факултет Универзитета у Крагујевцу, Крагујевац, 2017	
8.	**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание**	
8.1.	Модалитети на правната заштита на потрошувачите од нечесните договорни клаузули (коавтор), Правник, бр. 294, Скопје, 2016	1,8
9.	**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**	
9.1.	Жигови гаранције: европска и регионална регулациона искуства (автор), Изазови права интелектуалне својине у 21. веку: Зборник реферата по позиву са научног скупа у част проф. др Божина Влашковића одржаног 23. новембра 2019. година на Правном факултету у Крагујевцу, Правни факултет Универзитета у Крагујевцу, Крагујевац, 2019	2
10.	**Рецензија на научен/стручен труд** 1*0,2	0,2
11.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир**	
11.1.	Есен 2019: учество и излагање на научен собир „Предизвици на правата на интелектуална сопственост во 21 век“, Крагуевац, Република Србија	2
11.2.	Есен 2019: излагање на советувањето „Поништување и раскинување на договорите“, со тема „Поништување и раскинување на договорите во споредбената практика на судовите на поранешните Југословенски републики“, Скопје, Република Северна Македонија	2
11.3.	Есен 2019: излагање на советување со тема: „Усогласување на Нацрт-законот за заштита на потрошувачите (ЗЗП), со посебен акцент на надлежноста на надзорот и казнените одредби“, Скопје, Република Северна Македонија	2
11.4.	Зима 2018/2019 година: излагање на советување со тема „Граѓанскоправна заштита на авторското право и сродните права: тужбени барања и времени мерки“, Скопје, Република Македонија	2
11.5.	Есен 2018 година: излагање на советување со тема „Граѓанскоправна заштита на правата од индустриска сопственост: тек на парничната постапка и тужбени барања“, Скопје, Република Македонија	2
11.6.	Зима 2016/2017 година: излагање на обука со тема „Неважност на договорите“, Скопје, Република Македонија	2
11.7.	Есен 2016 година: излагање на форум „Како да ги унапредиме правата на потрошувачите?“, со тема „Домување во колективните згради“, Скопје, Република Македонија	2
11.8.	Есен 2016 година: излагање на советувањето „Судска практика, карактеристични ситуации, примери и насоки за соодветно (ефективно и ефикасно) водење на постапките за надомест на нематеријална и	2

	материјална штета“, со тема „Актуелни прашања во врска со карактеристичните ситуации, примери и насоки за соодветно водење на постапките за надомест на нематеријална и материјална штета“, Скопје, Република Македонија	
12.	**Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
12.1.	Пролет 2017 година: учество и излагање на XIII меѓународен научен собир „Услуги и одговорност“, Крагуевац, Република Србија	3
12.1.	Пролет 2017 година: учество и излагање на 3. Меѓународна научна конференција „Охридска школа на правото“, Охрид, Република Македонија	3
	Вкупно	**131,5**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Поглавје во книга**	
1.1.	**Автор** Право на интелектуална сопственост на Европската Унија (автор), Европска Унија: право и политики, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Штип, 2019	3
2.	**Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот**	
2.1.	Учесник/соработник Анализи и предизвици на финансирањето на малите и средните претпријатија во Република Македонија: компаративни искуства од Европската Унија (коавтор), Центар за европско применето право и економија, Скопје 2018	1
3.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** 3*0,5	1,5
4.	**Член во комисија за изработка на закон**	
4.1.	2020 година: член на Работна група за финализирање на Предлог-законот за облигационите односи	4
4.2.	2018-2019 година: член на Работна група за изработка на нов Закон за заштита на потрошувачите	4
5.	**Член во комисија за изработка на измени и дополнувања на закон; изработка на подзаконски акт**	
5.1.	2019 година; член на Комисија за изготвување на Програмата за полагање на правосудниот испит	2
5.2.	2017 година: член на Работна група за областа за колективно остварување на авторското право и сродните права	2
Дејности од поширок интерес		
6.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	

6.1.	Член на Уредувачкиот одбор на списанието „Iustinianus Primus Student Law Review“	0,5
6.2.	Член на меѓународниот Издавачкиот совет на списанието „Европско право“	0,5
6.3.	Член на Уредувачкиот одбор на стручното списание „Правник“	0,5
7.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**	
7.1.	Член на Организационен одбор за Годишна научна конференција 2021 година на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје	1
8.	**Член на факултетска комисија**	
8.1.	Член на Комисија за избор на демонстратор на предметот Стварно право за учебната 2020/2021 година	0,5
8.2.	2019 година: член на Работна група за изработка на елаборат за спроведување на подготвителна настава за полагање на правосуден испит	0,5
8.3.	Командант на Штабот за заштита и спасување на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје	0,5
8.4.	Член/претседател на Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (2016-2021)	0,5
9.	**Член на комисија за избор во звање**	
9.1.	Член на Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научна област граѓанско право на Факултетот за правни науки при Меѓународниот славјански универзитет „Г.Р. Державин“, Свети Николе – Битола	0,2
10.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
10.1.	Член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија (2016-2021)	1
10.2.	Член на Комисијата за јавни услуги при Организацијата на потрошувачите на Република Македонија	1
10.3.	Член на Собранието на Организацијата на потрошувачите на Република Македонија	1
10.4.	Член на Комисијата за домување на Организацијата на потрошувачите на Република Македонија	1
	Вкупно	**26,2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**66,85**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**131,5**
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	/
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**26,2**
Вкупно	**224,55**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Гале Галев, с.р.
Проф. д-р Родна Живковска, с.р.
Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА РАКОПИСОТ „МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ТОНИ ДЕСКОСКИ И ПРОФ. Д-Р ВАНГЕЛ ДОКОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, бр. 02-1289/10 од 28.12.2020 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Меѓународно приватно право“ од авторите: проф. д-р Тони Дескоски и проф. д-р Вангел Доковски, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, за предметот Меѓународно приватно право, избрани се проф. д-р Славко Ѓорѓевиќ и проф. д-р Мирјана Ристовска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

III. ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Меѓународно приватно право
Назив на предметната програма:	Меѓународно приватно право
Назив на студиската програма:	Правни студии
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	**60 часа, 7 ЕКТС-кредити**
Предметот Меѓународно приватно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 60, број на ЕКТС-кредити 7 и се слуша во шести семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 570 страници (формат Б-5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 19 поглавја (вклучувајќи ја литературата).

РЕЦЕНЗЕНТИ
Проф. д-р Славко Ѓорѓевиќ, с.р.
Проф. д-р Мирјана Ристовска, с.р.

IV. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Славко Ѓорѓевиќ

Краток опис на содржината:	Ракописот „Меѓународно приватно право“ содржи 19 поглавја кои на систематски начин ја обработуваат сложената проблематика од областа на меѓународното приватно право. Во воведниот дел од ракописот, авторите своето внимание го насочуваат кон поставување на основните на меѓународното приватно право како посебна научна дисциплина и ги обработуваат класичните прашања на поим, предмет, извори, методи и начела на меѓународното приватно право. Притоа, авторите го прифаќаат поширокото сфаќање за предметот на меѓународното приватно право и од тие причини, ракописот ги опфаќа прашањата за судирот на законите, судирот на јурисдикциите, државјанството и правната положба на странците. Исто така, во ракописот се обработува и историската генеза на меѓународното приватно право. Во однос на државјанството, преку анализа на позитивните прописи на Северна Македонија, се дава целосен преглед на начините на стекнување на државјанство на Северна Македонија. Потоа, анализата продолжува кон правната положба на странците. Во овој дел од ракописот, авторите најпрво ги објаснуваат видовите на права на странците, класифицирани според степенот на нивна достапност за странците, потоа условите под кои странците можат да се користат со релативно резервирани права и на крајот, кои граѓански субјективни права и под кои услови можат да ги користат странците во Северна Македонија. Централниот дел од ракописот е посветен на сржта на меѓународното приватно право – судирот на законите и судирот на јурисдикциите. Врз основа на богатата литература кои ја користат авторите при изработка на ракописот, делот од судирот на законите најпрво се анализира од теоретски аспект. Вниманието е посебно насочено кон поставување на основните на судирот на законите, основните институти на судирот на законите и класичните точки на врзувањето. Потоа, се дава детален преглед на колизионите норми содржани во Законот за меѓународно приватно право на Северна Македонија. Излагањата во ракописот продолжуваат со елаборирање на судирот на јурисдикциите и е даден теоретски и позитивноправен осврт на следниве прашања: меѓународна судска надлежност, положба на странците во постапка пред судовите во Северна Македонија, меѓународна правна помош, легализација на странските јавни исправи и признавање и извршување на странските судски (и арбитражни) одлуки. На крајот од ракописот,

	обработени се основните на меѓународната трговска арбитража.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Ракописот е целосно усогласен со предметната програма по меѓународно приватно право.
Предлози за потребни корекции:	Текстот на трудот ги задоволува сите критериуми за изработка на учебник и нема потреба од дополнителни корекции.
Оцена на ракописот:	Ракописот по меѓународно приватно право, според начинот на кој е изработен, ги задоволува стандардите за успешен универзитетски ракопис. При изработка на ракописот, користена е бројна литература од областа на меѓународното приватно право. На секое прашање, авторите му пристапуваат од теоретски аспект, но за полесно разбирање на материјата од страна на студентите, дадени се и бројни примери. На тој начин, на читателот му се дава целосна слика за како во практиката функционира Законот за меѓународно приватно право на Северна Македонија. Исто така, преку ракописот се дава увид и во компаративното меѓународно приватно право, а посебно и на европското меѓународно приватно право. Авторите, текстот на ракописот го изработуваат преку постепена градација на четивото, започнувајќи од самите основи на меѓународното приватно право, па се до најсовремените сфаќања во однос на оваа правна дисциплина. Ракописот е приспособен за студенти на додипломски и постдипломски студии, преку користење на различна големина на букви (12 и 10) низ текстот на ракописот.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 570 страници (формат Б-5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 19 поглавја (вклучувајќи ја литературата).

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Меѓународно приватно право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Крагуевац, Р Србија, 4.6.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Славко Ѓорѓевиќ, с.р.

III. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Мирјана Ристовска

Краток опис на содржината:	Текстот на ракописот „Меѓународно приватно право“, кој е предмет на рецензија, ја обработува проблематиката од областа на меѓународното приватно право од теоретски, но и од практичен аспект. Авторите, преку 19 поглавја, даваат увид во проблематиката на меѓународното приватно право и на студентите им овозможуваат преку еден современ пристап да се стекнат со потребното теоретско знаење, но и способност самите да ги применуваат законските норми содржани во Законот за меѓународно приватно право на Северна Македонија. Најпрво, во ракописот се обработуваат прашањата поврзани со поимот, предметот, називот, методите и начелата на меѓународното приватно право. Потоа, извршена е детална анализа на изворите на меѓународното приватно право, при што е даден целосен преглед на сите меѓународни договори кои ги има склучено Северна Македонија, а се извор на меѓународното приватно право, како и позитивните законски прописи. Развојот на меѓународното приватно право е анализиран во делот кој е насловен „Историска генеза на меѓународното приватно право“. Предмет на обработка во овој дел е појавата на меѓународното приватно право и неговиот развој низ различни временски периоди. Исто така, авторите своето внимание го насочуваат и кон современото меѓународно приватно право, со посебен интерес на европското меѓународно приватно право. Преку користење на компаративниот метод, сите институти на меѓународното приватно право се обработени од аспект на европското меѓународно приватно право и меѓународното приватно право на Северна Македонија. Текстот на ракописот може да се подели на четири составни дела, кои во суштина го даваат поширокиот предмет на меѓународното приватно право – државјанството, правната положба на странците, судирот на законите и судирот на јурисдикциите. Во однос на државјанството и правната положба на странците, ракописот ја опфаќа националната правна рамка на Северна Македонија. Судирот на законите е обработен на класичен начин. Најпрво се обработуваат институтите на судирот на законите, потоа се дава теоретска основа на петте најзначани точки на врзувањето, а на крајот точките на врзувањето за одделните видови граѓанскоправни односи со странски елемент. Судирот на јурисдикциите се обработува преку позитивните одредби содржани во Законот за меѓународно приватно право на Северна Македонија. Така, одредбите за меѓународна судска надлежност се

	систематизирани во посебни прашања во кои се обработуваат видовите на меѓународна надлежност. На крајот од ракописот се обработува воведот во меѓународната трговска арбитража.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Текстот на ракописот „Меѓународно приватно право“ е во целост усогласен со предметната програма по меѓународно приватно право. Пристапот е академски и следи современ пристап кон изучување на научната дисциплина.
Предлози за потребни корекции:	Од читањето на текстот на ракописот „Меѓународно приватно право“ не произлегува потреба за дополнителни корекции и усогласувања со наставната програма.
Оцена на ракописот:	Ракописот кој е даден на оцена на еден современ начин ја обработува материјата на меѓународното приватно право. На читателот му се овозможува преку постепена градација да се запознава со правилата на меѓународното приватно право и самиот да може да применува одредби од Законот за меѓународно приватно право. Преку класичен пристап, изработен е ракопис кој по својата методологија е на ниво на учебници кои се користат на правните факултети во странство. Авторите на успешен начин вршат поврзување на теоријата со практиката. За да се олесни материјата и да се доближи до студентите, изработени со хипотетски случаи преку кои сликовито се даваат решенија на проблемите од оваа научна дисциплина. Ракописот претставува успешен производ на коавторство меѓу автори кои пристапуваат на меѓународното приватно право, пред сè од компаративен аспект. Текстот, исто така, претставува и своевиден вовед во европското меѓународно приватно право со оглед на начинот на обработка на Законот за меѓународно приватно право на Северна Македонија, кој е изработен врз основа на Регулативите на Европската Унија.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 570 страници (формат Б-5) напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во 19 поглавја (вклучувајќи ја литературата).

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Меѓународно приватно право, примарно наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Битола, 7.6.2021 година

Рецензент
Проф. д-р Мирјана Ристовска, с.р.

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „УСТАВНО ПРОЦЕСНО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ТАЊА КАРАКАМИШЕВА-ЈОВАНОВСКА, ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ, ДОЦ. Д-Р ДЕНИС ПРЕШОВА И Д-Р ДЕЈАН САВЕСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први”, бр. 02-1289/9 од 28.12.2020 година**, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот под наслов „Уставно процесно право“ од авторите: проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Денис Прешова и д-р Дејан Савески, избрани се емеритус проф. д-р Цирил Рибичич и проф. д-р Саво Климовски.**

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

V. ОПШТ ДЕЛ

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	Уставно процесно право
Назив на предметната програма:	Уставно процесно право
Назив на студиската програма:	Правни студии, студиска програма од научната област уставно право, трет циклус студии (докторски студии)
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	**52,5 часа (3,5 часа неделно)**
Предметот **Уставно процесно право** на Правниот факултет „Јустинијан Први” е задолжителен за третиот циклус правни студии, на насоката уставно право, со фонд на часови 52,5 часа вкупно (3,5 часа неделно), број на ЕКТС-кредити 6 (кредити) и се слуша во 1. семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 709 страници (формат Times New Roman), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 и фусноти со големина на фонтот 10. Текстот е поделен во четири дела (дополнително има предговор, прилози, резиме и користена литература).

РЕЦЕНЗЕНТИ
Емеритус проф. д-р Цирил Рибичич, с.р.
Проф. д-р Саво Климовски, с.р.

II.Посебен дел од рецензентот: емеритус проф. д-р Цирил Рибичич

Краток опис на содржината:	Ракописот „Уставно процесно право“ од авторите **проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Денис Прешова и д-р Дејан Савески** е вистинско пионерско дело, прв учебник од ваков вид во земјата и во регионот. На вкупно 709 страници текст, авторите детално ги објасниле сложените, меѓузависните и честопати противречни уставнопроцесни односи, категории и состојби поврзани со работата на уставните судови во светот, но и со работата и проблемите со кои се соочува македонскиот Уставен суд во рамките на националниот правен систем. Авторите мошне успешно ја поврзале уставноправната теорија со уставноправната практика. На едноставен, но прецизен и детален начин ги објасниле двата клучни концепта врз кои почива работата на уставните судови – уставната демократија и уставната правда и нивните клучни принципи. Анализирани се сите најважни аспекти поврзани со начинот на работата и надлежностите на уставните судови во Европа, одлуките што ги носат, како и нивното правно дејство. Успешно е објаснет односот и поврзаноста на различните национални уставни судови со работата на Судот за човекови права во Стразбур, како и со Судот на правдата на ЕУ. Принципот на континуирана логичност и заемна поврзаност на правните категории, начела и вредности кои во ракописот се разработени од општо кон посебно провејува низ целата негова содржина. **Ракописот е составен од четири дела.** **Првиот дел насловен како „Воведни и теоретски прашања за предметот на проучување на уставното процесно право“, содржи шест глави.** Во нив се анализирани најважните аспекти поврзани со прашањето за поимот на уставното процесно право, новата парадигма на уставното право, односот меѓу оваа научна дисциплина со другите научни дисциплини, прашањето на поимот, разбирањето и вреднувањето на уставната демократија и нејзините основни принципи кои едновремено се сметаат за клучни начела и на уставното процесно право. Акцентот при анализата на принципите/начелата е ставен на владеењето на правото, поделбата на власта, уставноста и законитоста, независноста на Уставниот суд, правото на пристап до судот и други процесни начела.

	Во третата глава од првиот дел е разработена уставната правда и поимот и правната природа на уставното судство како клучен елемент на уставната правда. Даден е осврт на класичните и на современите сфаќања на уставното судство, контролата на уставноста на законите и другите општи правни акти, контролата на меѓународните договори, контролата на уставноста и законитоста на поединечните правни акти, како и контролата на преземените материјални дејствија од страна на државните органи како најважна и основна надлежност во работата на уставните судови. Понатаму, анализата се продлабочува кон објаснување на различните сфаќања за положбата на уставниот суд во рамките на правните системи, односно сфаќањето на уставниот суд како политичко тело, како судски орган, како орган sui generis и како четврта гранка на власта. Надоврзано на претходното прашање е и прашањето за постоењето на различни модели на уставносудската контрола кои се среќаваат во Европа и во САД. **Во вториот дел од ракописот,** акцентот на анализата е ставен на уставносудската заштита на човековите права преку објаснување на инструментот уставна жалба и нејзината компаративна примена во Европа. Во теоријата, уставниот суд е дефиниран и како суд на „обичните граѓани“. Овој нов епитет додаден кон неговата основна терминолошка одредница е последица на востановување во неговата основна работа на нов процесен инструмент за засновање на директен контакт меѓу уставниот суд и граѓаните, а тоа е уставната жалба. Употребата на ова ново правно средство овозможува граѓаните да бараат заштита на темелните уставни права кога тие на непосреден начин се загрозени од акти на државните органи. Наводите кои ја пополнуваат содржината на ова процесно средство се различно насочени од наводите кои се изнесуваат пред редовниот суд. **Во третиот дел од ракописот,** авторите даваат детално објаснување на односот меѓу Судот за човековите права во Стразбур и националните уставни судови преку односот на пресудите на овој суд и одлуките на уставните судови. Исто така, посебно внимание е ставено на анализата на судскиот систем на ЕУ, Судот на правдата на ЕУ и заштитата на човековите права во рамките на Унијата. Во овој дел, детално е разгледан односот на уставните судови со правото на ЕУ и Судот на правдата преку различни пристапи, со посебен акцент на претходните постапки што се водат пред Судот на ЕУ.

	Посебно внимание е ставено и на анализата на уставниот и националниот идентитет на земјите членки на ЕУ и ставот на Судот на правдата на ЕУ кон овие прашања. **Последниот, четврти дел од ракописот е посветен на историските, но и тековните аспекти од развојот и работата на македонскиот Уставен суд.** Посебно внимание е ставено на неговата положба и организација согласно со Уставот од 1991 година, составот, изборот и престанокот на функцијата уставен судија, надлежностите на Уставниот суд и имунитетот на судиите. Во овој дел се објаснети и прашањата како поведување и тек на постапката за оцена на уставноста на законите и другите акти пред Уставниот суд, како и на постапката за заштита на уставно утврдените човекови права и слободи. Авторите на мошне прецизен начин ги објаснуваат сите недостатоци и потребни промени во правната регулатива поврзана со македонскиот Уставен суд, вклучително и корисни предлози за некоја можна, идна нова институционална физиономија на македонскиот Уставен суд.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Усогласеност на ракописот со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	одлична
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	**Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 709 страници (формат Times New Roman**), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12, а фуснотите со големина на фонтот 10. Текстот е поделен на четири дела (плус предговор, прилози, резиме и користена литература).

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник по предметот Уставно процесно право**, наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Во Скопје, 7.6.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Емеритус проф. д-р Цирил Рибичич, с.р.

VI **Краток опис на содржината:**	**Посебен дел од рецензентот: проф. д-р саво климовски** Владеењето на правото и правната држава би биле невозможна мисија доколку не се почитуваат и не се применуваат принципите на уставност и на законитост во правните поредоци на демократските држави. Овие два принципа се неопходни и за функционирањето на современиот конституционализам, услов без кој не може да се замисли „животот“ на демократското општество. Придобивките од почитувањето на принципот на уставност и на законитост се повеќекратни. Нивната примена е основ за ограничување на самоволното однесување на државните органи, ги спречува сите форми на волунтаризам, не дозволува злоупотреба на уставно утврдените надлежности. Примената на ова начело го обезбедува и почитувањето на слободите и правата на човекот утврдени во уставните норми и во меѓународното право, заштита на атрибутите поврзани со суверенитетот, еднаквоста пред законите, процесната достапност за правна заштита и слично. **Ракописот „Уставно процесно право“ е одличен текст на авторите проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Денис Прешова и д-р Дејан Савески,** во кој на мошне оригинален и успешен начин се анализирани и проучени сложените уставнопроцесни аспекти од функционирањето на уставната правда. Во ракописот е направен одличен спој меѓу теоријата и практиката на уставното процесно право, детално се разработени сите принципи врз кои почива уставната демократија, како и вредностите на кои се заснова уставната правда. Уставната правда отсекогаш била вистински предизвик за истражување и анализа, како на нејзините правни, така и на политичките аспекти и проблеми. Од посебна важност за истражувањето содржано во ракописот е констатацијата дека уставната демократија е невозможно да функционира без добро организирана уставна правда, без материјалните и процесните претпоставки на заштитата на човековите права и принципите на уставност и законитост. Или, како што навеле авторите, нема уставна демократија без уставна правда, нема уставна правда без правно и процесно организирани активности и делување на уставните судови. Прашањата поврзани со положбата, организацијата и делувањето на уставните судови, моќта на судиите и, воопшто, на судската власт влегуваат во групата најважни прашања за функционирањето на модерната правна држава. Во овој контекст, авторите потсетиле на зборовите на Аристотел, кој во своето дело „Политика“

	(четврта книга) рекол дека „добриот законодавец и вистинскиот државник мора да бидат запознати со содржината на Уставот, кој е апсолутно највисок и најдобар акт во заедницата согласно со одредени претпоставени услови“. **Ракописот „Уставно процесно право“ е содржински сместен во четири дела. Во првиот дел,** авторите ги проучиле воведните и теоретски прашања за предметот на оваа научна дисциплина, најважните аспекти на уставната демократија и уставната правда, како и различните сфаќања за положбата на уставниот суд во правните системи. Објаснети се клучните модели на уставносудската контрола, американскиот, австрискиот, францускиот, новиот британски модел, како и мешовитите модели преку поблиско согледување на нивните сличности и разлики. **Во вториот дел, акцентот на анализата во ракописот е ставен на уставниот суд** како заштитник на човековите права. Фокусот на интерес е даден на уставната жалба како правен лек или правно средство, теоретските и историски сфаќања за уставната жалба и современите концепти за уставната жалба (искуствата на Германија, Шпанија, Австрија и Полска во практикувањето на овој процесен инструмент за заштита на човековите права). **Во третиот дел од ракописот, авторите направиле одличен осврт на работата на Судот за човекови права во Стразбур и примената на ЕКЧП, како и на работата на Судот на правдата на ЕУ** во делот на заштитата на човековите права. Детално е разработен и односот на националните уставни судови кон правото на ЕУ и Судот на правдата на ЕУ, развојот на односот меѓу националните уставни судови и Судот на правдата преку прелиминарните постапки, случајот Симентал, и други важни аспекти поврзани со овие односи. Мошне интересен осврт е направен и во делот на уставниот и националниот идентитет на земјите членки на ЕУ, од една, и ставот на Судот на правдата на Унијата по однос на овие прашања, од друга страна. **Во четвртиот дел од ракописот, анализата е сконцентрирана на положбата, развојот и статусните аспекти од делувањето на македонскиот Уставен суд**. Разработени се најважните прашања од функционирањето на македонскиот Уставен суд, уставните надлежности, мандатот, имунитетот на уставните судии, како и процесните прашања, постапките што се водат пред Уставниот суд, поведувањето и текот на постапките, како и видовите одлуки што Судот ги донесува и нивното правно дејство во поредокот.

	Особено инспиративен дел од ракописот е делот кој се однесува на констатираните слабости и недостатоци во работата на македонскиот Уставен суд во изминатите триесет години, како и дадените предлози за промени во правната регулатива, односно предлози за нова институционална физиономија на македонскиот Уставен суд во насока на реформа на Судот. Предложени се нов начин на избор на уставните судии, нов начин на работа на Уставниот суд, нов правец во развивање на односите меѓу Уставниот суд и редовните судови, воведување на интерпретативни одлуки, воведување на уставна жалба, како и нова законска рамка за регулирање на сите прашања од важност за работата на Судот. Ракописот „Уставно процесно право“ од авторите проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Денис Прешова и д-р Дејан Савески претставува одличен текст во кој на успешен начин е направен спој меѓу теоријата и праксата, меѓу историските и денешните искуства и развојни елементи од сферата на уставното судство. Стилот на кој е пишуван ракописот е јасен, едноставен и лесно читлив. Одделните теми во ракописот се обработени согласно со научната методологија на проучување од општо кон посебно, од историско кон современо, од компаративно кон македонско. Вредноста на овој ракопис е голема, како од научен, така и од апликативен аспект. Темите кои се проучени во него се најважни прашања за функционирањето на правниот систем во една земја. Без нивно детално осознавање и проучување е невозможно да зборуваме за владеење на правото, правната држава, заштитата на човековите права и демократијата.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Усогласеност на ракописот со предметната програма на Факултетот.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	одличен
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 709 страници (формат Times New Roman), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Фуснотите се со голема на фонтот 10. Текстот е поделен на четири дела (дополнително се внесени предговор, прилози, резиме и користена литература).

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како **учебник по предметот Уставно процесно право,** наменет за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во Скопје, 7.6.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Саво Климовски, с.р.

П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од

07-06-2021 година

Кандидат	Тема	Ментор	Датум	Одлука број
Александра Максимовиќ	Правна регулација на нафтената индустрија (Legal Regulation of the Oil Industry)	проф.д-р Дарко Спасевски	07.06.2021	02-650 /
Никола Димитров	Постапка за преземање на акционерско друштво (Takeovers of Shareholding Companies)	проф.д-р Александар Климовски	07.06.2021	02-650 /
Бојан Спировски	Правна анализа на данокот на додадена вредност во Република Северна Македонија во периодот 2000- 2021 година (Legal Analysis of Value Added Tax in Republic of North Macedonia for the Period 2000 – 2021)	проф.д-р Александра Максимовска Стојкова	07.06.2021	02-650 /
Кристијан Зумровски	Носители на авторското право на дела создадени во работен однос во македонското и во споредбеното право (Copyright Holders of Works Created in Course of Employment in the Macedonian and the Comparative Law)	проф. д-р Неда Здравева	07.06.2021	02-650 /
Христијан Зафировски,	Инвестициона арбитража според Енергетската повелба и споровите за продажба на електрична енергија (Investment Arbitration under the Energy Charter Treaty and the Disputes Concerning Feed-in Tariffs)	проф. д-р Тони Дескоски	07.06.2021	02-650 /
Јасмина Карталова Баснаркова	Правила на арбитражната постапка според Конвенцијата за решавање на инвестиционите спорови помеѓу државите и	проф. д-р Тони Дескоски	07.06.2021	02-650 /

	државјаните на другите држави (Arbitral Proceedings under the ICSID Convention)			
Милена Милкова	Процесна и вонпроцесна заштита на загрозен сведок со посебен осврт на практиката на Европскиот суд за човекови права (Procedural and Out of Court Protection of Protected Witness with Specific Attention to Jurisprudence of the ECtHR)	проф. д-р Гордана Лажетиќ	07.06.2021	02-650 /
Жарко Тодоров	Кривично правни аспекти на кривичното дело Убиство (Criminal Law Aspects of the Crime of Murder)	проф. д-р Бобан Мисоски.	07.06.2021	02-650 /
Симона Ангеловска	Компјутерски криминал низ судската практика на Основниот кривичен суд во периодот 2015-2020 година (Computer Crime trough the Practice of the Basic Criminal Court in the Period of 2015-2020)	доц. д-р Бобан Мисоски.	07.06.2021	02-650 /
Никола Атанасовски	Опструкција на работата на Собранието на Република Северна Македонија (Obstruction of the work of the Assembly of the Republic of North Macedonia)	проф. д-р Рената Дескоска	07.06 2021	02-650 /

Д Е К А Н,
Проф.д-р Сашо Георгиевски

Изработил : Хамди Весели
Советник за студентски прашање

Повлекување на рецензијата на ракописот Уставно процесно право од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, објавена во Билтен бр. 1238 од 15.5.2021 година

Се повлекуваат рецензиите од рецензентите емеритус проф. д-р Цирил Рибичич и проф. д-р Саво Климовски, за учебникот под наслов: „Уставно процесно право“ од авторите проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска, проф. д-р Александар Спасеновски, доц. д-р Денис Прешова и д-р Дејан Савески, објавени во Билтенот на УКИМ бр. 1238 од 15.5.2021 година, поради техничка грешка.

Д Е К А Н
Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.

До Универзитет
„Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Предмет: Известување за корекција

Почитувани,

Во Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1219 од 15.7.2020 година, на страна 128, е објавен Преглед на прифатени теми за подобност за изработка на магистерски труд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје од седницата на Наставно-научниот совет, одржана на ден 3.7.2020 година, Ве известуваме дека од страна на Факултетот е направена техничка грешка за кандидатот Катерина Николовска во колоната ментор каде е наведено проф. д-р Родна Живковска а треба да стои проф. д-р Татјана Зороска Камиловска

КАНДИДАТ	ТЕМА	МЕНТОР
Катерина Николовска	Нотарски услуги во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство (Notarial services at the Diplomatic, Missions of the Republic of North Macedonia Aborad)“	проф. д-р Родна Живковска

Во прилог Ви доставуваме копија од Одлуката за подобност на темата за изработка на магистерскиот труд и коригирана табела со молба да се изврши корекција.

КАНДИДАТ	ТЕМА	МЕНТОР
Катерина Николовска	Нотарски услуги во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија во странство (Notarial services at the Diplomatic, Missions of the Republic of North Macedonia Aborad)“	проф. д-р Татјана Зороска Камиловска

Со почит,

9.6.2021 година

ДЕКАН

Проф. д-р Сашо Георгиевски, с.р.

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „ЕТНОГРАФСКИ ИЗВОРИ ЗА МАКЕДОНИЈА. ТОМ 2, КН. 1 И 2. ЕТНОЛОШКИ АТЛАС НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА. ЕТНОЛОШКИ АТЛАС НА СР МАКЕДОНИЈА. „ЕТНОГРАФСКИ ИЗВОРИ ЗА МАКЕДОНИЈА. ЕТНОГРАФСКИ АТЛАС НА СФРЈ. ЕТНОГРАФСКИ АТЛАС НА СР МАКЕДОНИЈА“ ПРАШАЊЕ БР. 125 – ПРВО СТРИЖЕЊЕ, Т. II, КН. 1 И 2 “ ОД ЉУПЧО С. РИСТЕСКИ, ПРИРЕДУВАЧ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, бр. 02-704/2 од 11.5.2021, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Етнографски извори за Македонија. Том 2, Кн. 1 и 2. Етнолошки атлас на СФР Југославија. Етнолошки атлас на СР Македонија. Прашање бр. 125 – прво стрижење“ од Љупчо С. Ристески, приредувач, соработници: Еда Старова Тахир, Веле Змејкоски и Ѓоко Атанасов, наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет, за предметите: Етнологија и антропологија на Македонија и Етнографија и теренско истражување, избрани се: д-р Мирјана Мирчевска, редовен професор и д-р Даворин Трпески, редовен професор.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

VI. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	„ЕТНОГРАФСКИ ИЗВОРИ ЗА МАКЕДОНИЈА. ТОМ 2, КН. 1 И 2. ЕТНОЛОШКИ АТЛАС НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА. ЕТНОЛОШКИ АТЛАС НА СР МАКЕДОНИЈА. ПРАШАЊЕ БР. 125 – ПРВО СТРИЖЕЊЕ“ ОД ЉУПЧО С. РИСТЕСКИ, ПРИРЕДУВАЧ, СОРАБОТНИЦИ: ЕДА СТАРОВА ТАХИР, ВЕЛЕ ЗМЕЈКОСКИ И ЃОКО АТАНАСОВ
Назив на предметната програма:	Етнологија и антропологија на Македонија, Етнографија и теренско истражување
Назив на студиската програма:	Студии по етнологија и антропологија
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	Етнологија и антропологија на Македонија, (2+2), 6 ЕКТС Етнографија и теренско истражување (2+2), 6 ЕКТС
Предметот *Етнологија и антропологија на Македонија* на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во сите четири семестри. Предметот *Етнографија и теренско истражување* на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во сите четири семестри.	
Реден број на изданието:	**прво издание**

Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи и е организиран како дел од поголема едиција, означен како Том 2, Кн. 1 и 2 со вкупно речиси 1000 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во повеќе делови, согласно со теренските етнографски материјали посветени на темите: раѓање, прв заб и проодување.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Мирјана Мирчевска, с.р.
Проф. д-р Даворин Трпески, с.р.

VII. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Мирјана Мирчевска

Краток опис на содржината:	Ракописот ЕТНОГРАФСКИ ИЗВОРИ ЗА МАКЕДОНИЈА. ЕТНОГРАФСКИ АТЛАС НА СФР ЈУГОСЛАВИЈА. ЕТНОГРАФСКИ АТЛАС НА СР МАКЕДОНИЈА. ПРАШАЊЕ БР. 125 – ПРВО СТРИЖЕЊЕ е резултат на долгогодишна работа врз етнографски извори и оригинални документи кои се чуваат во Центарот за етнографски атлас на Филозофскиот факултет во Загреб.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Како учебно помагало, содржините од ракописот ќе може лесно да се употребуваат во наставата по повеќе предмети, меѓу кои: Етнологија и антропологија на Македонија и Етнографија и теренско истражување
Предлози за потребни корекции:	нема.
Оцена на ракописот:	Етнографските извори се собирани во рамките на Југословенскиот етнографски атлас, проект кој ја опфаќал тогашната СФР Југославија, и претставувал сеопфатно, систематско етнографски истражување и следење на промените на народната култура. Врз основа на овие систематски истражувања во периодот од почетокот на 60-тите години на XX век до распаѓањето на СФРЈ, собран е огромен етнографски материјал. Целиот овој материјал до денес се чува во Загреб, Р Хрватска. Во последниве години, главниот истражувач проф. д-р Љупчо Ристески, во повеќе наврати, престојуваше во Центарот во Загреб, и како резултат на овие престои се изработени фотокопии или дигитализирани копии на речиси 8.000 ливчиња од прашалниците на Етнографскиот атлас од Македонија. Во предложената книга се подредени како документарен етнографски материјал неколку стотини пополнети материјали од речиси 300 етнографски точки од територијата на етничка Македонија. Во овој том е обработено едно прашање, Прашањето бр. 125 – ПРВО СТРИЖЕЊЕ. Материјалот во книгата е систематизиран така што од левата страна ќе биде објавена копија од оригиналниот документ, а од десната страна е објавен транскрипт на документот, со евентуален коментар од страна на редакторот.

	Објавениот етнографски материјал има ексклузивно документарно значење, прво зашто веќе има историско значење бидејќи е собран пред повеќе од 60 години. Имајќи ги предвид карактеристиките на културата како жива и динамична појава, посебно значајно е тоа што со испитувањата се следени процесите на промени во народната култура.
Категоризација:	учебно помагало
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи околу 1000 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12. Текстот е поделен во неколку поглавја соодветно на обработката на темите од Прашањето бр. 125 од Прашалникот: Прво стрижење.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметите *Етнологија и антропологија на Македонија* и *Етнографија и теренско истражување,* примарно наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет, како и за потесната стручна и пошироката јавност.

Во Скопје, 25.5.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Мирјана Мирчевска, с.р.

IV. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Даворин Трпески

Краток опис на содржината:	Материјалите што се поместуваат во предложената книга се собрани во периодот од средината на 60-тите години, па сè до крајот на 80-тите години во рамки на големиот проект „Етнографски атлас на Југославија“, при што од Македонија се собрани етнографски и фолклорни материјали од речиси 300 села според различни тематики. Во овие два тома се обработени и објавени материјали од животниот циклус: раѓање, прв заб и проодување, со што ќе се надополни една голема празнина со етнографски материјали за оваа проблематика. Објавувањето на овие два тома сметаме дека претставува круцијална работа во започнувањето на објавување едиција – Етнографски извори за Македонија.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Предложената содржина и во двата тома е во согласност со наставните програми и содржини на студиите по етнологија и антропологија.
Предлози за потребни корекции:	нема.
Оцена на ракописот:	Во последниве години, д-р Љупчо С. Ристески, редовен професор, работи врз материјалите собрани во рамки на проектот „Етнолошки атлас на Југославија“, во чиишто рамки во периодот од 50-тите години до крајот на 80-тите години на XX век се собрани исклучително значајни етнографски и фолклорни материјали од цела Југославија. Во Македонија се работело во 300 села и се собрани повеќе стотини прашалници со вакви материјали кои сè уште се чуваат во Архивот на Центарот за ареална етнографија на Филозофскиот факултет во Загреб. Во првиот том се објавуваат етнографски материјали од Прашањето бр. 125, посветено на темата: Прво стрижење.
Категоризација:	**учебно помагало**
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи околу 1000 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12, структуриран во 2 книги. Во првата има текст посветен на првото стрижење на авторот д-р Љупчо С. Ристески, а заснован врз анализи од материјалите собрани и објавени во овој том. Објавени се и 18 мапи со картографски прикази на распространетоста и

	карактеристиките на одделни етнолошки појави, називи, обреди и сл., поврзани со обичајот прво стрижење во народната култура на Македонците, Албанците, Турците и Власите во Македонија.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметите *Етнологија и антропологија на Македонија, Етнографија и теренско истражување,* примарно наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет, како и за потесната стручна и пошироката јавност.

Во Скопје, 25.5.2021 година

Рецензент
Проф. д-р Даворин Трпески, с.р.

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „КУЛТУРИ И ПОЛИТИКИ НА СЕЌАВАЊЕ: ЈУГОИСТОЧНОЕВРОПСКИ И БАЛКАНСКИ ПЕРСПЕКТИВИ“ ОД АВТОРИТЕ: НАУМ ТРАЈАНОВСКИ, ПЕТАР ТОДОРОВ, БИЛЈАНА ВОЛЧЕСКА И ЉУПЧО РИСТЕСКИ (РЕДАКТОРИ)

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, бр.02-703/2 од 11.5.2021 г., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало **Culture and politics of remembrance: Southeast European and Balkan Perspectives** („Култури и политики на сеќавање: југоисточноевропски и балкански перспективи“) од уредниците: Наум Трајановки, Петар Тодоров, Билјана Волческа и Љупчо Ристески, наменет за студентите на Институтот за етнологија и антропологија, за предметите: Антропологија на етничност и Културното наследство и национализмот, избрани се: проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска и проф. д-р Инес Црвенковска Ристеска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

И З В Е Ш Т А Ј

VIII. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	**Culture and politics of remembrance: Southeast European and Balkan Perspectives** („Култура и политики на сеќавање: југоисточноевропски и балкански перспективи“), уредници: Наум Трајановски, Петар Тодоров, Билјана Волческа и Љупчо Ристески
Назив на предметната програма:	Антропологија на етничност Културното наследство и национализмот
Назив на студиската програма:	Студии по етнологија и антропологија Студии по Менаџмент и заштита на културното наследство
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети):	Антропологија на етничност/2+2/6 Културното наследство и национализмот/2+2/6 Етнологија и антропологија на Балканот/2+2/6 Политичка антропологија/2+2/6
Предмети: Антропологија на етничност и Културното наследство и национализмот – Природно-математички факултет; првиот е изборен, вториот е задолжителен (изборен/задолжителен) предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити 6 и се слушаат првиот во летен семестар, вториот во V семестар.	
Реден број на изданието:	**<u>прво издание</u>** (се разликува од претходното издание _____ %)
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 140 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 5 слики и 1 табели.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, с.р.
Проф. д-р Инес Црвенковска Ристеска, с.р.

IX. Посебен дел од рецензентот: д-р Инес Црвенковска Ристеска, вонреден професор

Краток опис на содржината:	Ракописот „Култури и политики на сеќавање: југоисточноевропски и балкански перспективи“ претставува зборник од 11 текстови на теми и истражувања што ги разгледуваат две од најгорливите социо-политички прашања во регионот – културите и политиките на сеќавање во современиот македонски, балкански и југоисточноевропски контекст. Во сите текстови преовладува мотивот на постојано променливата актуелност на историските прашања и прашањата поврзани со сеќавањата. Во таа насока, во повеќе текстови е разработено едно од најактуелните прашања што беше и сè уште е на овие простори, а се однесува на македонско-бугарските историски прашања. Зборникот текстови е предвидено да биде објавен на англиски јазик, а во иднина ќе биде публикуван и на македонски и албански јазик што отвора можност тој да биде користен од домашните студенти, но и од странските студенти кои би ги избрале предметите кои нудат „прозорци на мобилност“.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Темите разработени во зборникот „Култура и политики на сеќавање: југоисточноевропски и балкански перспективи“ во голема мера се во согласност со предметните програми на студиите по етнологија и антропологија, и за студиите по менаџмент и заштита на културното наследство, односно со поголемиот дел предмети, чие теориско - методолошки фокус се токму овие теми. И во поглед на теориската и во поглед на методолошката перспектива, текстовите во зборникот може да помогнат да се постигне предвидената цел со предметната програма.
Предлози за потребни корекции:	/
Оцена на ракописот:	Ракописот се оценува како научно издржан и исклучително корисен за наставните програми на студиите на ЕиА и МЗКН, студентите и професорите, вклучително и поширокатa научна јавност заинтересирана за овие теми.
Категоризација:	учебник/**учебно помагало**/скрипта
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 140 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 4 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 5 слики и 1 табели.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Антропологија на етничност, Етнологија и антропологија на Балканот, Културното наследство и национализмот, Политичка антропологија, примарно наменет за студентите на студиите по етнологија и антропологија и студиите по менаџмент и заштита на културното наследство на Природно-математичкиот факултет.

Во Скопје, 2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Инес Црвенковска Ристеска, с.р.

V. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р АНА АШТАЛКОВСКА ГАЈТАНОСКА

Краток опис на содржината	Предложениот ракопис со наслов „Culture and politics of remembrance: Southeast European and Balkan Perspectives“, во уредништво на Наум Трајановски, Петар Тодоров, Билјана Волчевска и Љупчо Ристески, содржи дванаесет анализи кои се исклучително важни и релевантни за современите општествено-политички околности на македонското, но и балканското общество. Овие анализи се особено потребни и неопходни за различни општествени и хуманистички дисциплини кои се занимаваат со начините на кои се создава историското знаење, како и политизацијата на историјата и сеќавањето на Балканот. Анализата на Стефан Троебст се занимава со националните идентитети и националните истории. Томас Камусела пишува за етнонационалистичките лингвистички политики во регионот со посебен фокус на бугарско-македонските односи во оваа смисла. Љубица Спасовска и Тања Петровиќ се занимаваат со сеќавањата за социјалистичка Југославија на едно транснационално ниво. Текстот на Вјеран Павлаковиќ ги отвора прашањата за историјата која во својот фокус ја има нацијата и начините на кои се создаваат сеќавањата во овој контекст. Текстот на Зринка Блажевиќ зборува за проблемот со кој се соочуваат многу балкански држави во врска со инструментализацијата на оние аспекти од културата кои од јавноста се идентификувани како национални. Мариглен Демири пишува за популистичкото создавање на „непријатели“ во македонското општество што води до антагонизација на домашната политичка сцена, особено во контекст на меѓуетничките односи. Филип Лајпов зборува за три случаи кои имаат потенцијал да создадат политичко партнерство во политиките на сеќавање меѓу Македонија и Бугарија како спротивност на праксата за ширење на националистички дискурси кои исклучуваат. Текстот на Василики Неофотистос се однесува на повторното преговарање за и редефинирање на идентитетот на Скопје вклучувајќи ги различните етнички заедници во него. Текстот на Миладина Монова зборува за антифашистичките сеќавања на Егејците како контрапункт на доминантните национал-историски канони. Ксениа Трофимова пишува за заедницата на Роми, суфи муслимани во Македонија, што отвора можност за регионално вмрежување на ромската заедница. Ана Милошевиќ и Тамара Трошт зборуваат за процесот на европеизација и политиките на сеќавање во Југоисточна Европа, односно за влијанието на

	европеизацијата во овој контекст на локално, национално и регионално ниво. Како што може да се види од прегледот на содржините, овој ракопис нуди најразлични студии на случај чии анализи многу придонесуваат за неопходната промена на пристапите во истражувањата на чувствителните идентитетски прашања на Балканот. Во оваа смисла, особено е важно надминувањето и критиката на т.н. методолошки национализам кој е долго практикуван во балкански и македонски контекст. Во таа насока, овој ракопис укажува на итната промена на парадигмите во општествените и хуманистичките дисциплини како услов за интеграција како на научниците од овие дисциплини, така и на посебните држави на Балканот.
Оцена дали предложениот учебник, односно учебно помагало е во согласност со предметната програма	Предложеното учебно помагало целосно е во согласност со предметната програма.
Оцена на учебникот, односно учебното помагало	Предложениот ракопис со наслов „Culture and politics of remembrance: Southeast European and Balkan Perspectives“, во уредништво на Наум Трајановски, Петар Тодоров, Билјана Волчевска и Љупчо Ристески, е одлична прилика за едуцирање на студентите од соодветните дисциплини според современите теориски и методолошки концепти по прашањата кои се тесно врзани со проблематичните позиции во однос на идентитетите, нациите и политиките на сеќавање во балкански контекст. Според тоа, имам особена чест и задоволство да го препорачам за печатење.
Категоризација (учебник или учебно помагало)	учебно помагало
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување на трудот	Ракописот што е предаден за рецензија содржи 140 страници (А4 формат) со големина на фонт 11. Потврдувам дека постои целосна оправданост за објавување на трудот.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметите Антропологија на етничност, Етнологија и антропологија на Балканот, Културното наследство и национализмот и Политичка антропологија, примарно наменет за студентите на студиите по етнологија и антропологија и студиите по Менаџмент и заштита на културното наследство на Природно-математичкиот факултет.

Во Скопје, 2021 година

Рецензент
Проф. д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, с.р.

Прилог бр. 5

П Р Е Г Л Е Д
на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 31.05.2021 година.

1. МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Катерина Стојанова, дипломиран технолог-инженер	„ЗАГАДУВАЊЕ НА ПОЧВАТА И ХРАНАТА СО ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО РЕГИОНОТ НА ПРОБИШТИП"	"SOIL AND FOOD POLLUTION WITH HEAVY METALS IN THE REGION OF PROBISTIP"	д-р Петре Макрески, редовен професор на ПМФ – Скопје	02-873/3 од 08.06.2021

Прилог бр. 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА РАКОПИСОТ „ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА“ ОД АВТОРИТЕ: ЌИРО ИВАНОВСКИ, СНЕЖАНА ПЕШЕВСКА, КАТАРИНА ДИРЈАНСКА И СТЕВИЦА РИСТОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет донесена на 37. редовна седница одржана на 28.4.2021 година, бр. 02-1015/1, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА од авторите: проф. д-р Ќиро Ивановски, проф. д-р Снежана Пешевска, проф. д-р Катарина Дирјанска и проф. д-р Стевица Ристоска , наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет, за предметот Орална биохемија и физиологија, избрани се: проф. д-р Мирјана Поповска и проф. д-р Ицко Ѓорговски.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет при УКИМ во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

ИЗВЕШТАЈ

X. Општ дел

Основни податоци за ракописот

Назив на ракописот:	**ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА**
Назив на предметната програма:	Орална биохемија и физиологија
Назив на студиската програма:	Доктори по дентална медицина
Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:**	ДДМ – 30+15 часа – шестгодишни интегрирани студии од I и II циклус. Плунката како дијагностички медиум, втор циклус – магистерски студии.
Предметот **ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА** на Стоматолошкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 30+15, број на ЕКТС-кредити 3 и се слуша во 3. семестар.	
Реден број на изданието:	прво издание
Општи податоци за ракописот:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 240 страници (формат А4), напишани на компјутер со фонд Time New Roman, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 13 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 100 слики, 22 табели и 5 графикони.

РЕЦЕНЗЕНТИ

Проф. д-р Мирјана Поповска, с.р.

Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, с.р.

XI. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Мирјана Поповска

Краток опис на содржината:	Во ракописот ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА, содржани се тематски наставни единици кои се распределени во 12 поглавја. Поглавјата се подредени по логичен редослед, започнувајќи од орална хомеостаза, плунковни жлезди и регулација на секреција на плунката како основни физиолошки случувања во организмот. Прецизно и во детали објаснет е механизмот на секреција на плунката и неговиот биохемиски состав. Темелно и сликовито се прикажани саливарните протеини кои се богато илустрирани за поедноставно совладување на материјата. Понатаму, авторите даваат осврт кон антимикробните пептиди присутни во плунката, како и другите саливарни протеини кои учествуваат во неспецифичната имунолошка заштита на оралната празнина, како примарна одбранбена линија во оралниот кавитет. На многу вешт и искусен начин ги објаснуваат саливарните протеини кои учествуваат во специфична имунолошка заштита, со што суптилно ги објаснуваат оралните одбранбени механизми. Како следствено продолжение на приложената материја, разработени се регулаторите на електрохемиската реакција, антиоксидативната заштита и значењето на плунката. Во понатамошните методски единици следува импликацијата на биохемиските случувања врз меките и тврдите структури во усната празнина. Богато и сликовито со многу илустрации и еден табеларен приказ, опишани се биохемиските карактеристики на оралните сврзноткивни структури и биолошката минерализација. Во детали, со многу биохемиски карактеристики, објаснети се случувањата на забите. Авторите успешно ги обработиле содржините кои се однесуваат на структурата и функцијата на стекнатата дентална пеликула како основа за создавање на денталниот плак. Со големо искуство ги опишуваат биохемиските карактеристики на биофилмот и неговото влијание врз тврдите и меките ткива во усната празнина. Материјата на ова поглавје е претставена со 14 сликовити прикази, кои го зголемуваат квалитетот на ова

	поглавје, што е од исклучително значење за оралното и, воопшто, за системското здравје на секоја индивидуа. Наставните единици завршуваат со темата за биофилмот и хомеостазата, во кои авторите ги опишуваат разликите во саливарниот клиренс на јаглехидратите од исхраната, киселите метаболички плак-продукти и тераписките средства (на пример, флуоридите). Благодарение на овие сознанија, авторите се обидуваат да ја објаснат различната подложност кон орални заболувања на различни индивидуи, како и појава на заболување на различни орални површини. Сосема на крај, приложена е литература која ја сочинуваат научни и стручни извори кои ги користеле авторите на овој ракопис. Таа изобилува со референци, списанија, учебници и учебни помагала, од кои повеќето се од понов датум.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Содржината на методските единици, нивната распределба и редослед сосема кореспондираат со програмата на предметот Орална биохемија и физиологија, која е предвидена за докторите по дентална медицина – шестгодишни интегрирани студии од I и II степен, оние за кои главно е наменет. Исто така, одделни теми, наставни единици и поглавја може да бидат солидно помагало за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус – стручни студии, специјалистички студии од областа на стоматолгијата, чие поле на интерес се биохемиските случувања од стручно-научен аспект, но и нивната поврзаност со оралната хомеостаза.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	Ракописот ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА е напишан на лесен и едноставен јазик, разбирлив за оние за кои е наменет. Стилот е јасен, а се одликува со стручно-научна конзистентност. Методските единици се логично распределени во поглавја, а поглавјата се надоврзуваат едни на други започнувајќи од основните биохемиски

	случувања на целуларно ниво, до нивната улога и влијание во усната празнина. Во ракописот, содржините се дообјаснуваат со шеми, табели и сликовити прикази. Ваквиот приод, пред сè, е дидактички, но и најкорисен за учење, посебно за оние кај кои превалира визуелната меморија . Содржината на ракописот е комплетно усогласена со програмата предвидена на студиската програма Доктори по дентална медицина. Методските единици се обработени и претставени темелно, со цел студентите полесно да го совладаат градивото по предметот Орална биохемија и физиологија. Сепак, предвидениот учебник не е единствено наменет само за нив, туку треба да послужи и за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус – стручни студии, како и лекарите на специјализација. Во суштина, ракописот ги содржи сите потребни елементи за да биде категоризиран во групата учебник.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 240 страници А4-формат, напишани на компјутер со фонт Times New Roman, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 13 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 100 слики, 22 табели и 5 графикони.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Орална биохемија и физиологија, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет.

Во Скопје, 26.5.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Мирјана Поповска, с.р.

VI. Посебен дел од рецензентот: ПРОФ. Д-Р ИЦКО ЃОРГОСКИ

Краток опис на содржината:	Во ракописот ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА, содржани се тематски наставни единици кои се распределени во 12 поглавја. Во првото поглавје, ОРАЛНА ХОМЕОСТАЗА, ПЛУНКОВНИ ЖЛЕЗДИ И РЕГУЛАЦИЈА НА СЕКРЕЦИЈАТА НА ПЛУНКАТА, се објаснуваат анатомско-хистолошките карактеристики на плунковните жлезди, со посебен аспект на различните типови клетки во овие органи, нивната физиолошко-биохемиска поврзаност и регулацијата на нивната активност. Во овој дел од ракописот, авторите на многу едноставен начин ги објаснуваат сите фактори и нивното заемно дејство врз квантитативните и квалитативните карактеристики на плунката. Во второто поглавје, МЕХАНИЗАМ НА СЕКРЕЦИЈА НА ПЛУНКАТА, БИОХЕМИСКИ СОСТАВ НА ПЛУНКАТА, се навлегува во објаснување на клеточните механизми, проследени со големиот број на сложени интраклеточни сигнални патишта што се случуваат во клетките на плунковните жлезди. Во овој дел, исто така, се набројуваат и биохемиско-физиолошки се анализираат составните делови на плунката. Она што е исклучително значајно да се напомене е дека се прави јасна дистинкција на компоненти на плунката што потекнуваат од крвната плазма, и оние што се создаваат во самите плунковни жлезди, како што се различни форми на пептиди, протеини и гликопротеини. Анализата на биохемискиот составот на плунката е вовед за третото поглавје, САЛИВАРНИ ПРОТЕИНИ, во кое се опишани и објаснети клеточните биохемиско-молекуларни механизми во синтезата на саливарните протеини. При тоа, темелно и сликовито се прикажани големиот број саливарни протеини, кои поединечно се илустрирани и шематизирани, што особено го поедноставува совладувањето на оваа материја. Во четвртото и петтото поглавје, авторите даваат осврт кон АНТИМИКРОБНИТЕ ПЕПТИДИ присутни во плунката, како и ДРУГИ САЛИВАРНИ ПРОТЕИНИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО НЕСПЕЦИФИЧНАТА ИМУНОЛОШКА ЗАШТИТА НА ОРАЛНАТА ПРАЗНИНА, со што се упатува на примарна одбранбена линија во оралниот кавитет. Во

	овие поглавја, авторите, на многу вешт и искусен начин, ги објаснуваат биохемиските својства на саливарните протеини, наведувајќи ги нивните особини, со што суптилно ги објаснуваат оралните одбранбени механизми. При тоа, секој од пептидите и протеините е детално биохемиски опишан, како единечна значајна компонента на плунката, а потоа за секоја од нив се назначува поврзувањето со другите компоненти учесници во овие процеси. Тоа го потврдува фактот дека авторите соодветно ги познаваат ваквите механизми од делот на нивниот научен опус. Шестото поглавје е насловено: САЛИВАРНИ ПРОТЕИНИ КОИ УЧЕСТВУВААТ ВО СПЕЦИФИЧНА ИМУНОЛОШКА ЗАШТИТА. Во него, авторите ги опишуваат и ги објаснуваат биохемиските карактеристики на имуноглобулините како ефективни молекули во имунолошката заштита, кои се создаваат од страна на В-лимфоцити, односно од плазма-клетки. Се опишуваат сите имуноглобулини, но посебен аспект се дава на имуноглобулинот А (IgA), како главниот носител на локалниот специфичен имунитет на оралната лигавица кај човекот. Посебно место во ова поглавје имаат и чаперокините, при што се наведува дека плунковните жлезди се нивниот главен извор. Како логично продолжение следува делот РЕГУЛАТОРИ НА ЕЛЕКТРОХЕМИСКАТА РЕАКЦИЈА, АНТИОКСИДАТИВНА ЗАШТИТА И ЗНАЧЕЊЕ НА ПЛУНКАТА, што е обработен во седмото поглавје. При тоа, на почетокот се опишани особините на посебните пуферни системи во оралната празнина: бикарбонатниот, фосфатниот, протеинскиот, уреата, превентивниот пуфер од типот на саливарната амилаза и превентивно-профилактичкиот пуфер на флуоридите, за потоа да се објаснат процесите и механизмите што овие, навидум раздвоени и засебни системи, ги поврзуваат или делуваат антагонистички. Осмото поглавје е насловено: БИОХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОРАЛНИТЕ СВРЗНОТКИВНИ СТРУКТУРИ И БИОЛОШКА МИНЕРАЛИЗАЦИЈА. Овој материјал е збогатен со многу слики и илустрации, како и еден табеларен приказ. Во него на многу едноставен начин се опишани физиолошко-биохемиските карактеристики на оралните сврзноткивни структури и

	нивната минерализација. Многу интересен е приодот што авторите го користат за да ја претстават градбата на оралното сврзно ткиво, кое е сочинето, главно, од колагени влакна, вградени во полисахаридна градбена супстанција која е изградена од хијалурон и различни глукозаминогликани. Се објаснува неговата синтеза и се опишува и неговата физиологија. Во ова поглавје, посебен осврт се дава на описот на структурата на коските, дентинот и цементот, начинот на биолошката минерализација, како и создавањето и ремоделирањето на алвеоларната коска. Деветтото поглавје е насловено: БИОХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗАБНИТЕ ТКИВА. При тоа, на многу едноставен и прифатлив начин, авторите ги опишуваат карактеристиките на емајлот, дентинот и цементот како засебни забни ткива и забната пулпа, како витален дел од забот, сместена во централно поставената шуплина на забот. СТРУКТУРА И ФУНКЦИЈА НА СТЕКНАТАТА ДЕНТАЛНА ПЕЛИКУЛА е десеттото поглавје на овој ракопис. Во него, авторите во детали, со многу биохемиски карактеристики, според мене, многу успешно ги обработиле содржините кои се однесуваат на структурата и функцијата на стекнатата дентална пеликула како основа за создавање на денталниот плак. При тоа, систематски се наведуваат фазите кои се надоврзуваат во овие процеси и кои како каскадно да зависат едни од други. Единаесеттото поглавје е насловено: БИОХЕМИСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БИОФИЛМОТ. При тоа, се опишуваат биохемиските карактеристики на создавањето на биофилмот, со посебен аспект на протеинскиот матрикс на биофилмот, атхезивните својства на протеинскиот матрикс, екстраклеточните полисахарди и условите за синтеза на декстран и леван. Многу интересно и едноставно е објаснета метаболичката и биохемиската активност на бактериите во биофилмот. Материјата на ова поглавје е претставена со 14 сликовити прикази, кои го зголемуваат квалитетот на ова поглавје, што е од исклучително значење за оралното и, воопшто, за системското здравје на секоја индивидуа. Последното, дванаесетто поглавје е БИОФИЛМОТ И ОРАЛНАТА ХОМЕОСТАЗА. Во него, авторите ги опишуваат разликите во

	саливарниот клиренс на јаглехидратите од исхраната, киселите метаболички плак-продукти и тераписките средства (на пример, флуоридите). Во ова поглавје, со опишување на потврдени модели, авторите се обидуваат, според мене, многу успешно, да ја објаснат различната подложност кон орални заболувања на различни индивидуи, како и појава на заболување на различни орални површини. Сосема на крај е приложен список на околу 200 дела користена литература што ја сочинуваат научни и стручни извори. Таа изобилува со референци, списанија, учебници и учебни помагала на еминентни автори и значајни научни списанија од оваа област. Посебно за истакнување е што голем дел од нив се од понов датум, што само ја потврдува актуелноста на обработениот материјал, а од друга страна упатува на тоа дека авторите постојано ги следат научните случувања во оваа област.
Оцена за усогласеноста со предметната програма:	Целосно ја покрива предметната програма на предметот Орална биохемија и физиологија, која е предвидена за докторите по дентална медицина – шестгодишни интегрирани студии од I и II степен, оние за кои главно е наменет. Исто така, одделни теми, наставни единици и поглавја може да бидат солидно помагало за студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус – стручни студии, специјалистички студии од областа на стоматологијата, чие поле на интерес се биохемиските случувања од стручно-научен аспект, но и нивната поврзаност со оралната хомеостаза.
Предлози за потребни корекции:	нема
Оцена на ракописот:	Ракописот ОРАЛНА БИОХЕМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА е напишан на македонски јазик, со многу лесен и јасен стил, со дефинирана стручно-научна конзистентност. Методските единици се логично распределени во поглавја, а поглавјата се надоврзуваат едни на други, започнувајќи од основните биохемиски случувања на целуларно ниво, до нивната улога и влијание во усната празнина. Во ракописот, содржините се дообјаснуваат со шеми, табели и сликовити прикази. Ваквиот приод е дидактички оправдан, но и најкорисен за учење, посебно за оние кај кои превалира визуелната меморија.

	Поглавјата се обработени и претставени темелно, со цел студентите полесно да го совладаат градивото по предметот Орална биохемија и физиологија, но, исто така, може да го користат и студентите на втор циклус – магистерски студии, втор циклус – стручни студии, како и лекарите на специјализација.
Категоризација:	учебник
Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:	Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 240 страници А4-формат, напишани на компјутер со фонт Times New Roman, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 13 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 100 слики, 22 табели и 5 графикони.

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Орална биохемија и физиологија, примарно наменет за студентите на Стоматолошкиот факултет.

Во Скопје, 30.5.2021 година

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Ицко Ѓоргоски, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КЛИНИЧКИ И ПАРАКЛИНИЧКИ НАОДИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ТОТАЛНИ ПРОТЕЗИ“ ОД М-Р АРЛИНДА ТМАВА ДРАГУША, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 18.5.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Арлинда Тмава Драгуша со наслов: **Клинички и параклинички наоди кај пациенти со тотални протези**, во состав: проф. д-р Весна Коруновска (претседател), проф. д-р Ќиро Ивановски (ментор), проф. д-р Јадранка Бундевска (член), проф. д-р Сашо Еленчевски (член) и проф. д-р Кујтим Шала (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арлинда Тмава Драгуша, со наслов: **Клинички и параклинички наоди кај пациенти со тотални протези**, содржи 130 страници компјутерски обработен текст во фонт Georgia, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 182 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран и ги содржи сите поглавја на една научноистражувачка студија: вовед, преглед на литературата, цели на истражувањето, материјал и метод, метод на статистичка анализа, резултати од истражувањето, дискусија и заклучни согледувања. На почетокот е приложена кратка содржина (на македонски и на англиски јазик). Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот и прегледот на литературата,** кандидатката укажува дека кај пациентите со тотални мобилни протези, постојат голем број на компликации. Некои од нив можат да се јават непосредно по предавањето на протезите, додека, пак, други се јавуваат подоцна односно, по извесен временски период од носењето на протезите. Непосредните компликации можат да се коригираат во рок од неколку недели од почетокот на носењето на протезите, за разлика од подоцнежните компликации, кои потешко можат да се предвидат и да се третираат. Овие компликации најмногу влијаат на долгорочниот успех на тоталното протезирање. Во оваа група на компликации најчесто се вбројуваат: протетичкиот стоматит, ксеростомијата, трауматските улцери и мукозните цисти. Во голем број на трудови се истражувале ризик-факторите за појава на протетички стоматит, поврзан со candida albicans, кај пациенти со тотални протези. Литературните податоци укажуваат дека candida albicans била најчесто застапен вид, а потоа c. glabrata и c. tropicalis. Кандидатката посочува дека во голем број на студии се покажува значајна поврзаност помеѓу времетраењето на носењето на тоталните протези и оралната кандидијаза.

Целите на истражувањето се дадени во третата глава, а тие се: да се утврдат промените кои настануваат во оралната средина кај лицата кои носат мобилни тотални протези, преку проследување на: клинички наод на оралната мукоза која доаѓа во близок контакт со мобилните тотални протези, микробиолошки наод, цитолошки наод, саливарна секреција, и квалитативни карактеристики на плунката. Во продолжение, кандидатката ги наведува и хипотезите на истражувањето.

Предмет на ова истражување бил да се утврдат сите промени кои настануваат во оралната средина кај пациенти кои подолг временски период носат тотални акрилатни протези. Од особен интерес во истражувањето биле асоцијациите на оралните патолошки промени кај овие пациенти со одредени фактори на ризик, какви што се коморбидитетот, оралнохигиенските навики на пациентите, како и присуството и квалитетот на саливата. Протитчкиот стоматит, како релативно честа појава кај

носителите на тоталните протези, исто така бил предмет на истражување во оваа студија.

Опис на применетите методи е даден во делот **Материјал и метод**. Во испитувањето биле вклучени 50 пациенти (испитувана група), носители на мобилни тотални протези од Универзитетскиот стоматолошки клинички центар во Приштина, на Клиниката за протетика. Исто така, била оформена и контролна група од 50 испитаници постари од 50 години, кои не се носители на тотални мобилни протези, а го посетуваат Универзитетскиот стоматолошки клинички центар на Косово, во Приштина, од други причини.

Анамнестички податоци биле евидентирани и кај експерименталната и кај контролната група вклучувајќи: медицинска и фармаколошка анамнеза, должина на носењето на протезите (испитувана група) и субјективни проблеми поврзани со носењето на тоталните протези. Посебни прашалници биле изработени за определување на степенот на изразеност на ксеростомијата. Во студијата бил користен прашалникот објавен во трудот на Carda. Хигиенските навики биле евалуирани со користење на специјален прашалник развиен од страна на Peracini и сор. Клиничките промени во усната слузница биле оценувани со помош на темелно екстраорално и интраорално испитување. Од клинички аспект, сите пациенти со протетички стоматит биле класифицирани според Newton-класификацијата.

Кај сите испитаници, и од контролната и од испитуваната група, се колекционирала вкупна нестимулирана и стимулирана плунка според препораките на Navazesh во траење од 10 минути. Колекционирањето на нестимулирана плунка било изведено со Spitting method (метод со плукање). За одредување на pH на плунката, кандидатката ја користела електрометриската метода со помош на pH-метар.

Биохемиските параметри во плунката биле одредувани со помош на биохемискиот анализатор INTEGRA 400- Roche во дијагностичкиот центар, „Li-ori”, во Приштина, и тоа: саливарната гликоза – ензиматска метода со хексокиназа (mmol/l); уреа во плунка –кинетичка метода со уреаза и глутамат дехидрогеназа (mmol/l); вкупни саливарни протеини – Биурет реакција (g/l); албумин – модифициран бром крезол тест (g/l); Калциум - Schwarzenbach-ова метода со o-kresolftalein комплекс (mmol/l); натриум и калиум – јон-селективна електрода метода со автоматска дилуција (mmol/l).

И кај двете групи, испитуваната и контролната, бил земен брис од испитаниците за тестирање на присуство на Candida во Sabourad медиум.

Брис бил земан од оралната мукоза која доаѓа во близок контакт со протезната база, со пластичен инструмент, а примероците биле испитувани со Papanicolau-тестот. Резултатите биле статистички обработени со помош на компјутерската програма Statistika for Windows 7.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата. Подрачјето чиј предмет на истражување го содржи овој труд е актуелно. Покрај многуте истражувања што досега се направени, ваква опсежна студија која ги опфаќа, збирно, сите параметри прикажани во оваа студија, кај нас е направена за прв пат. Со оглед на зголемувањето на животниот век на современиот човек, сè поголем е бројот на индивидуи во понапредната возраст кај кои е потребно изработување на тотални протези. Но токму кај овие индивидуи се присутни и голем број на коморбидитети кои ја отежнуваат изработката на тоталните протези. Оваа дисертација, со сеопфатно анализирање на сите фактори кои можат да влијаат врз промените во орофацијалната регија кај носителите на тоталните протези, дава насоки на што сè треба да се внимава при планирањето и при сите фази од изработката на протезата.

Резултатите од презентираната студија се прикажани табеларно и со графикони, кои го олеснуваат нивното следење, и се прецизно опишани. Авторот укажува дека мукозните лезии се значително позастапени кај пациентите со тотални протези. Тоа особено се однесува на ангуларниот хеилит и на трауматска улцера. Кај испитаниците со тотални протези, регистрирана е статистички сигнифакнтно поголема застапеност на оралната кандидијаза, во споредба со испитаниците кои имале природни заби. На оралната слузница, која е во контакт со протезната база на тоталните

протези, се забележувала поизразена кератинизација. Кај 34% од носителите на тотални протези регистририрана е ксеростомија, додека, пак, кај контролната група таа била присутна кај 22% од испитаниците. Регистрирана е асоцијација помеѓу ксеростомијата и носењето на протезите кај испитувните пациенти, за $p<0.05$ (Pearson Chi-square: 9.60649, p=.022225). Само кај пациентите кои го имаат коморбидитетот дијабетес, а се носители на тотални протези, се забележуваат орални компликации од типот на ксеростомија, протетички стоматит и кандидомикотични инфекции. Во текот на истражувањето, кај пациентите кои нередовно или воопшто не ги четкаат протезите во поголем процент се развива протетички стоматит (59,4%), во споредба со оние што редовно ги чистат протезите (40,6%). Но, сепак, оваа разлика не е статистички значајна.

Дискусијата содржи анализа на добиените резултати, коментари и споредба со веќе објавени резултати во светската литература од таа област. Протетичкиот стоматит, трауматската улцера и ангуларниот хеилит во оваа студија биле значително поприсутни кај пациенти со недоволна ретенција и стабилност на протезите. Позитивна асоцијација која ја регистрира кандидатката помеѓу должината на носењето на протези и оралните компликации е асоцијацијата помеѓу должината на носењето на протези и појавата на протетичкиот стоматит. Анализата на резултатите за сите составни компоненти на плунката кои биле определувани кај испитаниците покажала дека квалитативниот состав на плунката не се разликува значително помеѓу испитаниците од КГ и пациентите во ИГ. pH (актуелната киселост) на оралната средина била со пониски вредности кај пациентите кои носат тотални протези во споредба со пациентите кои не носат тотални протези.

Во заклучните согледувања се укажува дека најзначајни орални промени кај носителите на тоталните протези се протетичкиот стоматит, ксеростомијата и намаленото лачење на плунка, кандидомикотични инфекции, трауматска улцера и ангуларен хеилит. Протетичкиот стоматит е честопати поврзан и со присуство на инфекции со Candida albicans. Со оглед на тоа што протетичкиот стоматит е најчестата воспалителна реакција кај носителите на тотални протези и дека во најголем број од случаите е асимптоматска, кандидатката препорачува почести контролни стоматолошки прегледи кај пациенти кои носат тотални протези.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Арлинда Тмава Драгуша, со наслов: **Клинички и параклинички наоди кај пациенти со тотални протези**, претставува истражување во научното подрачје: медицински науки и здравство, поле: стоматологија и научна област: стоматолошка протетика. Изработката на темата на оваа докторска дисертација која има цел да се утврдат промените кои настануваат во орланата средина кај лицата кои носат мобилни тотални протези, има научен придонес за подготвувањето на протоколи и стратегиите за промоција на оралното здравје кај индивидуи во напредната возраст.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[4]. Автори: Tmava-Dragusha A., Shala K., Ivanovski K., Dirjanska K., Ristoska S., Elenchevski S. Наслов на трудот „Prevalence of oral candidiasis in complete dentures wearers“, објавен во: Macedonian Dental Review 2020; 43 (3): 94-99.

[5]. Автори: Tmava-Dragusha A., Elencevski S., Pancevska S., Bundevska J., Grcev A., Ivanovski K., Popovski B., Dirjanska K., Ristoska S.. Наслов на трудот: „The influence of complete dentures on xerostomia and the concentration of salivary proteins“, објавен во: Macedonian Dental Review. 2018; 41 (1-2): 47-53.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се: согледување на севкупните, клинички и параклинички промени кои настануваат кај носители на тотални протези и подготвување на протоколи и стратегии за промоција на оралното здравје кај индивидуи во напредната возраст.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: резултатите од ова истражување наоѓаат примена во секојдневната стоматолошка клиничка практика и во подготовката на соодветни протоколи за промоција на орално здравје.

Можните понатамошни истражувања се: материјали за изработка на тотални протези кои ќе имаат најмали штетни ефектои врз оралната лигавица.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р** Арлинда Тмава Драгуша со наслов: **Клинички и параклинички наоди кај пациенти со тотални протези**.

КОМИСИЈА
Проф. д-р Весна Коруновска, претседател, с.р.
Проф. д-р Ќиро Ивановски, ментор, с.р.
Проф. д-р Јадранка Бундевска, член, с.р.
Проф. д-р Сашо Еленчевски, член, с.р.
Проф. д-р Кујтим Шала, член, с.р.

ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Стојан Стојчевски	„Дизајн на контролен информационен систем за управување со процесот на добивање течни сапуни со антисептичко дејство”	Design of controlling information system for process management in production of liquid soaps with antiseptic properties”	проф.д-р Кирил Лисичков	Бр. 02-611/1 од 27.05.2021

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ТРИ НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ (ПИЈАНО) (60910) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весниците „Коха“ од 7.4.2021 и „Вечер“ од 8.4.2021 година, за избор на три наставници во сите наставно–научни звања по областа: видови инструменти (пијано) (60910), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 02-299/1, донесена на 6.5.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Зоран Пехчевски, проф. д-р Ана Гацева и проф. д-р Марија Ѓошевска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на три наставници во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано), во предвидениот рок се пријавија три кандидатки: доц. м-р Марија Вршкова-Зафировска, доц. м-р Сара Пројковска-Николовска и доц. д-р Елена Атанасовска-Ивановска, во моментов вработени на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

1.Марија Вршкова-Зафировска

9. Биографски податоци и образование

М-р Марија Вршкова-Зафировска е родена на 9.4.1975 година во Битола.

Таа започнала да свири пијано на шестгодишна возраст, а основното и средното музичко образование го завршила во Битола, во класата на проф. М. Татарчевска. Додипломските студии ги продолжила на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Тодор Светиев, завршувајќи ги со највисоката оценка 10 и особена пофалба (Cum Laude).

За време на нејзиното школување, таа се истакнала како еден од најдобрите студенти во својата генерација, земајќи активно учество во сите активности организирани од страна на Факултетот. Добитник е на 2 први републички, 2 трети сојузни (во рамки на поранешната СФРЈ) награди за пијано и камерна музика, како и трета награда на интернационалниот конкурс за млади пијанисти во Рим (Италија), во 1996 година.

Вршкова повеќепати учествувала на семинарите во рамки на фестивалот „Интерфест – Битола“, каде што имала можност да работи со врвни пијанистички педагози, како Dang Thai Son и Nelson Fabri Delle-Vigne. Исто така, учествувала и на семинари по камерна музика, од кои најзначаен е семинарот одржан во Германија, под раководство на еминентните квартети „МИО” и „АРТЕМИС”.

Постдипломските студии ги завршила со највисока оценка 10 на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2003 година, во класата на проф. Тодор Светиев.

Нејзиното прво работно искуство започнало во 1996 година, како наставник по пијано во музичкото училиште „Панче Пешев“ во Куманово, за потоа, од 1998 година, да продолжи во музичкото училиште ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Веќе во 2000 година, таа се вработила како помлад уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Поради своите заслуги на полето на пијанистички и камерни изведби, таа е предвремено избрана во највисокото звање – виш уметнички соработник.

Како солист, таа зад себе има десет рецитали и неколку настапи со Македонската филхармонија, при што првенствено се залагала за презентирање на музиката од XX век, изведувајќи ги премиерно концертите на Bela Bartok и Benjamin Britten, како и концертот на Francis Poulenc за две пијана, во соработка со Кристина Светиева. Исто така, таа два пати настапила и како солист со „Битолскиот камерен оркестар“, како и со „Оркестарот на Музичката младина на Македонија“, со кого го извела делото „Концертна пиеса“ од Сони Петровски,

специјално напишано за Вршкова и посветено на неа, а со камерниот оркестар „АЛЕА“ премиерно пред македонската публика го извела делото Rondo-Beethoven.

Марија Вршкова дури четири пати била избрана како единствен претставник од Македонија во „Светскиот младински оркестар“, каде што соработувала со светски познати диригенти.

Значајна е нејзината улога како член на ансамблот „АЛЕА“, со кој остварила над 50 македонски и светски премиерни изведби, со огромен успех. Од 2014 година таа е член на новоформираниот ансамбл „Con Tempora" и за ова кратко време реализирала 2 концерта во Белгија и 4 концерти во Македонија, во организација на СОКОМ.

Таа е една од најактивните македонски пијанисти и нејзината пијано-соработка не само што се поврзува со наши познати музички имиња, туку и со светски познати инструменталисти: Ино Мирковиќ, Стефан Миленковиќ, Моника Лесковар, Дејан Гавриќ, Мориц Муленбах и многу други.

Покрај настапите на домашните сцени во рамките на сите позначајни манифестации во Македонија („Скопско лето“, „Денови на македонска музика“, „ Охридско лето“, „ Есенски музички свечености“, „Хераклејски вечери“, „ Златна лира“, „Битолско лето“), таа концертирала и надвор од државата, на сцените во Турција, Австрија, Италија, Франција, Германија, Русија, Полска, Украина, Холандија, САД, Велика Британија, Бугарија, Хрватска, Србија, Словенија, Косово, Албанија, Грција, Босна и Херцеговина. Марија Вршкова неколкупати била дел и од македонските делегации кои успешно ја претставувале нашата култура во Русија, Италија, Австрија и Франција.

Таа 5 години била хонорарен член на Македонската филхармонија, а исто така работела на подготвувањето на повеќе од шест опери во Македонската опера и балет.

Вршкова е и долгогодишен член на филмскиот оркестар F.A.M.E.S., со кој има реализирано стотина снимки за најдобрите европски и светски филмски продукции.

Голем придонес има во интернационалниот натпревар „Охридски бисер“, каде што е единствениот музички соработник од неговото основање. Во таа чест, таа ја добила специјалната награда за најдобар музички соработник, која едногласно е изгласана од страна на интернационалното жири.

Нејзиното музицирање е запишано и на повеќе компакт-дискови, преку соработката со Блерим Груби, Страшо Темков, дуото Ана и Олег Кондратенко, Љупчо Чедомирски и Владимир Костов, за потоа да издаде и нејзин соло компакт-диск, насловен како „Македонска музика за пијано“.

По покана на еминентниот пијанист од Грција, Дино Мастројани, Вршкова во 2013 година за прв пат се претставила и во Грција, на познатиот „Фестивал Евмелија“, со дела од композиторот Микис Теодоракис.

Како круна на нејзината долгогодишна кариера секако треба да се споменат трите награди „Виртуози“, освоени во три различни категории: Музички изведувач (2013 година), Камерен ансамбл-заедничка награда со „Дуото Ана и Олег Кондратенко“ (2015 година) и Камерен ансамбл-заедничка награда со ансамблот „Кон Темпора“ (2016 година).

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Магистерските студии успешно ги завршила на 17.6.2003 година, со просечен успех 9,40 и се стекнала со звањето магистер на пијано.

На 3.10.2007 е избрана во звањето уметнички соработник (рефератот за изборот е објавен во Билтенот бр.926 од 15.7.2007).

На 17.10.2016 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за музичка уметност во Скопје, по предметите Корепетиција – практика и Корепетиција (Билтен бр. 1131 од 30.9.2016 година).

Во моментот е вработена на Факултетот за музичка уметност во Скопје како доцент по Корепетиција - практика и Корепетиција. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1131 од 30.6.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 926 од 15.7.2007 и Билтенот бр. 1131 од 30.6.2016 година, како и вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

10. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кандидатката доцент м-р Марија Вршкова-Зафировска изведува настава по предметите Корепетиција – практика и Корепетиција, на прв и на втор циклус студии.

Доц. м-р Марија Вршкова-Зафировска, со своето богато долгогодишно искуство, стекнато преку соработката со многу афирмирани домашни и странски музички уметници, дава голем придонес во професионалното и уметничко формирање на студентите на првиот и вториот циклус студии. Во тесна соработка со нивните наставници и ментори, таа ја остварува својата многу значајна функција во конечната изработка на музичките дела и во нивната јавна презентација, не само за потребите на наставно-образовниот процес на Факултетот, туку и на музичките сцени во Македонија и надвор од неа

Во доменот на предметот Корепетиција – практика, со своите студенти реализирала бројни концертни соработки во рамките на циклусот „Musica Viva“ на Факултетот за музичка уметност во Скопје и камерни концерти во организација на Музичката младина на Македонија.

Кандидатката била ментор на два магистерски труда.

Кандидатката учествувала како член на комисија за одбрана на два магистерски труда.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

М-р Марија Вршкова во текот на својата досегашна уметничка кариера има реализирано многу голем број на концерти на музичките сцени во Македонија и во голем број држави во Европа, како и во САД.

Во периодот од нејзиниот избор во звањето доцент до денес, м-р Марија Вршкова продолжува со континуираната уметничка дејност, настапувајќи како солист или како камерен музичар, на музичките сцени во Републиката и во странство.

За оваа прилика, како позначајни, овде ќе наведеме само неколку од нив:

- Трио концерт, во соработка со Марко Поп Ристов и Фредерик Легранд, македонска праизведба на композиции од J.B.Loeillet, C.Debussy;
- Концерт на клавирски квартети, во соработка со Илиас Ливиератос, Милтиадис Касарас, Дритон Гаџа, Скопје, 24.10.2016 и Приштина 25.11.2016;
- Концерт на камерно трио, во соработка со Игор Иванов, Адорел Хаџиај, 27.9.2016;
- Дуо концерт за две пијана, во соработка со Кристина Светиева, 26.11.2019, премиерна изведба на композиција од Д. Шостакович;
- Концерт „Музика за 30 прсти“, во соработка со Елена Атанасовска и Сара Прајковска, премиерна македонска изведба на делата J.Crass и T. Baynov, 16.11.2020;
- Авторски концерт на композиторите Дамјан Темков и Филип Иванов, македонска праизведба на делото „Скерцо“ од Ф. Иванов, 5.5.2018.

Ова се само мал дел од нејзините настапи, солистички или во соработка со афирмирани вокални уметници и инструменталисти, од кои може да се согледа нејзиниот придонес за ширењето на македонската музичка култура, не само на нашите простори, туку и пошироко.

За нејзиното долгогодишно присуство на концертните сцени, нејзините колеги, соработници и критичари искажале големо почитување, што може да се констатира од многубројните објавени стручни критики, од кои овде наведуваме неколку извадоци:

„Пијанистката Марија Вршкова искажува особен творечки интерес кон новосоздадената музика, вклучувајќи ги делата од македонските композитори. Тоа е професионален ангажман за кој е потребно големо љубопитство, творечки инстинкт, истражувачка храброст и фантазија и, пред сè, врвен пијанизам. Таквото пијанистичко умеење кое го оживотворува изведеното дело, зашто, сепак, станува збор за дела кои во најголем број случаи се уште ја бараат својата афирмација...." *(Марко Коловски, Радио Скопје, монографија „50 години Охридско лето“)*

„Презентирањето на пијанистката Марија Вршкова беше оставено за крај. Вршкова има афинитети кон Барток (веќе го изведувала) и за своето враќање на сцената како солист со филхармоничарите го избрала неговото последно дело-Концертот за пијано и оркестар бр.3 во Е-

дур. Енергичност, ритмичка прецизност и артикулација, јасно отсвирени латентни фолклорни мотиви, впечатливо карактеризирање на фразите кои одговараат на динамичниот карактер на Вршкова, а од друга страна нежна лирика која ја одразува нејзината перцепција и на современиот „романтичен” израз на Барток, беа дел од индивидуалниот стил што го креираше Вршкова, а се согледуваше и во артикулацијата, динамиката и темпото со кои се обликуваа темите. Без разлика дали се работеше за танцувачките теми, лирски изблици или виртуозни пасажи, Вршкова беша моторична, своја, препознатлива, сигурна.” *(Елени Новаковска)*

„Македонската пијанистка покажа, и овој пат, уметничка зрелост. Разбирливо, јасно, вешто се движеше низ партитурата полна со предизвици во која се едно современите аспекти на компонирање и изворните „музејски“ експонати, но и академската стандардност. Овој концерт бара навистина да се согледаат деталите до најтенката нијанса, а Вршкова, особено вешта во силните и нежните пасажи, им даде експресивно значење, без извештачени ефекти, без непотребно декорирање. Нејзината музикалност, всушност, е нејзин најсилен адут. Таа музицира храбро, успевајќи да ги наслика и експресивните акценти, и разновидните ритмички фигури, но да се справи и со емотивниот баланс кој се преплетуваше низ сите три става.“ *(Тина Иванова, Утрински весник)*

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

М-р Марија Вршкова е трикратен добитник на наградата „Виртуози“, од кои во периодот од последниот избор до денес, наградата за „Камерен ансамбл“ – заедно со ансамблот ,,Кон Темпора за 2016 година. Наградата е востановена по иницијатива на Министерството за култура на Република Македонија, СОКОМ, Македонската филхармонија и Македонската опера и балет.

По покана на организаторот, Марија Вршкова била член на меѓународната жири-комисија на Петтиот интернационален натпревар за класична музика одржан во Приштина, Косово.

Вршкова е долгогодишен пијанист и на интернационалниот натпревар ,,Охридски бисер“.

Би ги споменале уште и проектите кои ги изготвила и реализирала, во соработка со Министерството за култура:

- Рецитал на македонско американска музика, Њујорк, САД, 2017 година;
- Трио концерт, „Вечер на Француска музика„, 2018 година.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката доц. м-р Марија Вршкова-Зафировска добила позитивни оценки од сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во периодот од нејзиниот последен избор во звањето доцент до денес.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Марија Благој Вршкова-Зафировска**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (пијано)(60910)**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус	ДА
2.	Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат)	Марија Вршкова-Зафировска е име кое на македонската сцена делува повеќе од 25 години. Во текот на своето школување, се образувала кај извонредните музички педагози М. Татарчевска и Т. Светиев, а покрај тоа, активно учествувала на семинари по пијано и камерна музика, каде што имала можност да соработува со светски реномираните професори Dang Thai Son и Nelson Fabri Delle-Vigne, како и со членовите на реномираните квартети „МИО” и „АРТЕМИС” од Германија. Вршкова неколку пати по ред била единствен пијанист, претставник на Македонија, во светскиот оркестар „JMWO“. Нејзиното име се поврзува со над 50 праизведби на дела од македонски и странски композитори, во соработка со ансамблите „Алеа“ и „Кон Темпора“. Како дел од македонските делегации, Вршкова успешно ја претставувала својата земја во Рим, Москва, Сант Петербург, Алеберо Бело и Бари. Како солист, таа има одржано десет рецитали, како и неколку настапи со Македонската филхармонија, со Битолскиот камерен оркестар и со оркестарот на Музичката младина на Македонија, на кои што, пред сè, се залага за презентирање на музика од 20 век, како и афирмација на помалку познати композиции, изведувајќи премиерно голем број на дела пред македонската публика.

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
		Таа е една од најактивните македонски пијанисти и нејзината пијано-соработка се поврзува со наши познати музички имиња и со светски познатите инструменталисти како: Ино Мирковиќ, Стефан Миленковиќ, Моника Лесковар, Мориц Муленбах и Дејан Гаврич. Покрај настапите на домашните сцени, во рамките на сите наши позначајни интернационални фестивали, таа концертирала и надвор од државата: во Турција, Австрија, Италија, Франција, Германија, Русија, Полска, Украина, Холандија, Америка, Велика Британија, Бугарија, Хрватска, Србија, Словенија, Косово, Албанија, Грција, Босна и Херцеговина. Нејзиното музицирање е запишано и на повеќе компакт дискови, преку соработка со Блерим Груби, дуото Ана и Олег Кондратенко, Љупчо Чедомирски, Владимир Костов, Страшо Темков, како и нејзиниот соло компакт диск насловен како „Македонска музика за пијано“. Како признание за нејзината долгогодишна успешна кариера, Вршкова е неколкукратен добитник на наградите „Виртуози“, освоени во категорииите: Музички изведувач, Камерен ансамбл – групна награда со Ана и Олег Кондратенко и Камерен ансамбл – групна награда со ансамблот „Кон Темпора“.
3.	Има способност за наставна работа	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Марија Благој Вршкова-Зафировска**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (пијано)(60910)**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Одржување настава од прв циклус студии	Поени
1.	Корепетиција-практика, корепетиција, учебна 2015/2016 година, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
2.	Корепетиција- практика, корепетиција учебна 2016/2017 година, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
3.	Корепетиција- практика, корепетиција, учебна 2016/2017 година, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
4.	Корепетиција- практика, корепетиција ,учебна 2017/2018 година, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
5.	Корепетиција- практика, корепетиција учебна 2017/2018 година, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
6.	Корепетиција- практика, корепетиција, учебна 2018/2019 година, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
7.	Корепетиција- практика, корепетиција, учебна 2018/2019 година, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
8.	Корепетиција- практика, корепетиција, учебна 2019/2020 година, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
9.	Корепетиција -практика, корепетиција, учебна 2019/2020 година, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
10.	Корепетиција -практика, корепетиција, учебна 2020/2021, зимски семестар , 15 часа неделен фонд	9,6
11.	Корепетиција- практика, втор циклус, учебна 2017/2018, зимски семестар, 1 час неделен фонд	0,5
12.	Корепетиција- практика, втор циклус, учебна 2017/2018, летен семестар, 1 час неделен фонд	0,75
13.	Корепетиција- практика, втор циклус, учебна 2018/2019, летен семестар, 1 час неделен фонд	0,75
14.	Корепетиција- практика, втор циклус, учебна 2019/2020, зимски семестар, 1 час неделен фонд	0,75
	Вкупно	**99**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Ментор на магистерски труд (кандидат: Доменика Робе)	2
2.	Ментор на магистерски труд (кандидат: Наташа Калајџиевска)	2
3.	Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд (кандидат: Доменика Робе)	0,3
4.	Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд (кандидат: Наташа Калајџиевска)	0,3
	Вкупно	**4,6**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени

1.	Трио концерт, Музеј на град Скопје, 27.9.2016	8
2.	Косово камер-фест, концерт на клавирски квартети, 25.10.2016	8
3.	КИЦ, Скопје, концерт на клавирски квартети, 24.10.2016	1,6
4.	Балкански музички фестивал, Тирана, Концерт на ансамбл Кон Темпора, 2.11.2016	2
5.	ДММ, Концерт на ансамбл Кон Темпора, 4.4.2016	2
6.	Концерт на наставниците од катедрата за клавишни инструменти, 22.12.2016	2
7.	Виолин Фест, концерт на млади виолинисти, 12.6.2016	8
8.	Башчаршиски ноќи- Сараево, Дуо концерт- Темков-Вршкова, 6.6.2017	8
9.	Дуо концерт, Груби-Вршкова Салон 19,19, 29.6.2017	8
10.	Дуо Концерт, Груби-Вршкова, Охридско лето, 19.8.2017	1,6
11.	ДММ, Камерен концерт на ансамблот „Кон Темпора“ 29.3.2017	2
12.	Вечер на Шведска музика, рецитал на соло песни, Љиљана Јовановиќ, Билјана Стефансон, Вршкова Марија Охридско лето, 2.8.2017	8
13.	Камерен концерт на членовите на стручното жири, Охридски бисер, 19.6.2017	2
14.	Мултимедијален камерен концерт, Дарија Андовска и Ана Пандевска, 2017	2
15.	Рецитал на дуо Костов-Вршкова, Њујорк, 16.9.2017	8
16.	Рецитал на дуо Темков- Вршкова, Мајнц -Германија, 11.5.2018	8
17.	Трио концерт, Вршкова, Поп Ристов, Легранд -Бит Фест, 7.7.2018	8
18.	Трио концерт, Вршкова, Поп Ристов, Легранд – Скопско лето, 8.7.2018	1,6
19.	Ноќ на музиката, Концерт на Адам Голдштајн, Вили Битон, Вршкова Марија, 9.3.2018	8
20.	Камерен концерт со музика на Дамјан Темков и Филип Иванов, 5.5.2018	2
21.	Грнета ансамбл – Лумановски, Бакревски, Вршкова – Истанбул, 15.1.2018	8

22.	Грнета ансамбл- Лумановски, Бакревски, Вршкова- Центар за култура – Битола, 22.2.2018	1,6
23.	Концерт Стипаничев- Вршкова , 2.10.2018	0,4
24.	Фестивал на флејтата – Загреб, камерен настап со С. Темков, 27.4.2019	2
25.	Бански двор- Бања Лука , Концерт дуо Темков-Вршкова, 21.5.2019	8
26.	Мај месец на музиката – Врање, Концерт дуо Темков-Вршкова, 14.5.2019	1,6
27.	НУЦК- Марко Цепенков-Прилеп, Концерт дуо Темков - Вршкова, 20.5.2019	1,6
28.	45. НИМУС-фестивал, Камерен концерт по повод раѓањето на проф. Коларовски, 5.11.2019	2
29.	Концерт на дуо Светиева - Вршкова, 26.11.2019	8
30.	Трио концерт, Аревски, Бакревски, Вршкова – Штип, 29.9.2020	8
31.	ДММ 2020- Камерен концерт, 16.8.2019	2
32.	Есенски музички свечености, Музика за 30 прсти, 16.11.2019	8
	Вкупно	**150**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Национална награда ,,Виртуози“- 2016	2
Дејности од поширок интерес		
2.	Носител на меѓународен проект, Њујорк, 2017 година	2
3.	Носител на национален проект „Вечер на Француска музика“, 2018 година	1
	Вкупно	**5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	99
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	4,6
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	150
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	5
Вкупно	**258,6**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

2. Сара Прајковска-Николовска

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

М-р Сара Прајковска е родена во Скопје, на 30.12.1977 година. Основната музичка наобразба ја започнала во класата по пијано на проф. Драгољуб Апостолов и проф. Катерина Костадиновска – Гелебешева во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Средното и високото образование го продолжила во класата на еминентниот педагог проф. Борис Романов, во чија класа и дипломирала во 2000 година, со највисока оценка 10.

За време на своето школување, а и потоа, учествувала на многу домашни и меѓународни натпревари, каде што забележала бројни успеси, и како солист, и како пијано-соработник. Од нив се издвојуваат:

- 1997, Натпревар „Musica Viva “, Струга – втора награда за интерпретација;
- 2001, Трет меѓународен натпревар за дувачки, гудачки, ударни инструменти и пијано придружба, Стара Загора (три први награди);
- 2001, Rovere D`Oro, Giovani talenti, Италија (три први, четири втори и две трети награди);
- 2002, Меѓународен флејтистички натпревар во Ваљево, Србија (три први и една трета награда);
- 2002, Rovere D`Oro, Giovani talenti, Италија (втора награда);
- 2011, Интернационален натпревар за млади музичари „Охридски бисери“ (Grand prix);
- 2014, Интернационален натпревар, Приштина (Grand prix);

Покрај концертите при ДМБУЦ и ФМУ, програмската шема на Салон 19’19, СМУМ, Даутпашин амам, активно концертирала на домашната сцена и во склоп на реномираните фестивали, како што се: „Скопско лето“, „Охридско лето“, „Денови на македонска музика“, „Златна лира“, „Есенски музички свечености“ итн.

Исто така, била присутна и на меѓународната сцена, и тоа во: Рим (Италија), во рамките на програмата за одбележување на „Деновите на Св. Кирил и Методиј“; Пловдив, Софија, Стара Загора и Перник (Бугарија); Истанбул (Турција); Париз (Франција) со гостување на „Le conservatoire municipal de Courbevoie“; Белград (Србија); Брно (Чешка).

Во периодот од 1993 до 1998 г., активно учествувала на семинарите под раководство на проф. Борис Романов, одржани во Скопје, Охрид и Пловдив, и настапувала на сите завршни концерти од семинарот, кои се одржувале во рамките на редовната програма на меѓународниот фестивал „Охридско лето“. Учествувала и на меѓународниот семинар во Брно (Чешка), под раководство на проф. Јиржи Сковајса, а исто така реализирала професионални контакти со еминентни професори, меѓу кои: Павел Јонеску, Марлена Кескин, Евгени Корољов и други.

Има реализирано трајни тонски и видеозаписи за МРТВ, а не помалку се важни и настапите во состав на ликовни колонии, поетски вечери, јубилејни и хуманитарни концерти, како и промоции на нови изданија.

Во 2000 година, Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ свечено ѝ ја врачил наградата „26 Јули – Frank Maning“, за најдобар студент на генерацијата.

Првото педагошко искуство го стекнала во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, кое започнало уште за време на студиите, па продолжило се до 2001 година. Учениците од нејзината класа земале активно учество во сите дејности на Одделот за пијано, како што се новогодишните концерти, јавните часови и натпреварите.

Се запишала на постдипломските студии на студиската програма за корепетиција на ФМУ, во класата на проф. Јасминка Чакар, под чие менторство магистрирала со највисока оценка 10 во 2008 година.

Од 2004 година е во редовен работен однос, како уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност.

Со продолжувањето на дејноста како пијано соработник, зема активно учество во наставниот процес, и дава свој суштински придонес во дообликувањето на делата кои се изведуваат.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Магистерските студии успешно ги завршила на 24.6.2008 година, со просечен успех 9,40 и се стекнала со звањето магистер на корепетиција.

На 1.12.2010 е избрана во звањето уметнички соработник на Факултетот за музичка уметност во Скопје (рефератот за изборот е објавен во Билтенот бр. 996 од 15.11.2010 година).

На 17.10.2016 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за музичка уметност во Скопје, по предметите Корепетиција – практика и Корепетиција (Билтен бр. 1131 од 30.9.2016 година).

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 996 од 15.11.2010 година и Билтенот бр. 1131 од 30.9.2016 година, како и вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кандидатката доц. м-р Сара Продковска изведува настава од прв циклус студии, по предметите Корепетиција – практика и Корепетиција.

Во доменот на предметот Корепетиција – практика, со своите студенти, реализирала два целовечерни концерти во склоп на „Musica Viva“ (2016 и 2017), „Концерт во чест на проф. Стојан Стојков“ (2016), како и бројни концертни соработки со студенти во склоп на поединечни концерти од циклусот „Musica Viva“.

Доц. м-р Сара Продковска, со своето богато долгогодишно искуство стекнато преку соработката со многу афирмирани домашни и странски музички уметници, дава голем придонес во професионалното и уметничко формирање на студентите на првиот и вториот циклус студии. Во тесна соработка со нивните наставници и ментори, таа ја остварува својата многу значајна функција во конечната изработка на музичките дела и во нивната презентација, не само за потребите на наставно-образовниот процес на Факултетот, туку и на јавните музички сцени во Македонија и надвор од неа.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Во периодот од нејзиниот избор во звањето доцент до денес, м-р Сара Продковска продолжува со континуираната уметничка дејност, настапувајќи како камерен музичар на домашните музички сцени .

Таа ги реализирала следниве музички настапи: во март 2016, дуо рецитал Пајазити/Продковска во Тетово; во април 2016, учество на концерт на фестивалот „Денови на македонска музика“, Јакимовска/Продковска во Скопје; во декември 2016, концерт на наставниците од катедрата за клавишни инструменти во Скопје; во јуни 2017, концерт Стипаничев/Продковска во Скопје; во декември 2017, репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Мама миа“ во Скопје; во февруари 2018, концерт Арслан/Продковска во Скопје; во октомври 2018, концерт Чуруковска/Продковска во Скопје; во октомври 2018, официјален пијано-соработник на меѓународниот натпревар „Lions Europian music competition Thomas Kuti“ за флејта во Скопје; во ноември 2019, репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Боливуд“ во Скопје; во ноември 2019, учество на концертот по повод 75 години Македонска филхармонија и 85 години од раѓањето на композиторот Томислав Зографски во Скопје (праизведба); ноември 2020, „Концерт за 30 прсти“ во Скопје.

Во периодот од 2016 година, па до денес, активно концертира во рамките на активностите на Факултетот за музичка уметност во Скопје, ја продолжува соработката како надворешен соработник со Македонската филхармонија, Националната опера и балет, Македонскиот народен театар и театарот „Комедија“.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Доц. м-р Сара Прајковска-Николовска во 2018 година била член на жири-комисијата на Државниот музички натпревар на млади таленти на ниво на основни училишта, одржан во Скопје.

Во 2020 и 2021 година била носител на проектот од национален интерес „Концерт за 30 прсти“, а во 2020 година била носител на проектот од меѓународен интерес „Концерт за 30 прсти“, реализиран во Рим (Италија).

Кандидатката учествувала како член на комисија за одбрана на три магистерски труда.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката доц. м-р Сара Прајковска-Николовска добила позитивни оценки од сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во периодот од нејзиниот последен избор во звањето доцент до денес.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Сара Славе Прајковска-Николовска**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (пијано) (60910)**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус	ДА
2.	Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат)	Сара Прајковска од своите најрани години па до сега, е присутна како на музичките сцени во нашата република, така и во странство. Уште во зачетоците на нејзиното музичко образование, таа се издвојува со исклучителна надареност, сериозност и посветеност во работата. Нејзината едуцираност, сублимирана од повеќе педагошки класи, со акцент на руската пијанистичка школа, стекната од нејзиниот професор Борис Романов, ја оформува во исклучителен пијанист и целосно изграден музички уметник и педагог. Сите нејзини настапи се одликуваат со зрелост во музичкиот израз, оригиналност во изведбата и префинет виртуозитет.
3.	Има способност за наставна работа	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Сара Славе Прајковска-Николовска**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (пијано)(60910)**

НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред.Бр.	Назив на активноста: Одржување на настава од прв циклус студии	Поени
1.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2015/2016, зимски семестар, 20 часа неделен фонд;	12
2.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2016/2017, летен семестар, 20 часа неделен фонд;	12
3.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2016/2017, зимски семестар, 20 часа неделен фонд;	12
4.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2017/2018, летен семестар, 20 часа неделен фонд;	12
5.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2017/2018, зимски семестар, 20 часа неделен фонд;	12
6.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2018/2019, летен семестар, 20 часа неделен фонд;	12
7.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2018/2019, зимски семестар, 16 часа неделен фонд;	9,6
8.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2019/2020, летен семестар, 16 часа неделен фонд;	9,6
9.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2019/2020, зимски семестар, 16 часа неделен фонд;	9,6
	Вкупно:	**100,8**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
1.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (кандидат: Доминика Робе)	0,3
2.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (кандидат: Наташа Калајџиевска)	0,3
3.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (кандидат: Матеј Никољски)	0,3
	Вкупно:	**0,9**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
1.	„39 Денови на македонска музика“ – Дуо Јакимовска – Прајковска, 2.4.2016	2
2.	Концерт на наставниците од катедрата по клавишни инструменти, 22.12.2016	2
3.	Дуо концерт Стипаничев-Прајковска, 7.6.2018	8
4.	Концерт Арслан – Прајковска, 27.2.2018	8
5.	Дуо концерт Чуруковска – Прајковска, 9.10.2018	8

6.	27. издание на Лионс меѓународен натпревар за флејта, 25 - 26.10.2018 (официјален корепетитор)	2
7.	75 години Македонска филхармонија – Т. Зографски „Фантазија корале“(светска премиера), 21.11.2019	2
8.	Есенски музички свечености „Концерт за 30 прсти“, 18.11.2020	8
9.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Мама Миа!“, 24.12.2017/МНТ - Премиера	4
10.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Мама Миа!“, 26.12.2017	0,8
11.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Мама Миа!“, 28.12.2017	0,8
12.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Мама Миа!“, 29.12.2017	0,8
13.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Мама Миа!“, 12.1.2018	0,8
14.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Боливуд“, 6.11.2019, Театар Комедија - Премиера	4
15.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Боливуд“, 15.11.2019	0,8
16.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Боливуд“, 13.12.2019	0,8
17.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Боливуд“, 14.12.2019	0,8
18.	Репетиторска дејност во подготовка на главни улоги во музичко-сценско дело „Боливуд“, 30.1.2020	0,8
	Вкупно:	**54,4**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
1.	Член на комисија на Државен натпревар на ниво на основни училишта	1

Изготвување и пријавување на уметнички национален проект

2.	Носител на проект: „Концерт за 30 прсти“, 2020	1
3.	Носител на проект: „Концерт за 30 прсти“, 2021	1

Изготвување и пријавување на уметнички меѓународен проект

4.	Носител на проект: „Концерт за 30 прсти“ – Рим (Италија), 2020	2
	Вкупно:	**5**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	100,8
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	0,9
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	54,4
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	3
Вкупно:	**159,1**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

3. Елена Атанасовска-Ивановска

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Елена Атанасовска-Ивановска е родена на 17.2.1981 во Скопје.

Основното и средното музичко образование го завршила во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ во Скопје, во класата на проф. Лепа Мрмевска. Дипломирала со највисока оценка 10 и особена пофалба (Cum Laude) на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на еминентниот проф. Борис Романов. Во 2005 година ги завршила постдипломските студии под менторство на истиот професор, повторно со највисока оценка 10.

Во текот на музичкото образование се здобила со голем број високи награди на редица државни и меѓународни натпревари: повеќе први награди на републичко ниво, прва награда на меѓународниот натпревар „Златен лист“ во категоријата на дуо состав во Сан Бартоломео, Италија (1996), втора награда на истиот натпревар во категоријата соло- пијано (1996), втора награда на натпреварот „Музиката и земјата“ во категорија на камерни состави одржан во Софија, Бугарија (1996), трета награда на „Шопеновиот натпревар“ во Нови Сад, Србија (1997) итн.

Учествувала на пијано-семинари кај еминентни професори: проф. А. Валдма, проф. Ј. Михајловиќ, проф. М. Молова, проф. Н. Макарова, проф. Љ. Рошчина, проф. С. Доренски, проф. А. Бондурјански, но најплодна и најуспешна е соработката со рускиот педагог проф. Борис Романов, во чија класа дипломирала, магистрирала и докторирала на Факултетот за музичка уметност – Скопје.

Во 1997 година учествувала на летниот музички семинар „Нови имиња“ во Суздаљ, Русија, каде што имала забележителен настап на концертот на најуспешните семинаристи.

Во 2003 година, Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје свечено ѝ ја врачил наградата „26 јули-Франк Манинг“ за најдобар студент на генерацијата.

Како докажан и високо ценет уметнички-пијано соработник кандидатката Елена Атанасовска-Ивановска има остварено многу голем број концертни настапи со домашни и странски реномирани изведувачи. Нејзината пијанистичка подготвеност и способноста беспрекорно да ги реализира музичките идеи во најразлични стилски контексти, условиле таа да се наметне како посакуван избор за пијано-соработник на многу вокално-инструментални изведувачи. Потврда за тоа е и долгиот список на реализираните концерти во нејзината досегашна кариера.

Повеќе пати настапувала како солист со Македонската филхармонија и оркестарот на Музичката младина на Македонија. Забележала голем број настапи на сите позначајни национални и меѓународни фестивали во земјава, како и на реномирани музички фестивали во странство, и тоа во Босна и Херцеговина, Португалија, Шпанија, Србија. Со рецитали, полурецитали и како пијано-соработник настапувала низ цела Македонија, а надвор од неа има настапувано во Русија, Америка, Франција, Шпанија, Португалија, Италија, Грција, Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина и Косово.

За пијанистичките и музичките квалитети на Елена Атанасовска-Ивановска зборуваат и бројните позитивни критики и рецензии, од кои овде издвојуваме неколку:

„...Исполнувајќи циклуси на пиеси од Шуман и Пуланк, таа прикажа исклучително рафиниран приод кон овие концепциски слични дела. Нејзината интерпретација беше беспрекорна, што придонесе кон докрај издржана тонска палета на бои, максимално изедначена и динамички балансирана, совршено владеење на пијаното, јасна перцепција на карактерот и контрастите. Елена Атанасовска покажа дека е пијанист со исклучителен талент, одмерена, женствена и нежна во интерпретацијата...“ *(Роза Нолчева, „Вест“, 2002)*

„...Ѓошевска-Ивановска синоќа демонстрираа исклучителна исполнителска воедначеност која беше комбинирана со висока исполнителска техника, со силна експресивност без која Рахмањинов и не може да се замисли и исполнителска култура која ретко се гледа кај уметници што се на почетокот на својата кариера...“ *Марко Коловски, Музика (Кон концертот на „Златна лира“, пијано-дуо со Марија Ѓошевска, 2009)*

„...Пред софиската публика својата индивидуалност како пијанист Елена Атанасовска-Ивановска ја расплете преку дирките од пијаното во „Слики“ од Клод Дебиси. Таа го пронајде

вистинскиот пат кон звучната импресија во сите нијанси...“ *(Лили Николова, 2015, Софија, Бугарија)*

На полето на педагогијата значајно е да се напомене дека во учебната 2003/2004 година, Елена Атанасовска-Ивановска работела како наставник по пијано во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“, а воедно била ангажирана и како демонстратор по предметот пијано на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Во 2015 година имала успешен настап во Москва, каде што настапила како гостин на концертот на дувачкиот квинтет од „Бољшој Театар“-Москва, а по покана од музичкото училиште „М. Балакирјев“, била член на жирито на 11-тиот „Фестивал за Славјанска музика“, во категоријата пијано.

Соработувала со Македонската филхармонија како нејзин надворешен пијанист, како и со оркестарот за филмска музика F.A.M.E.S.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Магистерските студии успешно ги завршила на 30.11.2005 година, со просечен успех 9,2 и се стекнала со звањето магистер на пијано

Докторската дисертацијата, која се состоела од солистичка изведба на програмата:

- Ц. Франк: Прелудиум, Корал и и Фуга FWV21;
- Р. Шуман: ,,Симфониски етиди" оп.13;
- К. Дебиси: ,,Слики" (книга 1 и 2)
- А. Дворжак: Концерт за пијано и оркестар во ге - мол, оп.33

и теорискиот труд на тема: „Застапеноста на Биофидбек методата како начин и средство за подобрување на музичките перформанси кај студентите по пијано во Република Македонија“, ја одбранила на 16.4.2018 година, пред Комисија во состав: проф. Борис Романов, проф. д-р Ганка Цветанова, проф. д-р Викторија Коларовска-Гмирја, проф. д-р Марија Ѓошевска и проф. д-р Ана Гацева.

Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на музички уметности.

На 11.7.2007 е избрана во звањето уметнички соработник (рефератот за изборот е објавен во Билтенот бр. 922 од 15.6.2007 година).

На 17.10.2016 година е избрана во звањето доцент на Факултетот за музичка уметност во Скопје, по предметите Корепетиција – практика и Корепетиција (Билтен бр. 1131 од 30.9.2016 година).

Во моментот е вработена на Факултетот за музичка уметност во Скопје како доцент по наставните предмети Корепетиција – практика и Корепетиција. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 922 од 15.6.2007 година и во Билтенот бр. 1131 од 30.6.2016 година, како и вкупните уметнички, научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Факултетот за музичка уметност во Скопје, кандидатката доц. д-р Елена Атанасовска-Ивановска изведува настава од прв циклус студии, по предметите Корепетиција – практика и Корепетиција.

Во доменот на предметот Корепетиција - практика, со своите студенти, реализирала два целовечерни концерта во склоп на „Musica Viva“ (2016/2017), „Концерт во чест на проф. Стојан Стојков“ (2016), како и бројни концертни соработки со студенти во склоп на поединечни концерти од циклусот „Musica Viva“ и камерни концерти во организација на Музичката младина.

Доц. д-р Елена Атанасовска-Ивановска, со своето богато долгогодишно искуство, стекнато преку соработката со многу афирмирани домашни и странски музички уметници, дава голем придонес во професионалното и уметничко формирање на студентите на првиот и вториот циклус студии. Во тесна соработка со нивните наставници и ментори, таа ја остварува својата многу значајна функција во конечната изработка на музичките дела и во нивната презентација,

не само за потребите на наставно-образовниот процес на Факултетот, туку и на јавните музички сцени во Македонија и надвор од неа.

Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Во периодот од нејзиниот избор во звањето доцент до денес, д-р Елена Атанасовска-Ивановска продолжува со континуираната уметничка дејност, настапувајќи како солист или како камерен музичар, на музичките сцени во републиката и во странство. Таа ги реализирала следниве музички настапи: соло рецитали во Жирона, Шпанија (2018) година и Гевгелија, Македонија (2017), бројни целовечерни рецитали со проф. м-р Гордана Јосифова–Неделковска, во Македонија и Шпанија (2016, 2017, 2018, 2019, 2020), каде што редовно изведува и дела за соло пијано, рецитали за две пијана со проф. д-р Марија Ѓошевска (2017, 2018), целовечерен рецитал со американскиот сопран Тери Роудс (2016), целовечерен рецитал со светски признатите кларинетисти Јакуб Бокун и Сергеј Петров во Битола (2019), целовечерни рецитали со проф. м-р Марија Муратовска-Наумовска (2017, 2018), целовечерен рецитал на „Скопско Лето“ со проф. м-р Страшо Темков и Жужана Ѓурина – флејта (2020), концерт за „триесет прсти“ со доц. м-р Сара Пројковска и доц. м-р Марија Вршкова на „Есенски музички свечености“ (2020), бројни други концерти со наши уметници, настапи на „Денови на македонска музика“ и др.

Во 2019 година издала компакт-диск за полската продукциска куќа DUX, со шведска музика од кралството Бернадот.

Во овој период, кандидатката работела и на подготовката и одбраната на докторската дисертација, која што јавно и успешно ја одбранила на 16.4.2018 година. Програмата за изработка на докторската дисертација од областа на пијанистичката интерпретација е работена под менторство на проф. Борис Романов, а теорискиот труд за изработка на докторската дисертација, со наслов „Застапеноста на Биофидбек методата како начин и средство за подобрување на музичките перформанси кај студентите по пијано во Република Македонија“, е работен под менторство на проф. д-р Ганка Цветанова.

Докторската дисертација има свој уметнички и научен придонес на полето на музичката уметност и наука. Во областа на пијанистичката интерпретација, со тоа што нејзината одбрана претставува врвно уметничко достигнување во областа на музичката интерпретација, оставајќи печат во историјата на македонскиот пијанизам. Во областа на музичките науки, со пренесување на искуствата на следните пијанистички генерации, како резултат на стекнатите искуства од истражувачкиот дел на докторската дисертација.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Од 2016 до 2020 година, доц. д-р Елена Атанасовска-Ивановска била носител на повеќе проекти од национален интерес (соло рецитали, рецитали на дуо пијано Атанасовска-Ѓошевска, рецитал со Страшо Темков – флејта и Жужана Ѓурина – флејта).

Кандидатката учествувала како член на комисија за одбрана на два магистерски труда.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката доц. д-р Елена Атанасовска-Ивановска добила позитивни оценки од сите анонимно спроведени анкети на студентите на Факултетот за музичка уметност во Скопје во периодот од нејзиниот последен избор во звањето доцент до денес.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Елена Димитар Атанасовска-Ивановска**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (пијано) (60910)**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА – ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1.	За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус	ДА
2.	Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата (да се наведат/опишат)	Елена Атанасовска-Ивановска е една од најуспешните и најафирмирани македонски музички уметници, која преку нејзината темелна и извонредно професионална едуцираност, изградена од нејзиниот професор Борис Романов, реномиран педагог и уметник од Москва (Русија), на најдобар начин ја аплицира и ја развива во нашата средина светски признатата руска пијанистичка школа и традиција. Преку континуираното усовршување, таа се оформи во афирмиран пијанист и музички уметник, кој што во еден подолг период наназад, со своите врвни изведби на концертните сцени, наметнува многу високо професионално ниво и воспоставува стандарди кои што можат да бидат компетитивни со оние на сите меѓународни музички сцени. Издвојувајќи се со нејзиниот префинет звук и елегантен израз, нејзините настапи претставуваат врвно уметничко достигнување во областа на музичката интерпретација и оставаат печат во историјата на

		македонскиот пијанизам. Нејзината огромна продуктивност е евидентна по големиот број на настапи како солист и камерен музичар, не само во Македонија, туку и во голем број на европски држави.
3.	Има способност за наставна работа	ДА

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Елена Димитар Атанасовска-Ивановска**
Институција: **Факултет за музичка уметност – Скопје**
Научна област: **видови инструменти (пијано)(60910)**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста: Одржување на настава од прв циклус студии	Поени
1.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2015/2016, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
2.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2016/2017, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
3.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2016/2017, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
4.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2017/2018, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
5.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2017/2018, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
6.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2018/2019, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
7.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2018/2019, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
8.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2019/2020, летен семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
9.	Корепетиција – практика, корепетиција; 2019/2020, зимски семестар, 16 часа неделен фонд	9,6
Настава во школи и работилници		
10.	Музички работилници во организација на здружение „Артистико“ во детски градинки во Општина Ѓорче Петров и Автокоманда -Запознавање со музичките инструменти: пијано и труба, 2019	1,5
11.	Музички работилници во организација на здружение „Артистико“ во детски градинки во Општина Ѓорче Петров и Автокоманда - Запознавање со музичките инструменти: кларинет и саксофон, 2019	1,5
12.	Музички работилници во организација на здружение „Артистико“ во детски градинки во Општина Аеродром -Запознавање со музичките инструменти: пијано и труба, 2020	1,5
13.	Музички работилници во организација на здружение „Артистико“ во детски градинки во Општина Аеродром -Запознавање со музичките инструменти: кларинет, саксофон и флејта, 2020	1,5
	Вкупно:	**92,4**

НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред.Број	Назив на активноста	Поени
1.	Труд со оригинални научни-стручни резултати – „Застапеноста на Биофидбек- методата како начин и средство за подобрување	2

	на музичките перформанси кај студентите по пијано во Република Македонија	
2.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (кандидат Доминика Робе)	0,3
3.	Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (кандидат Наташа Калајџиевска)	0,3
	Вкупно:	**2,6**

СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Рецитал со Тери Роудс – сопран, „Есенски музички свечености“, 2016	8
2.	Рецитал со Зана Абази- сопран, Приштина, 2016	8
3.	Рецитал со Наташа Михајлова-сопран, „Златна лира“, 2016	8
4.	Концерт на наставниците на Катедрата за клавишни инструменти, 2016	2
5.	Рецитал со Иван Наумовски-баритон, „Интерфест“, Битола, 2016	8
6.	Рецитал со Ристо Ѓоревски – кларинет, Струмица, 2017	8
7.	Рецитал на трио Бачевска, Иванов, Атанасовска-Музеј на град Скопје, 2017	8
8.	Рецитал со Гезим Латифи - виолина, Приштина, 2017	8
9.	Рецитал со Марија Муратовска – сопран, Куманово, 2017	8
10.	Рецитал со Марија Муратовска – сопран, Гевгелија, 2017	8
11.	Рецитал со Марија Муратовска – сопран, Кавадарци, 2017	8
12.	Рецитал со Гордана Јосифова-Неделковска – обоа, Шпанија, 2017	8
13.	Рецитал со Иван Наумовски – баритон, Салон 19,19 – Скопје, 2017	8
14.	Рецитал со Виктор Мицковски – тенор и Наташа Михајлова-сопран, Фоаје на МОБ, 2017	8
15.	Рецитал со Билјана Стафансон – сопран и Љиљана Јовановиќ – сопран, „Есенски музички свечености“, 2017	8
16.	Пијано рецитал, Гевгелија, 2017	8
17.	Рецитал „Унгарско- Шведска вечер“ со Билјана Стафансон – сопран, Љиљана Јовановиќ – сопран и Жужана Гурина – флејта (Унгарија) со хуманитарен карактер	8
18.	Рецитал со Марина Николовска – обоа, 2018	8
19.	Рецитал со Илинка Велкова – флејта, 2018	8
20.	Рецитал со Марија Муратовска Наумовска – сопран, Гевгелија, 2018	8
21.	Рецитал со Марија Муратовска Наумовска-сопран, Куманово, 2018	1,6
22.	Рецитал со Марија Муратовска Наумовска-сопран, Велес, 2018	1,6
23.	Пијано рецитал, Шпанија, 2018	8
24.	Рецитал со Горан Начевски-баритон, Страшо Темков – флејта, „Есенски музички свечености“, 2018	8
24.	Официјален пијано соработник на меѓународниот натпревар по флејта, Лионс, Европа Форум, Скопје, 2018	2
25.	Рецитал со Ристо Ѓоревски, „Златна лира“, 2018	8
26.	Рецитал пијано дуо Атанасовска-Ѓошевска, Велес, 2018	8
27.	Рецитал пијано дуо Атанасовска-Ѓошевска, камерна сала на МФ, 2018	1,6

28.	Рецитал пијано дуо Атанасовска- Ѓошевска, Рим, 2018	8
29.	Рецитал со Јакуб Бокун- кларинет (Полска), Сергеј Петров-кларинет (Русија) и Ристо Ѓоревски-кларинет (Македонија), Битола, 2019	8
30.	Концерт „Слушни со своето срце“, камерна сала на МФ, 2019	8
31.	Рецитал со Гордана Јосифова Неделковска-обоа, Шпанија, 2019	8
32.	Настап на концертот„Јубилеј на композиторот Томислав Зографски“, „Охридско лето“, 2019	2
33.	Концерт „Со звуците на обоата“, со Гордана Јосифова Неделковска, Куманово, 2019	1,6
34.	Концерт „Со звуците на обоата“, со Гордана Јосифова Неделковска, Прилеп, 2019	1,6
35.	Настап на ДММ, 2019	2
36.	Камерен концерт „Вечер посветена на композиторот Тома Манчев“, „Охридско лето“, 2020	2
37.	Камерен концерт „Музички пријателства“ на Гордана Јосифова- Неделковска, „Охридско лето“, 2020	2
38.	Камерен концерт „Омаж на проф. д-р Томе Манчев“, ДММ, 2020	2
39.	Камерен концерт на Гордана Јосифова- Неделковска, „Есенски музички свечености“, 2020	2
40.	Настап на ДММ, концерт „Калеидоскоп“, 2020	2
41.	Рецитал на пијано трио Вршкова, Пројковска, Атанасовска „30прсти“, 2020	8
42.	Рецитал со Марина Николовска-обоа, камерна сала на МФ, 2020	8
43.	Рецитал со Жужана Гурина-флејта (Унгарија) и Страшо Темков-флејта, „Скопско лето“, 2020	8
44.	Рецитал со Огњен Поповиќ-кларинет (Србија) и Ристо Ѓоревски-кларинет, 2020	8
45.	Издаден носач на звук „Шведска музика од кралствотот Бернадот“, во продукција на издавачка куќа DUX	8
	Вкупно:	**282**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	Настап со Ана Дурловски – сопран, по повод инаугурацијата на новоизбраниот ректор проф. д-р Никола Јанкуловски, 2016	0,5

Дејности од поширок интерес

2.	Член на управен одбор на здружението „Артистико“	0,3

Изготвување и пријавување на уметнички национален проект

Изготвување и пријавување на уметнички меѓународен проект

	Вкупно:	**0,8**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	92,4
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	2,6
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	282
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	0,8
Вкупно:	**377,8**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатките, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува уметничката, наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Марија Вршкова-Зафировска, м-р Сара Прајковска-Николовска и д-р Елена Атанасовска-Ивановска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатките од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Марија Вршкова-Зафировска, м-р Сара Прајковска-Николовска и д-р Елена Атанасовска-Ивановска поседуваат уметнички, научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето вонреден професор по областа видови инструменти (пијано).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, м-р Марија Вршкова-Зафировска, м-р Сара Прајковска-Николовска и д-р Елена Атанасовска-Ивановска да бидат избрани во звањето вонреден професор по областа видови инструменти (пијано).

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. м-р Зоран Пехчевски, с.р.
Проф. д-р Ана Гацева, с.р.
Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): ПЕДАГОГИЈА (50500), МЕТОДИКА (50504), ДРУГО (50525) МЕТОДОЛОГИЈА, НАУЧНО ПОЛЕ – ОБРАЗОВАНИЕ, ДРУГО (51307) СТАТИСТИКА, НАУЧНО ПОЛЕ – ОБРАЗОВАНИЕ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет, објавен во весниците „Слободен печат“, број 2245, година IX и „Коха“, број 4237, година XV од 5.V 2021 година, за избор на еден (1) **наставник** во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): педагогија со шифра 50500, методика со шифра 50504, друго со шифра 50525 (Методологија) и друго со шифра 51307 (Статистика), и врз основа на Одлуката бр. 04-973/11, донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на XLIII редовна седница одржана на 2.VI 2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, редовен професор на Институтот за педагогија, д-р Наташа Ангелоска-Галевска, редовен професор на Институтот за педагогија и д-р Анета Баракоска, редовен професор на Институтот за педагогија.

По разгледувањето на приложените документи и трудови, а врз основа на член 173 од Законот за високото образование, како и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (*Универзитетски гласник* број 411 од 5 ноември 2018), Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ од 5.V 2021 година,за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области (дисциплини): педагогија (50500), методика (50504), друго (50525) методологија, друго (51307) статистика, научно поле – образование, Комисијата утврди дека во предвидениот рок се пријавиле следниве кандидати: д-р Елизабета Томевска-Илиевска, вонреден професор по група предмети во рамките на наведените научни области, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Филозофскиот факултет и д-р Десанка Угриновска.

Врз основа на доставената документација од страна на кандидатката д-р Десанка Угриновска, Комисијата утврди дека документацијата не е комплетна, односно дека Угриновска го нема доставено и Образецот 1 за исполнетоста на општите услови за избор во наставно-научно звање – редовен професор, согласно со Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), како и Образецот 2 за исполнети посебни услови за избор во наставно-научно звање согласно со Анекс 1 и Табела 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411 од 5 ноември 2018 година). Од овие причини се заклучи дека пријавената кандидатка не ги исполнува општите и посебните услови предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Заради наведените факти, пријавата на кандидатката д-р Десанка Угриновска не се зема предвид при поднесувањето на Извештајот.

На објавениот конкурс се пријави кандидатката проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска, вонреден професор по група предмети во рамките на наведените научни области, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Филозофскиот факултет. Кон пријавата, кандидатката достави: кратка биографија со фотокопија, Одлука за избор на наставник во звање-вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје, диплома за научен степен-доктор по

педагошки науки, издадена од Филозофскиот факултет во Скопје, изјава за исполнување на општите и посебните услови за избор, доказ за општа здравствена способност за работното место, доказ дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, уверение за државјанство, список на објавени научни и стручни трудови, како и по еден примерок од трудовите во печатен и во дигитален формат, како и други документи кои ги потврдуваат наводите во биографијата. Составен дел од овој Извештај се и Образецот 1 за исполнетоста на општите услови за избор во наставно-научно звање – редовен професор, согласно Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), како и Образецот 2 за исполнети посебни услови за избор на наставно-научно звање согласно Анекс 1 и Табела 1 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.411 од 5 ноември 2018 година), за кандидатката проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска.

11. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска е родена на 3.X 1974 година во Скопје. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во Скопје, во 1994 година. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како редовен студент на студиите по педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Дипломирала на 19.12.1997 година, со просечен успех 9,50.

По дипломирањето, Томевска-Илиевска се запишала на постдипломски студии по педагошки науки, дидактичко-методичка насока, на Филозофскиот факултет во Скопје. Предвидените испити ги положила со просечен успех 9,70. На 18.10.2007 година го одбранила магистерскиот труд со наслов „Оценувањето на учениците по мајчин јазик во одделенска настава“ и се здобила со научно звање – магистер по педагошки науки.

Томевска-Илиевска својата професионална кариера ја започнала веднаш по дипломирањето, работејќи како воспитно-образовен координатор во Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ од 1998 до 2003 година. Од 1999/2000 година до јуни 2003 година била ангажирана како демонстратор по предметот Методика I на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје.

На 1.11.2003 година, Томевска-Илиевска се вработила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за педагогија, како помлад асистент по предметите Методика I и Методологија на педагошките истражувања. Во истото звање е реизбрана во јуни 2007 година.

По магистрирањето, во април 2008 година, се здобила со звањето асистент за научните области: методика, методологија на педагогија и педагогија. Во истото звање Елизабета Томевска-Илиевска е реизбрана на 18.3.2011 година за научните области: методика, методологија на педагогија, статистика во педагогија, педагогија, статистика, образовна инклузија на маргинални групи и педагошка работа со ранливи деца.

Докторската дисертација на тема „Интерактивни модели за развивање на дидактички компетенции на наставниците“ ја пријавила на Филозофскиот факултет во Скопје во јуни 2008 година, а ја одбранила на 28.12.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Марија Тофовиќ-Ќамилова, проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска, проф. д-р Зоран Велковски, проф. д-р Јасмина Делчева-Диздаревиќ и проф. д-р Вера Стојановска. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор по педагошки науки.

На 22.3.2012 година, избрана е во звањето доцент на Институтот за педагогија за научните области (дисциплини): педагогија, методика, методологија и статистика.

Во моментот, д-р Елизабета Томевска-Илиевска работи како вонреден професор на Институтот за педагогија. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1134 од 15.11.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

12. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кандидатката проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска изведува настава и вежби на првиот циклус студии на студиските програми по педагогија, филозофија, психологија, историја, социологија и семејни студии. Таа, воедно, е и ангажирана и во реализација на предметни програми од вториот циклус студии на студиските програми по педагошки науки и менаџмент во образованието, и тоа: Планирање на научно истражување, Директорот како педагошки раководител, Управување со интерактивен процес во воспитанието и образованието. Во рамки на третиот циклус, кандидатката е ангажирана за реализација на генерички и стручни предмети на студиската програма Педагогија. Акредитиран ментор е на втор циклус студии со решение за акредитација бр. 17-384/2 од 27.12.2016 година и на трет циклус студии со решение за акредитација бр. 1409-262/4 од 28.06.2019 година.

Во рамки на првиот циклус, на студиската програма Педагогија, проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска реализира настава и вежби по задолжителните предмети: Почетно описменување, Дидактика на јазично и уметничко подрачје и Педагошка комуникација, како и по изборните предмети: Педагошка комуникација, Евалуација, Интерактивни пристапи во наставата и Педагошка работа со ранливи деца. На останатите студиски програми, таа е ангажирана на предметите: Педагогија, Педагошка комуникација, Интерактивни пристапи во наставата, Семејство, описменување и педагошка работа со ранливи групи. Кандидатката е реализатор на четири предметни програми во рамките на студиската програма за ППМ-доквалификација (Методика, Педагошка практика, Педагошка комуникација и Училишна докимологија).

Од одржување на настава (предавања) од прв циклус студии, таа остварува **142,2 поени**, додека од одржување на настава (вежби) на истиот циклус остварува **85,05 поени**. Оттука, вкупниот број поени од предавања и вежби на првиот циклус студии изнесува **227,25 поени**. Во рамки на вториот циклус, од реализација на наставата од погоре наведените студиски програми, кандидатката остварува вкупно **38,52 поени**, додека, пак, во рамки на третиот циклус студии, таа остварува вкупно **8,10 поени**. Кон сето ова се придодаваат и **1,89 поени** од консултациите со студенти на прв циклус студии и со студенти запишани на ППМ-доквалификации, што е своевидна потврда за големиот број студенти со кои проф. д-р Елизабета Томевска-Илиевска работи секоја академска година.

4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик: англиски 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ 4. Датум на издавање на документот: 23.4.2021 г.	да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 4 (четири) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Анета Дучевска, претседател, с.р.
Проф. д-р Станислава Сташа Тофоска, член, с.р.
Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Бојан Горјанче Петревски**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: 64000 МАКЕДОНИСТИКА; 64010 ОПШТА ЛИНГВИСТИКА; 64018 ГРАМАТИКА, СЕМАНТИКА, СЕМИОТИКА, СИНТАКСА; 64019 ЛЕКСИКОЛОГИЈА

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	Одржување настава од прв циклус 1. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2009/2010 – демонстратор (зим. сем. 2009/10 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8 (лет. сем. 2009/10 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8 2. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко) 2013/2014 – лектор (зим. сем. 2013/14 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35 (лет. сем. 2013/14 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35 3. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко) 2014/2015 – лектор (зим. сем. 2014/15 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35 (лет. сем. 2014/15 – 23 x 15 x 0,03) = 10,35 4. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2017/2018 – стручњак од практиката (зим. сем. 2017/18 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8 (лет. сем. 2017/18 – 4 x 15 x 0,03) = 1,8 5. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2018/2019 – стручњак од практиката (зим. сем. 2018/19 – 6 x 8 x 0,03) = 1,44 6. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2018/2019 – асистент (зим. сем. 2018/19 – 12 x 7 x 0,03) = 2,52 (лет. сем. 2018/19 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4 6. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2019/2020 – асистент (зим. сем. 2019/20 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4 (лет. сем. 2019/20 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4	79.56

	7. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2020/2021 – асистент (зим. сем. 2020/21 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4 (лет. сем. 2020/21 – 12 x 15 x 0,03) = 5,4	
2.	Консултации со студенти 1. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2009/2010 – демонстратор (зим. сем. 2009/10 – 50 x 0,002) = 0,1 (лет. сем. 2009/10 – 50 x 0,002) = 0,1 2. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко) 2013/2014 – лектор (зим. сем. 2013/14 – 10 x 0,002) = 0,02 (лет. сем. 2013/14 – 10 x 0,002) = 0,02 3. УКИМ / Национален институт за ориентални јазици и цивилизации (Иналко) 2014/2015 – лектор (зим. сем. 2014/15 – 10 x 0,002) = 0,02 (лет. сем. 2014/15 – 10 x 0,002) = 0,02 4. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2017/2018 – стручњак од практиката (зим. сем. 2017/18 – 20 x 0,002) = 0,04 (лет. сем. 2017/18 – 20 x 0,002) = 0,04 5. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2018/2019 – асистент (зим. сем. 2018/19 – 50 x 0,002) = 0,1 (лет. сем. 2018/19 – 70 x 0,002) = 0,14 6. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2019/2020 – асистент (зим. сем. 2019/20 – 50 x 0,002) = 0,1 (лет. сем. 2019/20 – 70 x 0,002) = 0,14 7. Филолошки факултет „Блаже Конески“ 2020/2021 – асистент (зим. сем. 2020/21 – 50 x 0,002) = 0,1 (лет. сем. 2020/21 – 70 x 0,002) = 0,14	1,08
3.	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (9 x 0,1)	0,9
4.	**Настава во школи и работилници (7 x 1)** 1. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2013 2. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2014	7

	3. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2015 4. Европски кампус за јазици и превод (Campus européen L.E.T.F.I.S. 2015), Национален институт за ориентални јазици и цивилизации, Париз, Франција, 2015 5. Курс по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2019 6. Летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2020 7. Зимска школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 2021	
	Вкупно	88,54

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Монографија** *Негацијата во каузалните реченици*. Скопје: Македонска реч, 2016.	8
	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (8 x 5) 1. „Негацијата во комплементарните реченици во македонскиот јазик“. *Македонски јазик* LXIV, 2013, 63-73**.** 2. „Семантиката на именските синтагми воведени од како“. *Studia linguistica Polono-(Meridiano)slavica*, 2013, 125-135. 3. „Редунданцијата во именската синтагма во македонскиот јазик“. *Македонски јазик* LXV, 2014, 265-271. 4. „Критериуми за издвојување на неинтегрираните конструкции во македонскиот јазик“. *Македонски јазик* LXVII, 2016, 123-129. 5. „Информацискиот статус на причинските придавски неинтегрирани конструкции“. *Македонски јазик* LXVIII, 2017, 131-144. 6. „Концесивните неинтегрирани конструкции во македонскиот јазик“. *Journal of Contemporary Philology*, 1 (1)/2018, 48-63. <https://journals.ukim.mk/index.php/jcp/article/view/11> пристапено на: 3.10. 2018. 7. Аспекти на придавската секундарна предикација во македонскиот јазик“. *Современа филологија/Journal of Contemporary Philology*, 2019, стр. 65-79. 8. „Секундарната предикација во врска со акузативниот објект во македонскиот јазик“, Прилози на ОЛЛН на МАНУ XLIV, 1, 2020, стр. 131-145.	40
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови,	25

	презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5 x 5) 1. „Од проблематиката на референцијално употребените неопределени именски синтагми“. Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“. Скопје 15 – 16 декември 2011. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012, 281-290. 2. „Придонесот на странските лингвисти за проучувањето на линеаризацијата во македонскиот јазик“, XXXIX научна конференција на XLV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Охрид 20-21 јуни 2012. Скопје: „Универзитет Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, 2013, 285-290. 3. „Како негира Конески?“, Поетиката, стилистиката и лингвистиката на текстовите на Блаже Конески во корпусот ’Гралис‘. Грац – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“/Institut für slawistik der Karl-Franzens-Universität Graz, 2013, 141-147. 4. „За еден кондензиран начин на изразувањето на причината во македонскиот јазик“, Погледи за македонскиот јазик, 2020, стр. 301-317. 5. „Информацискиот аспект на изразувањето на причината во неколку дебатни емисии во претседателската кампања“. Во: XLVI меѓународна научна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, 308–318. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура.	
	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание (10 x 3 + 1 x 2,4) 1. „Речениците со *колку да* во македонскиот јазик“. Литературен збор 1-3, 2013, 41-46. 2. „Релацијата *под изговор дека* во македонскиот јазик“. Литературен збор 4-6, 2014, 71-78. 3. „Прилозите за начин како модификатори на предикацијата и на придавките“. Литературен збор 1-3, 2015, 29-34. 4. „Споделеното знаење и неинтегрираните конструкции во почетна позиција“. Литературен збор 4-6, 2015, 25-32. 5. „Аргументативните скали како внатрешнојазична норма“. Литературен збор 1-3, 2016, 91-100. 6. „Основните поими на теоријата на семантичките блокови“. Литературен збор 4-6, 2016, 55-62. 7. „Од проблематиката на нерестриктивната придавска модификација во македонскиот јазик“. Прилози на МАНУ. Одделение за лингвистика и литературна наука XLII 1-2, 2017, 19-30. 8. „Неинтегрираните конструкции во врска со директниот и со индиректниот објект“. Литературен збор 1-6, 2017, 59-69. 9. „Неинтегрираниоте наспроти интегрираните конструкции во македонскиот јазик,“ во: „Литературен збор “,1-6.: 19-31, 2018 г., Скопје.	32, 4

	10. „Неколку двозначни конструкции низ призма на аргументативната концепција за значењето“. Литературен збор 1-6, 2019, стр. 109-118. 11. „Кон статусот на партикулите на планот на кохезијата“. Zora 80, 2011, 450-456, Maribor: Filozofska fakulteta, Univerza v Mariboru. (коавторство со Лидија Аризанковска и Анета Јанева)	
	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир (5 x 2) 1. „За негацијата на реченичните членови во македонскиот јазик“. *Шести научен собир на млади македонисти*. Скопје, 18 – 20 декември 2008. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2010, 71-77. 2. „Развиениот придавски атрибут во македонскиот јазик“. Седми научен собир на млади македонисти. Скопје, 14 – 16 октомври 2010. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016, 177-184. 3. „Дескриптивноста наспроти епистемичноста во последичните реченици“. Осми научен собир на млади македонисти: Конференција во чест на проф. Лилјана Минова-Ѓуркова. Скопје, 16 – 18 мај 2013. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2016, 273-278. 4. „Парентетските реченици во говорениот македонски јазик“. Деветти научен собир на млади македонисти: Конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова Ѓуркова. Скопје, 12 – 13 мај 2016. Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2018, 99-107. 5. „Конески преку едно телевизиско интервју“, Како го читам Конески. Скопје: Фондација за македонски јазик „Небрегово“, 2018, 131-134.	10
	Труд објавен во зборник на трудови на в.о. установа 1. „За конгруенцијата во релативните зависносложени реченици“. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2011, 209-218. (коавторство со Анета Дучевска и Бобан Карапејовски)	1,6
	Рецензија на монографија или превод на капитално дело /речник/ енциклопедија (6 x 0,5 = 3) 6. „Значаен настан за македонистиката: VII научен собир на млади македонисти, Скопје 14-16.10.2010“. Литературен збор 1-6, 2011, 273-276 (коавторство со Бобан Карапејовски). 7. „СТУЛИКОН – Прва студентска лингвистичка конференција, Белград, мај 2011“. Литературен збор 1-6, 2011, 277-279. (коавторство со Бобан Карапејовски) 8. „Синтаксичка монографија од примарно значење: Лилјана Минова-Ѓуркова, ’Релативната реченица во македонскиот јазик во XIX и XX век‘. Македонски јазик LXIII, 2012, 291-296. 9. „Реториката како инвенција во елокуцијата на Димитар Пандев“: Димитар Пандев, „Општа реторика (дискурсна лингвистика). Литературен збор 4-6, 2014, 219-225. 10. „Пледоаје за автономна лингвистика“. Литературен збор 4-6, 2016, 177-181. 11. Македонскиот јазик од перспектива на семантиката на глаголскиот вид и на лексичката семантика на глаголите во: „Литературен збор “, 1-6.: 143-149, 2018 г., Скопје	3

	Учество на научен/стручен собир со реферат 1. Шести научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2008); 2. Седми научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2010); 3. XV научен собир „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (2011); 4. Studentska lingvistička konferencija (STULIKON), Филолошки факултет, Белград (2011); 5. Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2011); 6. XXXIX меѓународна научна конференција на Семинарот за македонски јазик, литература и култура, Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ – Скопје (2012); 7. Осми научен собир на млади македонисти, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2013); 8. Меѓународна конференција за примената лингвистика (Практиката во јазикот, јазикот во практиката)/International conference on applied linguistics (Practice in language, language in practice), Универзитет ФОН, Факултет за странски јазици, Скопје (2013); 9. XVII научен собир „Денови на Благоја Корубин“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ (2013); 10. Деветти научен собир на млади македонисти (Конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова), Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2016); 11. Десетти научен собир на млади македонисти (Конференција во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова), Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2018); 12. XLVI меѓународна народна конференција на LII летна школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје (2019); 13. Филолошки читања: јазикот и стилот на Блаже Конески, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2021).	13
	Учесник во национални научни проекти (4 x 3 = 12) 1. „Речник на антонимите во македонскиот јазик“, ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ 2. Лектурата и јазичната редакција како предизвик за македонистите, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ 3. Јазичното планирање и јазичните политики во Република Македонија, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 4. „Лицата со оштетен вид во улога на наставници по македонски јазик“ (Филолошки факултет „Блаже Конески“ и УКИМ);	12
	Вкупно	145

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (2 x 0,5),**	1

	Промотивни активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во средните училишта, 2019, 2020	
2.	**Лектура** 1. *Поетиката, стилистиката и лингвистиката на текстовите на Блаже Конески во корпусот ’Гралис‘*. Грац – Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“/Institut für slawistik der Karl-Franzens-Universität Graz, 2013. (6 x 0.25=1.5) 2. *Литературен збор 1-6*, 2017 (17 x 0,25=4.25) 3. *Литературен збор* 1-6, 2018. (22 x 0,25=5.5) 4. *Литературен збор* 1-6, 2019. (25 x 0,25=6.25) 5. *Литературен збор* 4-6, 2020. (14 x 0,25=3.5) 6. *VII меѓународен научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2016. (25 x 0,25=6.25) 7. VIII м*еѓународен научен собир на млади македонисти*, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2016. (8 x 0.25=2) 8. *Прилози на МАНУ XLIV*, МАНУ, Скопје 2020. (13 x 0.25=3.25) 9. *Македонскиот јазик – континуитет во простор и време*, МАНУ, Скопје, 2020. (12 x 0.25=3) 10. Лилјана Минова-Ѓуркова. *Релативната реченица во македонскиот јазик во XIX и XX век*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2011. 11. Гордана Алексова. *Суница*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012. 12. *Ветерот носи убаво време: антологија на најмладата македонска поезија и проза*, Скопје: Матица македонска, 2012. 13. Ефтим Клетников, *Тајната на златниот цвет*. Скопје: Магор, 2016. 14. Јордан Плевнеш, Маја Јакимовска-Тошиќ, *Романот за тајната книга*, Скопје: Магор, 2016. 15. Исмет Османи, *Граматика на албанскиот јазик*. Скопје, 2019	41,5
3.	**Учество во работата на комисии за државни натпревари (3 x 1)** 1. Државни натпревари по македонски јазик за основното (1 x 1) и за средното образование (1 x 1) во организација на Сојузот за друштвата за македонски јазик и литература во 2019 2. Државен рецитаторски натпревар во организација на Сојузот за друштвата за македонски јазик и литература, 2019	3
	Дејности од поширок интерес	
4.	**Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (2 x 1)** 1. Член на уредувачкиот одбор на Зборникот трудови од VII научен собир на млади македонисти 2. Член на уредувачкиот одбор на Зборникот трудови од VIII научен собир на млади македонисти	2
5.	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (3 x 1)** 1. Член на организацискиот одбор на VIII научен собир на млади македонисти 2. Член на организацискиот одбор на XI научен собир на млади македонисти 3. Член на организацискиот одбор на научниот собир *Филолошки читања: јазикот и стилот на Блаже Конески,* Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје	3

	Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир 1. Член на Организацискиот одбор за одбележување 100 години од раѓањето на Блаже Конески, Филолошки факултет „Блаже Конески“	0,5
6.	Член на факултетска комисија (3 x 0,5) 1. Комисија за попис 2. Техничка комисија за уписи 3. Комисија за конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески“ за есеј	1,5
	Вкупно	52,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	88,54
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	145
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	52,5
Вкупно	286,04

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Анета Дучевска, претседател, с.р.
Проф. д-р Станислава Сташа Тофоска, член, с.р.
Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА ХЕНРИК ИБЗЕН ВРЗ НИКОЛА ВАПЦАРОВ: ДРАМАТУРШКИ КОРЕЛАЦИИ И КОМПАРАТИВНИ ПЕРСПЕКТИВИ “ ОД М-Р СОФИЈА ТРЕНЧОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 58. седница одржана на 21.4.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Софија Тренчовска со наслов „Влијанието на Хенрик Ибзен врз Никола Вапцаров: драматуршки корелации и компаративни перспективи“, во состав: проф. д-р Венко Андоновски, претседател, проф. д-р Кристина Николовска, ментор, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, член, проф. д-р Јасна Котеска, член, и проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Софија Тренчовска, „Влијанието на Хенрик Ибзен врз Никола Вапцаров: драматуршки корелации и компаративни перспективи“, содржи 177 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со Normal проред и големина на букви 12, со 142 фусноти, 355 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, зборници, списанија, интернет-ресурси, аудиовизуелни и сценски дела. Кон ова, трудот содржи основна и апликативна литература (и апликативни видеа) и документарни фотографии.

Трудот е структуриран во **осум глави**, распределени во поглавја: 1. Вовед; 2. Рефлексии; 3. Драматургии; 4. Компарации; 5. Карневалистичко-хуманистички прашања; 6. Театрографија и филмографија; 7. Заклучен дел; и 8. Прилози.

Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава, „1. Вовед“,** м-р Софија Тренчовска ги открива мотивациите за избор на темата. Тренчовска сака да го открива и да го проучува, досега не толку познатиот Вапцаров – како драмски автор. Пред македонската читателска публика, Вапцаров е темелно проучуван од Гане Тодоровски, со акцент на неговата прва и единствена заокружена драма *Деветтиот бран,* која доживеала повеќе значајни театарски изведби.

Тренчовска доаѓа до научно сознание дека за младиот Вапцаров, вистински учител и пример бил светскиот автор Ибзен и дека во екот на балканскиот виор, Вапцаров духовно се инспирирал од творештвото на Ибзен.

Причина повеќе за изработка на оваа научна студија е големиот афинитет на Вапцаров кон театарот, којшто го поттикнувал да организира аматерски театарски облици, а тоа е значајна мисија која Тренчовска уредно ја документира и ја конзервира како трајна научна вредност.

Авторката на трудот смета дека со драмата *Деветтиот бран* и со двете радиодрами *Брана* и *Очекување,* Вапцаров може да се третира како расен и повеќеслоен драмски писател кој имал голем креативен драмски потенцијал, кој, за жал, не се остварил, поради кусиот животен век.

Во светската литературна наука (скандинавистиката и вапцарологијата), со мали исклучоци, не постојат многу научни студии посветени на оваа тема.

Ова се основните поттици за овој научен зафат, кој е наполно ново и поинакво читање на Ибзен и на Вапцаров.

Во **втората глава, „2. Рефлексии“,** авторката говори за Ибзен и за Вапцаров, откривајќи автобиографски елементи во драмските поетики на Ибзен и Вапцаров. Со многу минуционост, посветеност и научна акрибија, Тренчовска ги третира креативните рефлексии во драмските поетики на Ибзен и Вапцаров, а потоа ги открива драматуршките влијанија на Ибзен врз Вапцаров.

Овој дел е раскошна научна анализа која ги проучува можностите на компаративистиката. Се проценува значењето на драмските поетики на Ибзен и на Вапцаров. Со посебен научен осврт се толкуваат Вапцаровите и Ибзеновите погледи и фиолозофии за драмската уметност, и се прави одлична споредбена драмска анализа на нивните драмски дела. Потоа се растолкува симболиката на морето и животот како алузија на разбранувано море, и се прави херменевтика на метафизиката на злото и метафората на светлината.

Во овој дел се истражува Вапцаров и како автор на радиодрами, што е наполно ново за нашата книжевна наука и драматологија.

Во **третата глава, „3. Драматургии“,** аналитички се навлегува во срцевината на драматуршките поетики на Ибзен и Вапцаров, се прави анализа на драмските дијалози, се проучува архитектониката на нивните драми, се трага по нивната аналитична драматичарска формула, се толкуваат драмските визии на овие автори, и се проучува присуството и квалитетот на „ибзенизам“ кај Вапцаров. Театарот се толкува како „огледало на животот“, се објаснуваат феномените на драмската виртуозност со која успешно се продира кон публиката.

Во овој дел се укажува и на првиот откривач на влијанието на Ибзен врз Вапцаров – Мартин Наг, а се истакнува и значењето на Македонскиот литературен кружок.

М-р Тренчовска, аргументирано и емпириски ги вреднува драматургиите на Ибзен и на Вапцаров како врвна естетска и како „креативна и психолошка лабораторија“. Ова се скапоцени објективни судови бидејќи подлежат на обемна, сосем нова и валидна аргументација и документација.

Научните проценки и судови се голем квалитет на м-р Тренчовска, бидејќи таа стабилно аргументира и документира што резултира со уверлив научен дискурс кој се гради и развива на брилијантна аналитичка и емпириска реалност. Таа реалност, одлично комуницира со фасцинантната и пребогата литература која ја консултира, а, секако, вешто се „вградува“ во нејзината магистрална теориска идеја.

Тоа е раскошна, арборесцентна научна „градба“ која гради стабилна градба, извишена „врз“ сериозна теориска основа, а примената на бујна и компетентна компаративистика, што како научник ја стабилизира и на фонот на националното истражување на книжевноста (современа книжевна македонистика), но и наполно ја отвора кон безграничните можности на компаративистиката (преку балканските, европските, скандинавските и воопшто, современите светски истражувања во книжевната наука).

Четвртата глава, „4. Компарации“, содржи извонредни споредбени драматуршки анализи на делата *Џон Габриел Боркман* од Хенрик Ибзен и *Деветтиот бран* од Никола Вапцаров. Се говори за драмскиот текст и театарската изведба на *Џон Габриел Боркман,* за сонот на Боркман, се отвора и прашањето за контрола врз личноста и потребата од слободна индивидуа, и се зборува за концепцијата на надворешната и внатрешната визија на просторот.

М-р Тренчовска отвора прекрасен контрапункт преку споредбени анализи кога говори за симболиката на музиката на животот наспроти „Танцот на смртта“ преку лоцирање на драмските карактери.

Кон крајот на оваа драгоцена споредбена анализа, авторката на трудот ги открива и футуристичките елементи кај Ибзен и Вапцаров.

Во **петтата глава, „5. Карневалистичко-хуманистички проникнувања“,** се третира карневалистичкото наспроти хуманистичкото доживување на светот, се објаснува т.н. „карневалистички рај / пекол“, се сфаќа и доживува егзистенцијализмот – некаде помеѓу траумата и амбицијата, се толкуваат теориите кои веруваат дека убавината ќе го спаси светот и се доловува егзистенцијалната драма на „борбата за леб“ кај Ибзен и кај Вапцаров.

Потоа се отвора темата за феминистичкото прашање – женските ликови кај Ибзен и кај Вапцаров, за индивидуализмот наспроти општеството и се прави одличен научен осврт кон драмите: *Столбови на општеството, Народен непријател* и *Деветтиот бран.*

Се отвораат и серија теми, како: Вапцаров и општеството, принципот на вистинитоста наспроти лажноста кај Ибзен и Вапцаров, и се третираат темите за: вербата, скептицизмот и идеализмот.

Во оваа глава се истражуваат симболистичките и психоаналитичките елементи во драмите на Ибзен и Вапцаров, се говори за хипнотичката средба со непознатата мистична сила, за деструкцијата и реконструкцијата на патолошките проблеми на личноста, за болеста и нејзината пандемична димензија, за деструктивноста на т.н. „фрлачи на бомби“ во општеството.

Исклучително авангардни размислувања, теории и толкувања донесува овој дел, кој, секако, се заснова на аксиолошките универзуми на напредните со идеи и визии драмски автори како Ибзен и Вапцаров.

Во **шестата глава, „6. Театрографија и филмографија“,** се прави театролошка реконструкција на драмските изведби на делата на Вапцаров и Ибзен, пред нас се доловува Вапцаров како вљубеник во театарот и киното, се говори за интелектуалната врска меѓу Никола Вапцаров и Бојан Дановски, која во голем дел го мотивира Вапцаров да твори. Со многу предаденост, љубов и доверба кон чистата наука, се опишува тогашниот културен амбиент околу младиот Вапцаров, ни се доловува неговиот светоглед – како творец и како културен придвижник и деец. Ова е голем придонес во науката бидејќи осветлува „празнини“ кои се значајни да бидат спасени од заборав.

Во овој дел се прави увид во критиката за Вапцаров на македонската театарска сцена, се потсетуваме на театарските изведби на Ибзен на македонската театарска сцена, се прави театрографска хронологија на професионалните праизведби на *Деветтиот бран* на Вапцаров, се прави и филмографска хронологија на некои професионални филмски и ТВ-дела снимени по мотиви на Вапцаров, театрографска хронологија на клучните македонски професионални изведби на Ибзеновите драми, и филмографска хронологија на некои професионални дела снимени по Ибзен. Ова е важен дел кој ќе остане за навек во нашите и светските документирани научни архиви.

Во **седмата глава, „7. Заклучен дел“,** авторката ги сублимира заклучоците на докторскиот труд.

Преку споредбена анализа на драмските пиеси на Ибзен и Вапцаров, докторантката ги препознава мотивите на егзистенцијализмот, хуманизмот и индивидуализмот, а наспроти социјалните антагонизми, ги забележува елементите на драмскиот симболизам, модернизам и футуризам.

Докторантката успева да ги проучи и аргументира корените на „ибзенизмот“ кај Вапцаров, заклучувајќи дека ибзеновските рефлексии се евидентни во Вапцаровата театарска пиеса *Деветтиот бран* и во радиодрамите *Брана* и *Очекување*. Заклучува дека Вапцаров успешно ги применува ибзеновските драматуршки модели, прифаќајќи ги и преработувајќи ги како свои, при што успева да постигне оригиналност, автентичност и трајни литературни вредности.

М-р Тренчовска го вреднува значењето на Ибзен и на Вапцаров во контекст на светската литературна наука, а нивните драмски поетики ги третира како врвни естетски, аксиолошки и психолошки достигнувања.

Делот „7.3. Список на литература и други извори“ содржи импресивна библиотека составена од 355 библиографски единици, систематизирани како: Основна литература (Кирилица), (Латиница), Зборници (Кирилица), (Латиница), Списанија (Кирилица), (Латиница), Апликативна литература, Електронски изворници и Апликативни видеа. Овој дел е исклучитено богат, драгоцен и соодветен за предметната материја. Фасцинантен е апликативниот материјал кој м-р Тренчовска го работи до минуциози. Тренчовска е неуморен и пасиониран трагач по научни

вистини, до кои доаѓа и преку ризницата на ретки изданија, но и на импресивна библиотека која одлично ја консултира и надградува со свои научни сознанија.

Оваа фасцинантна бројка на консултирана литература е сведок за бесценетата научна библиотека на докторантката Тренчовска. Тоа е цел „океан“ информации, кои таа трпеливо и систематски ги консултира, а потоа и ги вградува во фундаментите на својот научен труд.

Осмата глава, „8. Прилози“, содржи: „8.1. Биохронологија на Хенрик Ибзен“, „8.2. Биохронологија на Никола Вапцаров“, „8.3. Список на фотографии и илустрации“ и „8.4. Биобиблиографија на кандидатот“.

Овој дел е исклучително богат и драгоцен бидејќи е прилог кон целата научна „архитектоника“ на трудот, кој понудува сопствен „трезор“ на документирана биохронологија и документирана биобиблиографија. Тоа е „круната“ на врвниот научен стадиум до кој дораснала и созреала м-р Софија Тренчовска како научен истражувач.

Предмет на истражување

Докторскиот труд го открива Никола Вапцаров како драматичар, прашање кое во литературната наука, досега, воопшто не беше научно третирано. Трудот го истражува влијанието на Хенрик Ибзен врз Вапцаров преку проучување на драматуршки корелации и компаративни перспективи.

Основни цели на трудот се да се проучат паралелите и контрапунктите на драмските поетики на Ибезен и на Вапцаров, и да се откријат влијанието, воздејствата и сигналите за присуството на Ибзеновското влијание врз Вапцаров.

Основната хипотеза во оваа дисертација е да се проучи дали и како во Вапцаровата драма *Деветтиот бран* и во радиодрамите *Брана* и *Очекување* провејува специфичниот ибзеновски симболизам.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Предметното прашање на оваа научна студија досега е неистражено во науката за литература. Вапцаров досега не е проучуван како драмски автор, туку само како поет. Затоа, оваа студија е вистинско научно „осветлување“ на вапцарологијата, книжевната македонистика и компаративистиката.

Краток опис на применетите методи

Поетичките особености на драмските дела на Ибзен и Вапцаров, докторандката ги анализира од: херменевтички, психоаналитички, филозофски и театролошки аспект, применувајќи споредбен метод. Драмските поетики на Вапцаров и на Ибзен, Тренчовска ги анализира на неколку плана: низ начинот на градење на драмските сцени, конструкцијата на дијалогот и психолошкото сликање на драмските ликови. Секако, применува и повеќеслојни научни истражувања кои се преплетуваат и даваат одличен научен резултат.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Истражувањето успева да го покаже големиот научен потенцијал на м-р Тренчовска, кој резултира со конкретни научни достигнувања. Изградениот научен дискурс ја води експертизата кон нови и валидни научни сознанија, до кои се доаѓа преку макотрпен, минуциозен, педантен и длабински научен процес, кој бара вонсериска посветеност и примена на највисоки стандарди во науката.

За нашата литературна, теориска, споредбена, херменевтичка, драматолошка и театролошка наука, тоа е вистински „дијамант“ на кој може да му веруваат филологијата и културологијата.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторскиот труд успева да ги реализира почетните идеали и задачи на литературната наука, високо поставени од докторантката м-р Тренчовска: да се растолкува драматуршкиот феномен на Ибзен, да се интерпретира „сонот“ на неуморниот „трагач по светлината“ – Вапцаров, да се проучат врските меѓу драматургиите на Ибзен и Вапцаров, да се толкуваат нивните корелации, воздејства и компаративни перспективи.

Со овој научен зафат, во литературната наука, во драматологијата и во театрологијата, м-р Тренчовска се афирмира како сериозен, посветен и зрел „вапцаролог“ и „ибезенолог“, но и како докажан компаративист и херменевтичар. Со докторскиот труд „Влијанието на Хенрик Ибзен врз Никола Вапцаров: драматуршки корелации и компаративни перспективи“ добиваме авторитетна научна студија која го актуализира, но и го лоцира и соодветно го третира Вапцаров како моќен драмски писател, како можен, голем творечки потенцијал, како голем вљубеник и посветеник на театарот и на драмската уметност – уживајќи во потенцијалите на драмските жанри, но и како авангарден писател, сосема во дослух со актуелните творечки достигнувања и прогресивни светски идеи.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[6]. Софија Тренчовска, „Креативните рефлексии во драмските поетики на Ибзен и Вапцаров“, *Македоника*, меѓународно списание, бр. 19-20/VIII, 2018, 64-72 стр.

[7]. Софија Тренчовска, „Вовед во наративното и естетското проучување на филмот ’Златна петорка““ во: *Наративните и естетските вредности во филмот ‘Златна петорка’*: зборник на трудови од меѓународен симпозиум, 2018, 9-17 стр.

[8]. Софија Тренчовска, „Карневалистичкото наспроти хуманистичкото доживување на светот“ во: *ФИЛКО (Филологија, култура и образование)*: зборник на трудови од меѓународна научна конференција, 2018, 673-680 стр.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација изработена од м-р Софија Тренчовска со наслов „Влијанието на Хенрик Ибзен врз Никола Вапцаров: драматуршки корелации и компаративни перспективи“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува поставените услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Оваа полифона научна студија успева научно да актуализира и да третира серија комплексни прашања, досега, дефицитарни за книжевната наука. Одговорите на поставените научни прашања се наполно аргументирани, непобитни и научно издржани.

Главни научни придонеси на кандидатката се: заживување на вапцарологијата, и тоа во контекст на македонистиката, балканистиката, јужнославистиката, и особено во скандинавистиката. Вапцарологијата – како драматологија, театрологија, културологија. Овој драгоцен докторски труд е значаен и за историјата на книжевноста, историја на театарот, историјата на културата на бурниот творечки XX век. Македонскиот, во контекст на скандинавскиот. Експертизата е свежа и сериозна потврда за развој на неколку научни области – кои се надополнуваат во синергијата на раскошната вапцарологија на м-р Софија Тренчовска. Особено е драгоцено заживувањето на, за жал, веќе подзапоставената, литературна, драматолошка и театролошка историја и фактографија, како и актуализацијата на споредбената културологија.

Подрачје на примена

Трудот може да има примена во наставата на високото образование каде што се проучува современата македонската книжевност и во светската книжевност. Особено е полезно ова прашање понатаму да се примени и на студиите од втор и трет циклус. Но, ова научно дело ќе остане како трајна вредност во драматологијата и театрологијата, кои може да се развиваат преку вапцарологијата.

Можни понатамошни истражувања

Со овој докторски труд, науката е збогатена со дело кое осветлува неколку научни области, бидејќи отсега натаму култните автори Вапцаров и Ибзен допрва може да бидат истражувани во неколку сфери на книжевната наука: македонска книжевност, скандинавистика, светска книжевност, компаративистика итн. Оваа студија ги постави столбовите на новата вапцарологија, којашто, за среќа, не згасна, и го насочи интересот кон науката и кон мотивациите на творците, како што Ибзен му бил инспирација и водилка на Вапцаров. Можните натамошни истражувања би биле насочени кон драматолошките интерференции на Вапцаровиот дискурс со актуелните јужнословенски, балкански, европски или светски достигнувања во овој домен.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Софија Тренчовска со наслов „Влијанието на Хенрик Ибзен врз Никола Вапцаров: драматуршки корелации и компаративни перспективи“.

Скопје, 20.5.2021

КОМИСИЈА

Проф. д-р Венко Андоновски, претседател, с.р.
Проф. д-р Кристина Николовска, ментор, с.р.
Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, член, с.р.
Проф. д-р Јасна Котеска, член, с.р.
Проф. д-р Искра Тасевска Хаџи-Бошкова, член, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИНТЕРМЕДИЈАЛНИТЕ ВЕРИФИКАЦИИ НА РОМАНИТЕ *ЦРВЕНИОТ КОЊ* ОД ТАШКО ГЕОРГИЕВСКИ И *НЕЖНИОТ ВАРВАР* ОД БОХУМИЛ ХРАБАЛ“ ОД М-Р ГОРАН ТРЕНЧОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на 58. седница одржана на 21.4.2021 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Тренчовски со наслов: „Интермедијалните верификации на романите *Црвениот коњ* од Ташко Георгиевски и *Нежниот вервар* од Бохумил Храбал“, во состав: проф. д-р Венко Андоновски, претседател, проф. д-р Кристина Николовска, ментор, проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, член, проф. д-р Јасна Котеска, член, и проф. д-р Ангелина Бановиќ-Марковска, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Тренчовски, со наслов „Интермедијалните верификации на романите *Црвениот коњ* од Ташко Георгиевски и *Нежниот вервар* од Бохумил Храбал“, содржи 196 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со Normal проред и големина на букви 12, со 223 фусноти, 394 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, интернет-ресурси, аудиовизуелни и сценски дела.

Трудот е структуриран во **десет глави**, распределени во поглавја: 1. Вовед; 2. Осврт кон теоријата на адаптација; 3. Ташко Георгиевски и Бохумил Храбал; 4. Анализа на новородените дела со драмски одлики; 5. Расправа за трансмедијалните можности на романите *Црвениот коњ* и *Нежниот варвар.* 6. Заклучни согледби; 7. Користена литература и други извори; 8. Прилози; 9. Биографија на кандидатот; 10. Забелешки.

Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава,** која е **Вовед** на трудот, авторот ги објаснува мотивациите за изработка на докторскиот труд, пред сè својата посветеност на *теоријата на адаптацијата* и своите *долгогодишни теориско-практички достигнувања* во драмската уметност и медиумите.

Следна причина за актуализација на оваа тема е досегашната неистраженост на ова прашање во *книжевната, филмолошката, кинематографската, драматуршката наука,* но и во *интермедијалните прочувања.*

Голем поттик за работа на ова поле е фактот што во нашите архиви од овие области, за жал, немаме систематизирана документација за исклучително богат и значен национален фонд на нашата современа продукција од областа на: филмологијата, театрологијата, драматологијата, радио- и телевизиското архивирање. Како ментор, неслучајно ја истакнувам формата во прво лице еднина „немаме“, којашто ја употребува неуморниот и пасиониран истражувач м-р Тренчовски, кој има грижа и висока свест за овие раритети, за кои знае дека токму ние, како колектив и како култура, сме надлежни да се погрижиме за: архивирање, систематизација и сочувување на оваа значајна колекција на современата македонска продукција на 20 век. Грижата за националната продукција, која, за жал, не е системски архивирана и има опасност од заборав – е голем квалитет на научникот Тренчовски, но и голем мотив за работа на ова комплексно и богато поле.

Трудот сака да одговори и на прашањето: Зошто во балканската, европската и светската ризница заслужено место имаат романите на Георгиевски и Храбал? Авторот истакнува дека: „Георгиевски е македонски писател со најголем број реализирани сценарија за филмови и неколку маестрални екранизации и драматизации, а Бохумил Храбал е несомнено најпреведуван и најинспиративен чешки прозаист за сите генерации адаптатори и драмски писатели.“ Како филмолошки константи во уметничката литература, едниот во *бохемистиката,* другиот во *балканистиката,* тие остануваат како трајни вредности на европската уметност на XX век.

Според Тренчовски, *Црвениот коњ* и *Нежниот варвар,* како книжевни дела, се нашироко препознатливи во светот и се преведувани на многу јазици, а потенцијалите на нивните дела за адаптација (во драмската и филмската сфера, итн.) се голем научен поттик.

А, од аспект на творец режисер, Тренчовски признава дека *адаптациите* и *драматизациите* отсекогаш биле предизвик за продуцентите и режисерите.

Во **втората глава под наслов „2. Осврт кон теоријата на адаптацијата“**, авторот прави импресивен, сеопфатен и статистички апсолутен: „2.1. Преглед на достигнувања низ светски и домашни примери“, и тоа на релација: „Роман – филм“ и „Роман – театар“.

Сосема отворен и (само)критички настроен кон нашиот амбиент, Тренчовски јасно укажува на недостигот на заедничка комплетирана и систематизирана филмска, телевизиска и театролошка архива, што оди на штета на афирмацијата на нашата продукција.

Со невиден работен елан и енергија, посветеникот истражувач Тренчовски, „внурнат“ во материјата, успева: да пронајде податоци, да ги систематизира, да ги класифицира, но и *фактички* и *вредносно* да ги оцени и да ги толкува и да состави прецизна „мапа“ на опусот на *современата македонска телевизиска, драмска и радиопродукција*. Тој макотрпен, минуциозен и систематичен процес резултира со составување на огромна база податоци за цел национален филмолошки опус, почнувајќи од култните *Солунските атентатори* (1961), па сè до *Златна петорка* (2016), во која имаме: дваесет македонски филмови правени за кино или телевизија, шеснаесет играни телевизиски серии и две телевизиски драми кои се направени по мотиви или инспирирани од романи.

Авторот посочува дека се користени материјали или ткива од романите на цела плејада прозни автори. Сето тоа е прецизно наведено, изградена е цела архива, база на податоци, цела национална „колекција“ на *драгоцени податоци од филмската, телевизиската, драмската* и *радио-драмска уметност.* Импонира фактот дека ваквиот зафат го достигнува нивото и капацитетот на научна институција, каде што цел тим научни истражувачи со децении би го работеле ова подрачје.

Потоа, авторот посочува на *театарските сцени,* на претставите од 1965, па сè до 2017, кога имаме триесет и една романсиерска книга драматизирани и реализирани како театарски инсценации, при што се користени романи од македонски автори.

Маестрално ги анализира: тематските доминанти во *Црвениот коњ* и *Нежниот варвар,* сличностите и разликите што овозможуваат интересни варијации на нивните култни дела, прашањето за *кинестезата* како феноменолошки облик кој е поврзан со филмската монтажа, верзиите на екранизациите и инсценациите на Георгиевски и Храбал, итн. Поставува јасни научни хипотези кои се однесуваат на наративите во романите *Црвениот коњ* и *Нежниот варвар*, видени низ конкретна интернационално изнијансирана филмолошка и драматуршка призма.

Согласно со теоријата на адаптација, разликува *прозна екранизација* и *прозна инсценација,* а посочува и дека *адаптацијата* – може да се третира и како вид на интертекстуалност.

Ги дефинира и ги аплицира адаптациите на релација: *роман – филм* како *филмска адаптација,* и *роман – театар* како *сценска драматизација.* Тренчовски е искрено восхитен и понесен од „вкрстувањата“ и „надополнувањата“ меѓу *литературата* и *филмот*.

Трансмедијалните можности на романот *Црвениот коњ* се (пре)испитуваат преку: анализа на долгометражниот играни филм *Црвениот коњ*, истоимената телевизиска серија и радиодрамата

Враќањето на Борис Тушев, а трансмедијалните можности на *Нежниот варвар* се проучуваат како: долгометражен игран филм и театарски верзии (претстави).

Во делот „2. Осврт кон теоријата на адаптација“, докторандот Тренчовски говори за: фикционалната нарација на уметничкиот (игран) филм, за неразделната целовековна врска на филмот со книжевноста, за филмичното / нефилмичното, *кинестетичното* / *синестетичното,* „меѓукултурна адаптација“, адаптацијата – како феномен на ревитализација, па дури и како нова, самостојна книжевност.

М-р Тренчовски, со сиот свој научен, творечки, ерудициски, еловекентен капацитет, успева да изгради голема и детализирана слика на развојот, подемот и разгранувањето на радио- и телевизиската индустрија.

Потоа посочува на примери за најчесто адаптирани: руски, американски, британски, француски, канадски, чешки, јужнословенски и бугарски романи. Притоа, со право заклучува дека чешките адаптатори и драматизатори се едни од водечките и најраскошните претставници на европската и словенската книжевност.

Одлично ги дефинира, но и поткрепува со импресивна емпирија односите: *филм – роман,* драматизации на раскази итн.

Потоа говори за предноста на *филмот* пред *романот* (мислејќи на денешно време кога малку се чита), а потоа дава велелепен квантум примери за успешна трансмедијализација на романи во долгометражни играни и ТВ-филмови, како и за антологиски примери за македонски играни филмови. На релацијата *роман – театар,* во сферата на театрологијата, приложува хронолошки список на позначајни македонски проекти кои доживеале драматизација или сценска верификација.

Според квалитетот на научните постигнувања и фасцинантната вложена енергија во составување на голема „мапа“ на податоци од овој домен, овој дел е непроценливо драгоцен.

Во **третата глава, „3. Ташко Георгиевски и Бохумил Храбал“,** се отвора прашањето за кинематичките романи на Ташко Георгиевски и Бохумил Храбал, и се развива методологија на интермедијалното образување од романите *Црвениот коњ* и *Нежниот варвар.*

И тука, истражувачот третира интересни и провокативни прашања, како: „невидлив набљудувач“, „стилска фигуративност во рамки на нарацијата“, т.н. „забранети теми“, болни теми, „филозофија на огништето“ (кај Георгиевски) наспроти „филозофија на маргиналците и провинцијалците“ (кај Храбал), „ексклузивна раскажувачка постапка“ кај Ташковски, „екстравагантна раскажувачка моќ“ кај Георгиевски.

И маестрален научник е Тренчовски кога заклучува дека: „Романсиерската метафорика и симболика го осветлуваат патот кон уметничката кинематографија.“ Така, и ние сфаќаме дека: метафората, во филмската нарација, всушност е „ќерка“ на метафората на книжевната, исто како и симболот. Впрочем, и сите стилистички фигури – се „прамајки“ на фигуративниот свет во филмската нарација – со радост, можеме да заклучиме (како супспецијалист по тропологија и стилистика, повлечено од К.Н.).

И сосема луциден, минуциозно фокусиран и раскошно апликативен е Тренчовски кој пронаоѓа метафоричка вредност на симболот „црвениот коњ“, уште од „Библијата“, па преку раскошна херменевтика нè упатува на фиктивниот гамбит на „црвениот коњ“, кој е алегорија за жалната судбина на Македонецот во изгубената „земја на Христос“, каде што е посеано „црното семе“ на балканскиот XX век. И тука, просто „разденува“ т.н. „поетика на прогонот“, која расте од егоздусот на т.н. егејска тема.

И вредно е да се напомене дека докторскиот труд е високо естетизиран со извонредни фотографии, налик на уметнички дела, портрети на великаните Георгиевски и Храбал, како и со соодветни визуелизации на корици на книги, плакати итн.

Во **четвртата глава, „4. Анализа на новородените дела со драмски одлики“,** се отвораат важни, досега неистражени теми. Имено, според Тренчовски: филмот, ТВ-серијата, театарската претстава и радиодрамата – правени по мотиви, фрагменти или според цело прозно дело, се третираат како *новородени дела,* кои произлегуваат од *книжевниот извор.*

Тука, докторандот прави анализи и интерпретација, според прецизна методологија. Се применува синтагматичко-парадигматичкото поимање на филмската метафора, и психоаналитичката концепција, каде што метафората би била патека или прозорец кон „трансценденцијата, космосот, универзумот“.

Прво зборува за романот, а потоа за филмското остварување. Ги изложува основните драматуршки координати на филмот, и во делот „Анализа на филмското дело *Црвениот коњ*“, на површина вади маестрални филозофски интерпретации и доживување на интермедијалните феномени, на релација: роман – филм, на авторите Ташко Георгиевски и Столе Попов, режисер на филмот. Филмот *Црвениот коњ* на режисерот Столе Попов, Тренчовски го доживува како „(...) своевидна фреска за идеолошкиот и духовниот егзорцизам.“, во која авторите поставуваат стожерни прашања за изгубеноста на човекот во себе, за загубата на сопствениот идентитет, сопственото јас.

Големо богатство на трудот е што Тренчовски успева научниот проблем да го лоцира во поширокиот, јужнословенски и европски контекст. Така, нè потсетува дека во почетокот на 80-тите години култниот Белградски ФЕСТ на програмата имал 60-тина филмови, ревијата се отворила со *Кагемуша* на славниот Акира Куросава, а првпат се прикажувале домашни југословенски филмови како *Се сеќаваш ли на Доли Бел* на Кустурица и *Црвениот коњ* на Попов.

Потоа се посветува на анализа на ТВ-серијата *Црвениот коњ,* како и на радиодрамата *Враќањето на Борис Тушев,* преку актерското остварување на Ристо Шишков.

Тренчовски има, не само врвен научен ракопис, „позлатен“ со рафинирана стилска профинетост, која луцидно забележува дека: „Од романот *Нежниот варвар* на Бохумил Храбал извира неверојатно чудесен поетизам, (....)“. Потоа, следува анализа на филмското дело *Нежниот варвар*, но и на истоимената драматизација којашто доживува голем респект како култно европско остварување на театарската сцена.

Доаѓаме до најинтересниот дел **„4.3. Автореференцијален дискурс на адаптацијата врз примерот на филмот *Златна петорка*“**. Како што знаеме, Тренчовски е истакнат режисер на филмски, театарски, телевизиски и мултимедијални дела.

Импозантното филмско дело *Златна петорка* на режисерот Горан Тренчовски, работено по мотиви на роман и драма на Братислав Ташковски, од 2016 година, па сè до денес, постигна огромен успех, во светски рамки, доживеа 50-тина премиери на кино-салите низ светот, учествуваше на над 30 фестивали, стана добитник на 11 меѓународни и домашни награди, и е еден од најгледаните македонски филмови во последната деценија. Блескавиот успех на Тренчовски значеше, со години, да се патува кон следната дестинација, до наредната промоција или фестивал, да се разменат искуства со светски авторитети, да се запознаат нови творечки хоризонти, фестивали, сцени, еминентни школи, филмски продукции низ сиот свет. А *в рака* и *в срце,* со гордост да се носи своето авторско дело.

И тука, во овој дел, во својство на режисер, Тренчовски убаво објаснува дека: „Филмот е колективна уметност“, но, сепак, заклучува: „автор на филмот (филмската целина) е режисерот“. Европската филмска традиција негува авторски, творечки, уметнички однос кон улогата на режисерот во севкупната продукција на филмот, е став кој го застапуваме, како ментор (подвлекла К.Н.).

И тука Тренчовски, како режисер на извонредното филмско остварување со врвен број на меѓународни награди и доживеани премиери, ни се доверува дека ова е длабоко интимна повест и кинестетична потрага по историчната вистина, но и дека *Златна петорка* е филм за посттрауматските состојби на единката на просторите на јужнословенските народи.

Авторот, накусо ни ја толкува семиотиката на филмската нарација која тече низ сликовити филмски знаци, „(...) разоткривајќи го спиралниот принцип на лудилото на бившите тоталитарни режими,(...)“, и посочува на својот хиперреалистички режисерски концепт на магичниот реализам.

Според филмологот Атанас Чуповски, овој „вистински хит“ отвора серија круцијални, дотогаш неоткриени теми како злоупотреба на единката во тоталитарните режими, предавството итн.

Тренчовски заклучува дека темите за: духовната емиграција, теророт, прогонот – се присутни и во трите филма: *Црвениот коњ, Нежниот варвар* и *Златна петорка*, чиишто дејствија се случуваат претежно во средината на XX век.

Во **петтата глава, „5. Расправа за трансмедијалните можности на романите *Црвениот коњ и Нежниот варвар“*** , научникот говори за: „5.3. Емоционален импакт на нарацискиот говор“ и ги отвора темите за: дефенестрација, егзил, миграција, номадизам. Тренчовски ги третира преселбите и номадството во глобалните хронотопски светови на Георгиевски и Храбал.

Иновативен е и делот „5.5. Постмедијални ефекти“, во кој се говори за: повеќемедиумската адаптабилност на култните романи на студијава, за новите медиуми или постмедиуми.

Како класика на балканското и европското филмско творештво, авторот посочува на играните филмови *Црвениот коњ* (1981) на Столе Попов и *Нежниот варвар* (1989) на Петр Колиха, како важен подем на европскиот филм на XX век.

И тука ги објаснува процесите на: адаптација, транспонирање, интерполација, контаминирање и рециклажа на некои делови од изворниот книжевен материјал.

Во **шестата глава, „6. Заклучни согледби“,** Тренчовски сублимира конкретни и аргументирани заклучоци, кои произлегуваат од стабилна теориска подлога, но и од фасцинантна енциклопедиска ерудиција. И додека Храбал во минатото бил забрануван и воздигнуван, Георгиевски бил прогонуван и раселуван, но, како што заклучува авторот на трудот, тие се извишиле како трајни вредности во уметничката литература, надминувајќи ги локалните, геополитичките и националните граници.

Седмата глава содржи импресивна, богата и сеопфатна **„7. Користена литература и други извори“**, која содржи: Книги и зборници (азбучен редослед), Книги и зборници (латиничен редослед), Периодични списанија и весници (азбучен редослед), Периодични списанија и весници (латиничен редослед), Апликативен корпус на книги, Аудиовизуелни и сценски дела, Електронски извори, 7.1. Филмографија на *Црвениот коњ,* 7.2. Филмографија на *Нежниот варвар.*

Овој дел е „океан“ од релевантна литература со која оперира научникот Тренчовски, со која „разменува“ мислење, полемизира, но и надградува свои ставови, во дослух со недоброј домашни и странски научни и творечки авторитети. Навистина импресивна литература, која на трудот му дава стабилност, сигурност и авторитетност.

Осмата глава, именувана како **„8. Прилози“,** содржи: „8. 1. Прилози“: Табела 1: Векот на филмскиот подем (1902 – 2002), Табела 2: Филмски, радио, телевизиски и театарски адаптации на проза од Ташко Георгиевски (1962 – 1985), Табела 3: Филмски адаптации на проза од Бохумил Храбал (1964 – 2015), Табела 4: Позначајни домашни екранизации и драматизации на романи и прозни книги (1965 – 2020), 8.2. Список на фотографии и илустрации, 8.3. Кратки творечки биографии на авторите застапени во трудот, 8.3.1. Бохумил Храбал, 8.3.2. Вацлав Нивлт, 8.3.3. Ацо Алексов, 8.3.4. Ташко Георгиевски, 8.3.5. Иво Кробот, 8.3.6. Столе Попов, 8.3.7. Петр Колиха.

Овој дел му дава посебна вредност на докторскиот труд. Станува збор за навистина вонсериски влог на Тренчовски во: филмологијата, адаптологијата и фактографијата од овие области. Со невидена енергија и ентузијазам, оваа „колекција на факти“ останува како трајна национална вредност во нашата културологија.

Деветтата глава, наречена **„9. Биографија на кандидатот“**, содржи: Објавени книги, Авторски дела, Како приредувач, Како преведувач.

Репрезентативната био-библиографија на м-р Горан Тренчовски сведочи за него како за раскошен полиграф, научник, критичар и познат режисер.

Предмет на истражување на докторскиот труд се интермедијалните верификации и адаптибилните потенцијали на романите *Црвениот коњ* (1975) од Ташко Георгиевски и *Нежниот варвар* (1973) од Бохумил Храбал, и „претопот“ на еден жанр во друг, или на еден израз (или медиум) во друг.

Основни цели на трудот. Една од основните цели на овој научен зафат е да се проучат можностите на теоријата на адаптацијата, како книжевен, уметнички и културолошки феномен. **Основната хипотеза** во оваа дисертација е проучување на интермедијалните аспекти на романите *Црвениот коњ* од Ташко Георгиевски и *Нежниот варвар* од Бохумил Храбал, преку тезите за: адаптација, стилизација, поетизација, фигуративна нарација, жанровска трансформација, транспозиција, интерполација и трансмедијална комуникација.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Досега, ова научно прашање нема супспецијалистички третман. Оваа научна експертиза се јавува во вистински момент бидејќи таа третира неистражено научно прашање, но и значи влог во составување на нова научна и архивска граѓа од овие области.

Краток опис на применетите методи

Во докторскиот труд се применуваат **истражувачките методи:** *анализа* (на филмски и драмски дела), *интерпретација, синтеза, компаративен пристап, историцистички метод, рекогнистицирање, актуализација, наратологија, стилистика.* Постапно, со истражувачките методолошки постапки, се врши важен процес на создавање на нова книжевно-интермедијална херменевтика.

Голема виртуозност и раскошност на научниот дискурс на Тренчовски е неговата извонредна способност, не само да ги *толкува* феномените и појавите, туку и да ги споредува со балканскиот и европскиот контекст. Така, авторот со енциклопедиска ерудиција, раскошно посочува примери (споредби, разлики) за успешни *трансмедијализации* (филмски дела) од балканската литература, играни филмови правени според раскази, новели, романи или драмски пиеси итн.

Како голема реткост и дефицитарност на нашата наука е способноста на м-р Тренчовски, детално, **минуциозно**, трпеливо и сеопфатно третирање на историографскиот факт, што значи дека тој гради една грандиозна „мапа“ на сите достигнувања на нашата продукција во овој домен (во 20 век), која ја пополнува со нови податоци, факти, аргументи, драгоцени архивски материјали, кои ја оформуваат големата слика на нашата продукција од овој домен и од тоа време.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од докторскиот труд се релевантни и аргументирани. Докторскиот труд успева да состави голема и драгоцена база емпириски податоци, кои се засновани на стабилна теориска основа. Трудот сублимира конкретни, јасни и прегледни заклучоци, засновани на импресивна емпирија и несоборлива аргументација. Авторот успева да изгради авторитетна и изградена книжевно-медијална херменевтика.

Од фактот – кон раскошно толкување, и тоа: филмолошко, кинематографско, драматизациско, интермедијално, преку теориите на адаптација. Таков процес развива оваа научна студија, која моќно се извишува кон процесите на светската наука во овие домени и која за навек го збогатува нашиот, но и светскиот научен „трезор“.

Овој амалгам на методолошки богатства, овој преплет на научноистражувачки методи, е врвен квалитет на м-р Тренчовски, кој поседува и гради авторитетен, сугестивен и моќен научен дискурс. Како таков, но и како препознатлив творечки, уметнички формат – режисер, Тренчовски е познат на најугледните сцени на светот. Кон ова, вистинско богатство е и опусот на авторот како еминентен литературен, театролошки и филмски критичар, кој неколку децении е посветен на овие сфери од науката.

Неслучајно говориме за Тренчовски како – повеќестран творец, деец, автор, критичар и научник – бидејќи да се говори за примена на научна методологија, во неговиот пример, значи да се отвори раскошен трезор на повеќестрани творечки и научни придобивки.

Тоа е вистинска реткост и драгоценост, насекаде во светот.

Истражувањето може да најде примена во неколку сфери. Со примена на заклучоците од истражувањата на оваа студија, може: да се поттикне континуиран процес на транспонирање во драмски медиум на дела од поновата романескна книжевност, да се стимулира понатамошна интердисциплинарност во проучувањето на романот и афирмирање на нови адаптаторски зафати во современата сценаристика и драматургија.

Оцена на трудот

Докторската дисертација изработена од м-р Горан Тренчовски, со наслов „Интермедијалните верификации на романите *Црвениот коњ* од Ташко Георгиевски и *Нежниот вервар* од Бохумил Храбал“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува поставените услови и стандарди за подготовка на докторски труд. Оваа комплексна научна студија, преку неколку научни дисциплини, успева да даде компетентни, агрументирани научни одговори на серија прашања. Изработката на темата во целост ги исполнува, но и ги надминува високо поставените цели.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, како автор ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови:

[9]. Горан Тренчовски, „Можности за адаптации во драмски медиуми од прозата на Ташко Георгиевски и Бохумил Храбал: трансмедијални одлики, сличности и релации“, *Македоника*, меѓународно списание, бр. 19-20/VIII, 2018, 73-83 стр.

[10]. Горан Тренчовски, „Квинтесенцијата на рубинот“, во: *Наративните и естетските вредности во филмот ‘Златна петорка’*: зборник на трудови од меѓународен симпозиум, 2018, 113-120 стр.

[11]. Горан Тренчовски, „Од кратка проза до филмска фикција“, *Кинопис*, списание за историјата, теоријата, и културата на филмот и на другите уметности, бр. 57-58/XXXI, 2020, 81-87 стр.

Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатот се: систематски и темелно изработена научна студија со релевантни и непобитни аргументи од неколку научни области како: теорија на книжевност, теорија на култура, филмологија, театрологија, теорија на адаптација, херменевтика, итн.

Научни придонеси имаме во повеќе сфери, а особено важни се проникувањата кои се дефицитарни во славистичката книжевна наука, меѓу кои: (ре)валоризирање на поетиките на

предметните дела; откривање на „воздејства“ (термин на Блаже Конески) помеѓу самостојните дела произлезени од овие два големи романа: филмови, ТВ-серија, радиодрама, театарска претстава; зајакнување на аксиомата за негување на драматуршкото и аудиовизуелното раслојување на аплицираните романи како едни од најполифоните жанровски и наративни облици.

Квалитет на науката. И токму сега е момент, како ментор на трудот, но и како членови на комисија да ги удостоиме со признание: раскошната ерудиција на докторандот, апсолутната упатеност во материјата, вонсериската енергија и љубов кон научната материја, кои овозможуваат трудот да биде непроценлив научен процес, но и систематизирана архива за ТВ, драмска, радио продукција на цел национален корпус, создаван низ деценции на 20 век. Таа драгоцена архива е надградена со раскошна авторска херменевтика.

Фасцинира големината на идејата, но и квалитетот на поставената научна визија, а особено доаѓа до израз – акрибичниот однос кон материјата, како наука, што го доближува до совршенството на научниот процес, жеден за нови сознанија, поставени и остварени идеали, но и енергијата да се изгради прецизна „мапа“ на податоци од овие неколку области. Со импресивна акрибија и научна посветеност во која се наведуваат прецизни податоци за нашата продукција од овие области, авторот успева да „осветли“ комплексно прашање во културолшката наука.

Тренчовски е посветен, верен, акрибичен научник, но и почитувач на националните културни вредности, раскошен, изграден научен профил кој има висока свест за своето, својата продукција, за поимот „ние“, „наше“, но, секако, и – наполно отворен и љубопитен кон вредностите со светски кавлитет, како што се делата на култниот автор Храбал.

Подрачје на примена. Ова научно подрачје може да се примени во натамошно продлабочување на споредбените истражувања на книжевни дела и нивни адаптации, како идна актуализација на трансмедијалните можности на македонските, но и јужнословенските и европските достигнувања.

Можни понатамошни истражувања би биле научни продлабочувања во оваа широка област. Богатиот корпус на теми и мотиви од балканската и европската книжевност се непресушен извор за создавање на нови, уникатни интермедијални дела, а со тоа и поттик за нови научни теориски, споредбени или херменевтички зафати.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Тренчовски со наслов „Интермедијалните верификации на романите *Црвениот коњ* од Ташко Георгиевски и *Нежниот вервар* од Бохумил Храбал“.

Скопје, 20.5.2021

КОМИСИЈА

Проф. д-р Венко Андоновски, претседател, с.р.
Проф. д-р Кристина Николовска, ментор, с.р.
Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, член, с.р.
Проф. д-р Јасна Котеска, член, с.р.
Проф. д-р Ангелина Бановиќ Марковска, член, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУД ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

Ред. бр.	***Име на кандидатот***	***Наслов на темата***	***Ментор***	***Одлука од Научен совет***
1.	Елена Горановска	„Логистички транспорт на компанијата НЕЛТ“ “Logistics transport of NELT company”	Д-р Неда Петроска - Ангеловска	Одлука бр. 02 – 535/2 од 1.6.2021 година

Прилог бр. 2

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ОВОШТАРСТВО НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 13/14.3.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) овоштарство, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-203/6, донесена на 16.4.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марјан Кипријановски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Ана Селамовска, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Климе Белески, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) овоштарство, во предвидениот рок се пријави д-р Виктор Ѓамовски.

15. Биографски податоци и образование

Кандидатот проф. д-р Виктор Ѓамовски е роден на 6.4.1975 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 1994 година. Со високо образование се стекнал на Земјоделскиот факултет во Скопје, на лозаро-овоштарската насока. Дипломирал во 2001 година, со просечен успех 8,00.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во учебната 2001/2002 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, група: генетика и селекција на овошните растенија. Студиите ги завршил во 2007 година, со просечен успех 9,67. На 29.11.2007 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Избор на екотипови горчлив бадем (*Amygdalus communis var. amara*) како подлога за праска“.

Докторска дисертација пријавил во 2008 година на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Дисертацијата на тема: „Проучување на влијанието на различни слабо бујни подлоги врз порастот, приносот и квалитетот на јаболката“ ја одбранил на 4.11.2011 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Марјан Кипријановски, ментор, проф. д-р Владислав Огњанов, член, проф. д-р Зоран Кесеровиќ, член, проф. д-р Соња Ивановска, член и доц. д-р Тошо Арсов, член. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област овоштарство.

На 1.4.2008 година е избран во звањето асистент, а на 30.12.2011 година во звањето доцент на Земјоделскиот институт во Скопје, во областа овоштарство.

Во моментот е вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1128 од 15.8.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 939 од 1.4.2008 год., бр. 1022 од 30.12.2011 год. и бр. 1128 од 15.8.2016 год., како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

16. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ – Земјоделски институт – Скопје, кандидатот д-р Виктор Ѓамовски изведува настава и вежби на втор циклус студии на студиската програма Растително производство, потпрограми: Расадничко производство, Интегрално производство и Органско производство.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 2 дипломски и 2 магистерски труда.

Научноистражувачка дејност

Д-р Виктор Ѓамовски, по изборот во звањето вонреден професор, има објавено вкупно 11 научни трудови од научната област овоштарство, од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 труда во меѓународни научни списанија и 2 труда во зборници од научни собири.

Д-р Виктор Ѓамовски учествувал како член во 5 научни проекти.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Виктор Ѓамовски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на УКИМ – Земјоделски институт – Скопје. Врши стручна контрола на овошниот саден материјал.

Кандидатот д-р Виктор Ѓамовски остварил експертски активности во изработка на елаборати за подигање на насад од орев и насад од лешник, како и елаборат за дестилација на аклохол со капацитет од 20000 литри.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство:

- Потсекторска група за овоштарство;
- Потсекторска група за органско производство.

Кандидатот е член на уредувачкиот одбор на 2 меѓународни списанија.

Бил член на 1 рецензентска комисија за избор на лица во наставно-научно звање.

Од ноември 2019 година, кандидатот д-р Виктор Ѓамовски ја врши функцијата директор на УКИМ – Земјоделски институт – Скопје.

Оценка од самоевалуација

Кандидатот д-р Виктор Ѓамовски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на УКИМ – Земјоделски институт – Скопје.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Виктор Ѓамовски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Виктор Ѓамовски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област овоштарство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на УКИМ – Земјоделски институт – Скопје, д-р Виктор Ѓамовски да биде избран во звањето редовен професор во научната област овоштарство.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Кипријановски, с.р.
Проф. д-р Ана Селамовска, с.р.
Проф. д-р Климе Белески, с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Виктор Ѓамовски
Институција: УКИМ, Земјоделски институт – Скопје
Научна област: ОВОШТАРСТВО

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,03 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,67	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: овоштарство	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Turkish Journal of Agriculture and Forestry 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 69 Број и припадност по земји: Турција 41, Хрватска 1, Русија 2, Италија 3, Јужна Кореа 3, Швајцарија 1, Полска 1, Австрија 1, Црна Гора 1, Германија 1, Франција 1, Канада 1, Иран 2, Словенија 1, Тајван 1, Кина 2, Романија 1, Јапонија 1, Словачка 1, САД 1, Унгарија 1, Азербејџан 1, Пакистан 1. 3. Наслов на трудот: Evaluation of some cherry varieties grafted on Gisela 5 rootstock 4. Година на објава: 2016	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	1. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Chemistry and Chemical engineering 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 26 Број и припадност по земји: Македонија 8, Косово 1, Шпанија 1, Шведска 1, САД 4, Хрватска 1, Бугарија 2, Унгарија 2, Австрија 2, Словенија 1, Србија 1, Португалија 1, Турција 1. 3. Наслов на трудот: Comparison of different extraction solvents for assay of the polyphenol content in the peel and pulp of apple cultivars from Macedonia 4. Година на објава: 2017 1. Назив на научното списание: Natural Products Communications 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 52 Број и припадност по земји: САД 6, Обединето Кралство 2, Русија 2, Виетнам 1, Шпанија 3, Италија 7, Јапонија 8, Тајван 2, Бугарија 1, Турција 1, Португалија 2, Австралија 1, Канада 3, Франција 4, Унгарија 1, Јужна Африка 2, Германија 1, Белгија 1, Индија 1, Грција 1, Македонија 1, Австрија 1. 3. Наслов на трудот: Characterization of the Polyphenolic Profiles of Peel, Flesh and Leaves of *Malus domestica* Cultivars Using UHPLC-DAD-HESI-MSn. 4. Година на објава: 2018 1. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Chemistry and Chemical engineering 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 26 Број и припадност по земји: Македонија 8, Косово 1, Шпанија 1, Шведска 1, САД 4, Хрватска 1, Бугарија 2, Унгарија 2, Австрија 2, Словенија 1, Србија 1, Португалија 1, Турција 1. 3. Наслов на трудот: Identification and quantification of phenolic compounds in pomegranate juices from eight Macedonian cultivars 4. Година на објава: 2019	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1. Назив на научното списание: Journal of Agricultural, Food and Enviromental Sciences 2. Меѓународен уредувачки одбор:	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	Вкупен број членови: 32 Број и припадност по земји: Македонија 8, Србија 7, Хрватска 5, Босна и Херцеговина 3, Црна Гора 2, Германија 1, Бугарија 2, Словенија 1, Австрија 1, Албанија 1. 3. Наслов на трудот: Rooting of hazelnut (Corylus avellana L.) varieties harwood cutting 4. Година на објава: 2016 1. Назив на научното списание: Agro-knowledge Journal 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 7 Број и припадност по земји: Црна Гора 7. 3. Наслов на трудот Investigation of Aril Characteristics of Some Autochthonous Pomegranate (*Punica granatum L*) Varieties in Macedonia 4. Година на објава: 2016 1. Назив на научното списание: Contributuions, Section of Natural, mathematical and biotechnical sciences 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 28 Број и припадност по земји: Македонија 11, Франција 1, Молдавија 1, Словенија 2, Србија 3, Шведска 1, Хрватска 2, Унгарија 1, Обединето Кралство 1, САД 1, Црна Гора 1, Бугарија 1, Канада 1, Норвешка 1. 3. Наслов на трудот Distribution of apple trees root system on different dwarfing rootstocks 4. Година на објава: 2018 1. Назив на научното списание: Bulgarian Journal of Agricultural Science 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 23 Број и припадност по земји: Бугарија 13, Шпанија 1, Грција 1, Германија 1, Виетнам 1, Турција 1, Јапонија 1, Кина 1, Италија 2, Австрија 1. 3. Наслов на трудот: Comparative investigations of Oblachinska sour cherry on own root and grafted on mahaleb 4. Година на објава: 2018 1. Назив на научното списание: Acta Horticulturae 2. Меѓународен уредувачки одбор: Вкупен број членови: 9 Број и припадност по земји: Нигерија 1, САД 1, Франција 1, Индија 1, Италија 1, Бразил 1, Нов Зеланд 1, Турција 1, Белгија 1. 3. Наслов на трудот: Performance of some cherry cultivars growing on different planting distances 4. Година на објава: 2020	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.3	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Book of Proceedings of X International Scientific Agriculture Symposium ‘Agrosym 2019’ 2. Назив на меѓународниот собир: X International Scientific Agriculture Symposium ‘Agrosym 2019 3. Имиња на земјите: Босна и Херцеговина, Србија, Италија, Јапонија, Грција, Австрија, Русија, Литванија, Турција, Романија, Словачка, Украина, Шпанија, Египет, Иран, Мексико, Тунис, Бугарија, Македонија, Црна Гора. 4. Наслов на трудот Identification of *S*-alleles in some indigenous sweet cherry genotypes grown in Ohrid region 5. Година на објава: 2019 Назив на зборникот: Book of proceedings AgroReS 2019 2. Назив на меѓународниот собир: VIII International symposium on agricultural sciences AgroReS 2019 3. Имиња на земјите: Босна и Херцеговина, Унгарија, Романија, Србија, Македонија, Хрватска, САД, Турција, Црна Гора, Република Чешка, Бугарија, Словенија, Полска, Италија, Албанија. 4. Наслов на трудот Improving the fruit quality of Crimson seedless (*Vitis vinifera* L.) using vine trunk girdling and GA3 as an agrotechnical tool. 5. Година на објава: 2019	да
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, Билтен бр1128.од 15.08.2016година	да
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Кипријановски, редовен професор, с.р.
Факултет за земјоделски науки и храна

Проф. д-р Ана Селамовска, редовен професор, с.р.
Земјоделски институт – Скопје

Проф. д-р Климе Белески, редовен професор, с.р.
Земјоделски институт – Скопје

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Виктор Васил Ѓамовски
Институција: УКИМ – Земјоделски институт, Скопје
Научна област: овоштарство

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	**Назив на активноста (наставно образовна)**	Поени
1.	**Одржување на настава од втор циклус студии**	
1.1.	Сертификациски шеми за производство на саден материјал	4,5
1.2.	Клонска и санитарна селекција	2,25
1.3.	Органско производство на овошни култури	4,5
1.4.	Интегрално производство на овошни култури	4,5
2.	**Одржување на вежби од втор циклус студии**	
2.1	Сертификациски шеми за производство на саден материјал	1,8
2.2	Клонска и санитарна селекција	0,9
2.3	Органско производство на овошни култури	0,9
2.4	Интегрално производство на овошни култури	0,9
3.	**Работилница (учесник)**	
3.1	Nove tehnologije intenzivnog uzgoja lateralno rodnih sorti oraha, Zagreb, Hrvatska (2019)	1
4.	**Работилница (учесник со предавање)**	
4.1	Lateralno rodne sorte oraha, Tuzla, BIH (2018)	1
4.2	Intenzivna proizvodnja oraha, Zagreb, Hrvatska (2018)	1
	Вкупно:	**23,25**

*бодови поделени според број на професори

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект:**	
1.1	Карактеризација на автохтоните сорти калинка во Република Македонија. УКИМ (2017)	3
1.2	ЕПС Иновативен развојно-истражувачки технолошки систем (Технологија за истражување и развој на нови производи од експандиран полистирен со неограничен изглед и форма. Фонд за иновации и технолошки развој (2018 – 2020)	3
1.3	Испитување на ’ртливост кај примероци од различни видови земјоделски култури од ген-банката по одреден период на долгорочна (long term) конзервација, УКИМ (2019 – 2020)	3
2.	**Учесник во меѓународен научен проект:**	
2.1	GEF SGP country programme strategy for OP6 (2015-2016)	5
2.2	FAO project ref. TCP/RER/3802: Creating enabling environments for enhanced climate resilience in agriculture (2020-2021)	5
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се**	

	објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago, Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	
3.1	**Gjamovski, V**., Kiprijanovski, M., Arsov, T. (2016). Evaluation of some cherry varieties grafted on Gisela 5 rootstock. Turk J Agric For 40: 737-745 **Импакт фактор = 1,535** 80% од 8 бода + иф	7,935
3.2	Petkovska A., **Gjamovski V**., Stefova M. (2017). Comparison of different extraction solvents for assay of the polyphenol content in the peel and pulp of apple cultivars from Macedonia. Maced. J. Chem. Chem. Eng. 35 (1), 29–38 **Импакт-фактор = 0,610** 80% од 8 бода + иф	7,010
3.3	Ana Petkovska, **Viktor Gjamovski**, Jasmina Petreska Stanoeva, Marina Stefovaa (2018) Characterization of the Polyphenolic Profiles of Peel, Flesh and Leaves of *Malus domestica* Cultivars Using UHPLC-DAD-HESI-MSn. *Natural Product Communications* Vol. 12 (1), pp 35-42. **Импакт-фактор = 0,468** 60% од 8 бода + иф	5,268
3.4	Jasmina Petreska Stanoeva, Nina Peneva, Marina Stefova, **Viktor Gjamovski** (2019) Identification and quantification of phenolic compounds in pomegranate juices from eight Macedonian cultivars. *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering,* Vol. **38**, No. 2, pp. 149–160 **Импакт-фактор = 0,829** 60% од 8 бода + иф	5,629
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надмине две третини од бројот на вкупниот број членови:**	
4.1	Markovski A., Arsov T., **Gjamovski V**. (2016). Rooting of hazelnut (Corylus avellana L.) varieties with hardwood cutting. JAFES, Vol. 69, Skopje, 26-31.	4
4.2	Markovski A., **Gjamovski V**., Popovska M., (2016). Investigation of Aril Characteristics of Some Autochthonous Pomegranate (*Punica granatum L*) Varieties in Macedonia. Agro-knowledge Journal, vol. 18, no. 2, 2017, 109-119	4
4.3	**Viktor Gjamovski**, Marjan Kiprijanovski, Tosho Arsov. (2018). Distribution of apple trees root system on different dwarfing rootstocks. *Contributions, Sec. Nat. Math. Biotech. Sci., MASA,* 39 (1), 69–74	4
4.4	Kiprijanovski,M., Arsov, T., **Gjamovski, V**., Saraginovski, N., (2018) Comparative investigations of Oblachinska sour cherry on own root and grafted on mahaleb. Bulgarian Journal of Agricultural Science, 24 (No 6), pp 1065–1070	3

4.5	Arsov, T., Kiprijanovski, M., **Gjamovski, V**., Saraginovski, N., (2020) Performance of some cherry cultivars growing on different planting distances. Acta Hortic. 1289. ISHS 2020. DOI 10.17660/ActaHortic.2020.1289.17	3
5.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:**	
5.1	Marić S., Radičević S., Popovska M., **Gjamovski V**., Milošević N. (2019): Identification of *S*-alleles in some indigenous sweet cherry genotypes grown in Ohrid region. Book of Proceedings of X International Scientific Agriculture Symposium 'Agrosym 2019', Jahorina (Republic of Srpska, Bosnia and Herzegovina), 493-499	3
5.2	Nedelkovski, D., Beleski, K., Milanov G., **Gjamovski, V**., Korunovska, B., (2019) Improving the fruit quality of Crimson seedless (*Vitis vinifera* L.) using vine trunk girdling and GA3 as an agrotechnical tool. VIII International symposium on agricultural sciences AgroReS 2019, Book of proceedings, pp. 26-32	3
6.	**Апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција**	
6.1	Saraginovski, N., Kiprijanovski, M., **Gjamovski, V.,** Arsov, T. (2016). The effect of short pruning on the peach trees. 15th Serbian congress of fruit and grapevine producers, p. 231	1
6.2	Arsov, T. **Gjamovski, V.,** Kiprijanovski, M., Saraginovski, N., (2016). Performance of some late ripening cherry varieties grown at different planting distances. 15th Serbian congress of fruit and grapevine producers, p. 235	1
6.3	Kiprijanovski, M., Bojkovska Sonja., **Gjamovski, V.,** Arsov, T., Saraginovski, N., (2016) Effect of various in row soil maintenance method in the pear orchards. 15th Serbian congress of fruit and grapevine producers, p. 223	1
6.4	**Gjamovski V.,** Kiprijanovski M., Arsov T., (2017). Oblacinkska sour cherry, growing on own root or grafted on mahaleb? Book of Abstracts of III international symposium for agriculture and food, Ohrid, 219.	1
6.5	Kiprijanovski M., Tanaskovic V., **Gjamovski V.,** Arsov T. 2018. Effect of tree-row mulching on some soil characteristics, growth and productivity of the pair trees. Book of Abstracts of III international symposium for agriculture and food, Ohrid, 218	1
6.6	Arsov T., **Gjamovski V.,** Kiprijanovski M. 2018. Analysis of distribution of root length density of apple cv. Jonagold grafted on M9 rootstock under various planting. Book of Abstracts of III international symposium for agriculture and food, Ohrid, 220	1
	Вкупно:	**74,842**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Назив на активноста	Поени
1.	**Експертски активности**	
1.1	Стручна контрола на овошен саден материјал	1
1.2	Физибилити-студија за подигање на насади од лешник, Мултиагри ДОО, Скопје, Република Македонија (2016)	1
1.3	Физибилити-студија за подигање насади од орев (2017)	1

1.4	Физибилити-студија за дестилација на алкохол со капацитет од 20000 литри, ДПТУ Роман дестилерија	1
	Дејности од поширок интерес	
1.	**Член на уредувачки одбор во меѓународно научно/стручно списание**	
1.1.	*Contributions, Sec. Nat. Math. Biotech. Sci., MASA (2016-2020)*	5
1.2.	Acta Hortic. 1289. ISHS (2020)	1
2.	**Директор**	6
3.	**Член на комисија за избор во звање**	
3.1.	М-р Лазо Димитров	0,2
4.	**Учество во комисии и тела на државни органи**	
4.1	Потсекторска група за овоштарство – МЗШВ	1
4.2.	Потсекторска група за органско производство – МЗШВ	1
	Вкупно:	**18,2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**23,25**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**74,842**
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	**18,2**
ВКУПНО	**116,292**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Кипријановски, редовен професор, с.р.
Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
Проф. д-р Ана Селамовска, редовен професор, с.р.
Земјоделски институт – Скопје
Проф. д-р Климе Белески, редовен професор, с.р.
Земјоделски институт – Скопје

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЛОДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ФЕРТИЛИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт, објавен во весниците Нова Македонија и Коха од 13-14.3.2021 година, за избор на виш научен соработник во научната област плодност на земјиштето и фертилизација, и врз основа на Одлуката на Научниот совет, бр. 02-203/7, донесена на 16.04.2021год., формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Душко Мукаетов, редовен професор на УКИМ Земјоделски институт, Скопје, проф. д-р Валентина Пеливаноска, редовен професор на Научен институт за тутун, Прилеп и проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ, редовен професор на Агрономски факултет, Загреб, Р. Хрватска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор виш научен соработник во научната област плодност на земјиштето и фертилизација, во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Христина Попоска.

1, Биографски податоци и образование

Кандидатотката д-р Христина Попоска е роден на 17.7.1981, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје на државното средно училиште „Браќа Миладиновци“. Со високо образование се стекнала на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на насоката поледелство, во 2005 година. Дипломирала на 30.9.2005 година, со просечен успех 8.28.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и со повеќе апликативни компјутерски програми.

Во учебната 2005/2006 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Студиите ги завршила на насоката агрохемија во 2010 година, со просечен успех 9,43. На 31.10.2011 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај пченката во Скопскиот реон“.

Докторска дисертација пријавила на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во декември 2011 година. Дисертацијата на тема: „Влијание на фолијарното ѓубрење врз приносот и квалитетот кај сортите винова лоза кардинал и афус али“ ја одбранила на 20.5.2016 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Марина Стојанова, (ментор), Факултет за земјоделски науки и храна -Скопје, проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ (член), Агрономски факултет – Загреб, Р. Хрватска, проф. д-р Силвана М. Симиќ (член), Факултет за земјоделски науки и храна -Скопје, проф. д-р Звонимир Божиновиќ (член), Факултет за земјоделски науки и храна -Скопје и проф. д-р Петар Христов (член), Факултет за земјоделски науки и храна -Скопје. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област плодност на земјиштето и фертилизација.

Од 2006 год. кандидатката започнала да волонтира во Одделението за педологија и агрохемија, при УКИМ Земјоделски институт во Скопје, како помлад стручен соработник.

На 7.12.2011 год. од страна на Научниот совет на Земјоделскиот институт е избрана во звањето помлад асистент, а на 25.9.2014 год. е избрана во звањето асистент од научната област плодност на земјиштето и фертилизација во Одделението за педологија и агрохемија.

На 21.09.2016 год. од страна на Научниот совет на Земјоделскиот институт е избрана во звањето научен соработник во научната област плодност на земјиштето и фертилизација.

Во моментот е научен соработник на УКИМ, Земјоделски институт –Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр.1129 од 01.9.2016 год..

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр. 1019, 1080 и 1129, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот

од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Научноистражувачка дејност

Д-р Христина Попоска има објавено вкупно 11 научни трудови од областа на плодноста на земјиштето и фертилизацијата, од кои 7 трудови, во меѓународни научни списанија и 4 трудови во зборници од научни собири.

Д-р Христина Попоска учествувала како член во 9 научни проекти.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот.

Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 3/член 4) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Христина Попоска активно е вклучена во стручно-апликативната работа на Земјоделскиот институт – Скопје. Кандидатката активно учествува во спроведувањето на програмата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за перманентна контрола на плодноста на почвата, преку лабораториски анализи и изработка на извештаи.

Кандидатката, од 2018 год. е раководител на Лабораторијата за контрола на почва, ѓубрива и растителен материјал при УКИМ Земјоделски институт. Има земено учество во различни експертски активности, во развивање, валидација, верификација и акредитирање на методи за анализа на почва и ѓубрива.

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Земјоделскиот институт, Министерството за животна средина и просторно планирање и Фондот за иновации и технолошки развој на РМ.

Кандидатката учествувала во уредувачкиот одбор за издавање на монографија 75 години УКИМ Земјоделски институт, Скопје.

Од 2020 година, д-р Христина Попоска е Претседател на Одборот за соработка и доверба со јавноста при УКИМ Земјоделски институт, Скопје.

Д-р Христина Попоска од 2018 год. е активен член во Global Soil Laboratory Network - GLOSOLAN при FAO.

Други активности од Анекс 1 кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.

Конкретните активности се наведуваат во табелата во Анекс 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Христина Попоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Христина Попоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето виш научен соработник во научната област плодност на земјиштето и фертилизација.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Христина Попоска да биде избрана во звањето **виш научен соработник** во научната област **плодност на земјиштето и фертилизација**.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Душко Мукаетов с.р.
Проф. д-р Валентина Пеливаноска с.р.
Проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ с.р.

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Христина Гоце Попоска
(име, татково име и презиме)
Институција: УКИМ Земјоделски институт-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: Плодност на земјиштето и фертилизација

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,28 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,43 Просечниот успех изнесува 8,85 за интегрираните студии.	Да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: **Плодност на земјиштето и фертилизација**, поле Биотехнички науки, подрачје Наука за земјиштето и хидрологија.	Да
3	Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: *Journal of agriculture and plant sciences, JAPS* 2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco 3. Наслов на трудот: Yield and mineral composition of grapevine as affected by magnesium and iron foliar nutrition 4. Година на објава: 2019	Да
	1. Назив на научното списание: Contributions, Section of Natural, mathematical and Biotechnical Sciences, *MASA*	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: Chemical Abstracts, Mathematical Reviews, Google Scholar, EBSCO и DOAJ 3. Наслов на трудот: Dynamic of land degradation neutrality baseline indicators in the R. of Macedonia 4. Година на објава: 2019	
	1. Назив на научното списание: *Albanian journal of agriculture science* 2. Назив на електронската база на списанија:Academic Journals database, AGRIS, DOAJ, EBSCO, EFITA, Index Copernicus, Open Acces Digital Library, SCIRUS, City Factor и др. 3. Наслов на трудот: Intensity of soil erosion on agricultural land under different of cropping systems and cultivation practices 4. Година на објава: 2018	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови 1.Назив на научното списание: *International Scientific Journal of Agriculture, food and environmental sciences* 2.Меѓународен уредувачки одбор вкупен број членови: 30+2 број и припадност по земји:Р. Србија (7), Р. Хрватска (5), Р. Босна и Херцеговина (3), Црна Гора (2), Германија (1), Бугарија (2), Словенија (2), Австрија (1), Албанија (1), Р. Македонија (6+2) 3. Наслов на трудот: Content of heavy metals in rigosols from the area of Veles 4. Година на објава: 2018	Да
	Назив на научното списание: *International Scientific Journal of Agriculture, food and environmental sciences* 2.Меѓународен уредувачки одбор вкупен број членови: 30+2 број и припадност по земји:Р. Србија (7), Р. Хрватска (5), Р. Босна и Херцеговина (3), Црна Гора (2), Германија (1), Бугарија (2), Словенија (2), Австрија (1), Албанија (1), Р. Македонија (6+2) 3. Наслов на трудот: Impact of the number of clusters on Cardinal variety production results 4. Година на објава: 2017	
	Назив на научното списание: *Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES)* 2.Меѓународен уредувачки одбор	

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	вкупен број членови: 30+2 број и припадност по земји:Р. Србија (7), Р. Хрватска (5), Р. Босна и Херцеговина (3), Црна Гора (2), Германија (1), Бугарија (2), Словенија (2), Австрија (1), Албанија (1), Р. Македонија (6+2) 3. Наслов на трудот: The influence of foliar fertilization with organic fertilizers on the yield and the chemical content of potatoes grown in Strumica region 4. Година на објава: 2016	
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД 1.Назив на научното списание: *Bulgarian journal of agriculture science* 2.Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Бугарија 3. Наслов на трудот: Phenolic composition of vranec grapevine cultivar (Vitis vinifera L.) grafted on different rootstock 4. Година на објава: 2017	Да
3.4	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1.Назив на зборникот: Congress Book of 2nd International Balkan Agriculture Congress 2.Назив на меѓународниот собир: 2nd International Balkan Agriculture Congress 3.Имиња на земјите: Турција, Бугарија, Грција, Р. Македонија, Алабија, БиХ, Хрватска, Франција, Унгарија, Црна Гора, Нов Зеланд, Молдавија, Романија, Србија, Словенија, САД. 4. Наслов на трудот Productive characteristics on Afus ali table grape variety, under foliar fertilization 5. Година на објава: 2017	Да
	1.Назив на зборникот: Proceedings of the 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation 2.Назив на меѓународниот собир: 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation 3.Имиња на земјите: Р.Македонија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Србија, Турција, БиХ, Албанија, Велика Британија,Црна Гора. 4. Наслов на трудот: Heavy metals content in soil and fungi in Skopje urban area 5. Година на објава: 2017	
4	Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 01.9.2016, бр. 1129	Да
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	Да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Душко Мукаетов с.р.
Проф. д-р Валентина Пеливаноска с.р.
Проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ с.р.

ОБРАЗЕЦ 2

КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Христина Гоце Попоска
(име, татково име и презиме)
Институција УКИМ Земјоделски институт-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: Плодност на земјиштето и фертилизација

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
	Учесник во национален научен проект	
1	**2019-2020**: Испитување на 'ртливоста кај примеорци од различни видови од Ген-банката по одреден период на долгорочна (LONG TERM) конзервација.УКИМ Земјоделски институт, Скопје.	3
2	**2017-2018**: Производни и квалитетни својства на нови сорти ориз (Oryza sativa L.) регистрирани во Р. Македонија. УКИМ Земјоделски институт, Скопје.	3
3	**2016-2017**: Карактеризација на автохтоните сорти калинка во Р. Македонија. УКИМ Земјоделски институт, Скопје.	3
4	**2015-2016**: Биолошка контрола на штетни инсекти на градинарски култури во заштитени простори. УКИМ Земјоделски институт, Скопје.	3
	Учесник во меѓународен научен проект	
1	**2019-2021**: Macedonia’s Third biennial Update Report on Climate Change under the UNFCCC. UNDP, UKIM Institute of agriculture, Faculty of forest science and Faculty for agricultural science and food, Skopje.	5
2	**2019-2020**: Achieving biodiversity Conservation through Creation and Effective Management of Protected Areas and Mainstreaming Biodiversity into Land use Planning (Database development of soil sealing rate and loss of soil organic matter on3 pilot sites in Macedonia and analysis of their impact to biodiversity). GEF Global Environemnt through UN Environemnt Programme-UNEP.	5
3	**2017-2018**: Soil protection from degradation with on-line services development, for easier application of some agro ecological measures. Global Environment Fund and Rural Development Network of RM.	5
4	**2016-2020**: Technical Assistance in the Introduction of Sustainable Farming Practices in the Strumica River Basin. UNDP and EPI CENTAR International.	5
5	**2016-2018**: Coordinating and integrating state of the art Earth Observation Activates in the regions of North Africa, Middle East and Balkans and Developing Links with GEO related initiatives towards GEOSS (GEO-CRADLE), Horizont 2020. УКИМ Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје.	5

	Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови (5)	
1	**Hristina Poposka**, Dusko Mukaetov, Dusko Nedelkovski (2019). Yield and mineral composition of grapevine as affected by magnesium and iron foliar nutrition. *Journal of agriculture and plant sciences, JAPS*, Vol. 17, No. 1, pp.141-149.	4
2	Dusko Mukaetov, Ivan Blinkov, **Hristina Poposka** (2019). Dynamic of land degradation neutrality baseline indicators in the R. of Macedonia. Contributions, Section of Natural, mathematical and Biotechnical Sciences, *MASA*, Skopje, Vol.40, No1, pp.39-51.	4
3	Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, Slavco Hristovski, **Hristina Poposka** (2018). Content of heavy metals in rigosols from the area of Veles. 3rd International symposium for agriculture and food –ISAF 2017. *International Scientific Journal of Agriculture, food and environmental sciences*, Vol. 72, No 1, pp. 93-99.	3
4	Dusko Muketov, **Hristina Poposka**, Marjan Andreevski (2018). Intensity of soil erosion on agricultural land under different of cropping systems and cultivation practices. *Albanian journal of agriculture science*, 2018; (Special edition - Proceedings of ICOALS, 2018). pp.298-305.	4
5	Prculovski Zlatko, Zvonimir Bozinovic, Krum Boskov, Biljana Korunovska, **Hristina Poposka**, Sami Krieziu (2017). Impact of the number of clusters on Cardinal variety production results. 3rd International symposium for agriculture and food –ISAF 2017. *International Scientific Journal of Agriculture, food and environmental sciences*, Vol. 71, No 1, pp. 165-168.	3
6	Stojanova M., Karakashova L., **Poposka H**., Ivanosvki I., Knezevic B. (2016). The influence of foliar fertilization with organic fertilizers on the yield and the chemical content of potatoes grown in Strumica region. *Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences (JAFES),* vol 69. R. of Macedonia. pp.81-86.	3
	Труд со ориг.научни рез. објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД (5)	
1	Dusko Nedelskovski, Julijana Cvtekovic, Klime Beleski, **Hristina Poposka** (2017). Phenolic composition of vranec grapevine cultivar (Vitis vinifera L.) grafted on different rootstock. *Bulgarian journal of agriculture science*, 23 (No 3) 2017, pp:389-395. Agrcultural Academy.	3
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири , каде	

	што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (5)	
1	**Poposka H**., Mukaetov D., Stojanova M., Prculovski Z. (2017). Productive characteristics on Afus ali table grape variety, under foliar fertilization. Congress Book - 2nd International Balkan Agriculture Congress, Tekirdag, Turkey. 16-18 May 2017, pp.948-954.	3
2	Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, **Hristina Poposka**, Slavco Hristovski, Mitko Karadelev, Milena M. Kolevski (2017). Heavy metals content in soil and fungi in Skopje urban area. Proceedings of the 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation. Special issues of the Macedonian Ecological Society 13, Skopje, pp.129-134.	3
	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (2)	
1	Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, **Hristina Poposka** (2019). Soil and plant heavy metals contamination from the area of Veles and possible solutions. Proceedings of Conference of ,,Pollution of the cities in the Republic of Macedonia: what are the solutions?,, Research center for environment and materials, Skopje 2019. Pp.203-221.	1,6
	Труд со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир, каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји (3)	
1	**Hristina Poposka**, Dusko Mukaetov, Zoran Dimov (2019). The effect of Mg foliar application on content of Mg, K and Ca ions in vine leaf and shoot on calcareous soil. Agriculture in Nature and Environment Protection AGROglas - 12th International scientific/professional conference 27th-29th May 2019, Osijek, Croatia, pp.193-199.	2,4
	Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)	
1	Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, **Hristina Poposka** (2019). Soil and plant heavy metals contamination from the area of Veles and possible solutions. Conference ,,Pollution of the cities in the Republic of Macedonia: what are the solutions?,, 2019. Research center for environment and materials, Skopje, R. of Macedonia.	1
2	Dusko Muketov, **Hristina Poposka**, Marjan Andreevski (2018). Intensity of soil erosion on agricultural land under different of cropping systems and cultivation practices. 2nd International Conference on agriculture and life science (ICOALS 2018). 7-9 May 2018 Tirana, Albania.	1
	Учество на научен/стручен собир со реферат (постер)	
1	**Hristina Poposka**, Dusko Mukaetov, Dusko Nedelkovski (2019). Yield and mineral composition of grapevine as affected by magnesium and iron foliar nutrition. 2nd Intarnational meeting agriscience and practice (ASP 2019), 12 April, Stip, Republic of N. Macedonia.	0,5

2	Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, Slavco Hristovski, **Hristina Poposka** (2018). Content of heavy metals in rigosols from the area of Veles. 3rd International symposium for agriculture and food –ISAF, 18-20 October 2017, Ohrid, R. of Macedonia.	0,5
3	**Poposka H**., Mukaetov D., Stojanova M., Prculovski Z. (2017). Productive characteristics on Afus ali table grape variety, under foliar fertilization. 2nd International Balkan Agriculture Congress, 16-18 May 2017 Tekirdag, Turkey.	0,5
4	Marjan Andreevski, Dusko Mukaetov, **Hristina Poposka**, Slavco Hristovski, Mitko Karadelev, Milena M. Kolevski (2017). Heavy metals content in soil and fungi in Skopje urban area. 5th Congress of the Ecologists of Macedonia, with international participation. 19-22 October 2016 Ohrid, Macedonia	0,5
	Апстракт објавен во зборник на конференција - меѓународна	
1	**Hristina Poposka**, Dusko Mukaetov (2017). Influence of cultivation and cropping systems on production of soil sediment on agricultural land. Proceedings from the Conference of 19th EGU General Assembly, EGU 2017, Vienna, Austria, 23-28 April 2017. pp: 1266.	1
2	Dusko Mukaetov, **Hristina Poposka**, Marjan Andreevski (2017). Influence of adsorbed salts on physical characteristics and water/air regime of mollic vertic gleysol. Book of abstracts of ,,3rd International symposium for agriculture and food –ISAF 2017,,. 18-20 October, Ohrid. R.Macedonia.	1
3	Julijana Cvetkovic, Trajce Stafilov, Katerina Baceva, **Hristina Poposka**, Danica Andreevska, Dobre Andov (2016). Genetic variation of macro and microelements in rice grains (Oriza sativa L.). Book of abstracts XXIV Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, with international participation. Ohrid, R. Macedonia, 11-14 September 2016. pp: 106.	1
	Вкупно	78

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
	Поглавје во книга (коавтор)	
1	Guidebook for agro ecological measures in apple production (2017). Published within the Project ,,Introduction of sustainable farming practices in the Strumica River Basin,, funded by Swiss Agency for Development and Cooperation and implemented by UNDP.	2
2	Guidebook for agro ecological measures in tomato and pepper production (2017). Published within the Project ,,Introduction of sustainable farming practices in the Strumica River Basin,, funded by Swiss Agency for Development and Cooperation and implemented by UNDP.	2
3	Guidebook for agro ecological measures in orchard production (2017). Published within the Project ,,Introduction of sustainable farming practices in the Strumica River Basin,, funded by Swiss	2

	Agency for Development and Cooperation and implemented by UNDP.	
	Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија	
1	Извештаи од агрохемиска анализа на почва за остварување право на субвенции од МЗШВ, за 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021год. (6*1)	6
2	Извештај од лабораториски анализи во рамки на проектот ,,Изработка на програма и систем за подршка на развојот на земјоделството, агротуризмот и руралните подрачја во општина Карпош” (2017). УКИМ Земјоделски институт, Скопје.	1
3	Контакт лице (назначување со арх.бр. 03-7/1 од 05.1.2021) за спроведување на Протокол за отворен пристап до истражувачка инфраструктура во Западен Балкан и Техничка помош за креирање патокази на истражувачки инфраструктури на Западен Балкан. МОН, Р.Н.М (2020 год).	1
4	Контакт лице (назначување со арх.бр. 03-17/2 од 16.1.2020) за проценка на ризик во областа на ветеринарната медицина, безбедноста на храна и фитосанитарната политика, Агенција за храна и ветеринарство и Европска агенција за безбедност на храна - ЕФСА (2020 год.).	1
	Учество во промотивни активности на институтот	
1	First Plenary Meeting on Spectroscopy of the Global Soil Laboratory Network (GLOSOLAN). 23-25 September 2020, FAO, Rome , Italy	0,5
2	Fourth meeting of the Global Global Soil Laboratory Network (GLOSOLAN). 11-13 November 2020, FAO, Rome , Italy	0,5
3	Launch meeting of the International Network on Fertilizers Analysis (INFA). 8-9 December 2020, FAO, Rome , Italy	0,5
4	Conference ,,Soil and the SDGs: challenges and need for action,,. Brussels, 25 November 2019	0,5
	Предавање на инстутуции од јавен интерес, културно информативни центри	
1	Предавач – работилница - Намалување на ранливоста на земјоделството кон климатските промени во Р.М (TCP/MCD/3503), FAO и Мрежа за рурален развој. Скопје, 2017 год.	0,5
	Раководител на лабораторија	
1	Раководител на акредитирана Лабораторија за контрола на почва, ѓубрива и растителен материјал (ЛПЃРМ), УКИМ Земјоделски институт, Скопје	1
	Воведување на нова акредитирана лабораториска метода во соодветна област	
1	Определување реакција на почва во вода (H_2O) и во раствор од NKCl според МКС ISO 10390:2015, верификација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата.	1
2	Определување на леснодостапен фосфор во почва по Egner-Riehme, валидација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен	1

	материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата.	
3	Определување на содржина на влага - гравиметрсики метод според МКС EN 12048:2009, верификација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата.	1
4	Определување реакција на ѓубрива, според МКС EN 13037:2011, верификација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата.	1
5	Екстракција на фосфати растворливи во вода, според МКС ISO 5316:2009 и нивно определување според SPRS-H.B8.290:1983, верификација на методата, пресметка на мерна неодреденост, проверка со сертифициран референтен материјал, учество во меѓулабораториско тестирање и докажување на компетентност и акредитација на методата.	1
Дејности од поширок интерес		
	Членство во извршно тело на меѓународна организација која подржува/организира научно истражувачка дејност (ФП7, ЦОСТ, ИЦГЕБ,ИЕАЕ и сл.)	
1	GLOSOLAN Global Soil Laboratory Network - FAO (од 2018 год.)	2
	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект (соработник)	
1	Development of platform for agro-ecological measures implementation and policy debate for sustainable agriculture. 2017. Grant and training programme: Strengthening capacities of CSOs in sustainable agriculture in the Western Balkans	1
	Член на институтска комисија	
1	Член на Комисија за подготовка на елаборат за студиски програми (2020 год.). Одлука бр. 02-483/4 од 31.12.2020	0,5
2	Член на Комисја за избор на ректор, за мандатен период 2020-2023. Одлука бр. 02-193/3 од 09.6.2020	0,5
3	Претседател на Одбор за соработка и доверба со јавноста при УКИМ Земјодлески институт (2020-2024). Одлука бр.02-23/9 од 31.1.2020	0,5
4	Член на Уредувачки одбор за Монографија 75 години УКИМ Земјоделски институт, Скопје (2019-2020)	0,5
5	Член на Комисја за попис на имотот на УКИМ Земјоделски институт, Скопје, за 2018 година. Одлука бр. 02-613/4 од 28.12.2018	0,5
6	Член на Комисја за самоевалуација на УКИМ Земјоделски институт (2017-2021 год). Одлука бр. 02-180/4 од 07.4.2017	0,5
	Учество во комисии и тела на државни и други органи	
1	Член на работна група за спроведување на активности на проектот ,,Неутралност на деградацијата на земјиштето,, во РМ. Министерство за животна средина и просторно планирање (2017 год.).	1
2	Стручно лице во работата на Фондот за иновации и технолошки развој на Р. Македонија (од 2018 год.)	1
	Вкупно	31,5

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	78
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	31,5
Вкупно	109,5

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Душко Мукаетов, с.р.
Проф. д-р Валентина Пеливаноска, с.р.
Проф. д-р Мирјана Херак Ќустиќ, с.р.

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

1. Докторски трудови

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Кефајет Едип	Процена на сеизмички ризик како основа за одржлив урбан развој	Seismic risk assessment as a basis for sustainable urban development	Проф. д-р Роберта Апостолска	09-901/1 02.06.2021 год.

П Р Е Г Л Е Д

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА Институтот за социолошки и политичко -правни истражувања, Скопје во состав на Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје

Магистерски трудови

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. На Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	Ангела Спиркоска	Влијанието на мотивацијата врз индивидуалните перформанси на вработените-Студија на случај Компанија INACOO	The impact of motivation on employee's performances-Case Study INACOO Company	проф. д-р Елеонора Серафимовска	02-387/15 од 27.5.2021
2.	Кристина Пешевска	Ефективната комуникација на менаџерите во ИТ сектор како фактор за развој и одржување на ангажираноста на вработените	Effective communication of the managers in IT sector as a factor for developing and sustaining employee engagement	проф.д-р Мирјана Борота Поповска	02-387/17 од 27.5.2021
	Настасија Штерјова	Влијанието на активностите за безбедност и здравје при работа кон ставовите на вработените	The impact of occupational safety and health activities on employees attitudes	проф. д-р Радмил Поленаковиќ	02-387/4 од 27.5.2021

Р Е Ц Е Н З И Ј А

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕЃУНАРОДНИ ВОЕНИ ФАКТОРИ И АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА/АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (ИСТОРИСКА ГЕНЕЗА 1992-2020 ГОДИНА)” ОД М-Р ПАВЛЕ АРСОСКИ, **ПРИЈАВЕНА НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА – СКОПЈЕ**

На седница на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја од 20.5.2021 година, а врз основа на Одлуката бр. 10-142 од 20.5.2021 година, бевме избрани за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторскиот труд под наслов: „Меѓународни воени фактори и Армија на Република Македонија/Армија на Република Северна Македонија (историска генеза 1992-2020 година)” од кандидатот м-р Павле Арсоски, во состав: проф. д-р Марјан Димитријевски, проф. д-р Александар Литовски, проф. д-р Габриела Топузовска, проф. д-р Марјан Иваноски и проф. д-р Теон Џинго. Откако Комисијата со внимание го проучи ракописот, има чест да го достави следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Еден од клучните столбови за осамостојување и потоа во обезбедување на стабилноста на Република Македонија, односно Република Северна Македонија (РМ/РСМ), бил и е Армијата на Република Македонија (АРМ), односно денес Армија на Република Северна Македонија (АРСМ). Низ своето тридецениско постоење, АРМ/АРСМ како клучен елемент на системот на одбраната на државата беше гарант на независноста, територијалниот интегритет и уставното уредување на македонската држава. Историјатот на АРМ/АРСМ отсекогаш бил, а и денес е предизвик за современите истражувачи на воената историја, па и на оваа докторска дисертација.

Следејќи го хронолошкиот принцип, истражувачот м-р Павле Арсоски констатира дека АРСМ/АРМ уште веднаш со нејзиното формирање во не така далечната 1992 година, ги презеде своите уставни надлежности за одбрана на границите и територијалниот интегритет, заштита на самостојноста и сувереноста на македонската држава. Кандидатот во анализата го издвојува фактот дека преку исполнувањето на зацртаните цели на АРМ/АРСМ зададени со стратешките насоки од страна на државното раководство за зачленување, особено по зачленувањето како рамноправна члена во евроатлантската безбедносна архитектура, се залага за заштита на демократските вредности на мирот, слободата и демократијата во регионот и во светот.

Според кандидатот, АРМ/АРСМ, со својата концепциска поставеност од своето формирање, со континуирано усвојување на потребните стандарди во целост ја изразува заложбата на државата за исполнување на воените и други стандарди кои ги има најмоќниот воен сојуз во современиот свет – НАТО-алијансата. Оттука и постигнувањата на самостојната македонска држава се резултат на стратешките приоритети, плановите и активностите зацртани во тридецениските годишни национални програми. При тоа, авторот на докторската дисертација особено ги истакнува насоките, препораките и асистенцијата на меѓународните фактори и земјите членки на НАТО, како и заклучоците од документите од одржаните самити на НАТО. Ваквиот приод овозможувал државата да ги синхронизира националните со одбранбените активности во процесот на тековната трансформација и осовременување на државата во настојувањето за НАТО-интеграција.

Оттука, нашата држава како најнова, триесетта членка на НАТО-сојузот потполно и во целост е посветена на промовирање на заедничките вредности на западните демократии. Во оваа насока, Армијата, како и во изминатите три децении, така и понатаму придонесува на повеќе основни нивоа, од кои особено се препознатливи две: 1. на меѓународно ниво, како државна институција која го предводеше

интегрирањето во НАТО-алијансата, Армијата пристапи кон потполна интеграција во воената структура на НАТО, а со проактивното учество во зачувувањето на глобалниот мир, со ангажирање на воени единици и штабни елементи во мировни операции, работи на промоција на државата и нејзиниот углед на светската сцена; 2. на национално ниво, преку практичното функционирање на Армијата како институција која во целиот изминат период е со највисок степен на доверба на македонските граѓани, без оглед на нивната етничка или верска припадност, таа придонесува на зајакнувањето на хомогеноста на македонското општество, на релаксирање на меѓуетничките и меѓуконфесионалните односи, на зачувување на мирот и стабилноста на државата.

Придржувајќи се до насловот на тезата за улогата на меѓународните фактори во изградбата на македонскиот систем за одбрана и нејзината Армија, кандидатот м-р Павле Арсоски укажува дека тие битно влијаеле на градењето и промовирање на меѓународната соработка во областа на заедничката надворешна и безбедносна политика. Па така, на национално ниво, Министерството за одбрана (МО) и Армијата ги предводат останатите институции во усвојувањето на стандарди и политики на заеднички позиции на ЕУ и НАТО по одделни актуелни прашања од меѓународните односи. Имено, согласно со поставените стандарди, МО во име на државата има потпишано голем број на билатерални и мултилатерални меѓународни одбранбени договори со земји членки на НАТО и со партнерски и други земји кои гравитираат кон НАТО. При изработката на билатералните програми за соработка, секогаш се имаат предвид националните потреби и национални интереси на РМ/РСМ и тие се вградени според можностите и капацитетите на земјите потписнички на програмата.

Обработувајќи ја историската генеза на развојот на Армијата, кандидатот м-р Павле Арсоски својата теза ја започнува со елаборирање на условите и околностите во кои се формирала Армијата и понатаму продолжува да ги следи и имплементира приоритетите на безбедносната политика зацртани во националните документи на државата. Реформите на системот за безбедност и одбрана, како и останатите активности кои произлегуваат од обврската на полноправното членство во НАТО се во директна корелација со регионалната безбедносна соработка и сите заедно како комплементарни активности претставуваат основа на безбедносната и одбранбената политика.

Во докторскиот труд ја нотираме и анализата на проблематиката на улогата и значењето на полноправното членство на државата во НАТО, кои се гаранција за колективната безбедност и стабилност на државата и регионот. Токму затоа на полето на билатералната соработка со европските земји, РМ/РСМ уште од основањето соработува и продолжува да ја развива соработката во низа области кои се однесуваат, пред сè, на одбранбен аспект, а во корелација со Министерството за одбрана (МО).

Применувајќи ја историската научна метода, кандидатот нè запознава со генезата на развојот на Армијата, при што посебен акцент е ставен врз активности кои меѓународните воени фактори ги имаат при реализацијата на заемната соработка во следните области: воено-техничка соработка; воена стандардизација и кодификација; размена на искуства за одбранбена политика (размена на искуства во процесот на членството во рамките на НАТО); односи со јавност; јазична обука; стручно-специјалистичка обука на припадници на специјалните и конвенционални сили; обука за инструктори за подофицери; обука на штабни офицери; размена на искуства за класифицирани информации; соработка на полето на инспекцијата; соработка во областа на воената полиција; соработка на полето на логистиката; воена стратегија и доктрина; воено право, воена обука, воена медицина; мобилизација; разузнавање и контраразузнавање; воена помош и проекти; школувања и др.

Најновите светски собитија во првите децении на 21 век наложуваат промоција на соодветниот концепт на НАТО-алијансата под името: „Паметна одбрана“ (Smart Defense), која, главно, се базира на трите познати принципи: специјализација, клучни приоритети и соодветни, пред сè, дипломатски и во крајна линија мултинационални воени решенија. „Паметната одбрана“ од темел ги менува досегашните одбранбени концепти, бидејќи на пиедесталот се ставаат заедничките регионални одбранбени иницијативи и потфати. Во тој контекст, треба да се разбере видно зајакнатата регионална соработка, како и бројните билатерални средби и официјални, пред сè, воени посети кои доведуваат до поголемо разбирање и пораст на меѓусебната доверба како предуслов за интензивна заедничка работа. Секако, од големо значење била и е и соработката и редовната комуникација со амбасадорите и воените аташеа акредитирани во РМ/РСМ.

Докторскиот труд со соодветна војничко-историска нарација раскажува за изминатиот тридеценски развоен период на Армијата, карактеризирајќи ја како докажан и доследен сојузник на НАТО, кој активно учествува во заштитата на заедничките вредности што ги споделуваат членките на Алијансата. Така, на пример, со учеството на единици на Армијата во мисиите предводени од НАТО, нашата држава стана контрибутор кон воспоставувањето и зачувувањето на меѓународниот мир и безбедност.

Имајќи го предвид сето погоре искажано и следејќи ја историската генеза на развојот на Армијата, кандидатот м-р Павле Арсоски својата теза хронолошки ја започнува со настаните од пролетта 1992 година, со мирното примопредавање на обезбедувањето на државната граница и сите гранични караули и на постојната воена инфраструктура помеѓу припадниците на тогашната ЈНА и припадниците на тогашната Територијална одбрана (ТО) на Македонија.

Натаму, кандидатот се задржува на трансформирањето и функционирањето на Армијата според новите потреби и барања, кога практично на 15 ноември 1995 година, Република Македонија стана 27-мата членка на мировната иницијатива на НАТО „Партнерство за мир” (ПзМ). Но, треба да се одбележи дека тоа е последица на заложбата на тогашна РМ, која уште во првите денови по осамостојувањето, пред 30 години, децидно и непоколебливо го искажа стремежот за членство во колективните системи за безбедност, пред сè во НАТО-алијансата.

Тридеценискиот период од формирањето на Армијата до последната трансформација е период на постапно приспособување на сите сегменти на одбраната и нејзино димензионирање во согласност со тогашните заложби за достигање и примена на НАТО-стандардите. Заложбите за креирање на мала и ефикасна армија, РМ/РСМ тогаш ги подразбирала како развивање на сопствена воена подготвеност. Така димензионирана и конципирана, новата воена организација имала потреба да одговори на современите предизвици следејќи ја надворешната, безбедносната и одбранбената политика на РМ/РСМ и фокусирајќи ги своите напори кон виталните приоритети за прием во НАТО и ЕУ.

Токму од овој аспект, една од основните претпоставки за остварување на територијалниот интегритет и суверенитет на РМ/РСМ, уште од нејзиното осамостојување, беше следење на меѓународниот воен фактор и воспоставување на меѓународна одбранбена соработка. За остварување на постигнатите цели, МО/РСМ разви широка активност со земјите од Европа, кои имаат исклучително влијание на меѓународно-безбедносната политика, САД и непосредното соседство.

Кандидатот м-р Павле Арсоски, концепциско-методолошки, докторската дисертација ја започнува со Предговор и Вовед, преку кои го образложува својот мотив за обработка на тематиката и потоа дава преглед на настаните кои им претходеле на

собитијата во основниот наслов. Натаму, тој, концепциски, обработката на градивото ја поделил во четири глави со бројни одредници и поднаслови.

Првата глава под наслов: „Одбранбено осамостојување на РМ“, ја прати генезата на одбранбеното осамостојување на РМ/РСМ која по осамостојувањето во 1992 г., остана со скромни борбени средства и воена опрема.

Кандидатот во оваа глава ги обработил следните проблеми: Повлекување на ЈНА од РМ, Обезбедување на државната граница со сопствени сили, Почетна нормативно - правна регулатива за одбранбено осамостојување, Македонски воени искуства и почетно обликување на автентичен модел на одбраната и Улогата на мисиите во РМ на меѓународната заедница во процесот на одржување на мирот – „Унпрофор“ и „Унпредеп“.

Во Глава втора под наслов: „Формирање и развој на АРМ/АРСМ“, кандидатот задлабочено и аналитичко се задржува на основните правни норми за формирање на Армијата. При тоа, тој констатира дека темелот бил удрен кога на 15.2.1992 година бил донесен Законот за одбрана, составен од 135 члена кои ја регулирале материјата посветена на одбраната на независна и суверена РМ. Натаму, во март 2005 година, потпишана и озаконета е новата трансформација на АРМ и нејзиното преформирање на командите и единиците.

Во оваа глава се обработени следните точки: Изградба на воената структура и формирање на команди и единици на АРМ/АРСМ, Трансформации на организациско - формациската структура на АРСМ 1992-2020, Развој на воени образовни институции, центри и команди за обука, АРСМ и безбедносната криза во РМ/РСМ во 2001, Меѓународни воени мисии во РМ/РСМ – „Килибарна лизица“ , „Конкордија“ и „Европол-Проксима“, а на крајот се селектирано се презентирани избор на стратешки документи од одбраната на РМ/РСМ.

Третата глава под наслов: „Одбранбената соработка и улогата на меѓународните воени фактори во развојот на АРМ/АРСМ“, всушност е носечки дел на трудот кој зборува за меѓународната димензија на политиката на одбраната на Република Македонија како интегрален дел од општата меѓународна политика на државата. Со фундирањето на РМ како независна, самостојна и суверена држава, меѓународната политика на одбраната на Република Македонија се градеше врз јасни принципи усогласени со стандардите на НАТО и ЕУ.

Оттука, имајќи го предвид фактот што РМ/РСМ, покрај градењето на сопствен одбранбен систем, одлучи својата одбранбена стратегија да ја заснова и со членувањето во колективните системи на безбедност и одбрана, како дел од европскиот безбедносен механизам, таа следејќи го правецот на овој единствениот начин, постигна завидна ефикасност и борбена готовност, како гарант за заштита на сувереноста и територијалниот интегритет на земјата. Во оваа глава, кандидатот посебен акцент става на описот на законската регулатива на службата во Армијата која во тоа време била регулирана со Законот за служба во Армијата на Република Македонија. Тоа биле основите врз кои се темелела и желбата на РМ/РСМ за полноправно членство во НАТО-алијансата, на што во изминативе години се работи интензивно на неколку полиња. РМ/РСМ воспостави целосна цивилна контрола врз одбраната, извршена е трансформација на вооружените сили според стандардите на НАТО, усвоени се принципите на раководење и командување во Алијансата, обуката и школувањето на офицерите се изведуваат според критериумите на НАТО, изграден е проект за компатибилен комуникациски и информатички систем, како и студија за компатибилен систем за заштита на сувереноста на нашето небо. Во оваа глава, подетално се обработени: Стратешка определба на РМ/РС Македонија за вклучување во евроатлантските колективни системи за безбедност, Билатерална и мултилатерална

одбранбена соработка, Воена помош од земјите партнери и школување на кадри на АРСМ, Учество на АРСМ во меѓународни воени вежби и Меѓународна воена советодавна помош за изградба на воени капацитети и способности на АРСМ

Последната четврта глава под наслов: „АРСМ и НАТО – историска генеза, иднина и перспективи“, кандидатот ја посветува на историјатот на одбранбена стратегија на РМ/РСМ, базирана врз основните принципи на националната безбедност и основните принципи на национална одбрана на РМ/РСМ која се потпира врз системите на колективна безбедност и одбрана. Кандидатот се задржува на одлуката на Собранието на РС Македонија за остварување полноправно членство во НАТО. Врз основа на таа одлука, започнаа подготовки за исполнување на потребните услови и стандарди, неопходни за членување во НАТО-алијансата.

Современ приоритет на РСМ е оспособување на АРСМ за нејзиното самостојно себеизградување во рамките на НАТО, а со цел обезбедување на внатрешна и регионална стабилност. Истовремено, РСМ и АРСМ настојуваат да ги искористат придобивките од членството и од присуството на НАТО во земјата, како од аспект на безбедноста во регионот, така и во функција на подобрување на интероперативноста на вооружените сили на АРСМ со силите на НАТО, како и за нивна подобра подготовеност за идните учества во НАТО-операции.

Во оваа глава се разгледани следните точки: АРМ/АРСМ во иницијативата на НАТО - Партнерството за мир, Учество на АРМ/АРСМ во меѓународните воени операции надвор од државата, Воени претставништва на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел, Воени претставништва на НАТО во РМ/РСМ и точката, АРСМ и НАТО, иднина и перспективи.

На крајот следуваат Заклучок, прилози, кратенки и преглед на извори и литература.

&

Имајќи ја предвид изложената историска генеза и структура на тезата во контекст на предложениот наслов, како и актуелноста на тематиката, Комисијата му предлага на ценетиот Совет, докторската теза под наслов: „Меѓународни воени фактори и Армија на Република Македонија/Република Северна Македонија (историска генеза 1992-2020 година)” од кандидатот м-р Павле Арсоски да ја одобри за јавна одбрана.

20.5.2021 г.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Димитријевски, с.р.
Проф. д-р Александар Литовски, с.р.
Проф. д-р Габриела Топузовска, с.р.
Проф. д-р Марјан Иваноски, с.р.
Проф. д-р Теон Џинго, с.р.